# Програма за европска иднина 2024



СДСМ

КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

1

# СОДРЖИНА

**I. Нова економска енергија за европски раст и стандард**

1. Македонска економија за европскиот пазар
2. Македонија со европска инфраструктура
3. Енергетска независност, зелена енергија за сите
4. Вкусот на Македонија

**II. Добро управување - подобар и праведен систем за сите**

1. Слободни медиуми и отворени институции за граѓаните
2. Нула корупција, правда за сите!
3. Дигитална трансформација за новото време
4. Поблиску до граѓаните

**III. Грижа за сите**

1. Повеќе и подобро за сите
2. Европски стандарди за македонското здравство
3. Образование и вештини за европска иднина

**IV. Европски квалитет на живот**

1. Чиста и зелена Македонија
2. Култура за сите
3. Обединети во различностите
4. Спорт за здрав живот
5. Дестинација - Европска Македонија

**V. Безбедна Македонија**

1. Посилни со НАТО
2. Мирен и безбеден живот

**VI. МК во ЕУ 2030**

1. За Европската Унија нема алтернатива
2. Гласни и активни во светот
3. За нова дипломатија

**VII. Млади - столбот на иднината**

1. Младински манифест

# ВОВЕД

Почитувани граѓани

Изминативе седум години направивме многу иако работевме во екстремни околности и кризи. Најпрво заеднички ја поминувавме Ковид кризата, по што следеше економската криза која навистина се одолжи, и секако војната во Украина која пак неминовно ја донесе енергетската криза.

Сè се тоа вонредни услови за работа, но, ние како вистински социјалдемократи, целиот тој период бевме рамо до рамо со вас, граѓаните, и не оставивме никого сам. Не баравме оправдувања, туку нудевме решенија и мерки за сите! Вративме 2,6 милијарди евра назад кај вас и во стопанството, а во истиот тој период обезбедивме и нови вработувања и двојно ја намаливме невработеноста. Направивме сè за земјата да биде препознаена од странските инвеститори за посакувана дестинација, за да имаме речиси 2,5 пати повисоки странски директни инвестиции на годишно ниво, споредено со 2016 година.

Но, јас не живеам во заблуда, јасно ми е дека високите цени, тоа што некои луѓе не можат да врзат крај со крај, што легнуваат гладни за да имаат за децата утре, сето тоа е причина за незадоволство кај граѓаните. Тоа јас го гледам, го препознавам и ја преземам одговорноста и покрај фактот што ги зголемивме минималната плата за 120% и просечната плата за 80%, а пензиите ги зголемивме за 55%. Знам дека тоа не е доволно, знам дека можеме и треба да направиме подобро.

Сега е време за повеќе и подобро! Затоа, ни треба продолжувањето на добрите политики кои ги започнавме. Ни треба продолжување на европскиот пат и членството во Европската Унија. Не само заради членство, туку заради тоа што граѓаните сакаат да имаат држава со подобар економски стандард, со подобро образование, со подобро здравство, со подобро владеење на правото, со помалку корупција, држава по европски стандарди како што ја сакаат и како што ја заслужуваат. Не постојат брзи решенија за системските проблеми. Европскиот пат и крајно членството во ЕУ е единствениот начин како да се обезбедат суштински и трајни позитивни промени во македонското општество.

Ние, секако дека направивме грешки, свесни сме за тоа, но една работа апсолутно ја направивме правилно. Ја задржавме земјата на европскиот пат и како партија и јас како претседател на СДСМ докажавме дека кога напорно се работи, нема недостижна цел. Со нас, Македонија стана земја членка на НАТО, и е земја со отпочнати преговори со ЕУ, со заштитен македонски јазик и идентитет. Демократија во која секој може слободно да го каже своето мислење, без да шепоти, земја во која парите на граѓаните одговорно се менаџираат. Секој пат кога имало некое придвижување напред во овие години независност, тоа било благодарение на владите на СДСМ. Така ќе биде и понатаму.

Заедно со мојот тим ќе работам ден и ноќ да ги исполнам очекувањата на мнозинството граѓани да живеат во европска Македонија.

Не се откажавме досега.
Нема да се откажеме ни отсега.

Имаме јасна визија, имаме волја, знаење, храброст и конкретен план, како да обезбедиме европска иднина за нашите граѓани и уште поголеми плати и пензии, повеќе инвестиции, повеќе и подобри работни места! Да обезбедиме правда и грижа за сите, да создадеме европски квалитет на живот, безбедност, мир и стабилност, да станеме членка на Европската Унија, за да оставиме држава за младите, нашето најголемо богатство!

Имаме Програма за европска иднина!
Јасна, прецизна, конкретна, реална, програма за за сите!

Нема откажување од иднината!

Да сте живи и здрави!
Да живеат граѓаните, да живее европска Македонија!

Димитар Ковачевски



# I. Нова економска енергија за европски раст и стандард

## Нова економска енергија!

Во наредните четири години граѓаните остануваат наш главен приоритет. Нашиот фокус ќе биде на изградба на **одржлива, иновативна и конкурентна економија**, поставена на **четири основни столба**. Прво, приоритет даваме на човечкиот капитал, со цел да инвестираме во нашите луѓе преку зголемување на платите во сите сектори за привлекување и задржување таленти, обезбедувајќи мотивирана и квалификувана работна сила за иновации и одржлив економски развој. Второ, ја нагласуваме продуктивноста, стремејќи се кон економија со висока продуктивност преку модернизација на производството и оптимизација на работните процеси, поттикнување ефикасност и конкурентност. Трето, ќе се залагаме за иновации, негувајќи ја креативноста и технолошкиот напредок за да создадеме нови можности за граѓаните и компаниите, зајакнувајќи ја нашата конкурентска предност на глобалниот пазар. И на крај, приоритет ни е конкурентноста, суштинска за одржлив економски раст, преку подобрување на деловната клима, поттикнување инвестиции и елиминирање на регулаторните бариери за привлекување висококвалитетни домашни и странски инвестиции, поттикнувајќи просперитетен економски амбиент.

### Човечкиот капитал е најважен

Во нашата визија за Македонија луѓето се на прво место. Ние веруваме во потенцијалот на нашите граѓани. СДСМ има цел да создаде широк просперитет што ќе значи опипливи придобивки за секој еден граѓанин. Никој да не биде изоставен од економските успеси. Тоа значи повисоки плати и пензии, поголем куповна моќ и подобар квалитет на животот. Со економски политики на создавање добро платени работни места, ќе се погрижиме секое домаќинство да ужива во сигурна финансиска иднина, со поголем пристап до стоки, услуги и можности.

Во наредните четири години ќе се грижиме за инклузивен економски раст што ќе допира до секој поединец и семејство, односно придобивките да се делат правично и да има **повеќе за сите!** Ова подразбира проширување на економските можности, зголемување на продуктивноста и стимулирање на претприемаштвото. Како што ќе се развива нашата економија, така граѓаните ќе може да очекуваат повеќе работни места, повисоки плати и посилна куповна моќ. Ќе го отвориме патот кон економски просперитет во кој секој ќе учествува.

Нашата цел е да го подигнеме животниот стандард на секој граѓанин на европско ниво, да имаме **европски стандард на живеење во #МК!** Преку насочени економски политики и инвестиции, ќе обезбедиме повеќе пари за развој на инфраструктурата, здравствената заштита и системите за социјална заштита. Заедно, ќе изградиме општество во кое секој поединец ќе може да ужива во достоинствен и исполнет живот.

Во нашата визија за изградба на социјалдемократско општество, приоритет ни е создавањето услови за **постојан раст на платите за сите граѓани**. Со правични и постојани зголемувања на платите, им даваме моќ на граѓаните да постигнат финансиска стабилност, да ги поддржуваат своите семејства и да ги остварат своите животни цели.

СДСМ ќе остане искрено посветена во исполнување на ветувањето за **просечна плата од 1 100 евра** до крајот на следниот мандат. Ќе обезбедиме секој работник да добие достоинствен надоместок што со право го заслужува за својата посветеност и напорна работа. Ќе спроведеме низа мерки што ќе значат повисоки плати, со заштита на работничките права и стратегиски економски стимулации, сите насочени кон зајакнување на финансиската сигурност и просперитет на сите вработени. Со приоритет на економското зајакнување на работниците, ќе создадеме иднина во која секој поединец ќе може да ужива чувство на финансиска стабилност и сигурност, каде што трудот ќе биде праведно награден, а желбите за подобар живот ќе бидат реалност.

Патот на раст на просечната плата ќе продолжиме да го поплочуваме, да се движиме кон 1.300 евра, што ќе го оствариме со влезот во ЕУ. **Со влез во ЕУ 1 300 евра просечна плата!** ЕУ е нашата пресвртница кон подигнување на економската благосостојба и квалитетот на животот за сите.

Никој не треба да се мачи за да врзе крај со крај во текот на месецот. Затоа, до крајот на мандатот ќе дојдеме до **минимална плата од 600 евра**. Ќе обезбедиме работниците да имаат пристоен животен стандард и достоинство во својата работа. Со поставување правична минимална плата, ќе ги поддржиме работните семејства и ќе промовираме социјална кохезија.

**Со влез во ЕУ 800 евра минимална плата,** усогласувајќи се со европските стандарди за социјална заштита и економски развој. Ова ќе обезбеди секој работник да добива плата за достојно живеење и да може да напредува во нашето општество.

За да го поттикнеме економскиот раст и да ги поддржиме оние со ниски примања, ќе воведеме **данок на личен доход од 0 %** за бизнисите што исплатуваат **минимална плата.** Оваа мерка ќе го намали даночното оптоварување на малите претпријатија и ќе стимулира отворање нови работни места, што на крајот ќе биде од корист и за работодавците и за работниците. Преку оваа даночна реформа ќе обезбедиме подостоинствени плати за поединци со пониски примања. Усогласен со основните начела на социјалдемократијата, оваа даночна реформа ќе ги намали разликите во приходите и ќе ја засили солидарноста меѓу граѓаните.

Во наредните четири години ќе изградиме економија во која можностите за вработување ќе бидат обилни, а невработеноста минато. Секој што ќе сака да работи, ќе ја добие можноста. **За првпат во историјата ќе имаме едноцифрена невработеност од 7 %** до крајот на мандатот. Секој поединец ќе може да најде достоинствена работа за да се издржува себеси и своето семејство. Ова не е само за статистика, се работи за враќање на надежта, достоинството и стабилноста во животите на нашите граѓани.

Во наредните четири години ќе им подадеме рака на нашите млади на пазарот на трудот да влезат достоинствено платени. **200 евра за прво вработување за млади до 26 години** не е само финансиска поддршка, тоа е израз на грижа тие да ги остварат своите соништа, да ја започнат својата кариера и да градат посветла иднина за себе, но и за нашата држава.

Од 1 јануари 2026 година ќе започнеме со проект за анализа на ефектите од **намалување на работното време од 8 на 7 часа дневно**, односно од 40 на 35 часа неделно, што ќе донесе многубројни придобивки за државата и за граѓаните, особено во контекст на сè поинтензивните

процеси на дигитализација и автоматизација. На овој начин директно ќе ја подобриме рамнотежата меѓу работата и животот, овозможувајќи им на вработените повеќе часови за слободно време, семејство и лични определби, а со тоа поттикнувајќи ја целокупната благосостојба и задоволство во државата.

СДСМ постави системски гаранции за постојан раст на пензиите и во наредните четири години. Мандатот во 2028 година ќе го завршиме со заштитено достоинство на пензионерите, затоа што **просечната пензија ќе достигне 30 000 денари**, а **минималната 20 000 денари**.

Ние веруваме во солидарноста, веруваме дека државата треба да им помогне на оние што имаат помали примања, па и помали пензии. Затоа секоја година од четиригодишниот мандат на Владата, СДСМ ќе обезбеди **новогодишен финансиски пакет од 6 000 денари за сите пензионери**.

Со **180 милиони евра за домашните компании** во наредните четири години ќе предизвикаме инвестициски циклус од над 1 милијарда евра во економија. Ова не се само бројки, станува збор за создавање нови работни места, поттикнување на иновациите и поставување на основата на посилна и поотпорна економија.

Со **3,5 милијарди евра јавни капитални инвестиции** ќе градиме уште поенергична економија во Македонија. Овие капитални инвестиции ќе играат важна улога во поттикнувањето на економскиот раст и одржливоста на развојот. Тие ќе бидат катализатор на иновациите, отворањето нови работни места, зголемената продуктивност и основа за една еластична економија. Со инјектирање на 3,5 милијарди евра во стратегиските сектори, како што се инфраструктурата, здравството, образованието, ќе го поставиме на уште поцврсти основи долгорочниот просперитет на нашата економија.

Во наредните четири години Владата предводена од СДСМ нема да изврши промена во **даночната политика во делот на ДДВ**, односно стапките од 5 %, 10 % и 18 % на овој данок ќе останат непроменети. На овој начин, уште еднаш ќе покажеме како се одржува предвидливо и стабилно деловно опкружување за почнување и водење бизнис во Македонија.

Владата на СДСМ ќе продолжи со **реализација на „Мој ДДВ“**, но ќе го зголеми повратот. Ќе има **повеќе пари кај граѓаните – 50 евра поврат од МОЈ ДДВ!**

Шансата што ни ја даде ЕУ со **Планот за Западен Балкан и инвестиции од 860 милиони евра** нема да ја пропуштиме, бидејќи тоа е можност за брз раст и развој, за ревитализација на инфраструктурата, поддршка за инвестициите и поттикнување интерес за инвестиции во обновливи извори на енергија. Со искористувањето на овој план, ќе го забрзаме напредокот и дополнително ќе го зацврстиме патот за просперитетна иднина на сите.

**Ќе создадеме економија во која за граѓаните** пристапот до добра и можности нема да познава граници. Ќе воведеме **4 пати поголем праг – ослободување од царина за интернет-нарачки до 150 евра на жител.** Ќе ја срушиме оваа бариера што ги попречува граѓаните во нивните желби за нарачки преку интернет, без разлика дали се работи за купување основни производи, истражување нови хобија или поврзување со глобалниот пазар.

Ние веруваме дека е фер оние што имаат многу, да платат повеќе и да дадат поголем придонес кон јавните финансии за поддршка на основните јавни услуги и програми за социјална заштита. Затоа, тргнувајќи од принципите на еднаквост и социјална правичност, ќе воведеме **данок на луксуз (богатство),** со што сите оние што имаат акумулирано значително богатство пропорционално повеќе ќе придонесуваат за општото добро во државата и социјалните програми и услуги.

Во наредните четири години СДСМ ќе ја приклучи македонската економија во новите глобални текови, кои сериозно прогресираат и во најразвиените финансиски системи. Ќе ги **легализираме и ќе ги регулираме криптовалутите**, ќе им овозможиме на граѓаните што поседуваат биткоини или други стабилни криптосредства да ги разменуваат на легален начин, а домашните компании да вршат трговија кон странство во криптосредства кон своите снабдувачи. Во следниот мандат, убедени сме дека може да се заокружи процесот за воведување на **е-денар**.

## Македонија со европска инфраструктура

Продолжуваме со интензивни инвестиции во инфраструктурата! Во нашиот план за идниот мандат на Владата предводена од СДСМ планираме **инвестиции од над 2,7 милијарди евра** - го нудиме најголемиот и најамбициозниот план во независна Македонија за модернизација на инфраструктурата во сите општини низ цела држава.

Преку новиот модел на изградба преку **проектирање и градба (design and build**), за првпат нудиме добро разработен и ефикасен план за модернизација на патната мрежа во Северна Македонија.

**Обезбедуваме изградба на 194 километри автопатишта до 2028 година.**

Новата Влада на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија во првата година од мандатот ќе пушти во употреба **нови 50 километри експресни патишта**.

Во првата година од мандатот ќе распишеме јавни повици за реконструкција на уште 70 **локални патишта и улици во должина од над 80 километри во општините.**

Во текот на мандатот 2024-2028, преку „Проектот за поврзување со локални улици и патишта“ предвидуваме рехабилитација на нови **250 километри локални патишта** и улици во сите општини низ државата.

Вкупно, за сите видови патишта, во сите делови на државата, преку планот за изградба, рехабилитација и реконструкција на патните правци, опфаќаме рекордни **950 километри во наредните 4 години**.

Во првата година од мандатот ќе воведеме **интелигентни транспортни системи (ИТС)** на Коридорот 10 во прва фаза на делницата Велес – ГП Богородица, а во втора фаза и на делницата Велес – ГП Табановце.

Го започнавме најголемиот инвестициски циклус во изградба на нова железничка мрежа на источниот крак на Коридор 8 од 89 километри, инвестиција од над **750 милиони евра**. Во мандатот 2024-2028 предизвик е изградбата на **брзата пруга Скопје – Белград и крак од Скопје кон Меѓународниот аеродром Скопје**.

**И во наредниот мандат нашиот фокус повторно се граѓаните и подобрување на условите за живот. Со изградба и реконструкција на комуналната инфраструктура**, **значително овозможуваме квалитетен живот, пред сѐ, во рурал-**

**ните средини, затоа нашите активности продолжуваат.**

**Во мандатот 2024-2028 обезбедуваме нови 70 милиони евра за комунални проекти во сите општини.**

**Енергетска независност, зелена енергија за сите**

Во изминатиот период од 2020 година се интензивира процесот на енергетска **трансформација/транзиција** со донесување законска и подзаконска регулатива за олеснување на инсталацијата на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори. Тоа резултира со инсталација на околу **700 MW** до 2024 година нов инсталиран капацитет од обновливи извори на електрична енергија. Овој капацитет е еднаков на вкупниот инсталиран капацитет (во трите блока) во РЕК Битола.

Со интензивирање на инсталацијата на нови капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори, ќе се зголеми вкупното производство на електрична енергија.

Се **обврзуваме** за зголемување на вкупното домашно производство на енергија за **најмалку 70 %** до 2028, во однос на 2019 година, **со што државата ќе ја постигнува својата енергетска независност и самостојно ќе ЗАДОВОЛУВА 100 % ОД СОПСТВЕНИТЕ ПОТРЕБИ.** Зголемување на инсталираниот капацитет од обновливи извори за **најмалку 100 %** во однос на 2024 година, со што најмалку **1 000 000 граѓани** ќе добиваат електрична енергија од обновливи извори, а н**ајмалку 60 %** учество на енергија произведена од обновливи извори во вкупната домашна потрошувачка на енергија во 2028 година.

**На Македонија не ѝ требаат енергетски споменици и музеи - Стоп за нови фосилни технологии!**

**Воведуваме огромна промена! Државните енергетски компании ги даваме во рацете и во сопственост на граѓаните**! Со цел да овозможиме максимална контрола и директно учество на сите граѓани во управувањето на државните енергетски компании, планираме висок процент од вкупниот број издадени акции на државните енергетски компании да се поделат еднакво на сите граѓани на нашата држава, преку ваучер-системот! **Сите граѓани, и децата и возрасните ќе добијат најмалку по 8000 денари по жител** од вредноста на АД ЕЛЕМ. Овој модел го носиме во широка и јавна постапка, а ќе се примени и на другите компании во државна сопственост! **Граѓаните сопственици, граѓаните контролори на заедничкиот имот!**

**Вкусот на Македонија**

**Во земјоделството предвидуваме рекордно производство на храна од 1,5 милијарда евра! Рекорден извоз на прехранбени производи од 1,250 милиони евра.**

**За првпат во три децении, ДО 2028 ГОДИНА ПОВЕЌЕ ИЗВОЗ ОД УВОЗ НА ХРАНА!**

Со имплементирање на програмите што ги спроведува Владата и МЗШВ на СДСМ во следните 4 години, **една милијарда и двесте милиони евра** ќе бидат распределени по програми од капитални инвестиции и програми за директна финансиска поддршка.

Планираме младите земјоделци да добиваат **грант до 10 000 евра, од кои 40 % имаат авансна исплата,** а најавуваме **зголемување на грантот за 50 % од 10 000 евра на 15 000 евра, почнувајќи од 2026 година**.

За **ЖЕНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ** ја зголемуваме финансиската поддршка, која е во форма на грант од **6 000 евра и зголемување на грантот на 10 000 евра**.

Гарантираме во **2024 година** зголемување на **субвенциите по грло кај кравите** за постари од 12 месеци, **за 300 %. Зголемување за 50 %** кај производство на квалитетно грозје од кое ќе се добиваат висококвалитетни и премиум вина висината на финансиската поддршка ќе изнесува **60 000 денари за хектар.** Воведување **редовна мерка субвенција за производство на пченица од 2 денара.**

За производителите на тутун **ВЕДНАШ** се воведува **6 000 денари субвенција по хектар, ВЕДНАШ** се воведува **зелена нафта** во висина **12 000 денари** по **хектар** за пријавена површина за користење субвенции за директни плаќања и **ВЕДНАШ** се воведуваат и дополнителни **20 денари по килограм на откупен тутун доколку родот е помал од 15 000 тони по реколта.**

Го зголемуваме финансирањето на **15 000 евра за мали семејни винарници.** Воведуваме нова програма во висина од **10 000 евра од 2025 година** за уредување **семејни домаќинства во руралните предели** за развој на руралниот туризам. Воведуваме финансиска поддршка за **постојните земјоделски задруги од 50 000 евра и за новоформираните земјоделски задруги од 25 000 евра.**

**РЕКОРДНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА РЕКОРДНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО: Откупно-дистрибутивен центар Струмица и Ресен и логистичко-откупен центар Гази Баба и изградба на четири системи за наводнување во период од средината на 2025 до 2028 година.**

## 1. Македонска економија за европскиот пазар

Соочувајќи се со економската и енергетската криза што ја загрозуваше стандардот на животот на граѓаните и работењето на компаниите во 2020 година, Владата предводена од СДСМ презеде одлучни чекори. Донесовме девет пакети **антикризни мерки** во вредност од над 2,6 милијарди евра, со кои се заштити стандардот на граѓаните и се поддржаа домашните компании во одржувањето на ликвидноста и зачувување на работните места – спасени беа над **80 000 работни места** во над **20 000 компании**. Мерките вклучуваа привилегирана стапка на ДДВ за основни прехранбени производи, замрзнување на маржите на овие производи и воведување намалена даночна стапка од 5 % за електрична енергија за домаќинствата. Ги субвенционираме граѓаните за електрична енергија, која ќе беше и 80 % поскапа без нив. Од ценовен шок на сметките за струја заштитивме **661 000** домаќинство.

Во ноември минатата година Владата предводена од СДСМ го донесе последниот пакет на антикризни мерки, кој е најголем по вредност и обем во однос на претходните осум. Станува збор за пакет вреден 662 милиона евра, кој содржи 26 мерки за социјално осигурување, насочени кон поддршка на ранливите категории граѓани и компании, како и поддршка за надминување на тешкотиите во услови на зголемени трошоци за живот, но и во услови на продолжени ефекти од енергетската криза. Мерките обезбедуваат финансиска поддршка за **120 000** млади луѓе, над **74 000** социјално ранливи граѓани, над **187 000** пензионери, **40 000** земјоделци, околу **540 000 корисници на апликацијата „Мој ДДВ“, 600 000 домаќинства**. За мер-

ките наменети за граѓаните, домаќинствата и земјоделците издвоивме 156 милиони евра. Со овие мерки се поддржува ликвидноста на компаниите за да можат редовно да им исплаќаат плати на вработените и да ги зачуваат работните места во тешки кризни моменти. Истовремено се поттикнува конкурентноста, се дава поддршка за инвестиции во обновливи извори. За поддршка на **приватниот сектор** во овој пакет обезбедивме **492 милиона евра**. Ја продолживме и мерката за субвенции на струјата, со 90 % субвенционирање на цената на струјата за **611 000 домаќинства** и **68 000 мали потрошувачи**, како и за цената на топлинската енергија за 63 000 корисници во Скопје.

Како резултат на успешните економските политики и стабилното деловно опкружување што го создадовме, Македонија ја изградивме во атрактивна дестинација за **странски директни инвестиции (СДИ).** Од 2017 до 2023 година Македонија има **2,9 милијарди евра прилив на СДИ**, што е просечно 414 милиони евра годишно.

Преку **Законот за финансиска поддршка на инвестициите (ЗФПИ)** го изедначивме третманот на домашните компании до странските компании. Наместо да преговараме по кафеани и да склучуваме договори за нови инвестиции на затворени владини седници, СДСМ воведе систем што понуди еднакви и транспарентни услови за финансиска поддршка на инвестициите. Домашните компании добија можност, која до 2017 година ја немаше затоа што во времето на ДПМНЕ добиваа нула денари финансиска поддршка за своите инвестиции. СДСМ од корен го промени ова. Можноста што ја создадовме преку Законот за финансиска поддршка на инвестициите ја искористија 919 компании, кои инвестираа околу 500 милиони евра во нашата економија. Инвестициски циклус, кој беше поддржан со околу 100 милиони евра. Само преку инвестициски циклус се отворија над **5 000 нови работни места**, со достоинствени плати за нашите сограѓани. Воспоставиме партнерски однос меѓу стопанството и државата.

Освен што преку ефективни економски политики и системски решенија создадовме услови за постојан раст на приходите на граѓаните, СДСМ направи и исчекор напред во заштитата на куповната моќ. Го донесовме **Законот за нефер трговски практики** со кој ставаме крај на манипулацијата со цените. Поставивме брана за неетичкото профитирање врз грбот на граѓаните, прогласуваме крај на алчните профитерства, и тоа на европски начин. Европа ја донесовме таму каде што и најмногу им е потребна на граѓаните, а тоа е во заштитата на нивната куповна моќ.

Успевме да поставиме трансформативна траекторија за Македонија, ја усвоиме **Националната развојна стратегија 2024-2044 (НРС)**, што претставува клучен момент во историјата на земјата, затоа што е прва сеопфатна, дваесетгодишна стратегиска рамка. Овој стратегиски документ е клучен за насочување на развојот кон иднината, нагласувајќи одржлив раст, иновации и конкурентност, одразувајќи силна посветеност кон исправање на претходните системски пропусти и промовирање инклузивно и праведно општество. НРС опфаќа шест стратегиски области, кои ја поставуваат и основната рамка на визијата на СДСМ за развој на Македонија. НРС е насочена кон поттикнување одржлива, иновативна и конкурентна економија, кон обезбедување кохезивен локален и регионален развој, демографска ревитализација и социокултурен напредок. Целта е изградба на флексибилно општество засновано врз принципите на владеење на правото и добро владеење. Посебен акцент е ставен на зелени трансформации, поставувајќи го курсот кон чиста, здрава и енергетски одржлива иднина. Креирањето на НРС беше изразито инклузивно, со вклучување на повеќе од 5 000 граѓани од различни генерации, етнички групи, политички партии и општествени актери, обезбедувајќи широко учество и консултации. Овој инклузивен пристап што го спроведовме ја означува НРС како главната рамка за секој политички и економски развој во Македонија.

## Гарантираме одржлива, иновативна и конкурентна економија заснована врз четири столба

За нас социјалдемократите, граѓаните секогаш се на прво место. Нивните потреби, нивните аспирации, нивните можности за развој, нивната слободата се работите што секогаш ја поставуваат нашата политичка агенда. Овој наш фокус во наредните четири години нè обврзува да градиме одржлива, иновативна и конкурентна економија изградена врз четири основни столба:

**1) Човечки капитал:** Нашата стратегија е да инвестираме во луѓето. Зголемувањето на платите во сите сектори е клучно за привлекување и задржување таленти, обезбедувајќи дека нашата работна сила е мотивирана и добро обучена. Ова ќе создаде силна основа за иновации и одржлив развој.

**2) Продуктивност:** Зачекорувајќи кон економија што нуди висока продуктивност, се фокусираме на модернизација на производството и оптимизација на работните процеси. Ефикасното користење на ресурсите и примената на најдобри практики се клучни за зголемување на конкурентноста на нашата економија.

**3) Иновативност:** Поддршката на иновациите е во срцето на нашата стратегија за развој. Со охрабрување на креативноста и технолошкиот напредок, целиме кон создавање нови можности за нашите граѓани и компании, истовремено зајакнувајќи ги нашите конкурентски предности на глобалниот пазар.

**4) Конкурентност:** Зголемувањето на конкурентноста на нашата економија е императив за постигнување одржлив економски раст. Посветени сме на подобрување на бизнис-климата, стимулирање на инвестициите и отстранување на регулаторните бариери, со цел да привлечеме и да задржиме висококвалитетни домашни и странски инвестиции.

Со инвестирање во нашите граѓани, поттикнување на креативноста и претприемаштвото и негување на културата на инклузивност, се стремиме да создадеме општество каде што секој граѓанин ќе напредува, обезбедувајќи просперитет и напредок за генерациите што доаѓаат.

## Макроекономско опкружување

Економијата ќе биде зајакната преку просечно учество на капиталните расходи во структурата на јавните финансии, односно одржување на **5 % од БДП**, што ќе значи поголем број инвестиции во инфраструктурата. Фискалните основи на економијата ќе бидат зацврстени и преку етапна фискална консолидација, со што новите фискални проекциите на годишно ниво на буџетскиот дефицит ќе бидат конзистентни со проекциите на претходната фискална стратегија.

Буџетскиот дефицит како процентуално учество во БДП се намали на 4,8 % во 2023 година, за годинава тој проек-

тиран на 3,4 %, за наредната 2025 година тој ќе се намали на 3,0 % во 2025 година, истото ниво од 3,0 % ќе се задржи и во 2026 година, за во 2027 година да се намали на 2,8 % и во завршната година на идниот мандат на Владата на СДСМ во 2028 година ќе изнесува 2,5 %. Истовремено, примарното буџетско салдо има тренд на намалување, и тоа 3,3 % од БДП во 2023 година, 1,7 % во 2024 година, 1,1 % во 2025 година, 1,0 % во 2026 година, 0,7 % во 2027 година и 0,5 % во 2028 година.

Главни приоритети во областа на даночниот систем се зголемена ефикасност и ефективност во наплатата на приходите. Овој приоритет ќе го постигнеме преку поголема дигитализација на услугите, која ќе ги поедностави и ќе ги забрза административните постапки.

Ќе воведеме еколошко (зелено) оданочување што ќе ги стимулира даночните обврзници да придонесат за помало загадување на животната средина.

Една од главните цели на даночната политика во следниот мандат на СДСМ ќе биде обезбедување одржлив економски раст и развој преку правна сигурност за даночните обврзници и редовна наплата на јавните приходи.

Мерките што континуирано ги спроведува државата за справување со енергетската и ценовната криза се очекува да продолжат да влијаат врз заштита на животниот стандард на граѓаните, притоа обезбедувајќи нивна енергетска сигурност. Ќе продолжи и поддршката на компаниите за нивната ликвидност. Се очекува и постепено стабилизирање на глобалните синџири на снабдување и поповолен амбиент за дополнителен прилив за инвестиции, што ќе претставуваа дополнително надворешно позитивно влијание врз економскиот раст, кој што ќе значи зголемен број инвестиции и поголем број достоинствено платени работни места за граѓаните.

Согласно со основното макроекономско сценарио, економскиот раст во 2024 година е проектиран на 3,4 %, но е поставена цврста макроекономска основа тој во наредните чети години да се зголемува. Економските политики и мерки преточени во Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст, Планот за јавни инвестиции и Планот за забрзан економски раст (Growth Acceleration Plan) како генерална рамка, ќе придонесат за зголемување на потенцијалот за раст и остварување повисоки стапки на раст на среден рок, односно удвојување на економскиот раст во однос на просекот од 2,5 % во изминатата деценија.

Остануваме цврсто посветени просечниот раст на економската активност во периодот 2024-2028 година да достигне 5,1 %.

Покрај економските политики и мерки, нормализацијата на глобалните движења на среден рок, намалувањето на инфлациските притисоци и зголемувањето на довербата на деловните субјекти се очекува да придонесат за раст на приватните инвестиции, како и државната поддршка за унапредување на приватниот сектор и зајакнување на конкурентноста, иновативноста и технолошкиот развој на претпријатијата преку обезбедување алтернативни извори и инструменти за финансирање, што е еден од клучните аспекти на Планот за забрзан раст.

Дополнителен позитивен импулс на економскиот раст ќе даде **Планот за раст во Западен Балкан на Европската Унија**. Планот, кој се состои од четири столба, предвидува: 1) зголемување на економската интеграција со единствениот пазар на Европската Унија, 2) поттикнување на регионалната економска интеграција на Западен Балкан, 3) забрзување на структурните реформи и поддршка на евроинтеграцискиот процес и 4) зголемување на финансиската поддршка за реформи и раст на земјите, односно инвестиции. Спроведувањето на Планот треба да го забрза растот во регионот и да ја приближи нашата држава до економските стандарди на ЕУ и пред полноправното членство.

Инвестициите ќе имаат значајна улога во одржувањето на економската активност и нејзино интензивирање на среден рок. Најголем придонес кон растот во 2024 година се очекува да имаат бруто-инвестициите со раст од 8,4 %, пред сè, како резултат на интензивирањето на реализацијата на големите инфраструктурни проекти финансирани од државата (коридор 8 и 10 и железничката инфраструктура), придружени со мерките и активностите за поголема реализација на капиталните инвестиции.

Во периодот 2025-2028 година инвестициите се очекува да забележат просечен годишен раст од 8,8 %, како резултат на растот на приватните инвестиции, поинтензивен прилив на странски инвестиции и реализација на најавените инвестиции за проширување и изградба на нови капацитети во технолошко-индустриските зони, зголемени капитални расходи, но и континуираната поддршка за развој на приватниот сектор и зајакнување на конкурентноста и технолошкиот развој на претпријатијата.

Приватната потрошувачка е предвидено да забележи реален раст од 3,1 % во 2024 година, во услови на намалени инфлациски притисоци, натамошен реален раст на платите и вработеноста, раст на кредитирањето и одржување пристојно ниво на дознаките од странство. Поволните движења кај приватната потрошувачка се очекува да продолжат во периодот 2025-2028 година со просечен годишен раст од 3,5 %, поткрепено од очекувањата за натамошно подобрување на состојбата на пазарот на работна сила, пораст на приватните трансфери и раст на расположливиот доход на домаќинствата.

Економските политики вклучуваат намалување на **стапката на невработеност од 12 % на 7 % до 2028 година.**

Преку подобрување на економската активност и ефективноста на пазарот на трудот, преку зголемување на животниот стандард на граѓаните и намалување на сиромаштијата, како и зголемување на вработувањето, стапката на невработеност во нашата држава ќе ја **намалиме на едноцифрена бројка. За првпат во нашата историја!**

### Човечки капитал

Како социјалдемократска политичка партија, за СДСМ во изминатите 4 години најважно ни беше приоритизирањето на растот на платите затоа што тоа е најважно за негување на човечкиот капитал и поттикнување правичен социоекономски развој. Воведовме нова методологија за пресметка на минималната плата, врз основа на зголемувањето на трошоците за живот и зголемувањето на просечната плата. Минатата година, со стапувањето во сила на оваа методологија, минималната плата се зголеми од 18 000 на 20 175 денари. Од минимална плата во износ од 10 080 денари во 2016 година, во март 2024 година достигнавме минималната плата од 22 500 денари, што е зголемување за 124,2 %. Со оваа промена, за покривање на основните потреби за едно семејство (потрошувачка

кошничка) се потребни 2,2 минимални плати, за разлика од 2016 година кога за покривање на овие трошоци беа потребни 4 минимални плати.

На почетокот од нашиот четиригодишен мандат, просечната плата во август 2020 година изнесуваше 27 535 денари. Како резултат економските политики што ги водевме, во декември 2023 година просечната плата се зголеми на 40 000 денари(или точно 39 998 денари), што значи зголемување од 12 463 денари, или 45,3 % повисока просечна плата за околу 540 000 вработени. Овој приоритет што го дадовме на растот на платите е усогласен со основните вредности на социјалдемократијата, затоа што промовира економската правда и зајакнување на животниот стандард на граѓаните.

Во нашата социјалдемократска визија на постојаниот раст на пензиите гледаме како на еден од основните столбови на социјалната правда во државата. Затоа и Владата предводена од СДСМ успеа последната година од својот мандат да ја заврши со просечна пензија од 20 195 денари. Ова не е резултат на игра на случајот, туку продукт на системско решение преку кое на дело покажавме како се води грижа највозрасните членови на нашето општество да имаат спокојни и стабилни пензионерски денови.

**ГАРАНТИРАМЕ:**

- ✓ Зголемување на **минималната плата на 37 000 денари/ 600 евра** до 2028 година.
- ✓ Со влезот на Македонија во ЕУ **минималната плата ќе се зголеми на 49 000 денари/800 евра.**
- ✓ Зголемување на **просечната плата на 68 000ден/1 100 евра** до 2028 година.
- ✓ Со влезот на Македонија во ЕУ **просечната плата ќе се зголеми на 80 000 денари/1 300 евра**.
- ✓ **20 000 денари минимална пензија** до 2028 година.
- ✓ **30 000 денари просечна пензија** до 2028 година.
- ✓ **200 евра за прво вработување** на млади лица до 26 години.
- ✓ **Ослободување од плаќање царина до 150 евра** за мали пратки што се праќаат по пошта за физички лица.

Во нашата визија за изградба на социјалдемократско општество, приоритет ни е создавањето услови за **постојан раст на платите за сите граѓани**. Со правични и постојани зголемувања на платите, ние им даваме моќ на граѓаните да постигнат финансиска стабилност, да ги поддржуваат своите семејства и да ги остварат своите животни цели.

Ставајќи го економскиот фокус на развојот на човечкиот капитал, зголемување на продуктивноста, создавање нови иновативни и конкурентни потенцијали СДСМ до крајот на мандатот во 2028 година ќе креира и ќе спроведе економски и социјални политики што ќе доведат до постојан раст на минималната и просечната плата, како и на минималната и просечната пензија. Идниот четиригодишен мандат Владата што ќе ја состави и ќе ја води СДСМ во 2028 година ќе биде завршен со **минимална плата од 37 000 денари** и **просечна плата од 68 000 денари**.

Но тоа нема да биде границата, ќе создадеме нова можност, нова шанса за дополнителен раст, а тоа е со полноправното зачленување на државата во Европската Унија, што ќе се случи по 2028 година, растот на платите да биде за дополнителни 12 000 денари /200 евра, односно минималната плата ќе достигне ниво до **49 000** денари / 800 евра, а просечната **80 000 денари/1 300 евра.**

Овој тренд на раст на просечните нето-плати во наредните четири години ќе биде споделен меѓу вработените. Согласно со проекциите направени врз основа на основните програмски определби на СДСМ**, вработените во основното образование во 2028 година** може да очекуваат просечно исплатена нето-плата во висина од речиси **45 000 денари** (46 489 денари), во **средното образование** ќе се зголеми на **48 000** (47 944), додека трудот на вработените во **високото образование** ќе се вреднува во просек со **80 500 денари** (80 645 денари). Овој бран на раст на платите на крајот од мандатот на Владата предводена од СДСМ нема да ги изостави ниту **вработените во градинките**, кои се грижат за нашите најмали, каде што просечната плата ќе достигне околу **40 000 денари** (39 205 денари). Вработените во **одбраната** може да очекуваат нивните просечни примања по основ на нето-плата да изнесуваат околу **59 000 денари** (58 542 денари), додека, пак, **вработените во МВР** над **60 000 денари** (60 204 денари).

Зголемување на платите и до 50 % од 1 јануари 2025 година за оние вработени во јавната администрација што се директно вклучени во преговарачкиот процес со ЕУ, вреднувајќи го и поттикнувајќи го нивниот активен ангажман и експертиза. Оваа мерка не само што ќе обезбеди задржување на квалификуваните професионалци туку и ќе ја подобри ефикасноста и ефективноста на јавната администрација во процесот на преговори, забрзувајќи го напредокот на државата кон членство во ЕУ.

Методологијата кшто ја воведовме за пресметка на висината на пензиите и силната политичка волја на СДСМ претставуваат цврста основа за постојан раст на пензиите во наредните четири години. Мандатот во 2028 година ќе го завршиме со заштитено достоинство на пензионерите, затоа што **просечната пензија ќе достигне 30 000 денари**, а **минималната 20 000 денари.**

Ние веруваме во солидарноста, веруваме дека државата треба да им помогне на оние што имаат помали примања, па и помали пензии. Затоа секоја година од четиригодишниот мандат на Владата СДСМ ќе обезбеди **новогодишен финансиски пакет од 6 000 денари за сите пензионери**. Ова зборува за нашата непоколеблива определба за заштита на благосостојбата на повозрасните граѓани на Македонија. Ова ќе биде гест со кој не само што ќе се признае нивниот непроценлив придонес за општеството туку ќе се изрази и солидарност и благодарност кон оние што ги посветија своите животи за градење на државата. Со оваа финансиска помош, Владата предводена од СДСМ ќе го олесни финансискиот товар со кој често се соочуваат пензионерите, обезбедувајќи им чувство на сигурност и достоинство за време на празничните новогодишни денови.

Преку **директна финансиска помош од 200 евра, во времетраење од една година од вработувањето, за прво вработување на млади лица до 26** години ќе обезбедиме клучна поддршка за олеснување на нивниот влез во работната сила. Оваа иницијатива не само што ги ублажува финансиските оптоварувања за младите поединци туку ќе ги охрабрува активно да бараат можности за вработување, придонесувајќи за намалување на стапката на неврабо-

теност кај младите. Понатаму, со инвестирање кај помладата генерација, Владата предводена од СДСМ ќе негува квалификувана и мотивирана работна сила, поставувајќи ги темелите за долгорочен економски раст и просперитет.

**Активација на пазарот на труд** на примателите на гарантирана минимална помош (ГМП) преку финансиска поддршка за стекнување компетенции и преквалификации согласно со потребите на пазарот на труд, со што ќе зголеми нивната вработливост и ќе се обезбедат стабилни можности за вработување. Директна финансиска поддршка ќе добијат и правните лица што ќе вработуваат граѓани приматели на ГМП. Со интеграцијата на овие граѓани на пазарот на труд ќе се придонесе за една поинклузивна економија.

Идната Влада ќе започне со **имплементација на Blue Card** системот на ЕУ за побрзо вклучување на висококвалификуваната и неквалификуваната работна сила на пазарот на труд. Иако тоа нема да ни биде обврска за државата до влегувањето во ЕУ (и евентуалното вклучување во Шенген зоната), сепак поради негативните демографски проекции за Македонија, а и за државите од регионот, неопходно е идната Влада да овозможи услови прилив на работна сила за одржливост на економскиот раст и развој. На овој начин ќе создадеме можност за прилив на свежи идеи и перспективи, а кои се потребни за динамична и просперитетна економија. Она што е важно за граѓаните е дека ќе се даде дополнителен позитивен стимул за одржлив и постојан раст на платите, затоа што неквалификуваната и висококвалификуваната работна сила нема да имаат плата што ќе биде пониска од една и пол просечна плата.

**Зголемувањето на учеството на жените и ранливите групи** во економските активности е од суштинско значење за постигнување социјална еднаквост и инклузивен раст. Со отстранување на бариерите за учество и создавање можности за овие групи да пристапат до образование, обука и вработување, СДСМ ќе го ослободи нивниот целосен потенцијал и нивните таленти ќе ги стави во функција на економскиот напредок.

**Усогласувањето на образованието со барањата на пазарот на трудот** ќе претставува клучен чекор кон поттикнување на социјално инклузивна економија. Со олеснување и унапредување на силната соработка меѓу бизнис-секторот и образовните институции, СДСМ ќе воспостави систем што на младите ќе им даде можност да стекнат вештини и знаења да одговорат на предизвиците што ги наметнува сè подинамичниот пазар на труд. Ова усогласување не само што ќе ја зголеми вработливоста на младите туку ќе претставува и механизам за справување со недостигот од квалификувана работна сила со која се соочуваа индустријата, чие задоволување има витално значење за зачувување на нивната конкурентност.

**Развивањето и промовирањето ажурирани наставни програми за високото образование** приспособени да ги задоволат потребите на приватниот сектор ќе биде камен-темелник на посветеноста на СДСМ за развојот на човечкиот капитал. Развивајќи мултидисциплинарни наставни програми што ќе се насочат кон развој на практични вештини, вредносниот потенцијал на дипломците ќе биде ставен во функција на развој на економијата. Со овој проактивен пристап во делот на високото образование ќе се излезе во пресрет на тековните потреби на индустријата, истовремено развивајќи ја културата на доживотно учење и приспособливост, што е од суштинско значење за успех во модерната економија.

Воведувањето претприемачки и иновативни вештини во сите нивоа на образование е од суштинско значење за негување на културата на претприемаштвото и креативноста. Затоа ќе се воведат **нови наставни програми** преку кои претприемачкиот начин на размислување ќе биде интегриран во целокупниот образовен систем, односно од основно, преку средно, па сè до високото образование. Посебен сегмент ќе претставува формирањето претприемачки центри (акцелератори, хабови, техно-паркови) на универзитетите, кои ќе претставуваат инкубатори за претприемачи, кои ќе обезбедуваат менторство, ресурси и можности за успешно преточување на идеите во успешни претприемачки потфати.

**Доделувањето стипендии за докторски студии во домени на паметна специјализација** ќе биде стратегиска инвестиција на Владата предводена од СДСМ во иднината на нашата економија. Со поддршка на напредни истражувања во клучните сектори идентификувани за специјализација, ќе создаваме висококвалификувани професионалци способни да поттикнат иновации и да бидат водачи на економска трансформација. Овие стипендии не само што ќе бидат наменети на врвни таленти туку ќе поттикнуваат и интердисциплинарна соработка и размена на знаење, забрзувајќи ги напредокот и просперитетот.

Со зголемување на инвестирањето во основање или техничко опремување на **лаборатории на универзитетите и истражувачките институции**, академските центри ќе прераснат во лост за иновациите и технолошкиот напредок. Ќе ги зајакнеме истражувачките капацитети на високото образование, ќе отвориме нови канали на привлекување таленти и ќе изградиме нови мостови што ќе водат кон поголема соработка со индустријата.

За СДСМ во наредните четири години ќе биде императив спроведувањето даночни реформи што ќе бидат насочени кон **нов модел на прогресивно оданочување,** бидејќи тоа се усогласува со нејзините основни вредности на еднаквост и социјална правда. Со спроведувањето на прогресивното оданочување, товарот на даноците ќе се префрли од оние со ниски примања на поединци со високи примања, стимулирајќи поголема еднаквост на приходите меѓу граѓаните. Ваквите реформи ќе овозможат редистрибуција на богатството, осигурувајќи дека ресурсите ќе се распределуваат кон јавните услуги и програмите за социјална заштита што имаат корист за најранливите членови на општеството. СДСМ на прогресивното оданочување гледа и како на механизам за воспоставување економска стабилност, затоа што ќе ги намали разликите во богатството и ќе ја стимулира потрошувачката кај граѓаните со пониски приходи. Преку даночната реформа ќе ја зацврстиме солидарноста во општеството, ќе го направиме да биде поправедно и поинклузивно за сите граѓани.

Во мандатот на Владата што ќе биде формирана од СДСМ ќе се започне со процес на системска **реформа на даночниот систем,** преку подготовка на платформа и општ консензус на сите чинители. Во делот на данокот на личен доход (ДЛД), СДСМ ќе застапува прогресивно оданочување со почетна стапка од 0 % ДЛД, почнувајќи од минималната плата. Целта што ќе се постигне преку оваа даночна реформа е повисоки и достоинствени нето-плати за оние граѓани и граѓанки со пониски примања, притоа давајќи силен импулс и во сузбивањето на сивата економија. Овој систем на даночна реформа е на линија на социјалдемократските вредности затоа што промовира правично и праведно општество, во кое се намалува нееднаквоста во

приходите и се зајакнува социјалната кохезија.

Ние веруваме дека е фер оние што имаат многу, да платат повеќе и да дадат поголем придонес за јавните финансии за поддршка на основните јавни услуги и програми за социјална заштита. Затоа, тргнувајќи од принципите на еднаквост и социјална правичност, ќе воведем **данок на луксуз (богатство),** со што сите оние што имаат акумулирано значително богатство пропорционално повеќе ќе придонесуваат за општото добро во државата и социјалните програми и услуги. Со таргетирање на луксузни стоки и прекумерно богатство, овој данок ќе промовира поголема еднаквост на приходите и ќе ја намалува концентрацијата на богатството кај привилегирани поединци или групи. Воведувањето на овој данок ќе служи како механизам за прераспределба на богатството, ублажување на социо-економските разлики и промовирање на порамномерна распределба на ресурсите.

СДСМ во наредниот четиригодишен мандат ќе се фокусира на негување и унапредување на **човечкиот капитал во делот на даночните политики**, преку иницијативи што имаат за цел да поттикнат подлабоко разбирање на даночните принципи, да ја подобрат транспарентноста и да препознаат примерно однесување на даночните обврзници. Давањето приоритет на даночното образование ја нагласува посветеноста на СДСМ за зајакнување на граѓаните со знаења и вештини за ефективно да се движат низ даночниот систем. Преку низа конкретни мерки ќе го демократизираме пристапот до информациите поврзани со даноците, обезбедувајќи можност сите граѓани да можат да се вклучат во фискалните политики.

Во следниот мандат на Владата предводена од СДСМ ќе ги реализираме следниве проекти:

### Даночна академија за даночна едукација

- ✓ Ќе подготвиме прирачник што ќе биде доставен до сите даночни обврзници и сметководители, ќе правиме континуирани обуки за тековните реформи во Управата за јавни приходи (УЈП).
- ✓ Затоа што на граѓаните и даночните обврзници им е потребна даночна едукација, еднаш месечно ќе одржуваме јавни трибини за актуелни теми во врска со јавните финансии.
- ✓ Ќе допреме до секој граѓанин и сите даночни обврзници, даночно да ги едуцираме и ќе ги внесеме во системот на УЈП.

### Отворена и транспарентна даночна администрација

- ✓ Секој четврток во неделата ќе воведеме „Отворен ден“ во сите организациски единици на УЈП. Сите заинтересирани страни и даночни обврзници ќе можат да ги посетат директорот/управниците/раководителите и да поразговараат на актуелни теми, мерки, проблеми со кои се соочуваат.

### Избор на најкоректен даночен обврзник

- ✓ Преку електронски алгоритам и преку електронските процеси УЈП секој месец ќе избира „НАЈКОРЕКТЕН ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК“ во сите категории компании (микро, мали, средни, големи)
- ✓ Ќе издадеме сертификат за „КОРЕКТЕН ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК“

**Како одговор на растот на е-трговијата ќе го** зголемиме прагот за ослободување од плаќање царина од 45 на 150 евра за мали пратки што се праќаат по пошта за физички лица. На овој начин ќе обезбедиме олеснувања на финансиските оптоварувања на граѓаните што купуваат преку интернет и ќе ја подобриме ефикасноста на прекуграничната трговија.

Владата на СДСМ ќе продолжи со **реализација на „Мој ДДВ“**, мерка преку која над 120 милиони евра во изминатите четири години беа вратени назад кон граѓаните. Повратот ќе го зголемиме. Повеќе пари граѓаните на своите сметки ќе може  да очекуваат наредна 2025 година кога максималниот износ на поврат ќе го зголемиме на 2 400 денари, во 2027 повторно ќе се зголеми на 2 700 денари, со намера на крајот од мандатот во 2028 година тој да изнесува 3 000 денари.

Системот „Мој ДДВ“ дополнително ќе го унапредиме преку обезбедување полесен пристап на даночните обврзници за скенирање фискални сметки и можност за пријавување неправилности во работењето на даночните обврзници. Ќе поставиме системи за скенирање сметки на јавни површини.

**Надградба на системот МОЈ ДДВ** (полесен пристап на даночните обврзници до скенираните фискални сметки, пријавување неправилности во работењето на даночните обврзници преку апликацијата МОЈ ДДВ), поставување системи за скенирање сметки на јавни површини (МОЈ ДДВ).

### ГАРАНТИРАМЕ:

- ✓ Проект за намалување на **работното време од 8 на 7 часа.**
- ✓ **180 милиони евра директна финансиска поддршка** на домашните компании за инвестиции во производство.
- ✓ **3,5 милијарди евра** јавни капитални инвестиции**.**
- ✓ **Стабилна даночна политика** во делот на ДДВ.

Од 1 јануари 2026 година ќе започнеме со проект за анализа на ефектите од  намалување на **работното време од 8 на 7 часа дневно**, односно од 40 на 35 часа неделно, што ќе донесе многубројни придобивки за државата и за граѓаните, особено во контекст на сè по интензивните процеси на дигитализацијата и автоматизација. На овој начин директно ќе ја подобриме рамнотежата меѓу работата и животот, дозволувајќи им на вработените повеќе часови за слободно време, семејство и лични определби, а со тоа поттикнувајќи ја целокупната благосостојба и задоволство во државата. Транзицијата кон пократко работно време ќе ги поттикне работодавците да инвестираат во технологии за дигитализација и автоматизација за да ги насочат процесите и да ја максимизираат ефикасноста. Позитивните ефекти од пократкото работно време ќе се изразат во делот на економскиот раст и иновациите преку поттикнување на попродуктивна и помотивирана работна сила, како и потхранувајќи ја креативноста и претприемаштвото во дигиталната ера. Со скратувањето на работното време, СДСМ ќе воведе прогресивен пристап кон управувањето со трудот што ќе дава приоритет на благосостојбата и просперитетот на работниците и на општеството како целина.

**Законот за финансиска поддршка** на инвестициите е носечки столб на економските политики на Владата предводена од СДСМ во изминатите 6 години, затоа што за првпат домашните компании се изедначија со странските во финансиската поддршката што ја добиваат од буџетот за нивните инвестиции. За првпат од осамостојувањето се создадоа системски можности домашните компании низ транспарентна процедура со јасно дефинирани критериуми да имаат пристап до финансии што ќе бидат ставени во функција на зголемување на нивната продуктивност и зајакнување на конкурентноста. Согласно со оваа системско решение, кое СДСМ го создаде и го спроведе, во изминатите 6 години финансиска поддршка во висина од околу 100 милиони евра добија 919 компании, кои генерираа инвестициски циклус од 500 милиони евра и отворија 5 000 нови работни места со достоинствени плати за граѓани. СДСМ овде не застанува, поддршката ќе се зголемува, затоа што на СДСМ еднакво важни му се и домашните и странските компании. Во наредниот четиригодишен мандат Владата предводена од СДСМ ќе обезбеди **180 милиони евра директна финансиска поддршка на домашните компании за инвестиции** во производство. Овој развој на домашните компании што го поддржуваме, ќе ја има нашата поддршка и до 2028 година, затоа што тој **не се заснова врз евтина работна сила**, туку врз човечки ресурси што се одликуваат со напредно знаење и иновативност, со изградени вештини да бидат дел од најсовремените технолошки производствени процеси и за тоа да бидат достоинствено платени.

СДСМ, предводејќи ја новата Влада до 2028 година, ќе обезбеди **3,5 милијарди евра јавни капитални инвестиции** за зајакнување на економскиот раст и развој. Овие инвестиции ќе бидат стратегиски насочени кон клучните сектори, како што се инфраструктурата, образованието, здравството, со цел да се стимулира отворањето работни места, да се зголеми продуктивноста и да се поттикнат инвестициите. Со насочување на овие финансиски средства во критичните области на економијата, ние ќе настојуваме да ги ревитализираме локалните индустрии, да привлечеме странски инвестиции и да воспоставиме одржлива економска диверзификација. Покрај тоа, овие инвестиции ќе им дадат приоритет на проектите што се насочени кон заштита на животната средина, вклучувајќи иницијативи за обновлива енергија и развој на зелена инфраструктура, усогласувајќи се со нашата посветеност за борба против климатските промени и промовирање на еколошката грижа за животот на граѓаните. Преку овој инвестициски циклус што ќе биде генериран од Владата ќе се стимулира потрошувачката, ќе се зајакне довербата на инвеститорите и ќе го поттикне целокупното економско закрепнување, поставувајќи ги темелите за заеднички просперитет и социјален напредок. Преку претпазливо фискално управување и стратегиско инвестициско планирање, СДСМ во наредните четири години ќе се фокусира на искористување на трансформативната моќ на јавниот капитал за да изградиме поинклузивно, поотпорно и попросперитетно општество за сите граѓани.

И во следниот четиригодишен мандат Владата на СДСМ ќе продолжи со примена **на златното правило во јавните финансии:** капиталните расходи да се повисоки од буџетскиот дефицит, односно ќе се позајмува само за финансирање на инвестициските проекти. Реализацијата на буџетот ќе се раководи според принципот вредност за вложените пари (value for money), при што ќе се внимава парите на граѓаните да се искористат таму каде што даваат најголеми ефекти во остварување на целите за повисок квалитет на животот.

Во наредните четири години Владата предводена од СДСМ нема да изврши промена во **даночната политика во делот на ДДВ**, односно стапките од 5 %, 10 % и 18 % на овој данок ќе останат непроменети. На овој начин, уште еднаш ќе покажеме како се одржува предвидливо и стабилно деловно опкружување за почнување и водење бизнис во Македонија.

Подобрувањето на **пристапот до дигитални услуги за компаниите** го олеснува истражувањето, развојот и иновациите, катализирајќи ја економската динамика и конкурентност. Со развивањето сеопфатна база на податоци за отворени податоци и поттикнување на соработката меѓу академијата и индустријата, ќе отвориме нови патишта за размена на знаење и технолошки напредок. Овој инклузивен екосистем заснован врз соработка ќе развива и култура на континуирано учење и адаптација, засилувајќи ја иновативната позиција на нашата економија.

**Финансиската поддршка на дигитализацијата на компаниите преку ИКТ-алатки и практики** ќе ги оспособи бизнисите да се приспособат и да напредуваат во сѐ повеќе дигитализираниот пејзаж на економската активност. Со обезбедување техничка помош и ресурси за дигитална трансформација, ќе ги опремиме компаниите со алатки и вештини потребни за да останат конкурентни во дигиталната економија. Овој проактивен пристап ќе има позитивни импликации за продуктивноста на компаниите, за развој на деловна култура на иновации и отпорност, поставувајќи цврста основа за одржлив раст што ќе создава достоинствени работни места за граѓаните.

Преку поголем обем и интензитет на **дигитализација во јавниот сектор,** идната Влада ќе гарантира дека ќе биде одговорна и ефикасна, поттикнувајќи модернизиран и граѓански центричен пристап кон управувањето. Со рационализација на административните процеси преку подобрување на дигиталната инфраструктура и зголемување на пристапноста до јавни услуги за бизнисите, ќе создадеме средина погодна за претприемаштво и технолошки напредок.

Зголемувањето на продуктивноста на нашиот човечки капитал и намалувањето на стапките на емиграција се од суштинско значење за обезбедување долгорочна економска одржливост. Затоа СДСМ ќе спроведува политики на **усогласување на понудата и побарувачката на работна сила на пазарот на трудот** во делот на кадар со високо образование од одредени профили (лекари, информатичари, машински инженери, градежни инженери и сл.) и на кадар со средно стручно образование (медицински сестри, машински, градежни и електротехничари). Со овој фокусиран пристап ќе се даде одговор на недостигот на вештини и ќе се охрабрат младите луѓе да ги бараат можностите овде, во татковината.

По успешното воведување граѓанска и зелена обврзница, СДСМ во наредните четири години ќе продолжи со диверзификација на понудата на пазарот на капитал преку воведување и **проектна обврзница**, инструмент за заедничка инвестиција на граѓаните и компаниите во растот на македонската економија. Проектната обврзница ќе донесе многубројни придобивки за граѓаните и стопанството преку олеснување на изведбата на големи инфраструктурни и развојни проекти, притоа поставувајќи цврста финансиска основа за преземање и реализација на амбициозни инфраструктурни проекти што ќе бидат дел од основата за одржлив развој и долгорочен просперитет, од корист како за сегашните, така и за идните генерации.

Во нашата политичка заложба за ефективно и транспарентно управување со фондовите на Европската Унија, до крајот на 2025 година ќе **формираме Агенција за ИПА-фондовите**. Оваа агенција ќе биде составена од искусни административци префрлени од ИПА-сектори на други институции, обезбедувајќи континуитет и експертиза во управувањето со овие клучни финансиски средства. Со централизирање на управувањето со фондовите на ИПА, имаме цел да ги рационализираме процесите, да ја подобриме одговорноста и да ја оптимизираме распределбата на ресурсите за проекти што промовираат социоекономски развој, подобрувања на инфраструктурата и градење институционални капацитети. Ова институционално решение не само што ќе го зајакне нашето усогласување со стандардите на ЕУ туку и ќе го максимизира влијанието на помошта од ЕУ, од корист и за државата и за нејзините граѓани преку засилена имплементација на проекти, поголема транспарентност и подобрен пристап до виталните ресурси на нашиот пат кон членство во ЕУ.

Со ставање во оперативна функција на веќе развиениот систем **е-фактура**, како и со **е-фискализација,** идната Влада на СДСМ ќе понуди многубројни поволности за компаниите. Прво, ќе го рационализира и ќе го автоматизира процесот на фактурирање, намалувајќи ги документацијата, административниот товар и поврзаните трошоци за бизнисите. Второ, ќе се подобри транспарентноста и точноста во финансиските трансакции, минимизирајќи го ризикот од грешки, измами и даночно затајување. Трето, ќе се унапреди управувањето со готовинскиот тек преку забрзување на обработката на плаќањата и олеснување на побрз пристап до средства. Четврто, ќе се промовира усогласеност со регулаторните барања и даночните закони, намалувајќи го ризикот од казни и правни последици за неусогласеност. И на крај, ќе се поттикне дигитално деловно опкружување, позиционирајќи ги компаниите да се приспособат и да напредуваат во сè повеќе дигитализирана економија, а со тоа да се зајакне конкурентноста и да се поттикне одржлив раст.

Управата за јавни приходи (УЈП) ќе спроведе проект за изработка и инсталирање софтвер и хардвер за **Е-ТРГОВИЈА**. Овој систем ќе придонесе за:

- ✓ Оданочување во интегрирана околина со поврзани системи и размена на информации меѓу УЈП, даночните обврзници и трети страни преку стандардизирани процедури.
- ✓ Воспоставување ефикасна институционална структура, процеси и механизми за откривање и борба против даночните измами.
- ✓ Идентификување и формализирање на неформалната економија (на граѓаните им е потребна даночна едукација, затоа преку УЈП ќе отвориме **широка јавна дебата** со сите оние што работат за странски компании, а финансиите ги добиваат преку дебитни картички, пр., Payoneer).

Преку УЈП ќе воведеме **систем на ФИСКАЛНА ОПОМЕНА/ДАНОЧНА ОПОМЕНА** во зависност од видот на контролата.

- ✓ **Проект: Прва опомена - ФИСКАЛНА ОПОМЕНА, втора опомена – ОПОМЕНА ПРЕД ИЗРЕКУВАЊЕ ГЛОБА – трет степен – ИЗРЕКУВАЊЕ ГЛОБА.**

**Ќе се воспостават автоматизирани и електронски процеси** за наплата на данок, пребивање на данок, поврат, опоменување, блокади, одложено плаќање.

**Ќе се пушти во употреба КОНТАКТ-ЦЕНТАР „АЛО УЈП“** Воведување централизирана телефонска линија на која граѓаните ќе можат да разговараат со телефонски оператор за сите нивни прашања и проблеми. Можност за разговор со оператор со сите облици на организација, давање совети, статус на предмет, разговор со вработени, закажување термин за средба со вработен, раководител, управник, директор.

Намалување на времето за прифаќање на банкарските царински гаранции и намалување на трошоците на економските оператори за нивно користење во царинските постапки. Ова ќе биде обезбедено преку развој на онлајн електронска платформа (МЕОС) што бизнисите можат да ја користат за лесно аплицирање за банкарски гаранции и следење на нивниот статус на задолженост. Сеопфатната банкарска гаранција ќе ги опфати сите царински постапки (увоз, транзит, царинско складирање, увоз за облагородување). Користењето на ваквата гаранција треба да го намали административниот товар и трошоците за компаниите, бидејќи тие не треба да управуваат со повеќе видови гаранции за различни царински постапки.

Оваа практика може да им помогне на бизнисите да ја оптимизираат својата ликвидност и финансиски ресурси, бидејќи една гаранција со повеќекратна употреба може да ги намали трошоците за обезбедување многу посебни гаранции. Ваквата гаранција овозможува поголема флексибилност за компаниите во управувањето со нивните царински постапки, дозволувајќи им да се приспособат кон променливите потреби на нивното деловно работење.

Овозможување на намалувањето на гаранцијата за пуштање стоки во слободен промет за оператори што се овластени економски оператори (ОЕО) е значајна бенефиција што ќе се овозможи со донесувањето на новиот Царински закон. ОЕО-статусот е доделен на бизниси што исполнуваат одредени безбедносни и оперативни стандарди и се сметаат за сигурни партнери на царината. Клучните предности од намалувањето на гаранциите за ОЕО се:

**Финансиска ефикасност:** Намалувањето на гаранцијата за ОЕО значително ја намалува финансиската обврска на компаниите. Ова помага во ослободување на капиталот, кој инаку би бил врзан како гаранција и може да се употреби за други деловни цели.

**Подобрена ликвидност:** Со намалување на потребата за големи гаранции, компаниите можат да го подобрат својот тек на готовина и ликвидност, што е особено корисно за поддршка на тековните оперативни активности.

**Конкурентска предност:** ОЕО-статусот и привилегиите што ги носи, вклучувајќи ги и намалените гаранции, им овозможуваат на компаниите да бидат поатрактивни за партнери и клиенти, бидејќи покажуваат дека се сигурни партнери во царинските процедури.

**Подобрена ефикасност:** Намалувањето на бирократијата и административните барања за ОЕО-компаниите може да доведе до побрзи и поефикасни царински процеси. Ова може да значи побрзо пуштање на стоките во слободен промет и помала веројатност од задршки.

**Унапредување на безбедноста и усогласеноста:** Добивањето на ОЕО-статусот потврдува дека компанијата ги следи највисоките стандарди за безбедност и усогласеност, што може да помогне во намалувањето на ризиците и подобрувањето на оперативната сигурност.

Ќе се реновираат и ќе се прошират трите гранични премини Делчево, Ќафасан и Деве Баир, со што ќе се подобрат условите за работа во административните објекти, ќе се олеснат царинските формалности и ќе се овозможи побрз проток на луѓе и стоки. Притоа, ќе се подобрат пристапните патишта до царинските терминали за да може да се користат и во зимски услови. На граничниот премин Деве Баир ќе се изгради карго-лента само за камиони и ќе се инсталира мост за мерење тежина на камионите.

### Иновативност

На иновативен начин го зајакнавме системот за поддршка на странските и домашните инвеститори со воведувањето на **првиот дигитален асистент АДА,** заснован врз вештачка интелигенција, кој е ставен во функција за дополнителна транспарентност на процесот на привлекување инвестиции. АДА е материјализирање на сето она го застапува СДСМ, а тоа е дигитализација, транспарентност, ефективност и ефикасност во јавниот сектор.

Владата на СДСМ успеа **Фондот за иновации и технолошки развој(ФИТР)** да го издигне на ниво на водечка владина институција за поддршка на стартапи и иновативни компании во Македонија. Преку фондот се реализирани и финансиски поддржани 985 проекти со заеднички инвестиции во нашата економија од околу 118 милиони евра.

Со поддршка на инвестирање во иновации поттикнуваме економска динамика на креирање работни места и одржлив раст. Додека директно го стимулираме претприемачкиот дух, негуваме култура на креативност и напредок, охрабрувајќи ги граѓаните да напредуваат во свет што брзо се развива. Преку ФИТР ја афирмираме својата заложба за градење иднина каде што просперитетот е споделен, можностите се достапни и напредокот е одржлив, осигурувајќи дека секој граѓанин ќе има можност да придонесе и да учествува во придобивките од иновативна и енергична економија.

### ГАРАНТИРАМЕ:

- ✓ Раст на јавните инвестиции во истражување и развој **(R&D)**
- ✓ Политики за **заштита на работните места** во услови на развој на вештачката интелигенција.
- ✓ **Ослободување од плаќање данок за новоотворените фирми во делот на дигитализацијата.**
- ✓ **Дигитални образовни програми**, како што е промовирање на **STEM-предмети (Science, Technology, Education and Mathematics)**

Спроведувањето на добро креирана политика за иновации и поттикнувањето **иновативен екосистем** се клучни за поттикнување на економскиот раст и конкурентноста. Со создавање средина за поддршка за претприемаштво, истражување и развој, ќе ја стимулираме креативноста, ќе привлекуваме инвестиции и ќе поттикнуваме технолошки иновации. Овој сеопфатен пристап Македонија ќе ја позиционира како центар за иновации, поттикнувајќи одржлив раст и просперитет за нашите граѓани.

СДСМ ќе овозможи **континуиран раст на јавните инвестиции во истражување и развој (**R&D), што е од суштинско значење за негување на културата на иновации и технолошки напредок, но исто така и поддршката на приватниот сектор да го држи својот фокус на овој важен развоен сегмент, особено во делот на зелените иновации. Преку оваа мерка до 2028 година дополнително ќе го катализираме економски раст и транзиција кон обновливи извори на енергија.

Брзиот развој и напредок на **вештачката интелигенција (ВИ)** истовремено претставува и можности и предизвици за секоја економија во светот, вклучително и за македонската, особено во нејзиното влијание врз работните места. Додека вештачката интелигенција има потенцијал да ја подобри продуктивноста, да ги насочи процесите и да поттикне иновации низ различни економски сектори, таа исто така создава ризик од заменување на традиционалните улоги и работни места. Како социјалдемократска политичка партија, СДСМ ќе даде приоритет на политиките и мерките што ќе бидат насочени кон заштита на работните места, вработените и нивниот животен стандард.

До крајот на 2025 година, Владата на СДСМ низ **инклузивен процес на активно вклучување на синдикалните организации** и претставниците на стопанските комори, ќе развие:

- ✓ Програми за преквалификација на работниците за да се олесни транзицијата на кон нови улоги и индустрии со зголемена автоматизација и дигитализација.
- ✓ Законски решенија за заштита на правата на работниците во дигиталната ера, кои ќе гарантираат безбедни работни услови и заштита од нефер третман поради технолошкиот напредок.
- ✓ Дефинирани стандарди за заштита на приватноста и безбедноста на податоците, кои компаниите ги собираат, обработуваат и ги складираат, а се поврзани со лични информации за работниците, надзор и надгледување на производствените процеси, како и обезбедување транспарентност во употребата на технологии што се водат од податоци собрани од работното место.
- ✓ Еднаква правна заштита на работењето од дома и извршувањето на обврските на самото работно место.
- ✓ Редовни дискусии во Економско-социјалниот совет околу етичката употреба на вештачката интелигенција и автоматизацијата, пред сѐ, од аспект на почитување на човековите права, избегнување дискриминација и давање приоритет на социјалните придобивки.

Преку **ослободување од плаќање данок за новоотворените фирми** формирани од млади лица до 29 години, сѐ додека прометот не надминува 4 милиони денари, ќе го стимулира претприемаштвото и иновативноста, вбризгувајќи дополнителна динамика во стопанството. Со поттикнување на основање нови бизниси на млади лица ќе се искористи еден нов ресурс на додадена вредност во економијата, особено од аспект дека станува збор за компании што имаат потенцијал да ги прифатат современите економски трендови, да капитализираат од новите можности, поттикнувајќи ја економијата да се движи напред во дигиталната ера.

Промовирањето и поддршката на **учеството во програмата Дигитална Европа** се усогласува со нашата визија за искористување на трансформативната моќ на дигиталните технологии за остварување инклузивен и одржлив раст. Со

активно вклучување во европските иницијативи и партнерства, идната Влада ќе користи експертиза и ресурси за да ја забрза агендата за дигитална трансформација.

Искористувањето **на експертизата и ресурсите на научната дијаспора** ќе биде дополнителен инструмент за поттикнување на иновациите и економскиот раст. Со поттикнување на партнерства со иселениците и искористување на нивното знаење, вмреженост во глобални бизнис-заедници и инвестицискиот потенцијал, ќе се создадат нови можности за економски развој и технолошки напредок.

Владата предводена од СДСМ направи уште еден значаен исчекор во делот на создавањето можности за развој на иновативноста и конкурентните предности на нашата економија, а што ќе биде цврста подлога и програмата за работа на идната Влада за периодот од 2024 до 2028 година. Станува збор за **Стратегијата за паметна специјализација,** во која се мапирани индустриите што имаат најголем потенцијал за зајакнување на конкурентноста на македонската економија. Токму затоа, оваа стратегија ќе биде дел од основата врз основа на која СДСМ ќе ја скицира визија за поттикнување зелен и одржлив раст преку вклучување знаење, иновации и технологија за создавање производи и услуги со висока додадена вредност, конкурентни на меѓународните и домашните пазари. Станува збор за сектори со најголем потенцијал, како што се паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност, електромашинската индустрија, ИКТ, како посебна индустрија, и паметни згради и одржливи материјали, вклучувајќи го и концептот на циркуларна економија.

Уште во првата година на мандатот ќе воспоставиме механизми за кофинансирање на создавањето **центри за дигитални иновации,** со што ќе ја изразиме и ќе ја конкретизираме посветеноста на СДСМ за поттикнување просперитетен екосистем за технолошки иновации и претприемаштво. Со обезбедување инфраструктура и услуги за поддршка за стартап и мали и средни претпријатија, ќе негуваме жив иновативен екосистем што ќе биде во функција на економскиот раст и создавањето работни места. Овие иновативни центри служат како центри за соработка и размена на знаење, поттикнувајќи синергии меѓу академската заедница, индустријата и владата за да се справат со сложените општествени предизвици и да се поттикне одржливиот развој.

**Обезбедување грантови за истражување и иновации** и поттикнување учество на студентите во проекти за истражување и развој е од суштинско значење за поттикнување култура на иновации и технолошки напредок. Со инвестирање во истражување и развој, ќе ја стимулираме креативноста и ќе создаваме можност динамиката на економијата и создавањето на додадена вредност пошироко да бидат втемелени на технолошки откритија.

Со активно **вклучување на бизнис-секторот во развојот на наставните програми** ќе се обезбеди образованието да биде усогласено со развојните потреби на индустријата. Со активно вклучување на работодавците во обликувањето на наставните програми и обезбедување практикантска работа, стажирање и слично, ќе го премостиме јазот меѓу образованието и работната сила, олеснувајќи ја на тој начин транзицијата кон вработување. Овој заеднички пристап не само што ќе ја подобри вработливоста туку ќе ја зајакне врската меѓу образованието и економскиот развој, поставувајќи ја основата за квалификувана и приспособлива работна сила.

Поголемо **вградување на развојот на дигитални вештини во училишните програми** во образованието ќе биде приоритет во националните образовни политики, што подразбира и подготовка на посебни **дигитални образовни програми**, како што е промовирање **STEM-предмети (Science, Technology, Education and Mathematics)** во сите нивоа на образовниот процес.

Подобрувањето на продуктивноста во економијата преку засилена **дигитализација и зелена трансформација**, особено во секторите усогласени со паметната специјализација. Преку прифаќање на технолошките иновации и одржливи практики, СДСМ не само што ќе ја модернизира македонската економија туку ќе создаде и нови можности за раст и конкурентност.

**Регулација на криптовалутите со европската регулатива**

СДСМ ќе ја **приклучи македонската економија во новите глобални текови**, кои сериозно прогресираат и во најразвиените финансиски системи. Владата предводена од СДСМ ќе им овозможи на граѓаните што поседуваат биткоини или други стабилни криптосредства да ги разменуваат на легален начин, а домашните компании да вршат трговија кон странство во криптосредства кон своите добавувачи. Системското прифаќањето на криптовалутите ќе ја одрази нашата посветеност на поттикнување инклузивен, иновативен и отпорен економски екосистем од кој имаат корист сите граѓани. Со легализацијата на криптовалутите, ние ќе им овозможиме на граѓаните од сите социоекономски средини да учествуваат во дигиталната економија, поттикнувајќи го финансиското вклучување и демократизирајќи го пристапот до финансиските услуги.

Ова ќе биде дозволено со законско решение кое Владата и Министерството за финансии ќе го изработат во соработка со Народна банка и во консултација со комерцијалните банки во државата, а ќе бидат консултирани и релевантни експерти на оваа тема. Формалното решение ќе ги следи регулативите и препораките на Европската Унија за регулирање на пазарот на криптосредствата. Во овој контекст ќе се воведуваат и решенија за заштитни механизми против евентуални злоупотреби, како и во однос на спречување на перењето пари и намалување на неформалната економија.

Формализацијата на тргувањето со криптовалути ќе донесе и даночен прилив во економијата на Македонија на долг рок, а ќе ги привлече и потенцијалните крипто-инвеститори од светот. Секако дека за тие што ќе решат да користат криптосредства останува препораката претходно добро да се информираат за природата на криптосредствата, како и пазарниот ризик што го носат тие како инвеститори во криптосредства.

**Замената на автомобилите со внатрешно согорување со електрични и хибридни возила** е важно за нашата држава и граѓаните бидејќи ги намалува штетните емисии, придонесувајќи за почист воздух и ублажување на влијанијата од климатските промени, со што се промовира одржливоста на животната средина. Преку овој процес на замена на возниот парк ќе се намали зависноста од фосилните горива, ќе се подобри енергетската безбедност и ќе се намали ранливоста на флуктуации на цените на нафтата. Преку имплементирањето на мерките што ќе го придвижуваат овој процес, ќе се поттикне и развојот на поефикасни и одржливи транспортни решенија во државата, како и привлекување инвестиции во инфраструктурата на обновлива енергија. И на крај, ќе го подобрува јавно-

то здравје преку намалување на загадувањето со бучава и минимизирање на здравствените ризици поврзани со загадувањето на воздухот, што позитивно ќе се одрази врз севкупно подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Затоа СДСМ во првата година од мандатот на Владата ќе воведе:

- ✓ Поддршка за секое ново купено електрично или хибрид-возило со цена до 40 000 евра.
- ✓ **Стимулација за зголемена употреба** на електрични и хибридни службени возила во приватен сектор преку **признаен сметководствен трошок**:
  - Електрични возила – 100 % признаен сметководствен трошок
  - Хибрид – 60 % признаен сметководствен трошок
  - Мајлд хибрид - 40 %
  - Бензин – 30 % признаен сметководствен трошок
  - Дизел – 0 признаен сметководствен трошок.
- ✓ **„Социјален лизинг“ за електрични автомобили** - мерката ќе биде наменета за граѓаните со пониски примања, а со цел финансиски да се поддржат во замената на нивните возила со внатрешно согорување со електрични автомобили. Лизингот ќе биде наменет за поддршка на оние семејства чиј годишни приходи се помали од 15 400 евра. Еден од критериумите ќе биде оддалеченоста на домот од работното место, односно граѓанинот треба да живее најмалку 15 километри од својата работа или да патува повеќе од 8 000 километри годишно поради неа. Максималниот износ на субвенции по семејство ќе биде во износ од 13 000 евра.
- ✓ Конечна либерализација на задолжителното осигурување од автоодговорност, укинување на зелената карта и креирање единствена премија што ќе биде пониска од сегашната за најголемиот број граѓани.

## Конкурентност

Подобрувањето на пристапот до напредни услуги за поддршка и развој на бизнисот е од суштинско значење за поттикнување на иновациите и поттикнување одржлив раст. Зајакнувањето на конкурентноста и развојот на нашата земја бара продолжување со создавање **функционален и иновативен екосистем** што ќе ги усогласува потребите на граѓаните и бизнисите.

## ГАРАНТИРАМЕ:

Целосна имплементација на информацискиот систем за управување со државна помош **(SAMIS)**.

- ✓ **Економија на додадена вредност.**
- ✓ **Нов Закон за царинска тарифа**

Во претходниот мандат на Владата на СДСМ започнавме со имплементирање на начелата на ЕУ за системи за контрола на државната помош, односно со **развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS)**, проект што ќе го финализираме во следниот мандат. Вкупната вредност на проектот изнесува 24 милиони евра и со него ќе се воспостави систем за автоматизирање на процесите поврзани со доделување државна помош. Со формирањето на системот ќе се централизира и стандардизира начинот на известување за секоја доделена државна помош и ќе се зголеми нивото на транспарентност и ефикасност, што ќе има влијание врз конкурентноста на севкупната економија.

Како дополнителен катализатор на процесите со кои македонската економија ќе ја изградиме во економија што ќе испорачува додадена вредност е **Планот за економски раст на Западен Балкан**, подготвен од страна на Европската Унија. Со него ќе се стават на располагање 6 милијарди евра за регионот, од кои 849 милиони евра ќе бидат достапни за Македонија во мандатот на следната влада формирана од СДСМ, а наменети за правична енергетската трансформација и зелена транзиција. Но достапноста на овие средства не е безусловна, постојат политички предуслови што треба да се исполнат, а кои државата под водство на СДСМ може да ги задоволи. Со забрзување на судските и антикорупциските реформи во државата, СДСМ ќе создаде можност државата да има пристап до овие средства со кои ќе ја зголемиме конкурентноста на домашните компании да бидат дел од 500 милионскиот европски пазар. Во наредните четири години СДСМ ќе ја направи Македонија кредибилен економски партнер на ЕУ што ќе ги обезбеди сите економски придобивки.

Една цел што ќе ја постигнеме до 2028 е година е да создадеме **економија на додадена вредност**, односно стопанство што ќе создава, а не само да редистрибуира вредност. За да го постигнеме тоа, ќе го поддржуваме развојот на конкурентноста на домашните компании да бидат дел од вредносните синџири на реномирани странски компании. Една можност стои пред нашето стопанство, а која ќе ја искористиме. Станува збор за потенцијал за ослободување на нова додадена вредност на економијата, а кој е поврзан со нарушувањето на глобалните синџири на набавки на големите европски компании. Станува збор за концептот на **Near shoring**, кој се однесува на преместување на деловните процеси, производство или услуги од далечни земји или региони до поблиска географска близина до матичната земја на компанијата. Овој пристап нуди низа предности за компаниите, како што се намалени логистички сложености, културни сличности и потенцијални заштеди на трошоците во споредба со офшор далечните дестинации. Со искористување на ресурсите и таленти во близина, **Near shoring** им овозможува на компаниите да одржуваат поголема контрола врз работењето додека сè уште имаат пристап до конкурентните пазари на трудот. Македонија поради својата географска локација е една од дестинациите која на европските компании може да им понуди максимизирање на ефикасноста и ефективноста на нивните производствени и бизнис-процеси, односно нашата земја е вистинско место за воспоставување производство на странски компании во глобален контекст на сè почесто нарушување на снабдувачките синџири.

Преку донесување **нов Закон за царинска тарифа**, висината на царинските стапки за сите индустриски производи што се распоредуваат во глава 25-97 на царинската номенклатура ќе биде 100 % изедначена и хармонизирана со царинските стапки во заедничката царинска тарифа на Европската Унија, што треба да обезбеди пониски цени за домашните компании за суровините и репроматеријалите, правејќи ги компаниите поконкурентни за извоз. Со оваа мерка ќе се обезбеди индиректна поддршка на ком-

паниите во висина од околу 10 милиони евра. Пониските царински бариери позитивно ќе се одразат и на приливот на странски инвестиции, поттикнувајќи го економскиот раст, создавањето работни места и зголемената продуктивност во различни сектори.

Подобрувањето на пристапот до **напредни услуги за поддршка на бизнисот** е од витално значење за поттикнување на претприемаштвото и економскиот развој. Обезбедувајќи им ги на претприемачите потребните алатки, ресурси и експертиза, ќе создадеме стимулативни услови да иновираат, да се прошируваат и да напредуваат на денешниот конкурентен пазар и да се подготвуваат за влез на европскиот пазар.

- ✓ Субвенционирање фирми што користат техничка помош за иновации/ зелена/дигитална транзиција;
- ✓ Субвенционирање фирми што инвестираат во енергетски ефикасни објекти и опрема и дигитални решенија;
- ✓ Субвенционирање фирми што спроведуваат концепти за циркуларна економија;
- ✓ Субвенционирање фирми што користат алтернативен извор на енергија;
- ✓ Кофинансирање проекти за развој и промоција на претприемаштвото и занаетчиството, како и кофинансирање на програмски активности на мрежите на бизнис-ангели;
- ✓ Кофинансирање проекти на фондации и здруженија на граѓани што се однесуваат на нефинансиска поддршка за развој на претприемаштвото и конкрентноста на МСП;
- ✓ Кофинансирање проекти на здруженија на граѓани, фондации и занаетчиски комори за развој и промоција на занаетчиството.

**Ќе го олесниме пристапот до конкурентни и разновидни финансиски услуги и капитал** за мали иновативни новоосновани (стартап) и растечки (скејлап) компании базирани врз знаење. Овој пристап ќе поттикне динамично деловно опкружување, кое ќе промовира социјална мобилност и ќе создаде правични економски можности за сите граѓани.

Преку **поддршка во делот на стандардизација, брендирање и вмрежување на компаниите** со извозен потенцијал, ќе им помогнеме да развијат дополнителни капацитети за да може да ги максимизираат можностите во странство и да го зголемат своето пазарно учество. Преку овој стратегиски пристап ќе се засили и отпорноста на нашата економија, притоа промовирајќи и одржлив развој што ќе биде еднакво од корист за бизнисите и за граѓаните.

**Преку обезбедување грантови за кофинансирање наменски** и приспособени дигитални решенија на компании што не се поврзани со ИКТ ќе го забрзаме усвојувањето напредни технологии, поттикнувајќи култура на иновации и конкурентност и во сектори во кои преовладуваат мануелни деловни практики. Со интегрирањето на автоматизацијата и дигитализацијата ќе се зголеми оперативната ефикасност и конкурентност на компаниите од секторите, кои сè уште дигитализацијата ги нема трансформирано.

Нов царински софтвер за обработка на царински и акцизни документи. Заради правилно спроведување на новото царинско законодавство, предизвиците од големиот раст на е-трговијата и кибербезбедноста, новиот царински софтвер ќе обезбеди 100 % примена на бесхартиени царински постапки. Преку развој на нов податочен склад (Data Warehouse) и нови модули за анализа на ризик и селективност со широка употреба на вештачка интелигенција и машинско учење, покрај олеснувањето на увозот, ќе се зголеми степенот на контрола во поглед на правилно распоредување и вреднување на стоките што се увезуваат или извезуваат. Дигитализацијата на царинското работење и воведувањето комплетна бесхартиена извозна постапка за компаниите треба да донесе дополнителни заштеди од 14 милиони евра. Преку максимално користење на поедноставените царински постапки за увоз и извоз, т.н. постапки на локално царинење во просториите на фабриките и компаниите, обезбедивме царинење на стоките за извоз и увоз 24/7 без никакви трошоци за компаниите. На овој начин, за производителите, увозниците и извозниците на годишно ниво им обезбедивме заштеди и индиректна поддршка од околу 10 милиони евра, преку намалување на времето за извоз и увоз.

Со намалување на максималниот износ за готовински плаќања и **сузбивањето на сивата економија** ќе се придонесе за значителни придобивки за стопанството и за граѓаните. На овој начин ќе се промовира транспарентноста и отчетноста во финансиските трансакции, обесхрабрувајќи ги незаконските активности, како што се даночно затајување, перење пари и корупција. Со формализирање на неформалната економија, ќе се подобрат даночните приходи и фискалната одржливост, овозможувајќи ѝ на Владата да распредели повеќе буџетски средства за основните јавни услуги и инфраструктурни проекти. Значително ќе се поттикне фер конкуренцијата меѓу бизнисите, создавајќи поволна и предвидлива средина за претприемаштво и инвестиции. Со ограничувањето на сивата економија ќе се помогне да се заштитат потрошувачите од измамнички практики и супстандардни стоки и услуги, а со тоа ќе се заштитат нивните права и благосостојба.

**Максималниот износ на плаќање во готово** ќе се намали на:

60 000 ден. во 2025 година

30 000 ден. во 2026 година

20 000 ден. во 2027 година

10 000 ден. во 2028 година

Ќе се реновираат и ќе се прошират трите гранични премини Делчево, Ќафасан и Деве Баир**,** со што ќе се подобрат условите за работа во административните објекти, ќе се олеснат царинските формалности и ќе се овозможи побрз проток на луѓе и стоки.

Ќе започне со работа нов национален едношалтерски систем**.** Оваа платформа ќе обезбеди централизиран пристап до сите царински услуги, вклучувајќи електронско поднесување документи, информации за дозволи и барања за увоз на стоки и можност за следење на статусот на доставените барања за дозволи за увоз и извоз на стоки.

Поедноставување на постапката за царинење со усна декларација **-** ЦПД за правни и физички лица на граничните

премини (изготвување само на електронска усна декларација – ЦПД, а не истовремено и рачна хартиена верзија).

Зголемување на износот до кој правни и физички лица може да оцаринат стока со усна декларација - ЦПД (предлог од 800 евра да се покачи на 3 000).

Ќе биде воведен систем за видеонадзор, интегриран со систем за автоматско распознавање на регистарски таблички на сите гранични царински премини и царински терминали. Со имплементација на новата опрема ќе се добијат детални, квалитетни и навремени информации во Дежурниот царински центар, што ќе се користат за натамошни анализи и постигнување на крајната цел: борбата против недозволената трговија и криминал, заштита на финансиските интереси на државата, заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните.

Промовирање на концептот на СМАРТ-граници, преку информатички и комуникациски технологии што овозможуваат со дигитални алатки идентификација и автоматизација на граничните контроли. Преку овој концепт е предвидено во патничкиот сообраќај да има читачи на податоци од биометриски пасоши и лични карти, без нивно рачно внесување, како и проектот „one stop shop“ да биде вистински една точка со евиденција на патникот од граничната полиција, само при влез во државата, со што значително ќе се намалат огромните метежи. Во товарниот сообраќај ова ќе значи автоматизација и дигитализација на влезот во терминалот (читач на регистрација и тежина на товарот), особено лентите за зелени и брзи коридори и АЕО-ленти.

Ќе бидат воведени царински чет-ботови и виртуелни асистенти: Вештачката интелигенција овозможува создавање напредни чет-ботови што можат да одговараат на прашања, да обезбедат информации за царински процедури, регулативи и да помагаат во решавањето на едноставни проблеми. Овие чет-ботови се достапни 24/7 и можат значително да го намалат времето на одговор и да го зголемат задоволството на корисниците. Обезбедување на персонализирани препораки и информации: Врз база на претходните интеракции и податоци, AI може да обезбеди персонализирани совети и информации што се специфични за потребите на секој корисник.

Мобилна апликација за царински услуги: Со оваа апликација ќе се овозможи лесен пристап до царински информации, поднесување документи и следење царински процеси од мобилен телефон. Идеално, апликацијата би вклучувала и функции, како чет-бот за вештачка интелигенција за брзи одговори на прашања.

Виртуелни обуки и вебинари: Организирање редовни виртуелни сесии или вебинари за да се образуваат бизнисите и граѓаните за новите царински правила, процедури и најдобри практики. Тие можат да вклучат интерактивни презентации, Q&A сесии и демонстрации на употреба на царинските алатки,

Интерактивни мапи и трекери за логистика: Развој на интерактивни мапи и апликации што овозможуваат бизнисите и граѓаните да ги следат своите испраќања во реално време, да добијат информации за времетраење на транспортот и да се информираат за потенцијални задоцнувања или проблеми на границите. Овие платформи би можеле значително да го подобрат пристапот и интеракцијата меѓу царината, бизнис-заедницата и граѓаните и да придонесат за поефикасен и транспарентен царински процес.

Воведување нови алатки и системи за подобрување на контролата на пратките (поштенски и брзи пратки) преку при-арајвал информации и при-арајвал декларации преку кои и пред пристигнување на пратките би се знаело кои пратки се „ризични“ и треба подетално да се контролираат (од различни аспекти, вредност, тарифа, шверц на дрога и други опасни материи).

Воведување нови алатки и системи за подобрување на контролата на патниците на аеродромите (при-арајвал информации за патници од ризични дестинации, патници што имаат претходни прекршоци, патници за кои има други разузнавачки информации). Со наведеното би се забрзал протокот на патници со тоа што би се таргетирале сами конкретни, „ризични патници“, кои треба подетално да се контролираат (од различни аспекти, шверц на стока, оружје, дрога или други опасни материи).

Воведување телесни камери за царинските службеници на граница, во функција на интересот на граѓаните и деловната заедница, нула толеранција на корупцијата и коруптивно однесување и намалување на субјективност во работењето.

Ќе бидат воведени ефикасни внатрешни механизми за контрола на работењето на царинските службеници, интегритетот и професинализмот како и следење и проверка на имотната состојба преку анкетни листови и нивна ревизија.

### Црна листа на должници vs Бела листа на плаќачи

Покрај **листата на должници,** која како законска обврска јавно се објавува до 15-ти секој месец, за претходниот месец, СДСМ во наредниот мандат преку УЈП ќе воспостави **„БЕЛА ЛИСТА НА ПЛАЌАЧИ“.**

Ќе се воведе **ослободување од царински давачки** за суплементи што се користат за лицата со попречености и лицата со ретки болести. Затоа што голем дел од лицата со попречености и лицата со ретки болести покрај редовните терапии што ги примаат, користат и суплементи, кои се многу потребни за нивното секојдневно функционирање. Многу мал дел од некои од тие суплементи можат да се најдат на домашниот пазар, а поголемиот дел можат да се порачаат единствено од земјите на Европската Унија како и САД/Канада.

Во случај кога суплементите се порачаат преку платформи што имаат начин на достава до крајните корисници во државава, увозните давачки ги прават истите да бидат речиси недостапни за огромен број нашите граѓани и граѓанки. Со оглед на фактот што се работи за граѓани и граѓанки на кои секоја помош и финансиска поддршка и е од големо значење, СДСМ ќе направи системско решени со кое ќе се намалат увозните давачки за суплементите (од 26 % на 5 %) или ќе се одреди вредност на годишно ниво до која тие ќе бидат ослободени од секакви увозни давачки (пример: ослободување од увозни давачки за нарачки на суплементи во вредност до 5 000 евра на годишно ниво по лице, а над таа вредност се плаќаат увозни давачки од 5 % или 10 %) .

## 2. Македонија со европска инфраструктура

Единствениот, вистински и најдобар начин како брзо и одржливо да ја зајакнеме домашната економија, да создадеме просперитетна држава базирана врз инвестиции, на брз регионален развој, квалитетен и безбеден транспорт е **инвестирање во модернизација и унапредување на целокупната инфраструктура.**

Нашиот концепт во развој на инфраструктурата ги даде првите посакувани резултати. Северна Македонија ја позиционира својата транспортна положба на мапата на главните европски коридори и ова е патоказ по кој идната Влада на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ќе ги креира и ќе ги спроведува капиталните инвестиции.

- ✓ Во мандатите на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија од 2017-2024 година изградени и рехабилитирани се државни патишта во должина од **1 510 километри, или една третина од вкупните околу 5 000 километри државни патишта низ Републиката.**
- ✓ Инвестициите во нови патишта се јасно дефинирани според критериуми по кои ќе создадеме рамномерен регионален развој во државата.
- ✓ Во нашиот план за идниот мандат на Владата предводена од СДСМ планираме **инвестиции од над 2,7 милијарди евра** - го нудиме најголемиот и најамбициозниот план во независна Македонија за модернизација на инфраструктурата во сите општини низ цела држава.
- ✓ Граѓаните се најважни. Европска, квалитетна инфраструктура – предуслов за растечка економија и повисок животен стандард.
- ✓ Инвестиции насочени кон изградба и рехабилитација на патишта, железници, гасоводи, водоводи, канализации, станови за млади брачни парови, енергетска ефикасност и нови иновативни решенија за ефикасен транспорт.
- ✓ Обезбедуваме работа за целиот градежен сектор како силна поддршка за развој на домашната економија.
- ✓ Создаваме нови работни места, нови знаења и примена на најсовремени технолошки процеси.
- ✓ Нудиме нов концепт на ефикасен и економичен транспорт преку новите модерни интелигентни системи во сообраќајот.

Убедени сме дека ова е вистинскиот пат за просперитет, ова е исправниот начин да ја развиваме државата, да го помагаме бизнисот, да создаваме конкурентни компании, да овозможиме брз транспорт и подобри услови за патување на нашите граѓани.

Нашите граѓани го заслужуваат најдоброто, заслужуваат европска, модерна инфраструктура и безбедни патишта.

### Патна инфраструктура

Владата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, капиталните инвестиции во изминатите неколку години ги покачи за три пати, од 270 милиони евра во 2016 година на 719 милиони  евра во 2023 година.

Нашиот план е континуирано зголемување на капиталните инвестиции преку реализација на крупни проекти во инфраструктурата.

Во новиот четиригодишен мандат планираме завршување на почнатите проекти, како и почнување на повеќе нови проекти со кои на граѓаните ќе им обезбедиме подобри услови за живеење, а на државата забрзан економски раст и развој.

### Изградба на автопатишта

Преку новиот модел на изградба преку **проектирање и градба (design and build)** за прв пат нудиме добро разработен и ефикасен план за модернизација на патната мрежа во Северна Македонија.

Обезбедуваме изградба на 194 километри автопатишта до 2028 година.

По три децении независна Македонија, започнавме со изградба на првиот автопат во Пелагонискиот Регион - автопатот Прилеп – Битола, дел од Коридорот 10-Д, со должина од 39,3 километри.

На западниот дел од Коридорот 8 започнавме со изградба на делниците:

- ✓ Тетово – Гостивар, 17,5 километри
- ✓ Гостивар преку Стража до Букојчани, 30,3 километри
- ✓ Букојчани – Кичево, 12 километри
- ✓ Завршување на автопатот Кичево – Охрид, 57 километри
- ✓ Требениште преку Струга до граница со Албанија, 21,7 километри

Нашиот фокус на изградбата на Коридор 8 покрај регионалното поврзување на земјите од Западен Балкан е од исклучително значење за развој на туризмот преку поврзување на Скопје со Охридско-струшкиот Регион, како и со зимските туристички центри. Свесни сме дека автопатот од Кичево до Охрид трае недозволиво долго. Причините се лоцирани во голем број пропусти, лошо планирање, погрешна проектна документација и доцнење на изведбата од страна на изведувачот. Конкретно, погрешниот пристап при започнувањето на проектот од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ доведе до огромно доцнење поради неколкукратно репроектирање на голем дел од трасата. Тоа потврдува колку е значајно започнувањето на новиот концепт на планирање, проектирање и изведба, нешто што го започна оваа Влада на СДСМ, а го поддржаа голем дел од универзитетските професори. Затоа идната Влада на СДСМ ќе продолжи со примена на овој концепт за квалитетно и ефикасно градење.  Од тие причини, нови одложувања и доцнења не се прифатливи. Автопатот до Охрид конечно ќе биде завршен по решавањето на сите новонастанати проблеми на трасата што произлегоа од лошиот проект и предвремено започнување со градење, и на крајот ќе спроведеме меѓународна ревизија со цел заштита на јавните финансии и лоцирање на одговорноста.

Ја модернизираме инфраструктурата околу Меѓународниот аеродром Скопје преку рехабилитација на автопатските делници:

- ✓ Миладиновци – Петровец
- ✓ Хиподром - Петровец

- ✓ Хиподром - Миладиновци

Продолжуваме со изградба на втора фаза од автопатот **Скопје – Блаце, инвестиција од околу 200 милиони евра.**

По завршувањето на рехабилитацијата на патната мрежа кон четирите гранични премини, **Деве Баир, Ќафасан, Меџитлија и Блаце**, во следниот мандат планираме подобрување на автопатот кон границата со Република Србија, од клучката **Табановце до ГП Табановце на Коридорот 10.**

Во 2024 година ја завршивме реконструкцијата и подобрувањето на **25,8 километри од Коридорот 10, делницата Катланово – Петровец и делницата Неготино – Демир Капија**.

Завршуваме со рехабилитација на дел од автопатот **Скопје – Тетово, должина од 13 километри и во вредност од 6,4 милиони евра.**

ЕКСПРЕСНИ ПАТИШТА

Новата Влада на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија во првата година од мандатот ќе пушти во употреба нови 50 километри експресни патишта.

- ✓ Експресен пат на Коридорот 10-Д, делница Градско – Дреново - Фариш, со вкупна должина од 25,5 километри.
- ✓ Експресен пат на Коридор 8 (исток) делница Ранковце – Крива Паланка, со должина од 25 километри.

Владата предводена од СДСМ во 2022 година ги пушти во употреба двата нови експресни патишта од **Штип до Радовиш и од Штип до Кочани** со вкупна должина од околу **70 километри и вкупна инвестиција од 110 милиони евра**, со што се промени сликата во Источниот и Југоисточниот плански регион и се зголеми безбедноста во сообраќајот.

По истиот модел во мандатот 2024-2028 планираме да започнеме со изградба на три нови експресни патишта со должина од 80 километри:

- ✓ Битола – Меџитлија, 22,6 километри,
- ✓ Струмица – Валандово - Миравци (Коридор 10), 27,3 километри
- ✓ Куманово – Ранковце, околу 30 километри
- ✓ Изградба на експресен пат од Струмица до граница со Бугарија
- ✓ Надградба на државен пат Струмица – Радовиш на ниво на експресен пат

МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

Инвестирајќи во патната мрежа значително го подигнавме квалитетот и безбедноста на патиштата, овозможивме полесна комуникација на граѓаните, а со тоа и зголемување на економската активност на компаниите во Северна Македонија.

Извршивме рехабилитација на значајни магистрални и регионални патни правци во сите плански региони, каде што опфативме патишта во должина од 1 230 километри, меѓу кои:

- ✓ Рехабилитацијата и доградбата на трета лента на државниот пат **Крива Паланка – Деве Баир**, инвестиција вредна над 12 милиони евра
- ✓ Ја завршивме рехабилитацијата на државниот пат Скопје – Блаце, 3,8 милиони евра
- ✓ **Куманово – Страцин**, 12 милиони евра
- ✓ **Катланово – Велес**, 2,8 милиони евра
- ✓ **Велес – Градско**, 8 милиони евра
- ✓ **Кочани – Делчево**, 6 милиони евра
- ✓ **Подмоље – Струга – Ќафасан**, 8 милиони евра
- ✓ **Скопје – ГП Блаце**, 3,8 милиони евра
- ✓ **Битола – Меџитлија**, 3,6 милиони евра
- ✓ **Обиколица Богданци**, 2,1 милион евра
- ✓ **Превој Плетвар**, 4,1 милион евра
- ✓ **Гостивар – Колари**, 4 милиони евра
- ✓ **Берово – Струмица**, 1,35 милиони евра
- ✓ **Куманово – Свети Николе**, 2,9 милиони евра
- ✓ **Пробиштип – Крупиште**, 3,46 милиони евра
- ✓ **Кавадарци – Дреново**, 1,4 милиони евра
- ✓ **Маврови Анови – Жировница**, 6,1 милион евра
- ✓ **Струмица – Дабиле**, 2,6 милиони евра
- ✓ **НП Галичица** (дел од регионален пат)
- ✓ **Сопотница – Железнец** (дел од регионален пат Демир Хисар – Кичево)
- ✓ **Радовиш – Плачковица**
- ✓ **Транзит Охрид**
- ✓ **Транзит Кавадарци**
- ✓ **Транзит Виница**
- ✓ **Транзит Штип**
- ✓ **Транзит Велес**
- ✓ **Транзит Дебар**
- ✓ **Делчево – Звегор**
- ✓ **Кочани – Пониква**
- ✓ **Узем – Тораница**
- ✓ **Македонска Каменица – Саса**
- ✓ **Патен правец кон Лесновски манастир**
- ✓ **Дел од патен правец Битола – Нижополе**
- ✓ **Крива Паланка – Огут**
- ✓ **Кавадарци – Дреново** и други.

За мандатот 2024-2028 фокусот на Владата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија повторно е насочен кон подобрување на инфраструктурата, пред сè, на автопатските делници, но и на другите државни патишта во сите плански региони преку планот за изградба, рехабилитација и реконструкција на патни правци во должина од над **950 километри во наредните 4 години**.

Во првата година од мандатот предвидуваме почнување со реализација на следниве проекти:

- ✓ Рехабилитација на патот Охрид – Свети Наум
- ✓ Изградба и проширување на регионалниот пат Никофорово – Леуново – Бунец
- ✓ Рехабилитација на обиколницата Крива Паланка
- ✓ Изградба на клучката Брвеница
- ✓ Рехабилитација на дел од државниот пат Битола - Демир Хисар - Кичево (делница Лопатица – Сопотница)
- ✓ Проширување со трета лента на превојот Плетвар (Беловодица – каменолом Маврово)
- ✓ Рехабилитација на делницата Македонски Брод – Прилеп
- ✓ Санација на обиколницата Скопје (Сарај – Хиподром)

- ✓ Реконструкција на патниот правец Велес – Башино Село
- ✓ Кривогаштани – Крушево (втора фаза)
- ✓ Делчево – ГП Делчево
- ✓ Штип – Карбинци
- ✓ Дел од патниот правец Битола – Нижеполе
- ✓ Кичево – Пресека
- ✓ Реконструкција на дел од патниот правец Галичица – Охрид
- ✓ Делчево – Пехчево – Берово
- ✓ Почеток на изградба на регионален пат Тораница – Саса (поврзување на Крива Паланка со Македонска Каменица)

Дополнително, во мандатот 2024 – 2028 ќе работиме на реализација и на следниве проекти:

- ✓ Реконструкција на магистрален пат А3, делница с. Лескоец – Косел
- ✓ Регионален пат Р 1301 - реконструкција на осветлување на делница Билјанини Извори до нас. Св. Стефан и продолжување на линијата за осветлување од нас. Св. Стефан до с. Коњско
- ✓ Рехабилитација на регионален пат Р 29273 с. Лешани – с. Велмеј (4,5 км)
- ✓ Рехабилитација на дел од регионалниот пат Р2332 (Галичица) за уште 12 км
- ✓ Изградба на обиколница с. Требеништа – с. Косел
- ✓ Изготвување на проект за велосипедска патека на регионален пат Р 1208 делница Охрид – Струга
- ✓ Рехабилитација на патен правец Новаци – Маково (од раскрсница РЕК Битола – депонија Мегленци – езеро Суводол – Маково)
- ✓ Реконструкција на регионален пат Демир Капија - Неготино
- ✓ Рехабилитација на патот од Македонска Каменица до брана Калиманци
- ✓ Регионален пат Берово – Радовиш
- ✓ Рехабилитација на регионален пат Кратово – Пробиштип
- ✓ Проектирање на пат од Пониква до Царев Врв
- ✓ Реконструкција на пат до брана Гратче
- ✓ Изградба на нов пат од брана Гратче до н.м. Јастребник
- ✓ Доизградба на патен правец н.м. Крушка - Пониква
- ✓ Изградба на регионален пат Македонски Брод – Скопје
- ✓ Реконструкција на патен правец од живинарска фарма на излез од Гевгелија до Смрдлива Вода (прва делница)
- ✓ Реконструкција на регионален пат Негорци – Прдејци
- ✓ Реконструкција на регионален пат Крушево – Демир Хисар (до раскрсница Сладуево)
- ✓ Реконструкција и проширување на регионален пат Ропотово – Кривогаштани
- ✓ Изградба на клучка на автопат Коридор 10 кај Неготино
- ✓ Нов граничен премин за патен сообраќај за локални жители меѓу Северна Македонија и Грција
- ✓ Изградба на нова клучка на Коридор 10 за тешки товарни возила кон индустриска зона Блокотехна, Гевгелија
- ✓ Реконструкција на патен правец Свети Николе – Пробиштип
- ✓ Изградба на исклучок од магистрален пат Свети Николе – Куманово до н.м. Долно Ѓуганци
- ✓ Санација на дел од патен правец Свети Николе – Овче Поле (влез во град Свети Николе)
- ✓ Проширување и реконструкција на патот Радовиш – Ињево
- ✓ Доизградба на клучката на излез на Радовиш кон Струмица (изградба на кружен тек)
- ✓ Реконструкција на патен правец Славеј – Кривогаштани (санација на мостови)
- ✓ Изградба на обиколница на град Ресен
- ✓ Реконструкција на мост на реката Брегалница во Штип на регионалниот пат кон Радовиш
- ✓ Уредување на спортскиот комплекс на браната на реката Отиња во Штип
- ✓ Рехабилитација на патот кон село Селце, Штип

## Локални патишта и улици

за првпат Владата насочи сериозни средства кон општините за нивната локална инфраструктура. Не ги делевме општините по партија ниту по географија и сите добија еднакви шанси. Се започна со инфраструктурна експанзија низ цела држава.

Така ќе продолжиме и во следниот мандат.

Преку Проектот за поврзување со локални улици и патишта директно инвестираме 70 милиони евра, неповратни финансиски средства во 80 општини и Град Скопје.

Досега комплетно завршивме со реконструкција на над 180 **локални патишта и улици со вкупна должина од 173 километри, во над 65 општини.**

- ✓ Аеродром, 2 улици, 39,2 милиони денари
- ✓ Берово, 2 улици, 34,5 милиони денари
- ✓ Богданци, 7 улици, 28 милиони денари
- ✓ Битола, 2 улици, 75,8 милиони денари
- ✓ Босилово, 4 улици, 24 милиони денари
- ✓ Брвеница, 3 улици, 25,7 милиони денари
- ✓ Бутел, 3 улици
- ✓ Валандово, 3 улици, 29,7 милиони денари
- ✓ Василево, 4 улици, 40,5 милиони денари
- ✓ Вевчани, 1 улица, 11,7 милиони денари
- ✓ Велес, 7 улици, 69 милиони денари
- ✓ Врапчиште, 2 улици, 24,3 милиони денари
- ✓ Виница, 1 локален пат, 19,7 милиони денари
- ✓ Гази Баба, повеќе улици со вредност од 35,1 милион денари
- ✓ Гевгелија, 1 улица, 10,9 милиони денари
- ✓ Ѓорче Петров, 3 улици, 28,3 милиони денари
- ✓ Гостивар, 2 локални патишта, 34,3 милиони денари
- ✓ Градско, 3 улици, 19,5 милиони денари
- ✓ Град Скопје, 1 улица, 25,8 милиони денари
- ✓ Дебар, 1 улица, 37,3 милиони денари

- ✓ Дебрца, 2 улици, 42,1 милион денари
- ✓ Делчево, 3 улици, 32,5 милиони денари
- ✓ Демир Капија, 5 улици, 25,8 милиони денари
- ✓ Дојран, 6 улици, 54 милиони денари
- ✓ Демир Хисар, 3 улици, 29,3 милиони денари
- ✓ Желино, 3 улици, 32,6 милиони денари
- ✓ Зелениково, 1 улица, 30,1 милион денари
- ✓ Зрновци, 2 улици, 30,5 милиони денари
- ✓ Илинден, 2 улици, 31 милион денари
- ✓ Јегуновце, 1 улица, 37,5 милиони денари
- ✓ Кавадарци, 9 улици, 49 милиони денари
- ✓ Карбинци, 1 локален пат, 29,5 милиони денари
- ✓ Карпош, 2 улици, 20,3 милиони денари
- ✓ Кисела Вода, 3 улици, 42,7 милиони денари
- ✓ Кичево, 3 улици, 44,2 милиони денари
- ✓ Конче, 2 улици, 23,6 милиони денари
- ✓ Кочани, 5 улици, 44,3 милиони денари
- ✓ Кратово, 1 улица, 5 милиони денари
- ✓ Крива Паланка, 2 улици, 43,2 милиони денари
- ✓ Кривогаштани, 3 улици, 24,5 милиони денари
- ✓ Крушево, 1 улица, 6 милиони денари
- ✓ Куманово, 2 улици, 51,2 милиони денари
- ✓ Липково, 1 локален пат, 53,7 милиони денари
- ✓ Лозово, 4 улици, 30 милиони денари
- ✓ Маврово и Ростуше, 1 улица, 32,4 милиони денари
- ✓ Македонска Каменица, 2 улици, 31,4 милиони денари
- ✓ Македонски Брод, 2 улици, 30,4 милиони денари
- ✓ Могила, 2 улици
- ✓ Неготино, 3 улици, 27,5 милиони денари
- ✓ Ново Село, 9 улици, 44,3 милиони денари
- ✓ Охрид, 1 улица, 41,1 милион денари
- ✓ Пехчево, 1 улица, 13,7 милиони денари
- ✓ Прилеп, 2 улици, 50,5 милиони денари
- ✓ Пробиштип, 2 улици, 29,5 милиони денари
- ✓ Радовиш, 1 улица, 22,9 милиони денари
- ✓ Ресен, 1 улица, 31,4 милиони денари
- ✓ Росоман, 2 улици, 25,2 милиони денари
- ✓ Свети Николе, 4 улици, 26,3 милиони денари
- ✓ Струга, 1 локален пат, 46,3 милиони денари
- ✓ Тетово, 3 улици, 40,3 милиони денари
- ✓ Центар Жупа, 1 улица, 23 милиони денари
- ✓ Чаир, 1 улица, 21,9 милиони денари
- ✓ Чашка, 4 улици, 33,6 милиони денари
- ✓ Чешиново Облешево, 2 улици, 28,2 милиони денари
- ✓ Штип, 5 улици, 52 милиона денари
- ✓ Шуто Оризари, 3 улици, 20,5 милиони денари

Во првата година од мандатот ќе распишеме јавни повици за реконструкција на уште 70 **локални патишта и улици во должина од над 80 километри во општините.**

Во текот на мандатот 2024-2028 преку овој Проект предвидуваме рехабилитација на нови **250 километри локални патишта** и улици во сите општини низ државата, со што ќе овозможиме полесен и побезбеден пристап на граѓаните до болници, училишта, спортски објекти, културни и верски центри и други објекти од јавен и општествен интерес.

Дополнително, во наредниот четиригодишен мандат ќе работиме и на следниве проекти во делот на локалната патна инфраструктура:

- ✓ Проект за булеварско решение Р 1301 на делницата Билјанини Извори – нас. Св. Стефан (дополнување на средишниот дел – заштитен појас со додавање дополнителна лента од двете страни со што ќе се пренаменат постојните крајни коловозни ленти за велосипедски патеки и тротоари), Охрид
- ✓ Рехабилитација на патниот правец Гнеотино – Брод, Битола
- ✓ Рехабилитација на патниот правец Гермијан – Кременица – Меџитлија
- ✓ Ставање во функција на алтернативниот (сервисен) пат на делницата с. Радичево - Клучка Добрашинци
- ✓ Изградба на велосипедска патека од Струмица до с. Банско
- ✓ Пат низ село Проевце, Куманово
- ✓ Изградба на пат од Демир Капија – н.м. Бесвица – н.м. Барово
- ✓ Изградба на пат н.м. Корешница – н.м. Челавец
- ✓ Рехабилитација на пат Робово – Умлена
- ✓ Изградба на пат с. Железница – с. Нежилово
- ✓ Изградба на пат Спанчево – Рајчани и поврзување со Злетово
- ✓ Изградба на пат за с. Пенче и с. Рамне
- ✓ Изградба на пешачка патека на регионален пат од н.м. Џепиште – н.м. Отишани
- ✓ Реконструкција на пат кон с. Долно Отишани
- ✓ Реконструкција на ул. Изворски, Богданци
- ✓ Реконструкција на ул. Петар Мусев, Богданци
- ✓ Реконструкција на пат Турново – Бориево
- ✓ Реконструкција на пат Турново – Радово
- ✓ Реконструкција на пат Хамзали – Дрвош
- ✓ Доизградба на пат Турново – Иловица
- ✓ Изградба на патна инфраструктура во н.м. Николиќ, Дојран
- ✓ Изградба на пат за поврзување на регионален пат Р1105 со н.м. Калково, Валандово
- ✓ Изградба на пат Пуста Река – Цер, Кичево
- ✓ Реконструкција од главен пат до н.м. Долнени
- ✓ Реконструкција на пат од Бело Поле до Вранче
- ✓ Реконструкција на локални улици Вардарска и Браќа Јаниќ
- ✓ Реконструкција на патен правец Пеширово - Црнилиште
- ✓ Реконструкција на патен правец Свети Николе – метеоролошка станица Ѓуриште
- ✓ Проширување на патот Али Коч – Коџалија
- ✓ Изградба на сервисна ул. С4 (втора фаза), општина Вевчани
- ✓ Реконструкција на локален пат Зелен Пазар – Гробишта Св. Варвара
- ✓ Реконструкција на пат Центар – Вевчански Извори
- ✓ Реконструкција на пат Трафо – Бубаној – Смолејца,

Вевчани

- ✓ Рехабилитација на локален патен правец Слепче - Манастир св. Јован Претеча 2.7 км
- ✓ Реконструкција на пат Центар – Стванска улица, општина
- ✓ Реконструкција на пат Робово – Сачево
- ✓ Реконструкција на патот до хотел Молика
- ✓ Реконструкција на влез на град Штип од кај с. Чардаклија
- ✓ Реконструкција на улици во с. Смилево и с. Единаковци, Демир Хисар
- ✓ Изградба на пат меѓу населените места Виничка Кршла и Калиманци

## Безбедна инфраструктура

Една од целите на идната Влада предводена од СДСМ е креирање систем за зголемување на безбедноста на патиштата преку инсталација на нови технологии за предвидливост во патниот и товарниот сообраќај.

Нашата визија за безбедни патишта предвидува елиминирање на црните точки и намалување на бројот на сообраќајни незгоди преку имплементација на интелигентни транспортни системи, кои во реално време ќе го следат сообраќајот по патиштата.

- ✓ Во првата година од мандатот ќе воведеме **интелигентни транспортни системи (ИТС) на Коридорот 10 во прва фаза на делницата Велес – ГП Богородица**, а во втора фаза и на делницата Велес – ГП Табановце.

  Ја зголемуваме безбедноста и го подобруваме справувањето со проблемите поврзани со штетните емисии, односно издувните гасови од возилата. Интелигентните транспортни системи преку примена на разни информатички и комуникациски технологии за сите начини на патнички и товарен транспорт придонесуваат за побезбеден, поефикасен и поодржлив транспорт. Конкретно, веќе сме во фаза на тендерска постапка за започнување инсталирање на овој нов систем. Преку него, во еден центар, лоциран во Општина Петровец, на автопатот „Пријателство“, ќе се собираат сите податоци во реално време за тежината на товарните возила, за бројот на возила, за метеоусловите, за незгодите и застоите, за состојбата на граничните премини и наплатни места, како и сите податоци нужни за безбедноста на сообраќајот и патниците.

- ✓ Комплетна реконструкција на патарините на Коридор 8, со што овозможуваме електронска наплата и побрз проток во сообраќајот, со што ќе се намалат тесните грла и ќе се скрати времето на чекање на наплатните рампи, особено во период на викенди и годишни одмори.
- ✓ Синхронизација на М-Таг уредот за плаќање патарини меѓу Северна Македонија со Грција, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, по веќе функционалниот систем со Србија.
- ✓ Замена на еластични огради на патиштата, за поголема безбедност на патниците.
- ✓ Реконструкција на граничните премини Ќафасан и Деве Баир.
- ✓ Инсталација на нов мониторинг-систем и систем за препознавање регистарски таблички на сите гранични премини.
- ✓ Мониторинг-систем за контрола и заштита на регионални патни правци од тешки товарни возила (Велес – Петровец, Велес - Гевгелија; Куманово – Арачиново и други).
- ✓ Едношалтерски систем (New single window) со што овозможуваме интероперабилност меѓу сите институции поврзани со Царинската управа, за побрз транспорт и поддршка на домашните компании.
- ✓ Воспоставување извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата, Агенција за безбедност на сообраќајот.
- ✓ Со воспоставувањето и започнувањето со функционирање на ова извршно тело ќе се овозможи подобрување и унапредување на безбедноста за патиштата во Северна Македонија на повисоко ниво, намалување на бројот на сообраќајни незгоди, подобра координација на секторите од пет различни институции со цел поефикасно менаџирање на сообраќајот.

## Смарт сити – поголема безбедност и ред во градовите

Имплементација на проектот Смарт сити во поголемите градови, во Скопје и 10 центри во државата, со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот, подобрување на сообраќајните операции, олеснување на паркирањето и заштита на локалните патишта од тешки товарни возила. Започнуваме веднаш во Скопје, Битола, Куманово и Штип.

- ✓ Концепт на функционирање на еден град или урбано подрачје, што се карактеризира со користење напредни дигитални технологии за оптимизирање на градските ресурси, намалување на трошоците, подобрување на квалитетот на живот и обезбедување подобри услуги на граѓаните.
- ✓ Решенија за подобрување на урбаниот сообраќај.
- ✓ Систем за информации во сообраќајот во реално време, анализи на податоци и информации за сообраќајот и тесните грла, детектирање на незгоди, побрза реакција и оптимизација при незгоди, камери на сообраќајници и сигнализација за предупредување од различни ситуации во сообраќајот, контролирање на семафори за намалување на гужва.
- ✓ Мониторинг на сообраќај со вертикални камери покрај булевари што ќе обезбедуваат информации во реално време за прекршување на сигнализацијата на улиците и правилата на возење (поминување на црвено, непропуштање пешаци, неправилно полукружно вртење, небезбедно и брзо возење, користење телефон при возење)
- ✓ Обезбедуваме подобрување на сообраќајните операции, зголемена контрола, подобра координација.

## Железничка инфраструктура

Со воведувањето либерализација во железничкиот транспорт овозможуваме конкуренција на пазарот, подобар квалитет на услуги за македонските компании. Создаваме услови за намалување на цените на услугите во железничкиот сообраќај, редовен превоз во сообраќајот и поголема предвидливост за граѓаните и компаниите.

Завршивме со изградба на пругата Битола – Кременица, инвестиција од 20 милиони евра и со реконструкција на делницата Ногаевци – Неготино на Коридорот 10, инвестиција од 4,8 милиони евра.

Го започнавме најголемиот инвестициски циклус во изградба на нова железничка мрежа на источниот крак на Коридор 8 од 89 километри, инвестиција од над 750 милиони евра.

- ✓ Прва фаза, од Куманово до Бељаковце, 30,8 километри, рок на изградба 2024 година
- ✓ Втора фаза, Бељаковце до Крива Паланка, 34 километри, рок на изградба 2026 година
- ✓ Третата фаза, 23,6 километри, Крива Паланка – ГП Деве Баир, рок на изведба 2030 година.
- ✓ Во мандатот 2024-2028 предизвик е изградбата на брзата пруга Скопје – Белград и крак од Скопје кон Меѓународниот аеродром Скопје.

Во втора фаза целта е оваа брза пруга да продолжи од Скопје по Коридор 10 до границата со Грција, со што железничката ќе биде конкурентна со патната инфраструктура.

- ✓ Започнување постапки за изградба на пруга од Кичево кон границата со Албанија.
- ✓ Изградба на нова заедничка железничка станица меѓу Северна Македонија и Србија.
- ✓ Изградба на нова заедничка железничка станица меѓу Северна Македонија и Косово.
- ✓ Подобрување на енергетската ефикасност на железничките станици во Република Северна Македонија.
- ✓ Рехабилитација на постојната пруга од Велес до Кочани.

## Комунална инфраструктура

Работиме одговорно и посветено, парите на граѓаните ги насочивме кон нивните вистински потреби.

Еден од предусловите за овозможување квалитетен живот на нашите граѓани, пред сѐ, во руралните средини, е продолжување со многубројните активности за вистински инвестиции во комуналната инфраструктура.

Максимално сме фокусирани на унапредување на комуналната инфраструктура преку изградба на водоводи, канализации и пречистителни станици, како и реконструкција на постојната комунална мрежа.

Со инвестиции во комунална инфраструктура не само што ќе обезбедиме подобар живот за граѓаните туку и во индустриските зони ќе овозможиме подобри услови за работа на компаниите, ќе ја заштитиме животната средина и ќе придонесеме за здрав живот и поздрава околина.

- ✓ **Обезбедивме подобра комунална инфраструктура за повеќе од 150 илјади граѓани низ целата држава.**

Досега завршивме со:

- ✓ Доградба на водоводна линија за водоснабдување на с. Саждево, Крушево, 2,3 милиони денари
- ✓ Изградба на секундарна мрежа за фекална канализација во с. Корошишта, с. Ливада и с. Ложани, Струга, 28,2 милиони денари
- ✓ Изградба на водоснабдувачки и канализациски систем во Лозово
- ✓ Изградба на атмосферска и фекална канализација и реконструкција на водоводна мрежа по улица „Петричка“, Општина Центар, Скопје, 9 милиони денари
- ✓ Реконструкција на водоводна мрежа во Теарце, 280 илјади евра
- ✓ Изградба на фекална канализација во с. Норово, Крушево, 10,3 милиони денари
- ✓ Проект за одделување на фекална од атмосферска канализација на Милково Брдо, Делчево, 16,2 милиони денари
- ✓ Изградба на фекална канализациска мрежа со пречистителна станица во населено место Козјак, Карбинци, 8,1 милион денари
- ✓ Изградба на фекална канализација за Кнежевски пат, Изградба на фекална канализација за дел од населба Рудина, реконструкција на водоводна мрежа за ул. Васка Циклева и реконструкција на фекална канализација за ул. Васка Циклева на фекална канализација за ул. Васка Циклева; Атмосферска канализација за дел од местото Ќиќевачка (Потег од раскрсница тана ул. Ќиќевачка до испуст во рекатa Периш, Свети Николе, 12,3 милиони денари
- ✓ Изведба и реконструкција на линиски инфраструктурни објекти за фекална, атмосферска и водоводна мрежа на дел од улица „Абас Емин“, Охрид, 21,5 милиони денари
- ✓ Изградба на зафат и цевковод за снабдување со вода за пиење на с. Двориште, Берово, 17,7 милиони денари
- ✓ Реконструкција и изградба на водоводни и канализациски линии во град Битола, 44,8 милиони денари
- ✓ Доградба на филтер-станица за прочистување на пивка вода за Виница и водоснабдување на санитарна вода на село Лески, Виница, 20,2 милиони денари
- ✓ Изградба на секундарна мрежа и пречистителна станица во н.м. Мало Коњари и мрежа за фекална канализација за н.м. Мало Коњари – препумпна станица, Прилеп, 9 милиони денари
- ✓ Реконструкција на водоводна линија, изградба на дел од секундарната водоводна мрежа и поврзување на нов резервоар со примарна водоводна мрежа во туристичка населба Беровско Езеро, Берово, 7,3 милиони евра
- ✓ Изградба на пречистителна станица за вода за пиење за РВС Липково и резервоар за н.м. Липково со довод до постојната водоснабдувачка мрежа, Липково
- ✓ Водоснабдување на населба Блок 77 и населба Каваклија, Штип, 8,7 милиони денари
- ✓ Изградба на цевковод за водоснабдување на населба Македонка, Штип, 6,9 милиони денари
- ✓ Реконструкција на фекална и атмосферска канализација по улици во Кавадарци, 2,5 милиони евра (153,7 милиони денари)
- ✓ Изградба на водоводна линија за довод на вода за село Негорци и за село Прдејци + Рехабилитација на постојната водоводна линија на потегот Гевгелија – Богородица, Гевгелија, 2 милиони евра (123 милиони денари)
- ✓ Изградба на дел од фекална канализација за Индустриска зона Визбегово, Бутел
- ✓ Изградба на примарна фекална канализација за на-

селено место Арачиново, 1,7 милиони евра (104,5 милиони денари)

- ✓ Доизградба на канализациска мрежа во општина Ѓорче Петров - II фаза, 29,9 милиони денари
- ✓ Доградба на фекален канализациски систем за Ново Село, 40,8 милиони денари
- ✓ Изградба на канализациски систем за фекална отпадна вода во село Банско, Струмица, 35 милиони денари
- ✓ Изградба на дел од канализациска мрежа во населено место Славеј, Кривогаштани, 4,9 милиони денари
- ✓ Изградба на фекална канализациска мрежа за н.м. Ласкарце, Сарај, 25,6 милиони денари
- ✓ Изместување на дел од главен лев фекален колектор во Крива Паланка, 8 милиони денари
- ✓ Изградба на примарна водоводна мрежа од новиот резервоар за водоснабдување до секундарната водоводна мрежа во населено место Калково, Валандово, 5 милиони денари
- ✓ Изградба на атмосферска канализација на ул. Македонски Револуционери, Пробиштип, 4,4 милиони денари
- ✓ Реконструкција и проширување на водоводната мрежа во с. Врапчиште, 20 милиони денари
- ✓ Завршување со изградба на канализација во село Тромеѓа, Куманово, 32 милиони денари
- ✓ Реконструкција на доводен цевковод за водоснабдување на н.м. Долно Палчиште, Боговиње

**И во наредниот мандат нашиот фокус повторно се граѓаните и подобрување на условите за живот. Со изградба и реконструкција на комуналната инфраструктура значително овозможуваме поквалитетен живот, пред сè, во руралните средини, затоа нашите активности продолжуваат.**

- ✓ **Во мандатот 2024-2028 обезбедуваме нови 70 милиони евра за комунални проекти во сите општини.**
- ✓ Завршување на бранaта на река Отиња во Штип, инвестиција вредна над 300 милиони денари.
- ✓ Изградба на фекален и атмосферски канализациски систем за населено место Градско Балдовци, Струмица, 1,4 милиони евра
- ✓ Реконструкција и рехабилитација на доводна мрежа за н.м. Камењане
- ✓ Подобрување на водоснабдувањето со пивка вода за нас. Градско со два цевковода, 10,7 милиони денари
- ✓ Изградба со реконструкција и рехабилитација на водоснабдувачки систем за село Аџиевци и мини индустриска зона под с. Аџиевци, Маврово и Ростуше, 26,1 милион денари
- ✓ Изградба на цевковод за водоснабдување на селата Бач, Брод, Живојно и Добровени, о. Новаци - I фаза, 24,6 милиони денари
- ✓ Изведба на систем за водоснабдување на н.м. Псача, О. Ранковце, 30 милиони денари
- ✓ Изградба на фекална канализација фаза 2 во с. Ракотинци, Општина Сопиште
- ✓ Подобрување на водоснабдувањето со вода за пиење за селата Рашче, Бојане, Копаница, Буковиќ, и Ласкарце, О.Сарај, 39,7 милиони денари
- ✓ Реконструкција на дел од водоводна мрежа во град Делчево, зони Милково Брдо, Ново Делчево и потисен цевковод во Делчево, Општина Делчево, 16,2 милиони денари
- ✓ Изградба на фекална канализација во с. Ѓуземелци фаза I, општина Лозово
- ✓ Изведба на фекална канализација и таложница за преттретман на отпадни води за н.м. Туин, општина Кичево
- ✓ Изградба на водоводен систем за с. Калково, О.Валандово, 4,3 милиони денари
- ✓ Реконструкција на дел од водоводна мрежа за дел од улица Никола Тесла Фаза I, Општина Куманово, 19,2 милиони денари
- ✓ Изградба на споен цевковод од резервоар до постојниот цевковод во с. Таринци - с. Карбинци, и изградба на резервоар за вода за пиење во с. Таринци од 200 м3, општина Карбинци, 8,5 милиони денари
- ✓ Изградба на колектор за одведување на фекални отпадни води од локалитетот Бегова Чешма - Национален парк Пелистер, Делница РШ 106 - Пречистителна станица - Реципиент (дел од траса - од км 3 + 596,5 до км 4 + 119,00), Општина Битола, 4,5 милиони денари
- ✓ Реконструкција на фекална канализација на крак 4, 4.1, 4.2, 4.3, 4.4 и крак 5 во Росоман, 6,9 милиони денари
- ✓ Изградба на водоводна мрежа од Свинишки извори во с. Свиништа до Охрид
- ✓ Проект за проширување, чистење и санација на 3 веќе постојни стари пристаништа (Св. Наум и две во центарот на Охрид), бидејќи драстично е зголемен бројот на пловни објекти.
- ✓ Да се изнајдат точки каде што постојат големи проблеми за одвојување на атмосферската од фекалната канализација во соработка со ЈП „Колекторски систем“
- ✓ Средување на коритото на поток од 300 м - Бетонирање продолжеток на постојниот кој води до новото основно школо во с. Љубош, на истиот потег ќе биде потребно и асфалтирање на самиот пат
- ✓ Завршување на проектот за снабдување со вода во местото д. Количани (ископ во должина од 21 км до самиот извор на Салаковски Езера)
- ✓ Средување на затворени пропусти на регионалниот пат за атмосферска вода – Доброшане
- ✓ Изградба на атмосферска канализација за нас. Никола Тесла, Куманово
- ✓ Изградба на канал во Горно Којнаре, Табановце и Четирце
- ✓ Изградба на канал и водовод во н.м. Љубодраг, Ново Село, Железничка станица и Умин Дол
- ✓ Изградба на одвод за атмосферска вода - има полави на целиот булевар во Б. С. Гојчо
- ✓ Изградба на брана Баргала на река Козичка, Карбинци
- ✓ Изградба на колекторски систем во населените места долж Брегалница
- ✓ Реконструкција на водоводна мрежа во н.м. Самоков
- ✓ Изградба на алтернативен водоснабдувачки систем за н.м. Сланско, Македонски Брод
- ✓ Реконструкција на водоводна мрежа и изградба на нови капацитети во н.м. Могорче, Дебар
- ✓ Изградба на фекална и атмосферска канализација во град Богданци

- ✓ Изградба на одводен покриен канал за фекалии од н.м. Негорци
- ✓ Нови резервоари и нови цевководи за дополнителни количини за водоснабдување во Стар Дојран и Нов Дојран
- ✓ Изградба на комунална инфраструктура (водовод и канализација) во н.м. Николиќ
- ✓ Изградба на локален водоснабдувачки систем во н.м. Јосифово, Удово Горна Маала
- ✓ Изградба на пропуст на регионален пат Р1105 за регулација на Калковска Река
- ✓ Реконструкција на каптажи, зафаќање на извори за вода за повеќе населени места
- ✓ Проект за водоводна мрежа во град Крушево (заштитена целина + систем за мониторинг)
- ✓ Доизградба на канализациска мрежа во повеќе населени места во Теарце
- ✓ Водовод и канализација во нас. Студена Бара
- ✓ Санација на водовод во н.м. Когалијам, Радовиш
- ✓ Изградба на канализација со пречистителна станица во н.м. Пашино Рувци
- ✓ Доградба на канализациска мрежа во н.м. Обршани, Кривогаштани.

## Гасификација

Во мандатот 2017-2024 завршивме со изградба на 210 километри магистрални гасоводи во Северна Македонија. Со ова ја подготвуваме државата за следната фаза на изградба на секундарни гасоводни линии до компаниите и домаќинствата.

- ✓ Завршена е изградбата на делница Блок станица 5 (Штип) - Неготино – должина: 36 км
- ✓ Завршена е изградба на делница Неготино (Кавадарци) – Битола – должина: 92 километри, вредност: 36,4 милиони евра
- ✓ Завршена е изградба на делницата Скопје – Тетово - Гостивар; должина: 86 км, вредност: 29 милиони евра

Во наредниот мандат ја продолжуваме нашата активност со доизградба на магистралните и секундарните гасоводни мрежи низ државата. Преку изградбата на овие капитални проекти ја зголемуваме енергетската независност и инвестираме во стабилност на енергетскиот систем. Нашите идни проекти се реализација на:

- ✓ Изградба на прв интерконектор со Грција
- ✓ Изградба на делница Гостивар - Кичево
- ✓ Гасоводна делница Свети Николе – Велес
- ✓ Изградба на магистралниот гасовод „крак Кавадарци“
- ✓ Изградба на магистралниот гасовод „крак кон ТЕЦ Неготино“
- ✓ Изградба на гасоводна мрежа Струмица – Петрич
- ✓ Изградба на делници за поврзување на технолошко-индустриска развојна зона во Штип
- ✓ Интерконекциска врска меѓу Македонија и Косово (изработена физибилити-студија)
- ✓ Интерконекциска врска меѓу Македонија и Србија.

## Социјално-станбена политика

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија дава значење и на социјално-станбената политика, со што директно им се помага на ранливите категории граѓани.

Се грижиме за нашите сограѓани, секој заслужува похумани услови за живот.

Во изминатите 6 години изградивме или во фаза на изградба се над 864 социјални станови низ целата држава.

Досега комплетно распределивме 9 станбени социјални згради, со вкупно 383 социјални станови, со што опфативме над 700 граѓани од социјално ранливите категории.

Ги распределивме социјалните згради во:

- ✓ Струмица
- ✓ Македонски Брод
- ✓ Гостивар
- ✓ Пробиштип
- ✓ Виница
- ✓ Свети Николе
- ✓ Демир Капија
- ✓ Гевгелија
- ✓ Неготино

Веднаш со добивање на новиот мандат во 2024 година, ќе ги распределиме и социјалните згради во Велес, Скопје и Кочани, со вкупно 375 социјални станови, а потоа ќе се распределат и социјалните станови во Дебар.

Исто така, во новиот мандат ќе започнеме со изградба на нови социјални станбени згради во Штип и Прилеп.

## Грижа за младите – Станови за млади брачни парови

Младите се нашата иднина и поради тоа идната Влада предводена од СДСМ креира мерка за обезбедување поволни станбени единици за млади брачни парови.

### Во мандатот 2024-2028 започнуваме со нов проект за изградба и распределба на станови за млади брачни парови до 29 години

Проектот предвидува изградба на комерцијални станови за млади лица до 29 години, во чија откупна цена Владата ќе субвенционира одреден процент од вредноста на чинење на станот. Еден дел од средствата ќе се финансираат преку буџетот, додека во друг дел средствата ќе се обезбедат преку кредит од банката за развој при Советот на Европа.

Целта на оваа мерка во нашата програма е директна поддршка на младите лица и оние млади што формираат семејства, во услови на зголемени пазарни цени на чинење на становите полесно да дојдат до сопствен дом.

## За силно градежништво – со стандарди и нов човечки капитал

Имаме план за континуиран развој на градежната дејност во Северна Македонија преку креирање високообразовни кадри што ќе придонесуваат за инфраструктурниот развој на државата.

Мерката предвидува **бесплатни студии во државна квота за сите студенти запишани на Градежниот факултет (сите програмски студии) и за студенти запишани на Архитектонскиот факултет.**

Новата Влада предводена од СДСМ ќе ги субвенционира сите студенти преку ваучери за бесплатна партиципација за запишување на студиските години.

Оваа мерка ќе поттикне голем број млади да се насочат во секторот градежништво и да ги надополниме дефицитарните студиски програми на овие факултети што се неопходни за развој и унапредување на градежната дејност во Северна Македонија.

По почнувањето на овој пилот-проект, во втора фаза предвидуваме истиот модел да го примениме и на другите технички факултети.

## Урбанизам

Ја започнавме најголемата реформа во градежната дејност преку која обезбедуваме високо ниво на професионалност и стандардизација на прописите и нормите.

- ✓ **Донесовме нов Закон за урбанистичко планирање и нов Правилник за урбанистичко планирање**

Во новиот Закон за урбанистичко планирање од 2020 година, како прва фаза, веќе е вграден и уреден во правна рамка интероперабилен и мултиплатформен систем во кој се поврзуваат информациските системи од областа на урбанистичкото планирање, градењето и градежното земјиште, односно сѐ што е поврзано со реализацијата на планираните градби.

Во втора фаза обезбедуваме имплементација на овој дигитализиран, интероперабилен и мултиплатформен систем, со цел поефикасно реализирање на процесот и зголемување на транспарентноста.

За првпат се донесе и тарифник за изработка на урбанистички планови со минимални цени и ценовник за инженерски услуги, со цел да го вреднуваме трудот на архитектите и инженерите.

Во согласност со стратегијата на Европската Унија за паметен, одржлив и инклузивен раст, стандардизацијата игра важна улога во поддршката на индустриската политика во ерата на глобализација.

## Започнуваме со примената на еврокодовите од септември 2024 година.

Овозможуваме градежништвото да го задржи чекорот со земјите од регионот и Европа.

Изготвуваме нов Закон за градење со што ја подобруваме градежната дејност, со посебен фокус на инфраструктурата и следењето на потребите на граѓаните и компаниите во делот на енергетиката и енергетската ефикасност.

- ✓ **Урбанизирање на пет локации на Коридорите 8 и 10 за услужни објекти за потребите на сите патници што ги користат македонските патишта**
- ✓ **Урбанизација на крајбрежјето на Охридско Езеро**
- ✓ **Урбанизација на крајбрежјето на Преспанско Езеро**

## Патен сообраќај

- ✓ Работиме посветено во обезбедување повеќе можности за македонските транспортери.
- ✓ За нас, развојот на дејноста, зачувување на работните места и развојот на компаниите се многу важни и затоа преземаме иницијативи и активности за да обезбедиме непречен и континуиран транспорт.
- ✓ Од 2022 година ја зголемивме квотата на годишни дозволи со Бугарија од 1 150 на 1 500 дозволи и квотата на дозволи со Турција за меѓународен транспорт од 1 300 на 1 600 дозволи и за билатерален превоз од 3 150 на 3 650 дозволи.
- ✓ Оваа 2024 година, Република Северна Македонија како полноправна членка на Организацијата за црноморска економска соработка доби дополнителни 5 илјади дозволи за македонските транспортни компании, дозволи што можат да се користат за превоз на стоки во билатерала и транзит за Албанија, Турција, Романија, Србија, Украина, Молдавија, Грузија и Ерменија.
- ✓ Со украинската страна договоривме 700 дозволи за и од трети земји, почнувајќи од 2024 година, а исто така по низа состаноци и средби на мешовитата македонско-германска комисија, договорено е значително зголемување на контингентот на дозволи по сите видови превоз, што сметам дека е голем успех.
- ✓ Во мандатот на идната влада предводена од СДСМ 2024-2028 обезбедуваме поврзување на сите општини со организиран јавен меѓуопштински линиски превоз.
- ✓ Обезбедуваме субвенции за меѓуопштински автобуски превоз за студенти, пензионери и ранливи категории граѓани.

## Авиосообраќај

Нашите успешни политики за развој на цивилното воздухопловство и авиосообраќајот ги даваат посакуваните резултати.

- ✓ Постигнавме рекордно ниво од над 3,15 милиони превезени патници од нашите два меѓународни аеродрома во 2023 година, додека само од Меѓународниот аеродром Скопје беа превезени 2,9 милиони патници.
- ✓ Македонскиот авиосообраќај е со втор најголем раст на превоз во Европа со 64,9 % зголемување на бројот на патници во 2023 година во однос на 2022 година.
- ✓ Забележавме над 250 илјади воздухопловни операции во 2023 година.
- ✓ Се поврзуваме со регионот и со другиот дел од Европа преку воспоставување нови авиолинии.

Нема здрав и забрзан економски развој без оперативен, ефикасен, безбеден и одржлив воздушен сообраќај и транспорт.

Македонското воздухопловство и во иднина треба да овозможи зголемен број на превезени патници и карго-превоз на македонските аеродроми, помногубројни прелети на авиони во нашиот воздушен простор, поврзување со уште поголем број европски и светски дестинации, зајакнување на заштитата на патничките права, интензивирање на спортско-рекреативните воздухопловни активности, поголема заштита на животната средина и повисоко ниво на безбедност на воздушниот сообраќај на македонското небо.

Во мандатот 2024-2028 на идната влада предводена од СДСМ продолжуваме со финансиска поддршка на авиокомпании што ќе воведат нови дестинации со ниски цени за македонските граѓани.

- ✓ Модернизација на аеродромите преку подигнување на капацитетите, поставување нови системи.
- ✓ Нова терминална зграда на Меѓународниот аеродром „Св. Апостол Павле“ во Охрид.
- ✓ Проширување на терминалите за чекирање на билетите на Меѓународниот аеродром Скопје.

### Зелена транзиција

Со измените на Законот за градење, како дел од низата мерки за поддршка во услови на најголемата светска енергетска криза, граѓаните и деловната заедница можат да постават најбрзо и по најповолни услови фотонапонски електроцентрали за производство на струја.

Ја поедноставиме процедурата за поставување фотонапонски електроцентрали на објектите, и тоа до 6 киловати за домаќинствата и до 40 киловати за компаниите.

Клучно е што процедурата е без административни постапки и не е потребно издавање одобрение/решение за градење од локалната самоуправа. Времето за одобрување на проект за поставување фотонапонски панели на кров е намалено од 30 на само 1 ден.

- ✓ Субвенции за поставување фотоволтаични електрани на покриви на домаќинства
- ✓ Поставување полначи за електрични возила на Коридорите 8 и 10.

### Развојни политики

- ✓ Дигитализација на Министерството за транспорт и врски, почнувајќи во прва фаза од Секторот за патен сообраќај
- ✓ Отворање подрачни единици на Министерството за транспорт и врски, на 6 локации во прва фаза, во првата година од мандатот, со што ги подобруваме и ги доближуваме услугите до граѓаните.

## 3. Енергетска независност, зелена енергија за сите!

Владата предводена од СДСМ во претходниот мандат го донесе новиот **Закон за енергетика** во кој се имплементирани третиот пакет на ЕУ-директиви што се однесуваат на внатрешниот пазар на енергија. Исто така, донесени се и над **90 % од сите подзаконски акти со кои се направи и реална имплементација на ЕУ-директивите** во нашето законодавство. Со Законот за енергетика целосно е либерализиран пазарот на електрична енергија за сите потрошувачи, вклучувајќи ги и домаќинствата и малите потрошувачи. За потсетување, оваа Влада ја врати евтината тарифа, со која секое домаќинство има поголеми заштеди од покачувањето на струјата. Намалена е **стапката на ДДВ за парно греење** и намалена е цената за нови приклучоци на дистрибутивната мрежа на ЕВН од **500 на 370 евра**.

Донесен е нов Закон за енергетска ефикасност, со кој значително треба да се зголемат инвестициите во енергетска ефикасност во јавните објекти и во домаќинствата. Договорен е кредит од Светска банка за формирање фонд за енергетска ефикасност што треба да овозможи полесен пристап до финансиски средства за сите, со цел инвестиции за енергетска ефикасност со што значително ќе им ги олеснат сметките за електрична енергија и топлина на граѓаните.

Со воспоставување на организираниот пазар на електрична енергија во мај 2023 година, започна со работа Берзата на електрична енергија во Северна Македонија. МЕМО со партнерите што се реномирани берзи во цела Европа, своето работење на организираниот пазар целосно го приспособи со европската практика, со што ќе продолжи да привлекува внимание за учество на голем број домашни, но и странски трговци на Македонската берза на електрична енергија.

Завршен е тендерот за изградба  на интерконективниот гасоводот меѓу Република Грција и Република Северна Македонија преку кој е предвидено да може да транзитира водород.

**Инсталирана моќност на обновливите извори на енергија во Македонија (2016-2023) (MW)**

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МХЕ | 60.89 | 67.51 | 72.46 | 82.03 | 89.55 | 89.89 | 103.04 | 103.9 |
| ФЕЦ | 16.71 | 16.71 | 18.49 | 23.99 | 30.5 | 42.3 | 139.4 | 494.4 |
| Биогас | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 9 | 12 |
| ВЕЦ | 36 | 36 | 36 | 36 | 36 | 36 | 36 | 72 |
| Биомаса | 0 | 0 | 0 | 0.6 | 0.6 | 0.6 | 0.6 | 0.6 |
| **Вкупно** | **119.6** | **127.22** | **133.95** | **149.62** | **163.65** | **175.79** | **288.04** | **682.9** |

Во изминатиот период од 2020 година се интензивира процесот на енергетска **трансформација/транзиција** со донесување законска и подзаконска регулатива за олеснување на инсталација на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори. Тоа резултира со инсталација на околу **700 MW** до 2024 година нов инсталиран капацитет од обновливи извори на електрична енергија. Овој капацитет е еднаков на вкупниот инсталиран капацитет (во трите блока) во РЕК Битола. Успеавме за 7 години да направиме нов РЕК Битола, но не на јаглен, туку од обновливи извори на енергија.




## Сигурност и стабилност!
## и во криза и за раст на економијата

Врвен приоритет за граѓаните и стопанството во Република Северна Македонија е снабдување со енергија што е достапно, сигурно и одржливо. Енергетската криза беше показател дека не можеме да имаме достапни цени и услуги во енергетиката доколку не обезбедиме сигурност во снабдувањето. Владата во идниот период ќе продолжи со спроведување мерки за поттикнување инвестиции во обновливи извори на енергија и развој на енергетската инфраструктура, поттикнување на примена на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, зголемување на диверзификацијата на производството и снабдувањето, зголемување на интерконективните капацитети, во насока на постигнување зголемена отпорност на енергетските системи.

Ќе овозможиме зголемено производство на електрична енергија за сопствена потрошувачка, ќе создадеме услови за складирање енергија и управување преку побарувачката.

Развојот и управувањето со енергетските пазари и инфраструктура е поврзано со дигитализација и користење на современи информациски системи. Ќе донесеме зголемени мерки и активности за обезбедување кибербезбедност на мрежите и информациските системи, коишто се составен дел на преносните и дистрибутивните системи, како и на системите за управување со објектите за производство на електрична енергија.

## Македонско сонце за македонска енергија

Со интензивирање на инсталацијата на нови капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори, ќе се зголеми вкупното производство на електрична енергија. Покрај тоа, ќе се обезбеди оптимално искористување на постојните објекти на фосилни горива, што подразбира зголемување на производството до крајот на нивниот работен век.

- ✓ Зголемување на вкупното домашно производство на енергија за **најмалку 70 %** до 2028 во однос на 2019 година, **со што државата ќе ја постигнува својата енергетска независност и самостојно ќе ЗАДОВОЛУВА 100 % ОД СОПСТВЕНИТЕ ПОТРЕБИ**
- ✓ Зголемување на инсталираниот **капацитет од обновливи извори за најмалку 100 % во однос на 2024 година, со што најмалку 1 000 000 граѓани ќе добиваат електрична енергија од обновливи извори**
- ✓ **Најмалку 60 % учество на енергија произведена од обновливи извори во вкупната домашна потрошувачка на енергија во 2028 година.**
- ✓ Директна владина поддршка на мали и микро капацитети од обновливи извори за домаќинствата и малото стопанство преку субвенции или намалување на давачки. Од сегашните 80 000 ден за домаќинствата, субвенциите ќе ги зголемиме на 120 000 ден., а за правните субјекти што ќе инсталираат фотоволтаични системи со инсталирана моќност до 40 kW, субвенцијата би била до 350 000 ден.

Максимално ќе се искористи постојната инфраструктура на постројките што работат на фосилни горива за изградба на нови постројки од обновливи извори што ќе овозможат и нови вработувања во високотехнолошките процеси.

## Складирање електрична енергија - нов иновативен чекор напред

Зголеменото учество на електрична енергија од обновливи извори во вкупниот произведен микс во државата претставува предизвик за балансирањето на електропреносниот и електродистрибутивниот систем. Воедно, зголемениот број на фотоволтаични електроцентрали влијае врз цената на електричната енергија на пазарот, во периодите кога тие произведуваат, односно драстично ја намалува цената на електричната енергија на пазарот (што поволно влијае врз целата економија). Со цел да овозможиме оптимизација на пазарното портфолио на производителите на електрична енергија од обновливи извори и да го зголемиме обемот на системски и услуги за балансирање (или заради обезбедување ефикасно, безбедно и доверливо функционирање на системите), овозможуваме услови за складирање на електричната енергија и воведување оператори на складишта. Операторите на складишта ќе имаат право да учествуваат на пазарите на електрична енергија (да продаваат и да купуваат електрична енергија), да нудат и да обезбедуваат помошни услуги, услуги за флексибилност и услуги за балансирање на електропреносниот или електродистрибутивниот систем. Исто така, компаниите што веќе имаат инсталирано фотоволтаични електрани (или ќе инсталираат во наредниот период) ќе можат својот вишок електрична енергија произведена од своите фотоволтаични електрани да го складираат и да го користат во вечерните или во ноќните часови и со тоа дополнително да ги намалат своите трошоци за енергија и да произведуваат поконкурентни производи на пазарите.

## Пазар на електрична енергија - пониски цени, заштеда на народни пари

Со воспоставување на организираниот пазар на електрична енергија во мај 2023 година, започна со работа Берзата на електрична енергија во Северна Македонија. МЕМО со партнерите кои се реномирани берзи во цела Европа своето работењето на организираниот пазар целосно го приспособи со Европската практика со што ќе продолжи да привлекува внимание за учество на голем број домашни, но и странски трговци на Македонската берза на електрична енергија. Развојот на организираното тргување ќе го продолжиме:

- ✓ Во периодот од 2024 до 2025 година ќе работиме на развој и воспоставување организиран пазар во сегментот - тргување во тековниот ден (intra-day market), при што МЕМО во 2026 година ќе го пушти во работа intraday тргувањето. Со тоа ќе се овозможи сите потрошувачи и производители на електрична енергија да ги намалат трошоците за балансирање, да можат да продаваат вишок електрична енергија во текот на денот и со тоа да имаат поголеми финансиски придобивки (Ова се однесува на сите производители на електрична енергија во државата).
- ✓ Во периодот од 2024 до 2025 година МЕМО ќе воспостави организиран пазар на билатерални договори, популарно наречен OTC – market (Over The Counter market), со што ќе се обезбеди сигурност на испорака на електрична енергија меѓу трговците и снабдувачите што ќе ги склучуваат своите билатерални договори преку Берзата на електрична енергија.
- ✓ Во 2025 година ќе се воспостави организирано тргување со гаранции на потекло на произведена електрична енергија, со што ќе се зголеми интересот за сѐ повеќе инвестиции во делот на производни капацитети од обновливи извори на енергија.

Интеграција на малите пазари на електрична енергија во регионот ќе донесе бенефиции, како што се поголема **ефикасност на производните единици од обновливи извори на енергија** и меѓуграничните тргувања во споредба со функционирање во изолиран режим. Со ова ќе се зголеми ликвидноста и големината на пазарот на електрична енергија, ќе се зголеми конкуренцијата меѓу учесниците, ќе се намалат цените на пазарот на големо, ќе има разновидност во производството (интегрирање на обновливи извори на енергија на пазарите на електрична енергија) и ќе се зголеми сигурноста и безбедноста во снабдувањето со енергија. Натамошни наши чекори за интеграција на македонскиот организиран пазар на електрична енергија се:

- ✓ До **2028 година целосно завршување на регионалното пазарно спојување меѓу пазарите на GR-MK-XK-AL**, проект воден од УСАИД во соработка со Владите на САД - Северна Македонија – Грција – Албанија - Косово.
- ✓ До **2028 година завршување на проектот за пазарно спојување меѓу Северна Македонија и Бугарија**, проект, кој МЕМО го води од 2018 година, а беше воспоставен од страна на Енергетската заедница.

## Граѓански енергетски заедници и граѓански енергетски задруги - сите за зелена и праведна енергетска транзиција

Обезбедуваме економски и социјални придобивки за домаќинствата, малите потрошувачи, агрегаторите и производителите на електрична енергија на едно ограничено географско подрачје, кои ќе можат да се здружуваат во граѓански енергетски заедници заради размена на произведена и потрошена електрична енергија во рамките на тоа подрачје.

Граѓанските енергетски заедници ќе можат да произведуваат електрична енергија, вклучително и од обновливи извори на енергија, за сопствена потрошувачка или за продажба на пазарот на електрична енергија, да се снабдуваат со електрична енергија од збирното производство, од производните капацитети на заедницата или од пазарот, да складираат електрична енергија, да даваат услуги за енергетска ефикасност, вклучително и управување преку побарувачката и услуги за полнење на електрични возила.

Во моментот граѓаните и малите потрошувачи што имаат свои производни капацитети од обновливи извори на енергија, дел од производството го користат за сопствени потреби, а вишокот го продаваат на снабдувачот. Со овој концепт ќе се овозможи вишокот електрична енергија, граѓаните и малите потрошувачи што произведуваат електрична енергија, здружени во енергетски заедници да ја разменуваат електричната енергија со соседите, но и заеднички да учествуваат на пазарот со електрична енергија, а со тоа да имаат поголем економски бенефиции.

За да не оставиме само големи инвеститори да вложуваат во нови поголеми енергетски капацитети, ќе овозможиме формирање на енергетски задруги. Ваквите енергетски задруги ќе можат да се формираат од сите граѓани што ќе сакаат да инвестираат во нови обновливи извори на енергија. Владата ќе обезбеди државни земјишта во општините, за кои ќе изврши урбанизација и ќе обезбеди градежни дозволи за поставување обновливи извори на енергија и ќе ги повика граѓаните во рамките на своите можности (но не повеќе од одреден лимит, што ќе овозможи еднаквост на задругарите), заеднички да вложат во производни капацитети, чија енергија понатаму ќе биде или за одредена намена на заедницата или за учество на пазарот. Со ова ќе им овозможиме на граѓаните да имаат поголема предвидливост на инвестициите, поголеми лични финансиски придобивки, но и поголеми придобивки за заедницата каде што ќе се градат овие енергетски задруги.

## Ранливи потрошувачи - повеќе за граѓаните

Зголемување на мерките и постапките за заштита и унапредување на правата на ранливите потрошувачи преку нови финансиски и нефинансиски мерки, како што се:

- ✓ Надоместоци за обезбедување минимални потреби од енергија за загревање, за покривање на дел од трошокот за енергија во одделни делови од годината, за приклучување кон енергетските мрежи, за набавка на нови енергетско-ефикасни уреди и опрема. Покрај директната финансиска помош која во наредниот период, со растот на минималната плата, пропорционално ќе се зголемува, сите ранливи потрошувачи на годишна основа ќе добиваат ваучери од страна на државата за замена на неефикасните

потрошувачи во своите домови, со нови енергетски ефикасни уреди. Со тоа постепено овие домаќинства ќе ги намалуваат трошоците за енергија, но и ќе го зголемуваат комфорот во своите домови.

- ✓ Забрана за исклучување на ранливите потрошувачи од енергетските мрежи.
- ✓ Директна финансиска помош за загрозените домаќинствата за набавка на нужни енергенси со едноставен механизам.
- ✓ Промоција на одржливи модели на производство и употреба на сите енергенси на ниво на приоритетна владина политика.

## Нови технологии - инвестиции за иднината

### Водород

Водородот е гориво на иднината. Следејќи ги европските политики и развојни планови, кои се насочени на сè поголемо производство и користење на чистиот водород (водород произведен од чиста енергија), во наредниот период ќе изработиме интегрирана стратегија за производство и користење чист водород во нашата земја, со која јасно ќе се постават чекорите за сè поголема застапеност на водородот и замена на користењето на природниот гас. Со ова ќе ја намалиме увозната зависност на нашата земја од природен гас и нафтени деривати, бидејќи водородот ќе се користи во индустриските капацитети, како и во транспортот.

Користењето на чистиот водород ќе биде имплементирано и за производство на електрична и топлинска енергија. Како што веќе беше наведено, планираме пренамена на термоенергетските капацитети што користат фосилни горива, на капацитети што во иднина ќе користат чист водород.

Водородот ќе биде имплементиран и во транспортниот сектор. Во наредниот период ќе воведеме субвенции и други олеснувања на компаниите што ќе го заменат користењето на фосилните горива во транспортот со возила што ќе користат водород.

Оваа мерка ќе биде проследена со дополнителна мерка за субвенции од страна на државата за сите компании што ќе имплементираат капацитети за производство на чист водород од обновливи извори на енергија.

Покрај придобивките од намалени штетни емисии во околината, придобивки ќе има и нашата економија, која ќе има поголема конкурентност, но клучно ќе биде тоа што ќе се намали увозот на енергенси и ќе се зголеми енергетската независност на државата.

### Природен гас

Нашата зависност од само еден извор на природен гас низ годините предизвикуваше огромно проблеми, како во однос на економијата (со многу поголемите цени на природниот гас од другите европски држави), така и во однос на сигурноста и безбедноста во снабдувањето, а со тоа на севкупната безбедност на целата држава. Во наредниот период ваквата несигурност веќе ќе биде минато, бидејќи во наредните неколку месеци ќе почне изградбата на новата интерконективна гасоводна врска со соседна Грација, од каде што нашата држава ќе има пристап до многу повеќе снабдувачи, пристап до конкурентен европски пазар на природен гас, каде што ќе се обезбедат многу поконкукурентни понизки цени на природниот гас  и многу поголема сигурност и безбедност во снабдувањето. Исто така, нашата држава од „слепо црево“ во делот на снабдувањето со природен гас, ќе стане држава низ која ќе поминуваат главните гасоводни врски за снабдување на Југоисточна Европа, бидејќи оваа интерконективна врска ќе продолжи на север и кон Србија и кон Косово, а оттаму и кон другите земји од регионот.

Клучно за овој проект е и фактот што покрај природен гас, преку оваа интерконективна врска во иднина може да се увезува и извезува и водород, кој ќе биде сè поактуелен, бидејќи проектот ќе се реализира како гасовод низ кој може да се пренесува и природен гас и водород.

Пристапот до природен гас, а и на водород, во иднина преку развој на дистрибутивната гасоводна мрежа ќе овозможиме да биде достапен до сите потрошувачи. Проектот е во финална фаза и очекуваме да почне да се реализира на почетокот на 2025 година.

### Топлинска енергија

Топлинската енергија е значен сегмент во енергетиката. Во изминатите неколку години успеавме да го вратиме државното управување со системот за топлинска енергија во Град Скопје, каде што го зголемивме квалитетот на испорака и снабдување на крајните потрошувачи, но и да почнеме со реална реализација за изградба на нов топловоден систем во градот Битола.

Во наредниот период ќе направиме проширување на топловодната мрежа во Град Скопје, каде што очекуваме да се приклучат уште најмалку 10 000 семејства од целиот град, но и приклучување на нови 1 000 потрошувачи на новиот топловоден систем во градот Битола.

Ќе воведеме субвенционирање на сите нови приклучоци на системот за снабдување со топлинска енергија, со цел поголема и оптимална искористеност на целиот топловоден систем.

Со интегрирање на сите топловодни мрежи во Град Скопје и нови инвестиции во дистрибутивната топловодна мрежа, ќе воведеме иста цена за сите потрошувачи во целиот град. Со ова ќе го решиме еден од најголемите проблеми што го имаа потрошувачите, со тоа што различно од локацијата каде што се користеше топлинската енергија, различни беа и цените, но и квалитетот на испорака и снабдување. Со ова ќе ги изедначиме и квалитетот и цената на топлинската енергија за сите.

Ќе воведеме мерни уреди во секој објект каде што се користи и ќе се користи топлинската енергија и сите потрошувачи ќе плаќаат согласно со својата потрошувачка, а не како досега паушално или согласно со големината на просторот што се снабдува со топлинска енергија.

Со сите овие мерки директно ќе влијаеме за поекономично снабдување со топлинска енергија, но и за сè помало влијание врз животната средина и намалување на загадувањето, особено во зимските месеци како на Град Скопје, така и на Битола.

### Транспорт

#### Интеграција на електромобилноста во електричната мрежа

Развојот на енергетиката оди во насока на зголемена електрификација, со цел зголемување на производство на енергија од обновливи извори, напуштање на употребата на фосилни горива и намалување на емисиите на стакленички гасови. Транспортниот сектор како најголем потрошувач на фосилни горива постепено се електрифицира. Овозможуваме поседување, развивање и управување со станици за полнење на електрични возила, вклучително и нивно поврзување на мрежата.

### На Македонија не ѝ требаат енергетски споменици и музеи - Стоп за нови фосилни технологии

Имајќи ги предвид домашните и европските искуства во однос на постојните начини и технологии, логично е запирање на надминати технологии и начини на производство на енергија, кои станале неодржливи.

- ✓ **Забрана за изградба на нови гринфилд мали хидроелектрани**, освен како додаток на постојни објекти (водоводи, системи за наводнување и сл.).
- ✓ Мораториум на **изградба** на какви било електрани на фосилни горива. освен на природен гас и водород.
- ✓ Мораториум на **издавање дозволи** за експлоатација на фосилни горива.

### Сопственоста и менаџирањето на државните енергетски компании во рацете на граѓаните

Во изминатите децении бевме сведоци на лошо менаџирање со енергетските компании, акционерски друштва во сопственост на државата. Со цел да овозможиме максимална контрола и директно учество на сите граѓани во управувањето на државните енергетски компании, планираме висок процент од вкупниот број издадени акции на државните енергетски компании да се поделат еднакво на сите граѓани на нашата држава, а остатокот да останат под контрола на државата, во некој извесен период, сè додека граѓаните не воспостават директна контрола на самите компании. Со ова, но и преку јасни и прецизни механизми ќе овозможиме сите граѓани да можат да имаат секојдневен увид во работењето на овие компании, но и да имаат директно влијание при изборот на менаџментот и негова контрола. Притоа, доколку овие компании на крајот од годината остварат добивка (а доколку граѓаните имаат секојдневна контрола и увид на работењето, притисокот за остварување добивка и домаќинско работење ќе биде голем), таа ќе биде поделена на сите акционери, односно на сите граѓани на нашата држава. Досега таа добивка беше алоцирана или за работењето на самата компанија или, пак, беше префрлана во буџетот на државата и граѓаните имаа минимални придобивки од неа.

Во 2025 година е планирано оваа мерка да се имплементира во АД ЕСМ, најголемата енергетска компанија во државата. Согласно со извештаите, основната главнина на Друштвото е поделена на 31.738.878 обични акции, со номинална вредност од 1 000 денари (илјада) денари по акција. Планот е одреден процент на акции да се поделат на сите граѓани на нашата држава што се родени до определен консензуално определен термин. Притоа, согласно со податоците од последниот попис, секој граѓанин би добил по околу 8 акции. Ова значи дека едно четиричлено семејство би се стекнало со 32 акции, со номинална вредност од по 1 000 денари, или вкупно 32 000 денари (кои со самото котирање на Македонската берза за акции се очекува да достигнат многу повисока цена), со кои може самостојно да управува и за кои треба да добива годишна дивиденда.

Во периодот до 2028 година, планот е истото тоа да се реализира и со акциите на АД МЕПСО.

Со ова граѓаните ќе станат директни и реални сопственици на државните енергетски компании и сами ќе можат да одлучуваат за нивната контрола, управување и менаџирање, но и директно да влијаат за намалување на корупцијата во државните енергетски компании и во државата во целост. Очекуваме оваа мерка да поттикне слични активности и во другите сектори и со другите државни компании.

## 4. Вкусот на Македонија

### Рекордно производство на храна од 1,5 милијарда евра

### Рекорден извоз на прехранбени производи од 1,250 милиони евра

### До 2028 година повеќе извоз од увоз на храна

Домашниот земјоделскиот сектор се покажа **чувствителен** на глобалните текови и нарушувања на глобалниот пазар на храна за време и по пандемијата. Оттаму, за нас производството и снабдување со храна на граѓаните и обезбедување нормално снабдување во екстремно здравствени услови, но и на инфлаторни движења, претставуваше врвен приоритет. Дополнително, шоковите со глобалното снабдување со храна се појави и поради  војната во Украина, при што енормно се зголемија цените на житата (пченица, пченка, јачмен), маслото за јадење и сончогледот, на вештачките ѓубрива, каде што цените се зголемија и за трипати. Сето ова, покрај интерните политики, дополнително ја зајакнаа важноста на земјоделството и агробизнисисот за нашата држава.

Земјоделскиот сектор е високо значаен за растот на БДП и генерално економијата, со учество во вкупниот БДП на примарното производство, кое учествува со вкупна вредност од една милијарда евра или со 8 % придонес во вкупниот БДП, а дополнително ако се вклучат и преработките, односно секундарниот сектор, тоа достигнува и до 12 % во вкупниот БДП. Најважно од сè, секторот вклучува голем број и на работници каде што постојано се вработени околу 60 000 луѓе, но бидејќи земјоделството е базирано и врз сезонска работна рака, тоа вклучува дополнителни од 50 000 до 60 000 работници.

Затоа СДСМ преку својата изборна програма креира мерки и политики во земјоделството за остварување на историско зголемување на домашното производство на храна и производи.

Конкретно, за да постигнеме ЕВРОПСКИ СКОК ЗА МАКЕДОНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО, предлагаме продолжување и подобрување на вкупните конкретни политики и мерки во сите области.

Тие се остварливи, конкретни, мерливи и реални. Најважно, можат и ќе се реализираат.

И преку мерките за финансиска поддршка во земјоделство. Многу повеќе и преку мерките за РУРАЛЕН РАЗВОЈ, потоа програмите за МАЛИ СЕМЕЈНИ БИЗНИСИ, преку ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА И ПОДДРШКА.

За нас најважен е човекот, земјоделката и земјоделецот и неговата лична, семејна и бизнис-едукација. Бидејќи тие треба да станат, како што започнавме, претприемачи и лидери на својот бизнис.

## Европско земјоделство, фокус на руралниот развој

Во услови на здравствена и енергетска криза предизвикана од пандемијата на КОВИД и војната во Украина, бевме исправени пред сериозни предизвици и одржување на земјоделското производство и производството на храна. Брзата и навремена реакција во намалувањето на негативните последици за земјоделскиот сектор значеше поголема и рекордна финансиска поддршка за земјоделците, зголемена промоција на македонските земјоделски производи во земјата и странство, задржување на лидерската позиција на Западен Балкан во имплементирање на Европскиот фонд за земјоделство и рурален развој – ИПАРД, инвестиции во водостопанската инфраструктура, инвестиции во модернизација на земјоделските стопанства, континуирана поддршка на младите фармери и руралните жени, како и донесување соодветни законски решенија во правец на усогласување на македонското законодавство со европското.

Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија останува со јасна определба за еднакви можности за развој за секој земјоделец и доближување на македонското земјоделство до европските стандарди и поголем извоз на македонските земјоделски производи и преработки на заедничкиот европски пазар.

## Рекордна директна финансиска поддршка за земјоделските производители

Заклучно со 2024 година, бележиме историско највисоки износи во исплатена директна финансиска поддршка во примарното земјоделско производство.

Мандатот на СДСМ како водечка политичка партија ќе остане запаметен по **исплатени 560 милиони евра субвенции** за **над 70.000 корисници, конкретно** полјоделци, тутунари, лозари, градинари, овоштари, сточари, пчелари и органски производители. Финансиската поддршка беше рекордно зголемена за многу мерки, а во консултации со земјоделските производители беа договорени и креирани нови мерки и програми.

- ✓ Производство на ориз како стратегиска култура за првпат ја одвојуваме од групата полјоделски и за трипати ја зголемуваме финансиска поддршка од 6 000 денари на 18 000 денари/ **хектар.**
- ✓ Со дополнителни 6 000 денари / хектар го субвенционираме произведеното и предадено производство на пченица, јачмен, сончоглед и маслодајна репка, а предаденото производство на јачмен го поддржуваме со дополнителни 12 000 денари / хектар.
- ✓ Градинарските производители, покрај основното субвенционирање, беа поддржани со дополнителни три денари / кг предадена зелка и 61 000 денари / хектар за расадена и продадена зимска зелка за околу 600 корисници.
- ✓ **Со дополнителните директни плаќања за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици** субвенциите за производство на градинарски култури се покачија од 99 000 денари на 120 000 денари, за 18 оранжерии.
- ✓ Лозаропроизводителите добија зголемени субвенции за земјоделски стопанства со развоен капацитет, а континуирано беа поддржувани со дополнителни субвенции по предаден килограм во преработувачки капацитети.
- ✓ Јаболкопроизводителите добија зголемување на субвенциите на 50 000 денари/хектар и дополнителни субвенции за предадени јаболка во откупни и преработувачки капацитети.
- ✓ Тутунопроизводителите добија повисоки субвенции за поквалитетно произведен тутун со дополнителни нови 80 денари по кг за I класа, 70 денари за II класа и 60 денари за III класа.
- ✓ **Мерката за директни плаќања за обележани женски грла говеда** се покачија од 2 800 денари на 12 000 денари за обележани женски грла говеда на возраст од над 12 месеци за 6 500 сточари.
- ✓ **Премијата за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко** за килограм е зголемена од 3,5 денари на 5 денари за кравјо млеко и од 4,5 денари на 6 денари за овчо и козјо млеко, со што им се помогна на повеќе од 5 300 млекопроизводители.
- ✓ Директните плаќања за обележани женски грла овци се покачени за 100 %, од 1 000 денари на 2000 денари за обележани женски грла овци на возраст над 12 месеци, како директна помош кон околу 3 000 одгледувачи на овци.
- ✓ Директни плаќања за обележани женски грла кози се покачени за 100 %, од 1 000 денари на 2 000 денари за обележани женски грла кози на возраст од над 12 месеци за над 1 000 одгледувачи на кози.
- ✓ ЗА ПРВПАТ е воспоставена системска мерка што финансиски ги помага сточарите што предале јагне / јаре во кланичен капацитет. Мерката што интервентно се додаваше во програмите по барање на сточарите сега е мерка што влегува во основната верзија на програмата и предвидува НОВИ дополнителни 1 000 денари по грло предадено јагне / јаре.
- ✓ Висината на директните плаќања за аморитизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети е покачена за 600 %, и тоа од 25 денари по пиле на 150 денари по несилка.
- ✓ **Висината на директните плаќања за еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди е покачена за 100** %, од 5 денари по продадено пиле на 10 денари по продадено пиле.
- ✓ **Директните плаќања за пчеларите** што **се регистрирани како производители на мед во АХВ е покачена за 33** %, од 600 на 800 денари по пчелно семејство.
- ✓ **Мерката за дополнителни директни плаќања за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици се покачени за 100** %, од 1 000 на 2 000 денари по пчелно семејство.

- 50 000 земјоделци со години користат картички со субвенционирано гориво за земјоделска механизација. Мерката за зелена нафта беше зголемена од 30 % на 50 %, а со последните законски и програмски измени во 2024 година поддршката ќе изнесува 100 %. 100 % субвенционирана зелената нафта е врвен успех и поддршка за земјоделците, во услови на енергетска и инфлаторна криза.

### Нов земјоделски бизнис-модел - модернизација на земјоделските стопанства и поддршка на младите фармери и жените земјоделци

Со успешна имплементација на Програмата за рурален развој ги поддржавме проектите што предвидуваа набавка на трактори, земјоделска механизација, опрема за преработка, комбајни, силоси, мандри, добиток и инфраструктурни проекти во руралните средини.

- Распишани беа четири јавни повици преку кои се доделени **576** грантови до **10 000 евра** за помош на **млади земјоделци** од 18 до 40 години за започнување со земјоделска дејност.
- Со поддршката за поттикнување на земјоделското производство каде што првпат се имплементираше во 2020 година, се стекнаа **262 земјоделци со грант од 20 000 евра** за апликанти од 18- до 40-годишна возраст за инвестиции во постбербени активности и преработка на земјоделски производи.
- Поддршката за **активен женски член во земјоделско домаќинство** за првпат се воведе во 2019 година со цел промовирање на политиките на МЗШВ за родова еднаквост. На првиот јавен повик се доделени 250 грантови на жени – носители на земјоделско стопанство до 3 000 евра. Во следните години висината на финансиската поддршка се зголеми на 6 000 евра, а со грантови до оваа вредност се здобија нови 70 жени земјоделци.
- Од 2019 до денес се распишани два јавни повика за набавка на приплоден добиток преку кои се склучени **173 договори.**
- Преку мерката за набавка на **трактори** се здобија **1 270 апликанти,** кои беа стимулирани да ја обноват земјоделската механизација со државна финансиска поддршка од **50 до 75 % од вредноста** на тракторот. За оваа мерка беа распишани два јавни повика, во 2019 и во 2022 година.
- За првпат се имплементираше мерката за поддршка за набавка на **комбајни за ориз** во 2021 година кога беа доделени **43 договори** и исплатени 30.000.000 денари за оризопроизводоители за набавка на комбајни за жнеење ориз со сечкалици и/или мобилни сушари за ориз.
- Со мерката за набавка на систем за **наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати** на површинска вода во 2022 година беа доделени **322 решенија со вкупна вредност од 75 милиони денари.**
- Преку мерката за финансирање **бизнис-план** за регистрирани земјоделци се потпишани **206 договори во износ од 86.000.000 денари.**
- За првпат во 2022 година со новата мерка за набавка на **опрема за производство на тутун** можноста ја искористија **29 тутунопроизводители,** на кои им беа издадени решенија за финансиска поддршка во висина од **3,2 милиона денари**.
- Со новата мерка **инвестиции во мандри што се воведе во 2022** година, можноста за користење финансиска поддршка ја искористија **8 производители на млечни производи.**
- За **првпат во 2022 година** се воведе мерката набавка на силоси за чување и складирање на сточната храна, а можноста за користење финансиска поддршка ја **искористија 24 сточари.**
- Со јавниот повик што беше распишан во **2022 година** за пристап до земјоделско земјиште, одобрени беа **34 општини за проекти вредни 32 милиона денари.**
- Одобрени беа повеќе од **200 проекти за кои беа одвоени 38 милиони евра** за изградба на **патишта, канализации, водоводи, детски игралишта, културни домови** и слично.
- Формирана е **Национална рурална мрежа** со првичен буџет од **10.000.000 денари** и зачленување на над **400 членови во Национална рурална мрежа.**

### Лидери во европското земјоделство ДОМА

Определбата на СДСМ за приближување на земјата до европското семејство најдобро се отсликува преку имплементацијата на Европскиот фонд за земјоделство и рурален развој – ИПАРД II. Преку мерките за инвестиции во модернизација на земјоделските стопанства, инвестиции во модернизација на преработувачките капацитети и мерката за диверзификација на фарми и развој на мали бизниси се поддржани илјадници физички и правни лица, кои за своите проекти добија кофинансирање обезбедено од буџетот на ЕУ.

- Во периодот на имплементација на ИПАРД I од 2011 – 2017 година се поддржани 1 091 корисник, со вкупна финансиска поддршка од 16 милиони евра.
- Во периодот на имплементација на ИПАРД II од **2017 – 2024** година се поддржани 2 101 корисник со вкупна финансиска поддршка од 59,7 **милиони** евра.
- **Започнуваме со имплементација на ИПАРД III** програмата како **ПРВА** држава меѓу корисничките на програмата (Турција, Албанија, Црна Гора, Србија) со буџет од **120 милиони евра.**

### Македонското земјоделие во светот

Препознатливоста на македонската храна и пијалаци ја доживеа својата ренесанса преку организација на голем број домашни манифестации и учество на многубројни меѓународни саеми на сите континенти каде што беа претставени македонските вина, закуски, органски производи, мед, млечни производи и други специјалитети.

- Финансиска поддршка од над **1 милион евра за промоција** на производители на домашна храна и вино на меѓународни саеми во светот

Домашни саеми

- „Вкусот на традицијата“ – Национален саем за храна и пијалаци – Скопје;
- Форум за тутун – Скопје;
- Vranec World Day – Skopje;
- Скопски вински салон – Винодонија „
- Ден на станушината (Stanushina Day)<
- Фестивал на храната – Крива Паланка;
- Вински маратон (Wine and Run) и
- Ден на лозарите – Св. Трифун,

Меѓународни саеми

- Агро Белград Србија
- Monte Vino Црна Гора
- Зелена недела Германија
- Fruit logistica Германија
- PLMA’s “World of Private Label” Холандија
- Bellavita Expo Британија
- ProWein Германија
- World Food Полска
- Fruit Attraction Шпанија
- Bellavita Expo Чикаго САД
- AGRA Словенија
- SIAL Paris Франција
- Open Balkan Wine Vision Белград
- Prowine Shanghai Кина
- Bellavita expo Италија
- Slow Wine Fair Италија
- Terra Madre Италија
- Промотивни настани САД, Европа и земји од Отворен Балкан
- Организирање локални манифестации
- Национален саем за храна и пијалаци – Вкусот на традицијата

## Грижа за сите кога е најпотребна - солидарност во земјоделството

Новите можности во земјоделството преку програмите за мали производители на храна од животинско и неживотинско потекло и програмите за семејни винарници и семејни дестилерии ја збогатија понудата на вкусните македонски производи. Регистрирани се над **2 500 МАЛИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ,** кои денес легално произведуваат и продаваат домашно произведени **вина, маџун, разни видови слатко и мармалад, ладно цедено масло од сончоглед, производство на јаболков оцет, путер од бадем, ајвар, сокови од калинка, јаболка, рибизла, сирења и кашкавали**.

- ✓ Потпишани договори со **12 мали семејни дестилерии во износ од 3.500.000 денари**
- ✓ Поддржани **15 производители на храна од животинско потекло во износ од 8.100.000 денари**
- ✓ **113 договори со правни и физички лица** – производители на храна од неживотинско потекло во износ од 62.801.300 денари
- ✓ Склучени **139 договори за мали семејни винарници** во износ од **82.000.000 денари.**

## Воведени стандарди за третман и благосостојба на животните

Зголемената свест и ангажман на институциите директно влијаеа врз подобрување на стандардите за третман и благосостојбата на животните во Република Северна Македонија. Низ реални промени во овој важен сектор се промовираа добри практики што ја дефинираат државата како една од најдобрите примери во контекст на грижа за животните и домашните миленици.

- ✓ **За првпат се доби просторен увид на одгледувалиштата во РСМ, преку внесени податоци за географските координати на попишаните одгледувалишта во информатичкиот систем на АХВ. Со оваа активност ќе се подобри контролата на заразните болести кај животните;**
- ✓ **Во 2019 година АХВ активно се вклучи во модулот за следење на ширењето на заразните болести кај животните на EU-FMD при FAO;**
- ✓ **За првпат АХВ спроведе одредување на ефикасноста на вакцинацијата против јазлеста кожа кај говедата;**
- ✓ **Во 2019 година е укината вакцинацијата против класична свинска чума, која беше еден од бенчмарковите за членство во ЕУ.**
- ✓ **Во текот на 2018 и 2019 година се одобрени 7 прифатилишта за кучиња во Прилеп, ЈКП Комуналец, Штип, Кичево, Демир Хисар и Тетово.**
- ✓ **Преземени се активности за стекнување статус земја слободна од класична свинска чума. Донесен акциски план на активности за укинување на вакцинацијата на класична чума кај свињите;**
- ✓ **Преземени се активности за стекнување статус земја слободна од чума кај малите преживари (PPR). Стекнат статус на слободна земја во 2021 година**.
- ✓ Обезбедено **бесплатно микрочипирање на 100 000 домашни миленици и 20 000 копитари**.
- ✓ Воведено е плаќање на трошоците од страна на државата во висина од 50 % од вредноста на вакцинацијата на животните против ентеротоксемија,
- ✓ Намалување на ДДВ за ветеринарно-медицинските препарати од 18 на 5 %.

## Европски закони за македонски земјоделци

Приспособувањето на македонското законодавство кон европските прописи е клучно во процесот на апроксимација во Европската Унија. Во тој правец, во консултации со засегнатите страни, невладиниот сектор и со помош на европските партнери успеавме да донесеме нови закони и да ги модернизираме постојните со инкорпорирање на директивите од европското законодавство.

- ✓ **Закон за** зоотехника
- ✓ **Донесен нов Закон за** нуспроизводи од животинско потекло
- ✓ **Закон за** советодавни услуги
- ✓ **Закон за** дивечот и ловство
- ✓ Подготвен е Закон за рибарство и аквакултура **и доставен до Собранието**

- ✓ Изготвен е Законот за вино **и доставен до Собранието**
- ✓ **Направени измени на** Законот за земјоделство и рурален развој
- ✓ **Изготвени измени на** Законот за земјоделското земјиште
- ✓ **Подготвени** измени на Законот за пасишта
- ✓ Нов Закон за донирање храна

## Историски и европски раст на земјоделството 2024-2028!

**1.5 милијарди евра домашно производство!**
**1,25 милијарди евра извоз!**
**До 2028 година повеќе извоз од увоз на храна!**

### Рекорден принос, рекордна храна

За остварување рекордно производство на храна, потребно е секако и ИСТОРИСКИ НАЈВИСОКА финансиска поддршка во целиот сектор. Вкупната финансиска поддршка во капитални објекти и мерки со директна финансиска поддршка преку програмата за директни плаќања ќе биде зголемена за 30 %, односно во наредните 4 години во износ од 750 милиони евра, а програмата за рурален развој зголемена на 25 %, односно за наредните 4 години на 100 милиони евра.

Со имплементирање на мерките преку програмите што ги спроведува Владата и МЗШВ на СДСМ во следните 4 години со вложување од една милијарда и триста и педесет милиони евра ќе бидат распределени по програми од капитални инвестиции и програми за директна финансиска поддршка.

- ✓ Преку програма за директна финансиска подршка **750 МИЛИОНИ ЕВРА**
- ✓ Програма за рурален развој**100 МИЛИОНИ ЕВРА**
- ✓ Инвестиции во **системи за наводнување** преку КфВ банката и домашно учество од **100 МИЛИОНИ ЕВРА** и реконструкции и изградба на нови системи за **НАВОДНУВАЊЕ ПРОГРАМА НА ВОДОСТОПАНСТВО 100 МИЛИОНИ ЕВРА**
- ✓ ИПАРД 3 програмата **200 МИЛИОНИ ЕВРА**
- ✓ Проект за модернизација на земјоделско производство **50 милиони евра**
- ✓ **Други проекти,** што се како тампонирање на полски патишта со пристап до нивите, програми за животинско и неживотинско производство, мали семејни винарници, земјоделски задруги, програма за проширена репродукција на шуми и други во висина од **50 милиони евра.**

  Во наредните четири години земјоделскиот сектор преку **директна финансиска поддршка** ќе продолжи да биде поддржуван преку програмите за директна поддршка, каде што во фокусот ќе бидат сите земјоделски стопанства, а посебно значење ќе имаат малите и средните земјоделци, кои своето производство ќе треба да го одржат, но и да вложуваат со цел да има РЕКОРДНО ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА. Преку оваа програма финансиски ќе бидат поддржани сите земјоделци што аплицираат за директни плаќања околу **75.000 земјоделци,** за кои за четири години ќе бидат ставени на располагање 750 милиони евра. Вкупната директната поддршка преку програмите за директни плаќања кон правните и физичките лица ќе биде зголемена за 30 %.

Ќе постигнеме бројот на регистрираните земјоделци според Законот за ПИОМ, Законот за вршење земјоделска дејност и Законот за трговски друштва да се зголеми од сегашните 17 000 на над 20 000 регистрирани земјоделци како физички или правни лица. Ова доминантно се земјоделски стопанства што можат да вложат во развој на своето производство или, пак, да започнат со дополнителни преработки со што би ја зголемиле вредноста на своето производство, а истовремено би обезбедиле и постабилни приходи за своето семејство. На сите овие земјоделски стопанство им стои на располагање Програмата за рурален развој, каде што во следните четири години би се вложиле 100 милиони евра, преку ова програма им стои на располагање субвенционирање до **75 % за набавка на приплодни грла во овчарството, говедарството, свињарството и козарството, инвестиции преку бизнис-план, житни комбајни, промоција на домашна храна преку меѓународни саеми и локални манифестации** и сите други форми за модернизирање на самото земјоделско стопанство. Вкупната поддршка преку **Програмата за рурален развој за физички и правни** лица ќе биде зголемена за 20 %.

Климатските промени значително влијаат врз земјоделскиот сектор. Ризиците за негативно влијание на приносите и на зголеменото користење на заштитни средства, се зголемуваат. Затоа капитални инвестиции во нови системи за наводнување и реконструкција на постојните ќе овозможи, пред сè, зголемено производство, поголеми приноси и, секако, намалување на ризиците за производство и рентабилност на земјоделците во период на изразени суши. Преку програмите на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во наредните 4 години се планирани вкупно **200 милиони евра, од кои преку Програмата за водостопанство со планирани инвестиции над 100 милиони евра и програма со задолжување преку КфВ банката од 100 милиони евра.**

Преку програмата на ИПАРД 3 ќе бидат вложени во земјоделскиот сектор во производство на храна, но и во рурален развој преку диверзификација на бизниси ќе бидат вложени над **200 милиона евра во наредните 4 години**. Со овие вложувања ќе бидат покачени стандардите на севкупното производство на храна како во примарно производство, така и во преработка на производи во целиот сектор земјоделство, зголемување на конкурентноста на земјоделците и домашните фирми во производството на домашна храна и, секако, воведување нови технологии.

Во првата **година од мандатот** ќе биде изграден **откупно-дистрибутивниот центар во Скопје и два откупни центри во Струмица и Ресен.** За реализација на ова ќе бидат инвестирани **40 милиони евра**. Со изградба на вакви значајни капитални објекти за модернизација на земјоделството, на самите земјоделци и фирми ќе им биде овозможено своите производи да ги понудат на место на кое се одвива трговија со сигурна наплата и без уценување кон земјоделците од поединци, намалување на сивата економија, зголемен стандард

на производство и подобрен квалитет на земјоделските производи.

Преку другите програми што се спроведуваат во самото Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се неопходни за раст и развој на секторот, ќе бидат инвестирани **50 милиони евра**, тампонирање на полски патишта со пристап до нивите, програми за животинско и неживотинско производство, мали семејни винарници, земјоделски задруги, програма за проширена репродукција на шуми и други.

Новата програма на СДСМ 2024-2028 нуди и проверени, иновативни и продуктивни решенија за земјоделците и за агробизнисот, како што се:

- ✓ **Авионско засејување на облаците со сребро јодит**. Иако многу години земјоделските посеви беа оставени без никаква заштита од временски непогоди од град, земјоделците постојано се жалеа дека се прават големи штети на насадите на отворено, бидејќи карактеристично е град во облаците да се создава во пролетните месеци како мај, јуни и јули, најмногу токму тогаш кога земјоделските култури се во процес на родност, но уште е рано за берба. Затоа се решивме на ваков чекор иако за ова се немаше никакво претходно искуство. Ова мерка во Програмата за рурален развој за првпат се предвиди во 2020 година и оствари добри резултати. Затоа годишно ќе се одвојуваат околу **1,2 милиони евра за продолжување со авионското засејување на градобијни облаци.**
- ✓ **Националната рурална мрежа** се воспостави 2022 година, а првите активности во висина од 10 милиони денари беа финансирани 2023 година. Продолжуваме со финансирање на активностите и до 2028 година буџетот ќе го зголемиме за **100 %. што значи би изнесувал 20 милиони денари.**
- ✓ **Финансиската поддршка на локалните манифестации** во изминатите 4 години се покажа како мошне масовна, прифатена и добра манифестација за промовирање на домашната локална храна годишно, и до 70 манифестации се финансираат во висина од 120 000 денари поединечно по манифестација. Токму затоа, успехот го подобруваме со продолжуваме на финансирањето на локалните манифестации, кои полека стануваат препознатливи во средините каде што се одржуваат и до 2028 година вкупниот износ на финансиска поддршка ќе се зголеми на 200 000 денари по манифестација.
- ✓ **Организирање и финансиска поддршка на меѓународните саеми** во земјоделскиот сектор продолжува и понатаму, и тоа со зголемен буџет од најмалку **еден милион евра**. Овие меѓународни саеми се значајни за зголемување на извозот на домашната храна во светот, а воедно се нови можности за изнаоѓање нови пазари и нови деловни соработници.
- ✓ Еден од растечките трендови во земјоделството секако е **органското производство**. Финансиската поддршка во органскиот сектор ќе биде насочена кон зголемено финансирање на органски производи што ќе се најдат на пазарот, отворање продавници со органско производство од домашно потекло.
- ✓ Мерката која е дел од руралната програма и е капитална инвестиција е **мерката бизнис-план,** која ги таргетира регистрираните земјоделци според Законот за ПИОМ, Законот за вршење земјоделска дејност и Законот за трговски друштва. Мерката е насочена токму кон средните земјоделци што имаат план и можност за развој и зголемено производство на домашна храна. Прифатливи трошоци во бизнис-планот се до 20 000 евра, а повратот на средствата е до 60 %.
- ✓ **Доделување нови комбајни за жито** каде што се опфатени земјоделци со средна големина, односно со најмалку 10 хектари засеани под жита може да бидат корисници на мерката и да набават комбајн за жетва во висина од 6 милиони денари и поврат на средства до 75 %.
- ✓ **Малите земјоделци** што нема да бидат во можност да аплицираат за **ИПАРД 3 програма** ќе бидат опфатени во руралната програма и тоа за подигање лозови и овошни насади, набавка на системи за наводнување, за приклучна механизација во висина до **10 000 евра.**
- ✓ Финансирање со **50 % од трошоците за советодавни услуги** земјоделците ќе можат да користат услуги од корпоративни советници.
- ✓ Набавка на **приплоден добиток во сточарството** е мерка што ќе ги даде очекуваните резултати, а ќе се однесува за купување педигрирани јуници, маторици овци и кози, инвестицијата е со поврат до 75 %.
- ✓ **Младите земјоделци** на возраст до 40 години што започнуваат бизнис во земјоделство, без разлика дали било почеток во растително производство и дали примарно производство или преработки од растително производство, или пак во сточарско производство, дали би купувале добиток или преработки од млеко и месо, **сите добиваат грант до 10 000 евра, од кои 40 % имаат авансна исплата, а најавуваме зголемување на грантот за 50 % од 10 000 евра на 15 000 евра, почнувајќи од 2026 година**.
    - **Младите земјоделци** што го преземаат земјоделското семејно стопанство добиваат **ГРАНТ ДО 20 000 ЕВРА**.
    - **100 % пораст на субвенции** за директни плаќања во првите 5 години за млади **земјоделци кога го преземаат бизнисот и се запишуваат во ЕРЗС.**
- ✓ За **ЖЕНИ ЗЕМЈОДЕЛЦИ** ја зголемуваме финансиската поддршка, која е во форма на грант од **6 000 евра и зголемување на грантот на 10 000 евра**. Финансиската поддршка се однесува да жените што се членови или носители на семејни земјоделски стопанства и сакаат да почнат бизнис со преработка или доработка на своето примарно производство што го имаат.
- ✓

## Дигитализација и иновации во земјоделство

Користење нови напредни технологии во земјоделството е со цел да се добие економски раст и развој на земјоделците, со што ќе се овозможи добивање максимално производство од своите површини, навремени и точни информации што ќе овозможат навремена и правилна заштита на посевите, зголемена продуктивност и зголемени приходи на земјоделците.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе продолжи во континуитет да работи на надградба и подобрување на информациските системи во земјоделството преку дигитализација, со цел подобрување на податоците за креирање политики и мерки во насока на транзиција кон попродуктивно и одржливо земјоделство, во согласност со целите за одржлив развој.

- ✓ Во **2025** ќе се заврши со **Стратегијата за дигитализација во земјоделскиот сектор.**
- ✓ Преку инвестиции од програма за рурален развој и **Управата за хидрометеоролошки работи** се инвестира во нови, но и во реконструкција на веќе постојни метеоролошки станици што ќе овозможат собирање метеоролошки податоци, кои потоа во посебен софтвер се преработуваат и преку посебна **МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА,** која ќе биде достапна преку интернет-платформа, ќе ја користат земјоделците во носење свои одлуки кога правовремено да се врши заштита, наводнување и други активности на поле.
- ✓ **ПАМЕТНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО** ќе овозможи користење комбинација на паметни технологии поврзани со сензори, интернет, автоматизација и други интернет платформски алатки.
- ✓ **Прецизно земјоделство**, поврзано со мерните станици, поставените сонди, користење слики од различити фенофази на растението ќе овозможи ефикасно и напредно користење на земјоделски практики за следење, обработка и заштита на земјоделските посеви и насади.
- ✓ **Користење дронови и сателити** за вршење заштита, потреба од наводнување или користење вештачки ѓубрива ќе овозможи добивање максимални приноси на посевите и насадите.

**Почнувајќи од 2025 година,** со воведување на целосно електронско аплицирање од **Програмата за финансиска поддршка во земјоделството со електронски потпис/токен.**

- Ваквото електронско аплицирање ќе значи дека административната обработка на предметите ќе се завршува за многу пократок временски период, а тоа ќе значи можност за побрза обработка на документи и побрза исплата на субвенции, или поедноставно кажано, година за година ќе можат да се исплаќаат субвенциите.
- Предноста од ваквото електронско аплицирање ќе биде забрзана постапка за аплицирање, со што земјоделците ќе трошат помалку време за чекање, ќе се избегне делот на печатење на апликациите, со што ќе се заштедат и време и пари за печатење хартија, пошта и слично.
- 

Целосно применлив нов модел на субвенционирање базиран врз производство и спроведлив веднаш по парламентарните избори, како продолжување на започнатите иновации и спроведување на нови мерки, како што се:

- ✓ Продолжувајќи го новиот модел на субвенционирање, продолжува и зголемувањето на субвенциите за рекордно производство на храна.
- ✓ Во **2024 година** зголемување на **субвенции по грло кај кравите** за постари од 12 месеци, **за 300 %,** од **4 000 денари на 12 000 денари**, во 2026 година зголемување на 15 000 денари и до 2028 година зголемување на 20 000 денари по грло.
- ✓ Зголемување на **субвенциите кај овчарството** кај овците постари од 12 месеци, **во 2026 година за 50 % од 2 000 денари 2024 на 3 000 денари во 2026 година.**
- ✓ Зголемување на **субвенциите за 150 % кај предадено јагне** во регистрирани кланични капацитети од **400 денари на 1 000 денари.**
- ✓ Зголемување на **субвенциите во свињарството** кај маториците за **300 % од 1 000 денари на 3 000 денари.**
- ✓ Во растителното производство каде што со новиот модел, поддршката е фокусирана на производството.
- ✓ **Зголемување за 50 %** кај производството на квалитетно грозје од кое ќе се добиваат висококвалитетни и премиум вина, висината за финансиска поддршка ќе изнесува **60 000 денари за хектар.**
- ✓ Воведување **редовна мерка субвенција за производство на пченица од 2 денара** за произведен и предаден килограм кај регистрирани преработувачи.

Почнувајќи од 2027 година и воведување дел од субвенциите да бидат исплаќани на посебна наменска картичка што земјоделците би ги користеле исклучиво за набавка на репроматеријали.

За производители на тутун

- ✓ **ВЕДНАШ** се воведува **6 000 денари субвенција по хектар**
- ✓ **ВЕДНАШ** се воведува **зелена нафта** во висина **12 000 денари** по **хектар** за пријавена површина за користење субвенции за директни плаќања
- ✓ **ВЕДНАШ** се воведуваат и дополнителни **20 денари по килограм на откупен тутун доколку родот е помал од 15 000 тони по реколта**
- ✓ Преку руралната програма ќе бидат опфатени трактори и приклучна механизација за производителите на тутун, бидејќи како производство на тутун не е опфатено во ИПАРД 3 програмата.

Со донесување на **Законот за вино**, предвидено е да се носи посебна програма за развој на лозарството и винарството. Затоа во оваа програма ќе бидат преземени сите мерки што се однесуваат на лозарството и винарството од програмата за директна финансиска поддршка и руралната програма.

- ✓ Финансирање систем со база на податоци за водење единствен катастар на лозовите насади.

- ✓ Преку оваа програма ќе се дадат нови можности за финансиска поддршка во активности поврзани со промоцијата на виното во Македонија преку регистар на вина, препорачани цени на вина во ресторани, обележување на сите винарници, вински инфлуенсери, продажба преку интернет.

**Секоја година од 2024 до 2028 би означувала значајна карактеристична промена, СЕКОЈА ГОДИНА, ГОДИНА НА ПРОГРЕС**

- ✓ 2024 година - година на сточарството
- ✓ 2025 година на усвојување на законите што се важни за подобрување на бизнис-климата во земјоделскиот сектор
- ✓ 2026 година отворање на двата откупни центра во Ресен и Струмица и големиот откупно-дистрибутивен центар во Скопје
- ✓ 2027 година на воведување посебна наменска картичка која земјоделците би ја користеле за купување репроматеријали, што значи дека најмалку 30 % од субвенциите земјоделците би ги добивале на оваа наменска картичка
- ✓ 2028 година на завршување на преговорите со Европска Унија

**Зголемување за 40 % на студентските стипендии за студенти од областа на земјоделските, шумарските и ветеринарните** науки на јавните високообразовните установи во висина од **18 000 денари на 25 000** денари за период од 9 месеци во годината, почнувајќи од 2025 година, и **гарантирано вработување на сите дипломирани студенти.**

- ✓ Формирање на Агенција за управување со државно земјоделско земјиште, која ќе го регистрира целокупното земјоделско земјиште во државна сопственост, вклучително и пасишта и необработено земјоделско земјиште во приватна сопственост и ќе ги спроведува сите постапки за закуп, користење, консолидација, продажба, согласности за градба.
- ✓ Воспоставување целосен интегриран систем за управување со водите преку формирање Агенција за води.
- ✓ Зголемување на **Програмата за мајчинство во 2024** година на **100 000 денари** како надоместок за 9 месеци породилно отсуство, во **2027 година зголемување на 150 000** денари.

Програмите за создавање мали семејни бизниси кои во иднина имаат потенцијал за раст и создавање нови производи и нови додадени вредности од самите земјоделци, во наредните 4 години ќе добиваат зголемена финансиска поддршка.

- ✓ Во **2024** година продолжување на финансирањето со **10 000 евра програми за мали семејни винарници**, за производи од животинско потекло и производи од неживотинско потекло и нивно зголемување за **50 %, односно на 15 000 евра по корисник од 2026 година.**
- ✓ Зголемување на 10 000 евра, почнувајќи од 2026 година за програмата за мали дестилерии.
- ✓ Воведување нова програма во висина од **10 000 евра д 2025 година** за уредување на **семејни домаќинства во рурални предели** за развој на рурален туризам со можност за ноќевање и угостителски услуги.
- ✓ Со носење на **Законот за земјоделство и рурален развој** ќе се воведе финансиска програма во 2025 година за финансиска поддршка за **постојните земјоделски задруги од 50 000 евра и за новоформираните земјоделски задруги од 25 000 евра.**
- ✓ За што поголема **независност на самиот сточар** што има свое производство на млеко и месо и полесен пристап на пазар за производи од млеко и од месо и запазување на европските стандарди за преработки од млеко и месо, од 2025 година ќе започнеме со спроведување на програми.
- ✓ За **мобилни кланици, мобилни молзилишта и мобилни мандри** ќе биде новата програма што ќе започне за првпат од 2025 година, која ќе овозможи сточарите да бидат директно присутни на пазарот. Програмата ќе започне со **висина од 15 000 евра финансиска поддршка.**
- ✓ Заради зголемено домашно производство на пилешко месо, а со тоа започнување на одгледување на бројлери, во помали фарми ќе се воведе нова програма за финансиска поддршка од 10 000 евра.
- ✓ За зголемување на производството на млеко, воведување на посебна програма за олеснување и намалување на работна рака преку нови системи за молзење на краварски, овчарски и фарми на кози во висина до 10 000 евра. Кај кравите целна група ќе биде големината на фарми од 10 до 50 крави, каде што ќе бидат опфатени 1 800 земјоделци.
- ✓ До 2028 година двојно зголемен буџет во сточарско производство, особено за млеко и месо, и тоа во говедско производство и пилешко месо за производство на бројлери од досегашните 35 милиони евра на годишен буџет од 70 милиони евра.

## Македонското земјоделство во регионот и европа

Во рамките на иницијативата **Отворен Балкан**, МЗШВ и во наредните 4 години ќе биде дел од организацијата на винскиот саем **Wine Vision**, кој се одржува во Белград, исто така во рамките на Отворен Балкан. Редовните состаноци меѓу министрите за земјоделство на Република Албанија, Република Србија и Република Северна Македонија ќе продолжат да се одржуваат со што ќе се работи посветено и на проширување на иницијативата Отворен Балкан.

МЗШВ преку членството во меѓународните организации ќе продолжи да членува и да биде активно во сите сфери на интерес за подобро меѓународно претставување на министерството, но и на други агенции што се во надлежност на МЗШВ, а самите се директно членки во специјализирани европски и светски организации.

Од 2024 година МЗШВ ќе има двајца свои постојани претставници во Брисел, со цел подобрена и забрзана комуникација меѓу министерството и агенциите во надлежност на МЗШВ. Подобра комуникација со отворање на поглавјата 11, 12 и поглавје 13 како дел од преговарачкиот процес со ЕУ.

Соработката со Светската организација за храна ФАО и натаму ќе продолжи со нови проекти во иднина и процесот на консолидација.

## Рекордни инвестиции за рекордно земјоделство

✓ **откупно-дистрибутивни центри во Струмица и Ресен**

Откупно-дистрибутивните центри во Струмица и Ресен предвидуваат собирање, сортирање, редење и ладење на зеленчук и овошје наменети за домашни и меѓународни пазари, со капацитет од бруто-површина од 6 000 квадратни метри во Струмица и 6 000 квадратни метри во Ресен.

✓ **Логистичко-откупен центар Гази Баба**

Изградба на објект за логистичко откупен центар за земјоделските производи и храна, за обуки и советодавни услуги за земјоделците согласно со одредбите од поглавје 12 од ЕУ преговарачката рамка.

✓ **Безбедно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло**

Воспоставување систем за безбедно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло во согласност со одредбите пропишани во преговорите со ЕУ, поглавје 12, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика. Операционализација на системот за контрола на нуспроизводи од животинско потекло покрај целиот синџир (производство, одвојување, складирање, транспорт, отстранување и/или обработка). Од оваа потккомпонента се очекува значително да ги намали емисиите на стакленички гасови од одлагањето на добитокот по воспоставувањето систем за безбедно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло, кој е во согласност со националното и ЕУ-законодавството. **Вкупната инвестиција за овие градби е околу 40 милион евра.**

## За европско земјоделство, согласно со барањата на македонските земјоделци

Започнување отворена, јавна, стручна и земјоделска дебата за стратегиски промени во македонското земјоделство. Ќе пристапиме кон создавање постепен, но динамичен модел за решавање на проблемот на малите земјосопственици и државното земјоделско земјиште, а со цел тоа да може да се обработува. Целна група е 5 до 10 000 земјоделци.

✓ Во сосопственост меѓу државата и/или физички и/или правни лица има 79.173,15 хектари земјоделско земјиште со 42 060 парцели, од кои 48.594,38 хектари обработливо земјиште со 34 226 парцели и 30.578,77 хектари пасиште со 7 834 парцели. Во практика, овие сопственици можат да управуваат со земјоделско земјиште само во постигнување заеднички консензус. Ова значи дека уделот на државата во сосопственост не може да се изнајмува или да се продаде и останува несоодветно употребен.

✓ Предлогот е да отвориме една јавна дебата меѓу сите политички чинители, засегнати земјоделци, земјоделски здруженија, земјоделски задруги, научната фела од земјоделските факултети, вклученост на јавните медиумите и сите други што сакаат да дадат свој придонес за креирање подобро земјоделство во иднина.

**Приватното напуштено земјоделско земјиште да може да се стави во функција** да се обработува, а воедно и сопствениците на земјоделското земјиште да добијат закупнина според пазарните вредности, да се направи консолидација или окрупнување на парцелите без промена на правото на сопственост, а на земјоделците што сакаат да работат земја да добијат економски ефикасни земјоделски површини.

Уредување со измени во **Законот за земјоделско земјиште** да се овозможи **издавање за закуп на државно земјоделско земјиште на помали парцели** што се наоѓаат во блокови каде што од сите страни се граничи со блок што веќе е издаден под договор за наем, а под услови по кои го има во договорот.

✓ Измени во Законот за земјоделско земјиште за поедноставување на постапките за продолжување на договорите за закуп на земјоделско земјиште за над 2 000 договори што ќе истечат во следните 4 години, и тоа без трошоци за геодетски елаборати и продолжување во еден ден со поднесување барање за продолжување на договорот.

✓ **Ставање во функција на 1 600 хектари под долгогодишни насади подигнати од претходни закупци што го напуштиле одгледувањето на лозовите и овошните насади што се напуштени или небработени, а не се издадени под концесија**, договорот им е истечен, досега немаа правна можност да бидат издадени поради постоење насади, а во моментот никој не ги обработува, со законски измени да се овозможи вакви насади да можат да се објават на оглас за давање под концесија.

✓ **Ставање во функција на целокупното државно земјоделско земјиште што се води како земјоделско земјиште, а со години не е обработувано и е обраснато со проретчени дрвја и грмушки**, за тоа земјиште има заинтересирани инвеститори.

✓ **Изготвување нова мерка за финансиска поддршка за ископачување на исушени или целосно напуштени лозови и овошни насади,** каде што со претходен записник од Државниот инспекторат за земјоделство ќе се утврди дали насадите се напуштени и не се обработуваат, претставуваат извор на болести и штетници што негативно влијаат врз насадите во околината и предизвикуваат економски штети на сопствениците кои редовно вршат кроење, орање и користат препарати за заштита на својот насад. Предлогот е, пример, да бидат необработувани најмалку три години.

✓ **Конечно и трајно решение за децениски застарен проблем првично во Пелагонискиот Регион,** а потоа и секаде каде што земјоделците се соочуваат со исти или слични проблеми, првично решавање на **2 000 земјоделци** на кои име е вратено земјоделско земјиште преку процес на денационализација во изминатите 20 години, а парцелите се наоѓаат во средината на блоковите што се дадени на долгогодишен закуп на **ЗК Пелагонија.**

✓ Реформите во стопанисување со пасишта во државна сопственост се однесуваат на тоа сточарите да можат долгорочно да земаат пасиште под закуп до 20 години и воедно за потребите за одржување и проширување на сточниот фонд да можат да изградат бачила и објекти во функција на стадо, како

што се објекти за преработка на млеко и чување и одржување производи од фармата, но и можност за обработување пасишта заради зголемување на квалитетот на тревата.

### Капитално земјоделство, вода за секој земјоделец

- ✓ Програма за наводнување на Северна Македонија финансирана од Германска кредитна банка – KfW (80 мил. евра кредит и 30 мил. евра буџет)
- ✓ **Проектирање на четири системи за наводнување (2024 - до средината на 2025):**
- ✓ **систем Лисиче** (3500 ха нов систем за наводнување во регионот на Општина Чашка и Општина Велес), опфаќа проектирање на главен цевковод со дистрибутивна мрежа и 2 мали ХЕЦ)
- ✓ **систем Пепелиште** (3500 ха, проект за реконструкција и проширување на постојниот систем за наводнување), опфаќа проектирање на главен цевковод со дистрибутивна мрежа и 3 пумпни станици
- ✓ **систем Валандово** (1000 ха, проект за реконструкција на постојниот систем), опфаќа главен цевковод со дистрибутивна мрежа и една пумпна станица)
- ✓ **систем Конско** (6500 ха, проект за реконструкција и проширување, односно нов главен цевковод од брана Конско до Дојранско Езеро, со дистрибутивна мрежа, поврзување на бунарското подрачје Ѓавато, и две-три мали ХЕЦ)

Изградба на четири системи за наводнување во период од средината на 2025 до 2028 година

- ✓ **Програма за 2 и 3 фаза на ХС Злетовица** – (45 мил. евра), реализација по обезбедување средства во рок од 4 години
- ✓ Изградба на главен цевковод и дистрибутивна мрежа за 3500 ха и изграба на 5 мали ХЕЦ
- ✓ **Изградба на 2 фаза од системот Равен - Речица**, дистрибутивна мрежа на 3300 ха, со проценета вредност од 1.230.000,000 денари, период 2025-2027
- ✓ **Изградба на два мали система за наводнување во Сопот и Новаци** (околу 700 ха вкупно финансирани со 4,1 мил. евра грант од ЕУ и 1,5 мил. евра буџетско учество), период 2025-2026
- ✓ **Изработка на проекти за санација на сифони во Тиквеш и Свети Николе** (2024-2025) и нивна етапна санација (2025-2028) во согласност со потребните средства и можности, проценета вредност од 180.000.000 денари
- ✓ **Изработка на техничка документација за реконструкција на пумпни станици во Тиквеш** (2025) и нивна етапна санација (2026-2029), во согласност со потребните средства и можности, проценета вредност од 80.000,000 денари
- ✓ **Изработка на техничка документација за реконструкција и санација на делови на левиот и десниот канал во ХС Брегалница** (2024-2025), и нивна санација, во согласност со потребните средства и можности, проценета вредност од 120.000,000 денари
- ✓ **Реконструкција на дел од доводен цевковод од ХС Мавровица** (2024-2025), со вкупна вредност на инвестицијата од 60.000,000 денари
- ✓ **Модернизација и автоматизација на пумпна станица Таор,** вклучувајќи и дел од мрежата за одводнување (проектирање и изведба) (2026-2028), со проценета вредност на инвестицијата од 40.000,000 денари
- ✓ **Рехабилитација на IV гранка од ХС Кумановски - Липковско Поле** (проектирање и изведба) (2024-2027, со проценета вредност на инвестицијата од 30.000,000 денари
- ✓ Изработка на проектна документација за рехабилитација, санација и модернизација на главна и делнична мрежа во **ХС Струмичко поле** (2025-2028), со проценета вредност од 30.000.000 денари
- ✓ Изработка на техничка документација за галерија на **брана Калиманци.**
- ✓ **Зафат на река Брегалница за Прибачевски јаз и Зрновски јаз** - вредност 52.172.990.00
- ✓ **Зафат на Кочанска Река на влив во реката Брегалница** – вредност 10.079.709.00

### Зелена транзиција, зелени политики

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе биде вклучено во долгорочната стратегија и планот на зелена транзиција, со што во систематизацијата во 2024 година ќе биде формиран сектор/одделение за креирање и следење на ефектите од климатските промени и изготвување мерки како дел од зелената агенда на ЕУ до 2030 година.

- ✓ МЗШВ ќе продолжи со својот придонес кон **Зелениот договор на ЕУ** со континуираното зголемување на пошумувањата на голини и ерозивни подрачја со што на годишно ниво ќе се озеленат нови од 500 до 1 000 хектари.
- ✓ Мерки за поддршка за намалување на стакленички гасови
- ✓ Инвентаризација на шуми
- ✓ Поддршка за вложување во обновливи извори на енергија
- ✓ Користење европски фондови наменети за зелена транзиција на земјоделскиот сектор.

### Шумарство

Владата на СДСМ во првите години на следниот мандат ќе го доврши започнатиот процес на трансформација на шумарството во државата, а што е заложба на сите влади во последните дваесетина години, со имплементацијата на новиот Закон за шумите и новиот Закон за формирање агенција за шуми.

Преку програмата на ИПАРД, Владата на СДСМ за првпат ќе финансира набавка на специјализирани трактори и приклучната опрема за шумарство, за што ќе можат да аплицираат сопствениците на приватните шуми и субјектите што имаат државна лиценца за извршување на шумските активности.

**Владата на СДСМ,** во следниот мандат ќе разгледа можност за **субвенционирање на огревно дрво за домаќинствата преку поврат на дел од средствата евидентирани на фискалната сметка**.

Со новодонесениот Закон за дивечот и ловството, Владата на СДСМ во следниот четиригодишен период ќе ја продолжи својата темелна заложба за поголема заштита и одгледување на дивечот, како и за традиционалната достапност на ловците кон терените и ловиштата. Во постапката за добивање на дивечот и ловиштата, предност ќе имаат досегашните ловечки друштва.

Нашата цел е огревното дрво да биде државен ресурс, преку што ќе се воведе ред, ќе се спречи дивата сеча и ќе се задоволат потребите на македонските граѓани. Од тие причини, ќе забраниме извоз на македонско дрво, до воведување на целосно нов систем во 2024 година, пред почетокот на грејната сезона.

### Поддршка во развојот на пасиштата во државна сопственост

ЈП за стопанисување со пасишта, согласно со досегашните мерки предвидени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, и тоа:

- ✓ системи за снабдување со вода, вклучително и бунари и водопоила на пасишта во државна сопственост;
- ✓ електрификација на пасиштата во државна сопственост (освен за громобрани на пасишта);
- ✓ инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- ✓ изградба и/или реконструкција на придружни објекти на пасишта во државна сопственост;
- ✓ монтажни куќарки за овчари,
- ✓ фотоволтаици за основно снабдување со електрична енергија за бачила.

Со ова значително ќе се придонесе за подобрување на условите на сточарите и директно ќе влијае врз нивната ефективност, економска оправданост и квалитет во работењето.

## Европски закони, за македонско земјоделство сега

### Земјоделство и рурален развој

- ✓ Закон за земјоделство и рурален развој во 2025 година

  Со законот ќе се уреди финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, државната помош во земјоделството, финансиската поддршка за уредување на пазарите на овошје и зеленчук, формите на здружување на земјоделските стопанства и поддршката на тие форми, откупот на земјоделските производи, препознавањето и поддршката на земјоделските задруги и начинот на исплата на целокупната финансиска поддршка.

- ✓ Закон за органско земјоделско производство до крајот на 2024 година

  Со новиот Закон за органско земјоделско производство се обезбедува основа за одржлив развој на органското производство и неговите позитивни влијанија врз животната средина, притоа осигурувајќи ефективно функционирање на внатрешниот пазар на органски производи и лојална конкуренција, на тој начин помагајќи им на земјоделците да остварат објективен приход, осигурувајќи ја довербата кај потрошувачите, заштитувајќи ги интересите на потрошувачите и поттикнувајќи кратки дистрибутивни канали и локално производство.

  Со новиот Закон за органско земјоделско производство правилата за производство ќе бидат поедноставени и дополнително усогласени преку укинување на исклучоците и отстапувањата, како и олеснување на сертификацијата за малите земјоделци, благодарение на новиот систем за групно сертифицирање. Со новиот систем на групна сертификација ќе се намалат трошоците за инспекција и за сертификација и поврзаните административни оптоварувања, што претпоставува поконкурентен пласман на пазарот и обезбедување еднакви конкурентни услови со субјектите во други земји.

- ✓ Закон за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во првата половина на 2025 година

  Со Законот за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата се уредува начинот на финансирање во рибарството и аквакултурата согласно со правото на ЕУ, со што со денот на пристапување во Европската Унија ќе се овозможи користење на средствата од фондот за рибарство и аквакултура на ЕУ.

- ✓ Закон за донирање вишок храна до крајот на 2024 година

  Во светот, 1/3 од вкупно произведената храна на годишно ниво се фрла, додека истовремено околу 800.000.000 луѓе се со ризик од глад, и 5.000.000 деца умираат од глад. Донацијата на храна има значително влијание врз социјалните и економските импликации во борбата против сиромаштијата и гладот, и истовремено значително придонесува за одржлив систем на храна, намалување на загадувањето на животната средина и одржлив развој. Како дел од превенцијата и намалување на фрлањето храна, донацијата на храна е вградена во клучните приоритети и иницијативи на Европската Унија. Во сите земји членки постои систем за донација на храна (преку различни облици на организација на НВО, банки за храна, хуманитарни организации итн.), со голем придонес во борбата против сиромаштијата и помош на најзагрозените (особено во економската криза). Ние сме рангирани на осмо место во светот по количина фрлен отпад, по жител, а истовремено, спаѓаме во групата пет најранливи земји во ЕУ од климатски промени. Податоците за фрлање на околу 10 000 тони на храна на годишно ниво, во вредност од 12.000.000 ЕУР, што може да се пренамени за донација, јасно укажуваат на важноста на проблемот и потребата од кредибилни и усогласени политики, преземање одговорност и акција на сите нивоа и целото општество.

  Со Законот за донирање вишок храна ќе се уредат условите, начинот и постапката на донирање вишок храна, ќе се воспостави систем на донирање вишок храна како и спречување или намалување на отпад од храна, ќе се регистрираат оператори со донирана

вишок храна – посредници, точно ќе се знаат кои се корисници и крајни корисници и спречување можности од злоупотреби при ракување со донирана храна. Целта на законот е да се организира ефективен проток на безбедна и квалитетна вишок храна до корисници и крајни корисници, следливост од страна на надлежните институции. Носењето на законот ќе придонесе за остварување на основното човеково право за пристап до храна како и усогласено одвивање на процесот согласно со начелото за солидарност и хуманост и ограничување на негативните ефекти на отпадот од храна врз животната средина. Исто така, се овозможува воспоставување електронски систем, платформа на која ќе може да се следи целиот систем на донација на храна.

## Управување со земјоделското земјиште

✓ Закон за земјоделското земјиште до крајот на 2024 година

Во РСМ од вкупно евидентираното земјоделско земјиште од околу 570 000 хектари, се обработуваат околу 310 000 хектари, што значи над 250 000 хектари не се обработуваат. Ваквите податоци охрабруваат да се уреди законски механизам за точна идентификација и евиденција на ваквото земјиште. Идентификацијата би се вршела со увид во податоците од ГКИС-системот на Агенцијата за катастар на недвижности, системот за идентификација на земјишни парцели и други авионски и сателитски снимки, кои површини подоцна би се категоризирале во три категории во зависност од состојбата во која се наоѓа земјиштето и соодветно на тоа би се користеле законски механизми за нивно враќање во функција на земјоделско производство. Една од новите мерки е можноста државата да го издава под закуп необработеното земјиште во приватна сопственост во иста постапка како и државното земјоделско земјиште, по претходна согласност на сопствениците на земјиштето, а во исклучителни ситуации кога земјиштето е во сопственост на починато лице, за кое не може да се утврди носителот на правото на сопственост, живеалиштето или престојувалиштето на носителот на правото на сопственост е непознато, носителот на правото на сопственост или неговиот законски застапник во Република Северна Македонија се наоѓаат во странство, државата да го дава под закуп за одгледување на други земјоделски култури (едногодишни полјоделски или градинарски) за период од една година. Тука би се предвидувале многубројни заштитни механизми за сопствениците на земјиштето како тоа дека на ваквото земјиште не може да се градат објекти, дека приходот од закупнината ќе се распределува 80 % за сопственикот, а 20 % на име надоместок на административни трошоци, дека сопственикот може во секое време да го продава, разменува или подарува земјиштето и дека сопственикот во секое време може да побара да се раскине договорот за закуп под определени услови.

Во иднина јавните повици и огласи наменети за месното население наместо до 3 хектари ќе се објавуваат за до 10 хектари за да се овозможи малите фарми да се здобијат со површини во големина што ќе му овозможи профитабилно земјоделство, а максималната површина што ја поседуваат во закуп, над која повеќе не можат да учествуваат на огласи до 10 хектари се зголемува од 10 на 30 хектари.

Во однос на објектите за промоција на земјоделски производи и објекти за спортско-рекреативни активности, ќе се направат приспособувања во функција на создавање услови за поголема апсорпција на средства од ИПАРД наменети за руралниот развој и тоа се врши на начин што се предлага во иднина наместо објекти за промоција на земјоделски производи на земјоделско земјиште во подрачјата со ограничена можност за земјоделска дејност, да може да се градат објекти за промоција на земјоделски производи и за рурален развој, што претпоставува дека во иднина на земјоделско земјиште во руралните подрачја ќе може да се градат мини угостителско-сместувачки капацитети кои се прифатливи за финансирање преку ИПАРД-програмата и кои објекти ќе можат во значително побрза постапка да обезбедат потребни одобренија за градење отколку да се урбанизира и да се пренамени определениот простор каде што се планира градбата.

✓ Закон за пасишта до крајот на 2024 година

Со донесување на Законот за пасиштата ќе се поедностават постапките за давање на користење на пасиштата, се зголемува рокот на важење на договорите за користење на пасиштата од 10 на 20 години, се дава можност за градби на пасишта наменети за преработка на сточарски производи, со цел заокружување на процесот на примарното земјоделско производство и преработка на земјоделските производи на едно место во поедноставена постапка за поекономично производство на храна. Исто така, се дава можност за агротехнички мерки на пасиштата за зголемување на квалитетот и квантитетот на храната за напасување со што ќе се намали зависноста од набавка на сточна храна. Со сето ова му се овозможува на земјоделецот на едно место да ги искористува пасиштата, на исто место да прави и преработка на сточарските производи, исто така преку можноста за агротехнички мерки ќе се даде можност земјоделецот да има сопствена сточна храна, а со тоа земјоделецот ќе ги намали и трошоците на сточарско производство.

## Шумарство

✓ Закон за шумите и Закон за основање на Агенција за шуми во 2025 година

Со новиот Закон за шумите и Законот за основање на Агенција за шуми суштински ќе се реформираат планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата, користењето и заштитата на шумите како добро од јавен и општ интерес, уважувајќи ги основните поставки за стабилен развој на општеството, врз кои природно, интерес покажуваат државата, сопствениците на приватни шуми и граѓаните на Република Северна Македонија.

## Безбедност на храната, ветеринарно здравство и фитосанитарна политика

Во 2025 година ќе се донесат пакет закони од областа на безбедноста на храната, ветеринарното здравство и фитосанитарна политика и дополнително ќе се зајакне и ќе се подигне на повисоко ниво контролата на безбедноста на храната, ветеринарното здравство, безбедноста на храната на животните, благосостојбата на животните и ќе

се усогласат политиките во однос на здравјето на растенијата и исхраната на растенијата со политиките на Европската Унија во оваа област.

- ✓ Закон за официјални контроли во храна, фитосанитарна и ветеринарна политика
- ✓ Закон за здравје на растенијата
- ✓ Закон за исхрана на растенијта
- ✓ Закон за безбедност на храната за животни
- ✓ Законот за заштита и благосостојба на животните
- ✓ Закон за ветеринарно-медицински препарати
- ✓ Законот за ветеринарно здравство

✓

# II. Добро управување - подобар и праведен систем за сите

Доброто владеење и управување, владеењето на правото и функционални институции, кои се сервис на граѓаните е клучен приоритет за СДСМ. Како и досега, така и во наредниот период ќе биде еден од клучните приоритети во спроведувањето на реформите во државата, согласно со барањата и приоритетите утврдени во реформските документи поврзани со пристапниот процес во ЕУ - трите патокази што ги подготвивме по скринингот: патоказот за управување на правото, патоказот за функционалност на демократските институции и патоказот за реформи во јавната администрација.

Политиките за добро управување се клучни за пристапувањето во ЕУ и за развој на општеството.

За СДСМ, од приоритетна важност е да се промени светогледот и да се зајакне свеста дека администрацијата е сервис на граѓаните, а притоа клучно е политичарите и функционерите да бидат пример за сите други во општеството, со својот интегритет и со своето дејствување и работење за доброто на државата.

Имајќи предвид дека администрацијата е слика и столб на државата и на општеството, тогаш принципите на добро управување мора да бидат имплементирани секаде и на сите нивоа. А кога зборуваме за добро управување, зборуваме за транспарентност, отчетност, интегритет, како и за брзи и професионални услуги.

Дигитална трансформација на општеството, транспарентноста и ефикасност на институциите и антикорупциски политики, се испреплетени меѓу себе и директно поврзани со реформите во јавната администрација. Транспарентноста и дигитализацијата се едни од главните механизми за спречување на корупцијата, но и начин како да се навикнат институциите дека треба да бидат отворени и на услуга на граѓаните, за што е подготвено упатство што цели кон јакнење на проактивната транспарентност, сè до конечната цел што треба да биде исполнета во 2030 година.

Процесот на дигитализација ќе биде заокружен во сите општествени сегменти и сектори, а истовремено ќе работиме и на зајакнување на кибербезбедноста. Целосната дигитализација ќе значи целосна реорганизација на јавните институции и нормално побрзи и поефикасни институции со 0 корупција.

СДСМ е посветена на обезбедување слобода на медиумите

Слободата на медиумите за СДСМ е врвен приоритет и ќе продолжиме посветено да ја обезбедуваме на сите нивоа. Посветени сме на градење слободно општество каде што правата и слободите на новинарите, на медиумите се неприкосновени. Доказ за успешноста на тие политики се и извештаите на реномирани меѓународни организации за напредокот на Република Северна Македонија, далеку пред многу држави од нашето соседство. Напредокот што го постигнува нашата држава во делот на медиумските слободи јасно ја покажува заложбата на СДСМ за слободни, професионални и независни медиуми.

За разлика од времето на 11-годишниот режим на ВМРО-ДПМНЕ кога бевме категоризирани како заробена држава, кога се апсеа новинари и се затвораа медиуми, денес Северна Македонија постојано напредува кога станува збор за слободата на медиумите. Институциите денес се многу повеќе транспарентни, а новинарите слободно ја вршат својата работа. Сето ова за нас е дополнителен мотив уште повеќе да ја штитиме и да ја унапредуваме слободата на говор и изразување.

Демократијата се заснова врз владеењето на правото и судската независност, а спроведувањето на законите мора да ѝ служи на потребата за правда и правичност. На сите ни треба систем на правда што ќе ги штити нашите слободи и права и заедничкиот систем на вредности. Потребата континуирано да се развива независното, непристрасно и самостојно судство е неминовна.

Правната држава и владеењето на правото се столбот на секоја земја и секој, без разлика на која партија припаѓа, мора да биде еднаков пред законот. Делењето на правдата мора да биде независно и ослободено од секакво влијание и никој не треба ниту да помислува да влијае врз судските одлуки.

СДСМ е силно посветена на длабоки и суштински реформи во правосудството и доследна борба со криминалот и корупцијата**,** со цел да овозможиме владеење на правото, зацврстување на правната држава и враќање на довербата на граѓаните во правосудството.

Неопходно е ефикасно и објективно „прочистување“ во правосудството и реформа на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Нема откажување од **„ВЕТИНГ“** на судиите и јавните обвинители. Доследно ќе ја спроведуваме Стратегијата за реформи во правосудството, која ќе е наш влог и во ефикасни и успешни преговори со Европската Унија. Мора и ќе се спроведе системско редефинирање, отворање и јавно контролирање на процесот на именување и разрешување на судии и обвинители!

Скринингот покажа каде се нашите слабости, што не сме имплементирале од европското законодавство. Голем дел од работите се завршени, дел треба да ги довршиме. Со завршување на сите обврски на патот кон членството во ЕУ земјата ќе покаже дека сме спремни со една рамка, не само во владеење на правото, туку и во сите други области дека е подготвена да биде дел од европското семејство.

Членство во ЕУ ќе значи европски стандарди во владеењето на правото, а Владата предводена од СДСМ интензивно ќе ги спроведува реформите и ќе ги остварува заложбите за правда и владеење на правото, за доброто на сите граѓани и за европската иднина на Северна Македонија.

Европеизацијата на единиците за локална самоуправа во процесот на пристапување во ЕУ е многу важна, имајќи предвид дека најголем дел од европското законодавство се спроведува на локално и на регионално ниво. Ќе се фокусираме на пренесувањето на најдобрите европски практики од региони, општини и градови од земјите членки на ЕУ на локално ниво во општините и Град Скопје во соработка со ЗЕЛС, Бирото за регионален развој и центрите за развој на планските региони.

Ќе инвестираме во градење капацитети и обезбедување поддршка - техничка и експертска помош во пренесување на **know-how** и градење на капацитетите на локалните власти, донации во опрема и технологии од локални и регионални власти во земји членки на ЕУ покрај преку збратимување, и преку партнерски проекти и други расположливи облици на соработка.

За СДСМ, приоритет е рамномерен регионален развој и локален одржлив развој, затоа што сите граѓани и субјекти на целата територија на државата се еднакво важни. Со СДСМ инвестираме во европската иднина на општините.

## 1. Слободни медиуми и отворени институции за граѓаните

Слободата на медиумите е наша заложба и наш аманет! Не заборавивме како се случи промената на режимот. Во периодот од формирање на Владата предводена од СДСМ до денес, ниту еден новинар не е уапсен и ниту еден медиум не е насилно затворен! Новинарите не се исфрлаат од Собранието**, туку се повеќе од добредојдени во сите институции и на сите настани, како коректор на нашето работење, бидејќи институциите им припаѓаат на граѓаните!**

Новиот пристап на професионализација на институциите и градењето партнерски однос со медиумите, ослободени од какви било политички притисоци, ја гарантираат слободата на говор и ја унапредуваат транспарентноста.

- ✓ Заедно се искачивме 80 места повисоко во извештајот на **„**Репортери без граници**“**!

Во 2023 година „Репортери без граници“ во својот извештај ја рангираа Северна Македонија на 38. место во светот според слободата на медиумите и прва во регионот! Со скок од 19 места во однос на претходната година, Северна Македонија стигна до 38. место меѓу 180 земји во светот според глобалниот индекс за слободата на медиумите на „Репортери без граници“. Во 2016 година државава беше на 118. место, од 180 држави. Ова е доказ на дело за демократските и европски определби на Владата и нашето категорично да - за слободата на говор и независноста на медиумите!

- ✓ Со измените на Кривичниот законик, нападот на новинар стана напад на службено лице!

По години чекање, новинарите дочекаа нападите врз нив да се третираат како напад врз службено лице, а со тоа и напаѓачите да добијат затворска казна. Измените на Кривичниот законик што ги предложивме и усвоивме, предвидуваат дека за закани за живот кон медиумски работници, адвокати и здравствени работници, напаѓачите ќе одговараат кривично, со парична или со затворска казна. Законските измени предвидуваат и казни за јавно искажани закани за кривични дела на интернет, кои се поттикнати од каков било вид дискриминација.

ОЈО Скопје во 2022 година назначи јавен обвинител за контакт за предмети поврзани со безбедноста на новинарите, со надлежност да го следи постапувањето во предметите во кои во својство на оштетени, сведоци или пријавени лица се јавуваат новинари што ги извршувале своите работни задачи.

- ✓ Со измените на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, придонесовме за креирање подобра овозможувачка средина за медиумите и медиумските работници.

Законот ја гарантира слободата на изразување и информирање како една од битните основи на демократското општество. Ограничувањата на слободата на изразување и информирање законски се уредуваат со определување стриктни услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права. Една од клучните новини е значителното намалување на максималните износи кои судот може да ги досуди како надоместување на нематеријална штета предизвикана со навреда или клевета од новинар во вршење на новинарската професија, од уредник или лицето што го заменува или од правно лице.

- ✓ Еднакви права и одговорности за сите новинари и уредници

И покрај силниот наплив на дезинформации во онлајн сферата, нема да се откажеме од концептот на медиумска саморегулација, но ќе се залагаме за еднаков третман, статус и одговорност на уредниците и новинарите во сите медиуми, без оглед на формата во која ги пренесуваат информациите. Во соработка со медиумските работници, ќе предложиме формирање регистар на вистински сопственици на електронските портали.

- ✓ Ќе продолжиме да ја јакнеме позицијата на медиумите и слободата на говорот во јавната сфера!

Разбираме дека е потребно унапредување на условите за работа на медиумските работници и достигнување на што повисоки стандарди во медиумските слободи. Се обврзуваме тоа да го постигнеме заедно.

Ќе почнеме процес за склучување рамковен колективен договор со кој би се воспоставиле стандардите за плати и услови за работа за сите новинари во земјата, без оглед во кој медиум работат.

Исто така, ќе предложиме опција за олеснителни услови за регистрација за индивидуално вршење на дејноста за новинари и медиумски работници.

Сите новинари што се ангажирани со договор на дело или договор на определено време, а кои немаат здравствено осигурување по друг основ, ќе бидат здравствено осигурени. Новинарките кои во таква ситуација ќе се затекнат бремени, ќе имаат загарнтирано право на породилно боледување.

Новинарската легитимација ќе значи бесплатен јавен превоз во Град Скопје и железнички превоз низ земјата.

Ќе воведеме посебна телефонска линија за итни случаи за заштита на новинари и медиумски работници, согласно со генералните препораки на Советот на Европа.

Ќе предложиме законски измени со кои ќе ја прошириме листата на овластени предлагачи во Програмскиот совет на МРТВ со медиумските здруженија. Медиумските здруженија како овластени предлагачи ќе добијат повеќе претставници во Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Членовите на надзорниот одбор на МРТВ повеќе нема да бидат избирани од страна на Програмскиот совет, врз кого треба да го вршат надзорот!

Ќе обезбедиме дополнителни буџетски средства за обновување на студијата и опремата на националната радио-телевизија и ќе го вратиме сјајот на продукцијата на квалитетни содржини за сите времиња. Дополнително, постарите продукциски содржини од областа на образо-

вањето и културата ќе се дигитализираат за да се зачуваат како наследство за идните генерации и паметник на времето.

Во насока на унапредување на квалитетот на медиумските содржини ќе предложиме формирање медиумски омбудсман како дополнителен механизам за саморегулација.

Ќе предложиме креирање фонд за истражувачко новинарство. Со фондот ќе управува граѓански совет, составен од претставници на граѓанските организации што ќе ги утврдува приоритетните области.

Преку Министерството за образование ќе воспоставиме посебна стипендија за најдобрите студенти по новинарство, во чест и сеќавање на Никола Младенов.

## Транспарентност и отчетност

Ветивме дека ќе ја ослободиме **државата од режимот и дека институциите ќе им ги вратиме на граѓаните**. Токму тоа и го правиме, и покрај сите предизвици со кои се соочуваме и дома и во светот.

- ✓ Владата предводена од СДСМ, веднаш по конституирањето, усвои низа стратегиски и акциски документи во насока на воведување на активната транспарентност и одговорноста како институционални принципи и официјален начин на комуникација со граѓаните**.**
- ✓ **Просечната активна транспарентност на министерствата, на Владата и на општините за 2023 година изнесува 76 % од максимално можни 100 % и бележи подобрување** во поглед на секоја од претходните години. Министерството за одбрана и Владата имаат по максимални 100 %, односно ги објавуваат сите предвидени информации од активната транспарентност.
- ✓ Воведовме **Алатка за отченост на носителите на јавни функции**.
- ✓ Како дел од заложбите на Владата на Република Северна Македонија за поголема дигитална транспарентност, се воведе **Алатката за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции**, каде што граѓаните можат да си следат и да ги споредуваат службените трошоци на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, замениците на претседателот, министрите, министрите без ресор, замениците-министри, генералниот секретар на Владата и државните секретари на министерствата.
- ✓ Владата предводена од СДСМ предложи нов **Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер,** кој беше усвоен во 2019 година и успешно се имплементира, со цел поголема ефикасност и капацитет на институцијата што е носител на неговата примена и посериозен пристап на имателите на информациите кон барателите.
- ✓ Владата предводена од СДСМ ја **усвои Стратегијата за транспарентност на Владата** на РСМ, со акциски план 2023-2026 година. Приоритетни области, согласно со стратегијата, се: **унапредување на активната транспарентност, унапредување на пристапот до информации од јавен карактер, на фискалната транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт, унапредување на дигиталните можности на институциите за олеснување и автоматизирање на процесот на отворање на податоците, како и зајакнување на механизмите за отчетност за креирањето на политиките**. Стратегијата е резултат на работата на работната група составена од претставници на граѓанските организации, медиумски и академски претставници и институции. Тригодишната Стратегија за транспарентност кореспондира и со Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси (2021-2025), бидејќи се однесува и на транспарентноста на процесот на креирање политики и подигнување на свеста за проактивно учество во процесите на другите чинители во општеството.
- ✓ **Проширената конфискација**, која е обезбедена со измените на Кривичниот законик, е оружје во борбата против криминалот, особено со организираниот криминал и корупцијата. Со измената на **Кривичниот законик се создава законска можност за поголема примена на мерката конфискација од страна на судиите**.
- ✓ Зајакната е соработката со Агенцијата за управување со одземен имот.
- ✓ Собранието го донесе Законот за **управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка**. Со новото законско решение се надминуваат утврдените проблеми, преку воведување нови механизми согласно со европските и меѓународните стандарди за постапување со оваа материја.
  - ▪ Благодарение на иницијативата на нашиот градоначалник на Општина Центар, на сите локални самоуправи во државата им се дава можност за конфискација на бесправно изградените објекти на нивна територија и нивна пренамена во функција на општината. Следејќи го трендот и добрите практики од поразвиените земји, воведена е и одредба за социјална пренамена на дел од конфискуваниот имот.
- ✓ По иницијатива на **заменик-претседателот на Владата на Република Северна Македонија** задолжен за политики за добро владееље во соработка со Советот на Европа и со работна група составена од претставници на релевантните домашни институции, се подготви **Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка,** кој Собранието на Република Северна Македонија го усвои во февруари 2024 година. Беа разгледани повеќе меѓународни и домашни документи како основа за подготовка на ново одржливо законско решение, преку кое ќе се овозможи воспоставување дополнителен механизам за успешно спречување неосновано збогатување и конфискација на имот што не е стекнат од законски извори. Имплементацијата на законот ќе покаже дека корупцијата и криминалот се неисплатливи и дава можност нелегално стекнатиот имот да се врати кај граѓаните. Значи, тоа што е украдено од граѓаните да се врати повторно на граѓаните.
- ✓ Во 2022 година е воспоставен **електронскиот инспекциски систем**, во три државни инспекторати, и тоа **Пазарен инспекторат, Управен инспекторат и Инспекторат за труд**. Инспекцискиот совет ја презеде софтверската програма Е-инспектор за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското ра-

ботење. Ова вклучуваше преземање на одржување, натамошен развој, модернизација, проширување и адаптација на системот Е-инспектор. Во октомври 2022 година беа потпишани договори за интероперабилност меѓу Инспекцискиот совет и 13 дополнителни инспекциски служби. Со користење на софтверот Е-инспектор и приклучувањето на дополнителните инспекциски служби кон платформата за интероперабилност, **инспекторите ќе можат лесно и брзо да ги добијат сите податоци што ѝ се неопходни за да можат квалитетно и навремено да ја спроведат и да ја завршат инспекциската постапка**, со што ќе се намали и притисокот кон стопанствениците во однос на обезбедувањето на потребните податоци.

Во следниот мандат ќе продолжиме со засилено темпо за унапредување на дигиталните можности на институциите за олеснување и автоматизирање на процесот на отворање на податоците, како и зајакнување на механизмите за отчетност за креирањето на политиките. Исто така, транспарентноста и отвореноста на институциите ќе се прошири на начин на кој ќе биде достапна за лицата со попреченост и на јазиците на помалите етнички заедници.

### Ефикасни институции и мотивирана администрација за задоволни граѓани

Еден од стратегиските приоритети на Владата предводена од СДСМ во изминатиот период беше развивање „Модерна и ефикасна јавна администрација базирана врз дигитализација, која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и за деловните субјекти". Преку успешно спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, дури и за време на кризата предизвикана од пандемијата со Ковид-19 и со економската и енергетска криза, успеавме да реализираме многубројни мерки и активности, меѓу кои: усвојување законска рамка за ефикасно и ефективно давање услуги по електронски пат, а врз основа на утврдени стандарди и процедури, воспоставување на системот за Централен регистар на население и Националниот портал за електронски услуги за граѓаните и бизнисите, на кој во моментот има 124 427 регистрирани корисници и 108 електронски услуги, поедноставување на постапката за селекција и вработување, со што се овозможи побрзо напредување во кариерата, како и намалување на притисокот врз вработените административни службеници; отворање на институциите преку доследна примена на начелото на проактивна транспарентност, при што секој граѓанин може да ги следи сите трошоци направени од страна на избраните функционери, сите нивни акти, планови, програми, дејства, јавни набавки и други исплати на буџетски средства, донесување на Кодексот за етичко однесување на членовите на ВРСМ и носителите на јавни функции именувани од страна на ВРСМ...

Ја донесовме и новата **Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030** со која продолжуваме со реформите. Со неа градиме **стручна, компетентна, ефикасна, независна, непристрасна, предвидлива, одговорна и транспарентна администрација**, која ќе ја оправда довербата на граѓаните и ќе им овозможи на брз, пристапен, ефективен и партиципативен начин да ги остварат своите права и обврски, без разлика каде живеат.

Ја започнавме **реорганизацијата на државната администрација** со која воведуваме јасна хиерархиска подреденост согласно со улогата на институциите, елиминирање на преклопување на надлежностите и намалување на бројот на државните органи.

Започнавме и продолжуваме со **дигитализација на инспекциските служби,** со цел елиминирање на дискрецијата и субјективноста во вршењето на инспекцискиот надзор и овозможуваме негово лесно и квалитетно вршење. Со информацискиот систем е-инспектор и приклучување кон платформата за интероперабилност од инспекциски служби се овозможи електронска размена на податоци и документи меѓу институциите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Секоја инспекциска служба располага со јавно објавена листа за проверка во која се наведени задолжителните законски услови што субјектите на надзорот треба да ги исполнат.

Наша цел е **реформата на јавната администрација да продолжи со забрзано темпо сѐ до постигнување на вистински ефикасна, деполитизирана, професионална и транспарентна јавна администрација,** која ќе работи исклучиво како сервис на сите граѓани во државата.

Таа цел, ја остваруваме во новиот мандат преку следниве чекори:

- ✓ Вложување дополнителни средства за **дигитализација на регистрите и процесите во администрацијата за во период од четири години сите потврди, уверенија и решенија (документи) на граѓаните да им бидат достапни по електронски пат;**
- ✓ **Формирање Центар за обука на административните службеници** низ кој ќе мора да помине секој нововработен службеник како и секој службеник што сака да напредува во кариерата;
- ✓ **Оптимизација на државната управа** преку укинување и спојување на оние државни органи чии надлежности се преклопуваат или чија потреба од постоење со текот на времето и модернизацијата на општеството е надмината;
- ✓ **Намалување на бројот на службеници во одделни сектори кај кои непотребно се зголемувал изминативе децении, преку природен одлив на кадар (пензионирање) и мораториум на нови вработувања**, како пример во здравството, каде што наместо административен кадар, ќе се грижиме да обезбедиме исклучиво медицински лица;
- ✓ **Унификација на организациска структура и број на вработени во административните служби во општините и административните служби** во институциите од областа на дејностите од јавен интерес, според големината, бројот на жители и буџет на општините.
- ✓ **Воведување стимулативни мерки за задржување на најдобрите студенти од нашите универзитети во јавниот сектор**, така што ќе биде загарантирано вработување во министерствата и општините на дипломците со освоени награди, меѓународни и домашни признанија, остварена практика во текот на студирањето, нивни учества на конференции, семинари и слично;
- ✓ **Забрана за вработување лица на раководни работни места на определено време** и строго дефинирани

критериуми за привремени вработувања или договори за вработување на определено;

- ✓ **Воведување континуирано јакнење и проверка на знаењата и вештините** на административните службеници;
- ✓ **Намалување на бројот на управни одбори** на јавни институции и бројот на нивните членови;
- ✓ **Строго ограничување на можноста за именување вршители на должност** директори;
- ✓ **Ревизија на системот на вработување при правична застапеност** и дефинирање јасни, строги и јавно познати правила базирани врз европски стандарди за професионална, одговорна и чесна администрација;
- ✓ **Спроведување интервјуа од страна на професионалци** при секое ново вработување на државните службеници во рамките на кои кандидатите ќе бидат должни да решаваат вистински студии на случај за да се издвојат најдобрите и најспособните кандидати;
- ✓ **Креирање праведен, транспарентен, конзистентен, мотивирачки и финансиски одржлив систем на плати во јавниот сектор преку нов Закон за плати.**

Продолжуваме со реформи на администрацијата сè до нејзина целосна модернизација што ќе им служи исклучиво на интересите на граѓаните!

## 2. Нула корупција, правда за сите!

Се обврзавме на бескомпромисна борба со корупцијата и криминалот, и од тоа ветување не отстапуваме! И покрај исклучително предизвикувачките услови, Владата предводена од СДСМ докажа дека не постојат „наши и ваши“ и дека секој што ја злоупотребил дадената доверба, треба да одговара, поведувајќи соодветни постапки пред надлежните институции секогаш кога за тоа се појавило сомневање кај граѓаните.

Доказ за посветената работа и борбата со корупцијата е **скокот од 85. на 76. место на Индексот на перцепција на корупцијата на Транспаренси интернешнл.** Согласно со податоците од Министерството за внатрешни работи, **корупцијата во првите шест месеци од 2023 е намалена за 22 % во споредба со лани, а процесирани биле 26 кривични за злоупотребите на службена положба со коруптивни елементи и девет кривични дела за несовесно работење.**

Северна Македонија бележи **напредок во имплементацијата на препораките од Извештајот од четвртиот круг на евалуација на Групата држави за спречување на корупцијата (ГРЕКО) на Советот на Европа**, се наведува во второто дополнение на Вториот извештај за усогласеност на земјава во спроведување на препораките што се однесуваат на спречување на корупцијата меѓу пратениците, судиите и обвинителите, со што се комплетира постапката за овој евалуациски круг. Во дополнението на Извештајот **се оценува дека 14 од 19-те дадени препораки се имплементирани во задоволителна мера или по нив е постапено на задоволителен начин**, за четири дека се делумно имплементирани, а само за една од препораките е дадена оцена дека не е имплементирана. Таа се однесува на членството на министерот за правда во Судскиот совет, и таа ќе биде имплементирана со процесите за реформа на Судскиот совет кои се предвидени.

Владата во 2022 година ги задолжи **институциите да доставуваат годишни планови за процена на ризици од корупција**, кои имаат цел да дадат појасна слика за корупцискиот ризик и неговото штетно влијание врз функционирањето на институциите. Целта на овие планови е **самите институции да ги детектираат ризиците од корупција** и преку конкретни активности да ги надминуваат ваквите ризици. Во соработка со УСАИД, преку Проектот за граѓанско учество, 240 ученици и 180 директори, професори и други вработени од седум средни училишта во земјава беа вклучени во серија сесии за интегритет и етичност. Во овие средни училишта беа одржани шест едукативни работилници за подигање на свеста за антикорупција за вработените и пет работилници за подигање на свеста за борба против корупцијата беа наменети за учениците. Беа одржани и три младински кампови, по што беше организирана посета на студентите на Владата, со цел да се симулира владина седница на која се разговараше за предизвиците со кои се соочуваат младите и предложени конкретни заклучоци, и да се промовира антикорупциска култура и подигање на свеста.

Во јули 2023 година со Одлука на Владата повторно беше активирано Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата.

**Свесни сме дека граѓаните сметаат дека борбата против криминалот и корупцијата не го дадоа ветените резултати. Потребно е многу повеќе и многу подобро. Иако за резултатите постоеја многубројни објективни, но и субјективни причини, за нас е важно дека волјата, определбата и нужноста за силна борба против криминалот и корупцијата останува и станува сè поголема. Мора да биде таква за да имаме успех како држава!**

Во следниот мандат ќе продолжиме да се бориме против корупцијата со имплементација на сите надворешни и внатрешни препораки и промени, како и преку дигитализација на процесите и намалување на ризикот од вклученост на човечки фактор во одлучувањето во административни постапки.

Ќе воведеме дигитална алатка за прием на пријави од корупција.

Ќе предложиме усвојување методологија на ризици за процена од корупција во специфични сектори. За секторите што ќе бидат проценети како сектори од висок ризик, ќе се преземат дополнителни мерки како ротација на определени позиции, дополнителни механизми за надзор и контрола, вклученост на граѓански организации во надзорот, и слично.

Ќе воведеме можност за електронско следење на поднесоците од страна на граѓаните во институциите на централно и локално ниво, за да се спречи држење на предметите „во фиока“, непотребно чекање и одложување, дури и кога е тоа во законскиот рок.

Заедно со законодавната и извршната власт, судската власт е третиот столб на кој се потпираат сите современи држави. За жал, и покрај барањата за независност и непристрасност, **правосудството беше една од најокупираните жртви на режимот на претходната владејачка гарнитура.**

По цели 12 години режимско владеење, правосудниот систем доби шанса да се рехабилитира, а чесните луѓе од фелата добија шанса да постапуваат без страв и прити-

сок од власта. Владеењето на правото и правната држава се највисок приоритет на следната влада предводена од СДСМ, која наследи руинирани институции и исклучително тешки состојби.

Зголемената правна сигурност и правната држава, доброто владеење и доброто управување се квалитетите на кои континуирано работиме, и покрај отпорот од различни политички субјекти кои немаа храброст и одважност да понесат одговорност за сите злодела сторени врз иднината и сегашноста на многу генерации чесни и одговорни граѓани. Во нивно име, бараме од граѓаните апсолутна поддршка во насока на освојување апсолутно мнозинство за да можеме да спроведеме реформски процеси и силни и јасни резови!

Затоа:

- ✓ Реформите за поефикасно судство и натаму ќе бидат наш врвен приоритет.
- ✓ Продолжуваме со вложување во процесот на дигитализација и модернизација на судството.
- ✓ Се бориме за враќање на довербата на граѓаните во правосудството.
- ✓ Континуирано работиме на создавање услови за враќање на достоинството на адвокатурата.

Во изминатиот период се изменија многу постојни и се донесоа нови законски решенија:

- ✓ Направивме измена и дополнување во **Законот за извршување со што се скратија роковите за извршување на побарувањата и граѓаните ги ослободивме од недогледните постапки на извршување,** а претходно го доуредивме постапувањето на извршителите со што сериозно ја намаливме тарифата на извршителите;
- ✓ Го изменивме **Законот за судски такси со што судските такси за физички лица во првостепена постапка се намалени неколкукратно и се движат од 480 до 6 000 денари**;
- ✓ Го решивме **проблемот на неевидентираните лица**;
- ✓ Го изменивме и го дополнивме **Законот за лична карта и Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште**, со тоа што овозможивме законско регулирање на **статусот на бездомниците** и можност тие да се стекнат со документ за лична идентификација за да си ги остварат своите права;
- ✓ Имаме нов **Закон за јавното обвинителство** за реформа во обвинителството. Поголема автономија и гарантирани буџетски средства;
- ✓ Ги прифативме **конструктивните критики од Венецијанската комисија и препораките од Извештајот на Прибе и го укинавме Законот за утврдување факти и поведување постапка за утврдување одговорност на судија**;
- ✓ Нов **Закон за бесплатна правна помош** со кој се прошири опсегот на и корисниците и на областите;
- ✓ Со донесување **нов Закон за управните спорови** ставивме крај на лавиринтите во управните постапки каде што предметите во недоглед се препраќаат од управниот орган на одлучување на суд и обратно. Предвидовме **решение со кое судот ќе мора да го реши спорот и не смее да го враќа на повторно одлучување**. Временски ги скративме роковите за постапување и **одржување јавни расправи со што Управниот суд ќе работи како вистински суд;**
- ✓ Нашата заложба за **ублажување на казнената политика** ја потврдивме со новиот **Закон за прекршоците**, при што паричните казни (глобите) се намалени. **Максималниот износ на глоба за физичките лица се намали на 250 евра, а за одговорното лице во правно лице на 500 евра**. Како критериуми за утврдување глоба на правните лица се зема предвид големината на правниот субјект, вкупниот приход во претходната година, бројот на вработени, претходното поведение на сторителот;
- ✓ **Намалени се нотарските трошоци во сферата на комуналните и другите сродни** услуги видно од Законот за нотаријат;
- ✓ **Намален е процентот на присилно извршување врз плати и пензии од 1/3 на 1/5** за граѓаните приматели на плата во висина на просечната плата и на згрижувачките семејства и на децата корисници на семејна пензија;
- ✓ Транспарентноста и отчетноста се покажа преку редовните надзори во **функционирањето на АКМИС-системот во судовите**, кои во форма на Извештај се објавува на веб-страницата на Министерството за правда;
- ✓ Го укинавме **електронско полагање на правосудниот, извршителскиот и нотарскиот испит**, затоа што го вративме системот на писмено и усно полагање пред соодветна испитна комисија, со што се придонесе за враќање на квалитетот и стручноста на кадарот, кој понатаму се здобива со можноста да врши јавни овластувања;
- ✓ Со цел надминување на различни толкувања и практики, како применувања и прецизно разграничување на надлежноста на судијата и јавниот обвинител и допрецизирање и скратување на постапката за екстрадиција има ново **законско решение за меѓународната соработка од областа на кривичната материја;**
- ✓ Се изедначи статусот на **судските службеници со јавно-обвинителските службеници** во делот на додатоците со измените во Законот за судска служба;
- ✓ Обезбедивме буџетски средства за реконструирање 12 јавни обвинителства низ целата држава и соодветни простории за нивна работа;
- ✓ Усвоен е Предлог-законот за измени и дополнување на Законот за извршување на санкциите, со цел решавање на безбедносните проблеми во казнено-поправните установи, создавање посигурна безбедносна средина како во затворите, така и генерална и општата безбедност во државата, пред сè преку воспоставување законска основа и формирање единици за затворско разузнавање и единици за интервенции, воспоставување систем за видеонадзор и користење боди-камери во установите, намалување на корупцијата во казнено-поправните установи, решавање на проблемот со пренатрупаноста и регулирање и унапредување на права од работен однос на

сите категории вработени лица во КПУ и ВПУ;

- Владата донесе одлука за формирање Совет за следење на имплементацијата на Развојната секторска стратегија за правосудство (2024 – 2028). Советот се формира заради обезбедување на континуитет на досегашната практика за следење на реформите во правосудството. Советот ќе се грижи за навремено спроведување на мерките и активностите согласно со Акцискиот план, следење на приоритетите, временската рамка и роковите за имплементација и оценување на постигнатите резултати во спроведување на Акцискиот план;

- Собранието го донесе **Законот за правда за децата**. Основна цел на законот чиј предлагач е Министерството за правда е остварување на најдобриот интерес на детето. Изработката на овој закон беше инклузивен при што учествува сите субјекти во системот на правда за децата, УНИЦЕФ и невладините организации. Со него се врши усогласување со директивите на ЕУ што се однесуваат на процедурална заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка и за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал;

- Собранието го донесе **Законот за канцеларија за поврат на имот**. Со новиот закон, чиј предлагач е Министерството за правда, АРО канцеларијата ќе има надлежност да презема активности за добивање информации и податоци за пронаоѓање и идентификување приноси и друг имот или имотна корист во земјата или странство;

- Собранието го донесе **Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство**. Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство ќе функционира како независно тело и ќе има својство на правно лице;

- Потпишана е **Конвенцијата за меѓународна соработка во истрагата и гонењето на злосторството ,геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и други меѓународни злосторства**;

- Конституиран е новиот состав на **Советот на ИКТ во правосудството**;

- Започната е постапка за нов **Закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство;**

- **Усвоен е нов Закон за вештачење**. Согласно со Законот за вештачење, основани се професионални одделенија за вештачење од областа на архитектурата, криминалистика и криминологија, геодезија, градежништво, електротехника, земјоделство, информатички технологии, материјално, сметководствено и финансиско работење, машинство, психијатрија, шумарство, општа хирургија, ортопедија и трауматологија, сообраќај, судска медицина, интелектуална сопственост, безбедност и здравје при работа и професионално одделение од областа на други области.

- Формиран е **Совет за следење на имплементацијата на развојната секторска стратегија за правосудството**;

- Усвоен е **Законот за борба со допинг во спортот** и негово спречување се базира врз одредбите од Европската конвенција за спречување допинг во спортот на Советот на Европа, Меѓународната конвенција против допинг во спортот на УНЕСКО и Светскиот антидопинг код од 2021 година, чии одредби стапија во сила на 1 јануари 2021 година. Носењето на законот произлегува од потребата за усогласување на законските прописи на Република Северна Македонија со основните принципи на новиот светски антидопинг код и најважните одредби што ги операционализираат тие принципи.

- Усвоена е **Стратегија за развој на правосудниот систем** (2024-2028) - патоказ за враќање на довербата на граѓаните во судството.

- Собранието го донесе **Законот за помилување**, според кој, помилување може да има само доколку е донесена правосилна судска пресуда. Со новиот закон предложен од Министерството за правда, претседателот на државата може да даде помилување само за казна, а не и за кривично гонење на определени лица.

Како партија на власт покажавме дека со нас **заврши времето на „судии од тефтерчиња". Сите судии и носители на јавни овластувања се слободни и одговорни да одлучуваат по својата совест и убедување.**

Влијанието врз судиите по партиска линија и нарачаните пресуди се лошо минато.

Остварувајќи го ветувањето дадено на **граѓаните**, како владејачка партија целосно ја почитуваме самостојноста и независноста на судството како една од трите власти.

Од ова стојалиште на нула влијание врз судската власт од страна на политиката, и почитта што ја имаме кон нејзината автономија, уште од самиот старт на нашиот нов мандат ќе предложиме реформи во рамките на најповиканиот орган, кој согласно со Уставот и Законот врши надзор над работата на судиите, судовите и јавните обвинителства. Се обврзуваме и ветуваме целосна реформа на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

Се залагаме за висок професионализам, интегритет и ефикасност на правосудството**.**

**Наша обврска и одговорност ќе биде** унапредување на владеење на правото во сите сегменти, кон секого и секаде, за правда ослободена од влијанија!

**Најважно од сè, конечно ќе се спроведе и нема повторно да се откажеме од процедурата на „ветинг" на судиите и јавните обвинители. Иако првичниот предлог беше повлечен, сметаме дека тој не смее да трпи повеќе одлагање! Мора да се проверат сите судии и обвинители, без исклучок, за да се знае разлика меѓу чесните и нечесните, меѓу професионалците и профитерите, меѓу стручните и неспособните ! Нема откажување, ќе успееме во расчистувањето и проветрувањето на правосудството! Ветинг ќе има!**

Се залагаме и натаму за неприкосновено владеење на правото во сите пори на општеството, преку неселективноста во применувањето на законите, како наш континуиран императив, за што и покажавме во изминатите години.

Работиме и ќе работиме на вклученост на сите чинители во општеството при спроведување на принципот на

владеење на правото. Усогласување на домашното со европското законодавство и инкорпорирање на директивите на ЕУ. Тоа е најголемата инвестиција на секоја правна држава.

Ветивме и ќе останеме на истата заложба и во наредните 4 години - НУЛА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ВЛИЈАНИЕ ВО ПРАВОСУДСТВОТО! На судиите, јавните обвинители, јавните и државните правобранители им гарантираме сигурност при потребата да пријават влијание врз нив, кое со коси со нивната професионална заложба. Гарантирајќи казнивост на оние што се осмелиле да влијаат врз носителите на функции во правосудството, гарантираме слобода од влијание и право на носителите на правосудната власт достојно да ја извршуваат функцијата за која се избрани при спроведувањето на правдата.

Ќе иницираме законски реформи за силен, независен и професионален судски совет. Главниот предизвик за Судскиот совет е да се врати довербата на граѓаните во судството и во судиите. Како орган на управување, Судскиот совет ја има најважната улога во обезбедувањето и гарантирањето на автономијата и независноста на судството. Целосно прифаќајќи ги надворешните и внатрешни препораки, се обврзуваме да ги предложиме и да ги донесеме следниве одлуки:

1. **Исклучување на Министерот за правда и Претседателот на Врховниот суд** како членови на Судскиот совет како важен фактор во избегнување на внатрешното (судската власт) и надворешно (политичко) влијание.
2. Утврдување на **минимум гласови потребни за избор на членови на Судски совет** од редот на судиите, а со цел да се креира зголемено мнозинство и поддршка за избраните судии во Судскиот Совет, односно во гласањето на судската фела мора да има праг од најмалку 50% и можност за јасно изјаснување.
3. Избор на членови кои не се судии од страна на Собранието да биде **јасен и транспарентен и заснован на избор по заслуги.**
4. Законско и прецизно дефинирање на **квалификацијата „истакнат правник**“.
5. Отворање на стручна и јавна дебата за можноста за интегрирање на **не-судски членови кои имаат истакнати квалификации во составот на Судскиот совет.**
6. Учество на **претставници на граѓанскиот сектор** при изборот и работата на членовите на Судскиот совет.
7. **Јавен избор на членови на Судски совет** од фелата на истакнати правници, односно кои не се судии, по претходно објавен оглас за предложените членови од Претседателот и Собранието.
8. **Јавно интервју пред Собранието** пред гласање за избор, по примерот на изборот на членовите на Државната комисија за спречување на корупција.
9. Избор на членови кои не се судии од страна на Собранието со **квалификувано мнозинство од страна на пратениците, а со цел да се избегне политичко влијание**.
10. Намалување на мандатот на членовите на Судскиот совет на 4 години и воведување на одредба дека е дозволен еден последователен реизбор и период на чекање за можност за втор и последен реизбор.
11. При обновување на мандатот на судиските и вонсудските членови, **нема да се прави разлика помеѓу двете категории** и тие ќе подлежат на период на чекање од четири години пред да можат да се кандидираат за реизбор за втор и последен мандат;
12. Со дополнување на членот 42 од Законот за судски совет, член на Советот нема да биде избран за судија, судија на повисок суд, претседател на суд или судија на Уставен суд.
13. Прекинување на праксата за мирување на **за време на неговиот мандат и најмалку една година по него** работното место судија во текот на мандатот член на Судски совет за членовите на Советот избрани од редот на судиите.
14. Ќе предложиме **намалување на обемот на работа до 50% за избраните судии** во Судскиот совет, а со цел за нивно реално, етичко и континуирано функционирање во судската средина.
15. Мандатот на **претседателот на Судскиот совет ќе се продолжи од две на четири години**, што ќе доведе до поинаква динамика во Судскиот совет и ќе му овозможи на претседателот да стекне посилни менаџерски вештини.
16. Ќе се создаде можноста **судските членови да можат да бидат бирани за Претседател на Судски совет**.
17. Ќе се креира посебна **законска постапка за разрешување на Претседател** на Судски совет.
18. Промена во **методологијата при процесот на евалуација на работата** во однос на унапредувањето на судиите, за да можат побрзо да се пополнат одредени позиции во судството.
19. Ќе се воведат **промени во аргументирањето и одлуките при избор на судиите**, и нивно персонализирање, конкретизирање и конзистентност, односно јавно и детално образложение на одлуките на Судскиот совет во случај на избор за судија на пониско рангиран кандидат.
20. Така дефинираниот пристап ќе биде застапен и во случај на **неизбор на прворангираните кандидати и во случај на целосен неизбор**.
21. **Промена во системот на гласање при избор на членови во Судскиот совет**. Ќе се гласа за сите кандидати пријавени на огласот, без да се прекинува гласањето откако ќе бидат избрани онолку кандидати колку што се објавени на огласот. Со тоа на преостанатите рангирани кандидати нема да им се одземе можноста да бидат гласани и да добијат поголем број на гласови.
22. Ќе се **прецизира начинот на делегирање на судии од еден во друг суд**, заради правилна примена на причините за делегирање предвидени во законот.
23. **Прецизирање на сите дисциплински постапки и прекршоци** во кои судијата ќе биде разрешен.
24. Д**ефинирање на сите правни услови и рокови во дисциплинските постапки** за судиите.

25. Процесите за **дисциплинските постапки** на судиите ќе бидат јавни.
26. Можност за поведување на иницијатива за одговорност на член на Советот од редот на судиите со **утврдување на минимум потребен број гласови** за иницијативата.
27. Ќе се намали бројот на судии за поднесување **барање за дисциплинска постапка за член на Судскиот совет**, а ќе се зголеми бројот за самите членови на Судскиот совет;
28. **Учество на граѓански и експертски организации** во дисциплинската постапка против судиските членови.
29. **Реорганизација на работењето на Судскиот совет** во насока на отвореност, транспарентност, ефикасност и ефективност.
30. Креирање на отворена дебата со судиите и граѓанските организации во усвојувањето на **Годишниот Извештај на Судскиот совет**.
31. Креирање на посебна и динамична **комуникациска стратегија.**
32. Превземање на активности за видливост на Судскиот Совет и јавна проактивност за подигање на довербата во судството.
33. Овозможување на **обуки за односи со јавност** за членовите на Советот.
34. Креирање и понуда на **информации за јавноста** преку социјалните медиуми
35. Целосна **буџетска автономија**.
36. Повеќе средства предвидени во Буџетот, кој ќе ги **покрие сите трошоци** во судскиот систем и ќе ја гарантира финансиската независност на судството.
37. Поврзување на **Буџетот на Судскиот совет со одреден релативен износ од БДП**.
38. Регулирање на **внатрешните сметководствени и административни** процедури.
39. Создавање на **брза постапка и органски буџет** за Судскиот совет.
40. Создавање на услови за **независно креирање на буџетот**, без влијание на извршната и законодавната власт.

По ист пример ќе се залагаме и за зајакнување на Советот на јавни обвинители и капацитетите и ефективноста на јавнообвинителската фела и нејзината независност, ефикасност и транспарентност во постапувањето. Врз основа ќе предложиме измена на Законот за Советот на јавните обвинители особено во делот каде се предвидува мирување на функцијата јавен обвинител на членот на Советот на јавни обвинители избран од редот на јавните обвинители. Придонесуваме за професионалност на Советот на јавни обвинители, притоа не задавајќи удар на екипираноста на јавните обвинителства и обезбедуваме почитување на принципот на недискриминација по која било основа.

Бараме ефикасност, целисходност, неселективност и транспарентност во работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

Предлагајќи ефикасност, целисходност, неселективност и транспарентност во работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, предлагаме реевалуација на работата на активните судии и јавни обвинители и нивниот интегритет неселективно. Неселективна евалуација на постапувањето на судиите и јавните обвинители за кои постои основано сомнение за непочитување на законските рокови што се однесуваат на должината на постапките како би ја избегнале можноста за застарување на предметите. Правосудството заслужува судии и јавни обвинители кои стручно, професионално и најдобро што можат ја извршуваат функцијата за која се избрани, растоварени од влијанија. Се бориме со корупцијата во сите пори на општеството.

Коровот на незаконското влијание врз грст судии и јавни обвинители да го искорнеме од системот и да обезбедиме сигурна средина за работа и постапување на судиите и јавните обвинители кои чесно, совесно и професионално ја работат својата работа. Да го поставиме судството и јавното обвинителство на ниво што ќе ни ја донесе Европа дома.

## Ветуваме бескомпромисна борба со корупцијата во правосудството !

Низ системска проверка на потеклото на имотот и постоење сомневање за евентуален судир на интереси за сите судии и јавни обвинители без исклучок. Предлагаме целосна системска вклученост во процесот. Учество на надлежните институции: Државна комисија за спречување на корупција, Управа за јавни приходи, Управа за финансиско разузнавање, Министерство за внатрешни работи во контролата на потеклото на имотот на судиите и јавните обвинители.

Европските стандарди во правосудството ќе ги потврдиме преку зголемен судски буџет и поголемо учество во државниот буџет за правосудство. Со зголемен судски буџет и поголемо учество во државниот буџет вложуваме во:

- ✓ дигитализација на правосудството,
- ✓ екипирање на правосудните органи,
- ✓ обезбедување на просторни и технички услови за модерно судство,
- ✓ обезбедување на пристапноста на лицата со попреченост во судовите, јавните обвинителства и правобранителствата,
- ✓ обезбедување достоинствена правосудна служба и вреднување на човечкиот капитал во правосудството,
- ✓ натамошно подобрување на затворските услови, со приоритет на институциите каде што се сместени малолетници

## Дигитализација во судството

Дигитализирајќи го судството, го правиме подостапно до граѓаните. Воведуваме можност за прибавување на потврдите од судската евиденција дигитално. Потврдите

од судските регистри до секој граѓанин со неколку клика. Исто така го оживуваме системот за електронска достава на судовите. Поднесоците кон судовите по електронски пат до судот, судските одлуки електронски до адвокатите, нотарите, извршителите и граѓаните. Осовременувајќи го системот на календар на судења воспоставен од Врховниот суд, го правиме подостапен за секој граѓанин и секоја заинтересирана страна. Секоја странка да може од сопствениот дом да се информира за текот на предметот во кој е страна.

### Низ екипираност до ефикасност

Ќе обезбедиме соодветно платени и обучени стручни и стручно-технички соработници за секој судија, секој јавен обвините, државен правобранител и јавен правобранител. Само со целосна екипираност можеме да постигнеме ефикасно правосудство.

### Пристапност

Ги правиме институциите од правосудството пристапни за сите граѓани без исклучок. Вложуваме во пристапноста до правдата на сите граѓани. Реновирани и современи судови, јавни обвинителства и правобранителства, материјално-технички опремени и пристапни за лицата со попреченост. Судови каде што странките, судиите и стручните и стручно-техничките соработници ќе се чувствуваат безбедни и слободно ќе ја извршуваат својата работа.

### Квалитетна и достоинствена адвокатура

Враќање на достоинството на адвокатурата. Работиме на создавање услови за заживување на законската одредба за обврска за постојано стручно усовршување на адвокатите.

### Достоинствено вреднување на трудот и можност за постојано стручно и научно усовршување во правосудството.

Достоинствена судска и јавнообвинителска служба. Работиме и ќе работиме на обезбедување достоинствена судска служба. Обезбедивме и ќе продолжиме да обезбедуваме достоинствено вреднување на трудот на судските стручни соработници, судски службеници и судиите, јавнообвинителските стручни соработници, службеници и јавните обвинители. Европско вреднување на труд за европско правосудство.

### Достоинствена служба во државното и народното правобранителство

Продолжуваме во обезбедување на достоинството на службениците во државното и јавното правобранителство со вреднување на нивниот труд. Постојан професионален, стручен и научен развој во областа на државното и народното правобранителство, како гаранција за стручно, компетентно и ефикасно постапување во интерес на граѓаните.

Достоинствени услови во затворите. Продолжуваме со инвестирањето во достоинствени услови во затворите. Затворите во Прилеп, Битола, Струга и Куманово ги реновиравме во изминатите години и обезбедуваме целосно почитување на човековите права на затворениците.

Во следниот четиригодишен мандат предвидуваме целосно реновирање на другите затвори низ државата со акцент на затворот Идризово во Скопје, ставаме крај на тешките затворски услови и на затворската популација и обезбедуваме достоинствено издржување на казната.

Со пробација од осуденици до општествено корисни граѓани. Го заживеавме и го развиваме понатаму системот на пробација. По пат на пробација од осуденици на товар на државниот буџет и преоптовареност на затворскиот систем инвестираме во ресоцијализација и создавање на општествено корисни граѓани.

Нашата цел и визија е конечно да имаме правосудство што ќе биде гордост на земја членка на Европската Унија.

Правосудство што сите го заслужуваме и за кое вреди да се бориме!

## 3. Дигитална трансформација за новото време

Новите општествени текови покажуваат дека иднината е во голема мера, дигитална. Пандемијата, од друга страна, покажа дека дигитализацијата е возможна и корисна. Дигиталната трансформација на општеството е предуслов за да изградиме ефикасно и транспарентно општество во кое на граѓаните ќе им се овозможат навремени и ефикасни услуги со минимизиран ризик од субјективно и дискрециско постапување. На овој начин се намалува можноста за корупција, се унапредува ефикасноста и кредибилитетот на институциите, со што ќе се зголеми и ќе се зајакне довербата на граѓаните и на бизнис-секторот во институциите. Неспорен е фактот дека дигиталните технологии можат да овозможат нашето општество ефикасно да се справи со ненадејните и екстремните предизвици и дека можат да се развијат иновативни дигитални алатки што ги инкорпорираат вредностите и основните права на нашето општество за добро етичко, отворено, транспарентно и одговорно владеење.

Затоа, го формиравме Националниот совет за дигитална трансформација на општеството, со цел планирање, координирање и реализација на активностите потребни за дигитализација на процесите како и ефикасно справување со предизвиците што таа ги носи. Советот ги вклучува сите релевантни чинители што имаат значајна улога во овој процес, заради заедничка соработка за активностите неопходни за дигиталната трансформација на општеството.

Во 2022 година станавме членка и партнер на Глобалниот форум за киберекспертиза (GFCE) е глобална платформа за земјите, меѓународните организации и приватните компании да разменуваат најдобри практики и експертиза за градење киберкапацитети.

Имајќи предвид дека станува збор за обемен процес, кој е неопходно да биде системски поставен, подготвивме и го усвоивме концептот за дигитална трансформација на општеството што цели кон темелни промени во начинот на функционирање на институциите и подобрување на нивната ефикасност како сервис на граѓаните.

Дигиталната трансформација ја базираме врз следниве принципи:

- ✓ Владеење на правото: Управувањето и користењето на ИКТ-системите за собирање, обработка и складирање податоци има законска основа. Правилата и прописите ги поддржуваат принципите на добро управување, слободен пазар, фер конкуренција и почитување на човековите права и слободи.
- ✓ Социјална кохезија и **јавно-**приватно партнерство: Дигиталната трансформација се постигнува со соработка меѓу владата, јавните институции, приватните компании, граѓанскиот сектор и академската заедница.
- ✓ Слободен пристап до јавните информации: Секој може слободно да пристапува и да обработува податоци создадени од работата на јавната администрација (јавни податоци).
- ✓ Веродостојни изворници на податоци: Државата ја гарантира веродостојноста на податоците во овие регистри и е одговорна за секоја штета предизвикана од неточни податоци.
- ✓ Дигиталното е стандардно: Во случај на конфликт меѓу дигиталните записи во базите што се веродостојни изворници на податоци и хартиените документи, дигиталната верзија има предност. Дигиталниот потпис создаден со лична карта е еквивалентен со своерачен потпис. Во случај на конфликт меѓу дигиталниот и своерачниот потпис, дигиталната верзија има предност.
- ✓ Принцип „Само еднаш**"**: Податоците што се еднаш внесени во јавен регистар, не може повторно да се бараат од физичките и правните лица.
- ✓ Поврзување: Владата обезбедува околина за безбедна размена на податоци (платформа за интероперабилност).

Во следниот мандат ќе се стремиме кон креирање и одржување на дигитален идентитет за секој граѓанин, преку електронска лична карта (мк-еИД) и единствена достапност на сите услуги.

Конечно ќе се формира **Агенција за дигитализација,** која ќе одговори на потребите на целиот реформски процес за дигитална трансформација и обезбедување безбедни мрежи и информациски системи во земјата и ќе се овозможи имплементација на NIS-директивите.

Ќе се стремиме кон дигитална стандардизација (digital by default) и пристапност, што значи:

- ✓ овозможување на сите граѓаните и приватните правни лица можност за дигитална трансформација преку лесна и ефикасна достапност до јавните услуги.
- ✓ подигање на свеста за дигитална трансформација на општеството и подобрување на дигиталните вештини.
- ✓ преземање чекори за да овозможиме беспрекорна дигитална испорака на услуги низ секторите и соработка со јавноста.
- ✓ осигурување на безбедноста на информациите и приватност кога се создаваат електронски јавни услуги, преку информираност и комуникација на јавната администрација, преку технолошки (ИКТ) решенија, следејќи пристап заснован врз најсовремени решенија.
- ✓ ги забрзуваме подготовките да обезбедиме навремена имплементација на национална шема за електронска идентификација, преку единствен електронски идентитет на граѓанинот. Користењето на електронската идентификација да ја направиме лесна и едноставна за користење преку истовремено докажување на идентитетот на граѓанинот и можност за електронско потпишување. Воедно и обезбедување на највисоко ниво на сигурност.
- ✓ овозможуваме приватниот сектор да ја користи националната шема за електронска идентификација при давање на електронски услуги,.
- ✓ развиваме капацитети за кибербезбедност, координираме, разменуваме и соработуваме повеќе едни со други за да ги зголемиме нашите стратегиски, оперативни капацитети за истражување и развој, особено преку имплементација на најдобрите практики за зајакнување на безбедноста и отпорноста на критичната инфраструктура. Лоцирањето буџетски средства за кибербезбедноста и градење на поотпорна инфраструктура е инвестиција што овозможува зајакнување на заштитата на податоците на граѓаните и зголемување на довербата во институциите дека користењето на дигиталните услуги е безбедно.

## Измени во архивското работење во насоки на трансфер кон дигитализација

Во период до донесување на новиот Закон за архивска дејност, кој меѓу другото го уредува начинот на чување на дигиталните документи, усвоени се неопходните измени на Уредбата за канцелариско и архивско работење, подзаконски акт на тековниот Закон за архивски материјал во кој се уредени составните елементи на службениот документ, со што се отстранија дел од пречките со кои се судираат органите кои целосно сакаат да преминат кон електронско работење со употреба на електронски потписи, но и со користење на ИКТ-системи за автоматизација на интерните процеси.

Земајќи ги предвид стратегиските цели за дигитална трансформација на општеството, актуелниот Закон за архивски материјал се покажа како пречка за целосно дигитално комуницирање и неопходно беше да се доуреди канцеларискиот и архивското работење како и архивската дејност, и да се изедначи законската валидност на документите како средства за службена комуникација, без оглед на медиумот на кој настанале, особено што досегашното законско решение не беше усогласено со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Затоа се изготви нов Закон што го регулира обезбедувањето на е-архива во сите институции, со што им се овозможува на институциите да управуваат, користат и издаваат документи по електронски пат. За да се оствари оваа електронска трансформација, потребно е регулирање на процесите за чување, складирање, пристап и користење на постојани електронски документи во Државниот архив.

Со преминот од физички во електронски документи и зголемениот број на електронски документи, неопходно е да се гарантира нивната организација и чување во админи-

страцијата, како и преносот, евидентирањето, чувањето и користењето на трајните електронски документи во Државниот архив. Овие процеси може да се регулираат со развивање и имплементирање на систем за е-архивирање (e-Archive Information System) кој е организиран на унифицирана, нормативна и методолошка основа.

### Правна регулација и користење на предностите на вештачката интелигенција

Како ретко некоја технологија досега, вештачката интелигенција за многу брзо време навлезе во дигиталниот свет и се развива со огромна брзина. ВИ има потенцијал да ја забрза и да ја збогати дигиталната трансформација во многу сегменти на институционалното работење и одлучување. Со тоа може да помогне во враќањето на довербата во институциите преку подобрување на ефикасноста и намалување на трошоците.

Но за сето ова, неопходно е ВИ да се имплементира на одговорен начин што подразбира технологијата да е целосно управувана, приватноста да е заштитена и во случаи на одлучување, тоа да е транспарентно. Со цел одговорно користење на ВИ, неопходно е:

- ✓ Користењето на ВИ да е пропишано со политики/ закони/ насоки,
- ✓ Водење кампања за потенцијалите и начините на одговорно користење за граѓаните,
- ✓ Соработка со академскиот и граѓанскиот сектор,
- ✓ Соработка и со бизнис-секторот кој развива и/ или користи ВИ,
- ✓ Соработка со владите на други држави за смена на искуства и знаења,

Во насока на реално користење на ВИ во јавната администрација, во блиска иднина треба да се работи на неколку основни намени:

- ✓ Трансформирање на повторувачките работни задачи. Ова подразбира автоматизирање на одредени процеси при што вработените што биле задолжени за нивно извршување може да се посветат на работни задачи со позначајни вредности, креативност и донесување одлуки. За имплементација, ова подразбира обуки на вработените како и реформи во организациските поставености;
- ✓ Поддршка на граѓаните и бизнисите во комуникација со институциите, вклучително и при поднесување барања за одредени услуги или добивање информации. Ваков тип на поддршка треба пред сè да има на Националниот портал за е-услуги;
- ✓ Заедно со надградбите на отворените податоци, вклучувајќи но не и ограничувајќи се на податоците за буџетите, фискалните трошоци, јавни набавки, избори и именувања, вработувања, ВИ може да придонесе во процесите на рано откривање на коруптивни и други недозволени дејства, преку откривање на шаблони и обрасци на одредени неприфатливи однесувања;
- ✓ Вклучување на ВИ во детектирање и превенирање на одредени типови киберзакани;
- ✓ Вклучување на ВИ во детектирање и превенирање на говор на омраза;

## 4. Поблиску до граѓаните

Локалната самоуправа како облик на власт претставува една од темелните вредности на Уставот. Врз основа на Законот за локална самоуправа во 2002 година е утврден делокругот на надлежности на локалната самоуправа, како и други закони и воспоставен е системот на локална самоуправа во делови како што се: финансирање на единиците на локална самоуправа (ЕЛС), територијална организација, меѓуопштинска соработка и рамномерен регионален развој. Воедно за поефикасно функционирање на ЕЛС се усогласени повеќе системски закони и низа поврзани специјални закони и подзаконски акти. Сите овие активности се спроведени во време кога СДСМ ја предводеше Владата на нашата држава. На овој начин системот на локална самоуправа ја доби својата институционална форма и претставува значаен политички потсистем карактеристичен за државите членки на ЕУ. Посебно во периодот по 2017 година, Владата предводена од СДСМ презеде значајни чекори за продолжување на процесот на децентрализација, кој да се потсетиме беше запоставен на сметка на централизираните дејствија на владата на ДПМНЕ во корист на мегаломанските проекти, Скопје 2014, спортски сали во 100 општини, компјутер за секое дете и сл.

Со финансиска поддршка на Владата предводена од СДСМ во износ од 50 милиони евра, задолжените општини целосно се раздолжија, а презадолжените општини во голема мера ги намалија нивните големи долгови. Освен приходите на општините кои  значително се зголемија и средствата за рамномерен регионален развој беа повеќекратно зголемени во споредба со претходните 11 години. Од 161 милион мкд на скоро една милијарда денари во 2021 година, со постојан тренд на системски капитални вложувања.

| | Реализација на средства во денари од државниот буџет |
|---|---|
| 2016 | 256,979,282 |
| 2017 | 160,636,824 |
| 2018 | 273,244,555 |
| 2019 | 407,505,807 |
| 2020 | 373,052,150 |
| 2021 | 921,050,486 |
| 2022 | 863,351,652 |
| 2023 | 850,000,000 |

Во овој период се реализирани  над 400 капитални проекти за подобрување на комуналната инфраструктура, со што значително се подобруваат условите за живеење на граѓаните во многу населени места на целата територија на државата.

Преку Програмата за прекугранична соработка на ЕУ се финансираат проекти за општините во вредност од 22 милиона евра за зачувување на животната средина, унапредување на земјоделското производство, заштита на културното богатство и негова промоција, развој на туристичката понуда, подобрување на конкурентноста и отворање нови работни места.

Преку ИПА-инструментот на ЕУ реализиравме проекти за поддршка и развој на општините во вредност од 7 милиони евра за 12 општини.

Заедно со УНДП се имплементираа три проекти финансирани од ЕУ, швајцарската влада и шведската влада во вредност од 8,5 милиони евра за подобрување на општинското управување, зајакнување на општинските совети, поголема вклученост на граѓаните, изработка на интегрирани стратегиски планови за локален развој на 45 општини и изработка на проектни документации на 40 општини.

Преку проектот за инклузивен и одржлив рамномерен регионален развој поддржан од Швајцарската амбасада во вредност од 2,5 милиони швајцарски франци, воспоставуваме систем за следење на севкупните инвестиции на државата за регионалниот развој, а донесена е нова Стратегија за рамномерен регионален развој 2021 – 2031.

Со УСАИД дизајниравме проект со кој во наредните три години ќе се работи на подобрување на фискалните капацитети на општините и подобро управување со нивните приходи и расходи.

Преку Бирото за регионален развој во соработка со УНДП овозможени се финансиски средства за изработка на техничка документација за олеснување на процедурите за аплицирање на проекти и добивање средства од буџетот на МКД и ЕУ-фондовите и програмите.

### Нашето мото е европски општини – задоволни граѓани

Општините за #МКвоЕУ2030“ Забрзано градење на капацитетите во општините и другите единици на локална самоуправа бидејќи тие се носечки столб на спроведувањето на законодавството на ЕУ. Ќе промовираме поврзување на општините и планските региони со партнерски општини и региони од земјите членки на ЕУ, со цел пренесување на најдобрите европски практики дома, на локално ниво, и постигнување рамномерен регионален развој како суштинска заложба на СДСМ, затоа што сите се важни!

### Програмата на СДСМ за периодот 2024 – 2028 се базира на 4 (четири) клучни столба за локален развој, кои ќе овозможат поквалитетен живот на граѓаните на локално ниво:

I. **Локален одржлив развој**
II. **Функционална децентрализација**
III. **Рамномерен регионален развој**
IV. **Јавно и транспарентно работење**

### I. Локален одржлив развој - за повеќе пари за граѓаните на локално ниво

СДСМ го започна спроведувањето на процесот на фискална децентрализација кој резултираше со постепено зголемување на учеството на вкупните приходи на единиците на локалната самоуправа во БДП, и тоа од 2,2 % во 2006 година на 5,4 % во 2019 година.( Во истиот период, приходите во руралните и урбаните општини бележат раст од над 33 %, а во Град Скопје со општините забележан е пораст од 29 %.

Иако ова значи поголема даночна одговорност на граѓаните сепак и до денес во структурата на приходите, дотациите од централната власт претставуваат највисока ставка во буџетите на сите општини и истите изнесуваат до 70 % во вкупните приходи.

СДСМ како одговорна партија, досега докажа и во иднина ќе продолжи со трендот на зголемување на средствата кои од централниот буџет и од средствата што стојат на располагање во ЕУ-фондовите, ќе се трансферираат до секоја општина, за подобрување на условите за живеење на секој граѓанин.

Владата предводена од СДСМ од 2017 до денес обезбеди финансиски средства за реализација на капитални инвестиции од повеќе владини програми.

Ако општините до 2022 година добиваа 3 % од данокот на личен доход, веќе во 2024 година тој износ е 6 % . Владата на СДСМ со оваа програма предвидува секоја година овој процент да се зголемува за 2 процетни поени. Така до 2028 година, веќе околу 15 % од данокот на личен доход ќе се префрла на конто на секоја општина/

Приходите од данокот на додадена вредност кои се распределуваат на секоја општина, од 4,5 % во 2020 година, во 2024 година веќе достигна 6 %. Заложба на Владата на СДСМ ќе биде зголемување на % од ДДВ до 10 %, во наредниот мандат.

Клучна определба на СДСМ за наредниот програмски период е да се зајакнат фискалните капацитети на единиците на локалната самоуправа, особено сопствените извори на приходи и да се зголеми одговорноста и транспарентноста во нивното работење. Успешното администрирање и наплата на сопствените приходи ќе обезбеди финансиски понезависни единици на локалната самоуправа .

- ✓ Парите што ќе ги добиваат општините по основ на данок на личен доход и ДДВ до 2028 г. речиси ќе се дуплираат - од досегашните **2,8 милијарди денари на 5 милијарди денари.**
- ✓ Продолжување на трендот на раст на приходите од ДДВ со 1 процентен поен секоја година и од сегашните 6 % со кои се обезбедуваат околу **80 милиони** евра, на 10 % во 2028 година. Ова ќе значи над **120 милиони евра -** директна поддршка за општините од централниот буџет,
- ✓ Ќе ја усогласиме структурата и бројот на општинската администрација со број на жители и видови услуги што ги дава општината, согласно надлежностите.
- ✓ МЕРИТ-критериумите ќе бидат единствена и задолжителна алатка за унапредување и оценка на општинската и јавна администрација.
- ✓ % на реализација на сопствените приходи ќе биде предуслов за секоја општина при користење средства од сите буџетски програми.

Со цел да се обезбеди премин од претежно институционална во функционална децентрализација:

- ✓ ќе направиме анализа на постојните модели и методологии за распределба на средствата од даноците и дотациите по општини, во соработка со МОН, МТСП, МО и другите министерства, за поефикасно функционирање на образовниот систем, системот на социјал-

на заштита и детски градинки, системот на противпожарна заштита и безбедност и справување со кризи, старечките и ученичките домови.

- ✓ во насока на зелена транзиција и искористување на обновливите видови енергија, новата Влада на СДСМ преку МОН и МТСП до 2028 ќе обезбеди средства за сончеви колекторски системи на сите општински училишта, градинки, ученички и старечки домови.
- ✓ Грижата за сите категории граѓани е најважна на локално ниво. Ова е важно за родовата еднаквост, но особено и за лицата со тешкотии и пречки во развојот. Затоа,
- ✓ ќе ја доуредиме со закон утврдена обврска за задолжително родово буџетирање,
- ✓ со закон ќе ги задолжиме општините да вработуваат лица со тешкотии во општинската администартција.

## II. Квалитетни јавни услуги до граѓаните, преку децентрализација

Во досегашниот период децентрализацијата беше вградена како еден од врвните приоритети во Програмата на Владата на Република Северна Македонија за периодот од 2020 до 2024 година и на тој начин е позитивно одговорено на барањето на ЗЕЛС овој процес да биде поставен високо на реформската агенда.

Социјалдемократите веруваат дека власта треба да биде што поблиску до граѓаните. Затоа вложуваме во децентрализација, затоа им помагаме на општините, затоа инвестираме во посилна локална власт.

СДСМ и во наредниот период до 2028 година, ќе продолжи ефективно да ја унапредува нормативната рамка на системот за локална самоуправа со почитување на препораките од процесот на оценување на спроведувањето на Законот за локална самоуправа и Законот за Град Скопје. Целта е да се создадат механизми и систем на локална самоуправа кој ќе биде одржлив, и ќе овозможи сите единици на локалната самоуправа да имаат еднакви можности за испорака на квалитетни јавни услуги кон граѓаните. Притоа, посебен акцент ќе се стави на унапредување на меѓуопштинската соработка, заради поголема ефикасност на општинските инспекциски служби.

Согласно новата Методологија за проширување на ЕУ, резултатите од спроведувањето на процесот на децентрализација ќе продолжат да бидат оценувани како политички критериум за членство. Периодот 2024 – 2026 година е исклучително значаен за спроведување на пообемни подготовки за интегрирање на нашите општини во административниот простор на ЕУ.

Во овој контекст, општините треба да се оспособат и приспособат на административните правила и стандарди на ЕУ вклучувајќи воспоставување на соодветна рамка за добро локално владеење, управување со финансиските средства и контрола како и стандардизирање на сите локални услуги. Во овој контекст, наш приоритет ќе биде:

- ✓ Решавање на горчливиот проблем со јавниот превоз во главниот град преку реализација на БРТ до 2026
- ✓ Субвенционирање на локален линиски превоз два дена во неделата од сите населени места до центрите на општините со цел мобилност на граѓаните и достапност на услугите,
- ✓ Дисперзирање на административните услуги од поголеми населени места во општините и руралните средини, во вид на мобилни канцеларии за подостапни услуги до граѓаните, два дена во месецот општинските и јавни административни служби ќе бидат во тие мобилни канцеларии
- ✓ Дигитализација на услугите со воспоставување системи за е-општина и е-услуги,
- ✓ Зајакнување на инспекциските служби во делот на градежништвото, животната средина, урбанистичко планирање, комунални дејности преку проширување на нивните ингеренции, независност и автономност, а особено ќе го зајакнеме и ќе го уредиме со казнени политики, инспекцискиот надзор над управителите и заедниците на сопственици на објекти за колективно домување во урбаните средини.

## III. Рамномерен регионален развој, за кохезија во општеството

СДСМ во целост ја има согледано потребата од рамномерен регионален развој која произлегува од недостатоците на моноцентричниот модел на развој, кој подразбира големи диспаритети меѓу Скопскиот Регион и другите плански региони во земјата. Обезбедувањето на услови за долгорочен одржлив развој и благосостојба на сите граѓани во земјата е неразделно од креирањето на програми/политики за намалување на регионалните диспаритети и балансиран регионален развој.

СДСМ смета дека обезбедувањето на рамномерен развој и намалување на социоекономските диспаритети во рамки на планските региони е значаен предуслов за постигнување поголем економски раст во државата, за зголемувањето на благосостојбата на граѓаните и подигнување на квалитетот на животот.

Државата не е само нејзиниот главен град. Ја развиваме МК и преку помалите општини, помагаме особено во послабите региони.

Остварувањето на целите за рамномерен регионален раст е предизвик, за чие исполнување е потребно голем степен на координација и соработка меѓу бројни засегнати страни. Иако кај рамномерниот регионален развој акцентот примарно се става на социоекономскиот развој на регионите, неспорно е дека е неопходен развој на планските региони и во останати полиња како што се спортот, културата, заштитата на животната средина, справување со ризици и катастрофи, инклузија на младите и слично. Затоа главни цели во програмата за 2024-2028 година во делот на поттикнување рамномерен регионален развој се

- ✓ Зголемување на средствата на Бирото за рамномерен регионален развој за неговите програмски активности до 2 % од БДП до 2028г.
- ✓ Деметрополизација на државните институции, односно доближување на институциите до граѓаните, и намалување на концентрацијата на сите институционални активности во Скопје
- ✓ Субвенционирање на процесот на сертифицирање на општините во соработка со ЗЕЛС со цел за привлекување на инвестиции преку сертификација за поволно бизнис-опкружување.

- ✓ Институционално јакнење на општините за искористување на 2,2 милиони евра од ИПА фондовите за рурален развој, 17 милиони евра за развој на нови локални патишта, водоводи, канализации во нашите убави села и 1.7 милиони евра, за финансирање на активности за еколошко и органско земјоделско производство и производство кое ќе придонесе за заштита на животната средина и надминување на влијанието од климатските промени.
- ✓ Институционално ќе ги поддржиме општините при формирање на локални акциски групи (ЛАГ), земјоделски задруги, енергетски заедници и други облици на граѓанско здружување, со цел целосно искористување на расположливите средства од ЕУ прекуграничните фондови, со Грција, Бугарија, Албанија, Косово и Србија.

Овие мерки ќе придонесат да се намали диспаритетот меѓу и во рамките на планските региони, ќе се подигне квалитетот на животот на сите граѓани, да се зголеми конкурентноста на планските региони, така што и Кочани, Струга, Берово, Крушево, ќе станат привлечни места за живеење на младите.

Важна улога во креирањето на политиките и понатаму останува на Советот за рамномерен регионален развој при Владата на Северна Македонија кој игра значајна улога во креирањето на политиката за рамномерен развој и има функција на координативно тело кое ги поврзува најзначајните чинители во рамки на тематски области кои се тесно поврзани со рамномерниот регионален развој.

СДСМ ќе ја продолжи соработката и партнерството со меѓународните финансиски институции во функција кои допринесуваат за развој на локалните заедници особеној со Швајцарската агенција за развој, УСАИД, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) за кои и досега реализираа активности и настани водени од мотото: **„Граѓаните во фокус - Креирање иднина со поквалитетни локални услуги“.**

## IV. Јавност и транспарентност

**Одговорна власт нема што да крие. Чесни политичари не се плашат од независно судство, објективните медиуми, ниту од активните граѓани.**

Затоа, заради поголема јавност и транспарентност во својата работа и заради увид во распределбата на парите на граѓаните,

- ✓ Финансиски ќе ги поддржиме општините да инсталираа опрема за <u>задолжително</u> јавно пренесување на седниците на советите на општините, и креираат линкови на општински веб-страници, за пренос и реемитување на Собранискиот канал, социјални мрежи и други комуникациски канали,
- ✓ Задолжително ќе ја вклучиме алатките форуми на заедници и граѓански буџет, во статутите на сите општини, бидејќи граѓаните имаат право да знаат каде и како се трошат нивните пари, како и со цел граѓаните активно да учествуваат во буџетскиот процес.
- ✓ Социјалдемократскиот сојуз доследно ги почитува одредбите на Европската повелба за локална самоуправа за власт најблиска до граѓаните.
- ✓ За таа цел, ги враќаме и ги активираме урбаните и руралните месни заедници како најнепосреден облик на одлучување и учество на граѓаните во процесите за раст и развој на својата локална заедница.

# III. Грижа за сите

Во свет на исклучителни предизвици, сочувството и колективната акција можат да ја обликуваат нашата заедничка судбина. Затоа, се грижиме за оние кои се грижеа за нас, и за оние кои ќе се грижат за нас! Грижата за другите е највисокото ниво на грижа за себе бидејќи никој не може да биде среќен, ако неговата околина е несреќна.

**Водени од нашите вредности на еднаквоста и солидарноста,** ја поставивме емпатијата на највисоко ниво и истата секојдневно добиваше нова институционална димензија. Таа се одразува **во повисоките плати и пензии**, во **недела** како **слободен ден за семејството**, во подобро платениот труд, во новите изградени **детски градинки**, во субвенционираниот студентски оброк, и во многу други навидум мали гестови на системски инклузивниот пристап на нашите политики и залагања, бидејќи живееме во едно општество за сите, рамо до рамо соочувајќи се со предизвиците пред кои е исправен светот. Кога беше најтешко, не се откажавме од никого и не заборавивме никого. Избираме да има од се за сите, колку што има, наместо да има се само за неколкумина.

Нашата идеологија подразбира создавање на општество на **социјална благосостојба** во кое никој нема да биде изоставен, и на таа кауза непрестајно работиме. Тоа е нашиот сон и нашиот завет за иднината.

Ниту еден човек не е остров, за да постои сам за себе и сам со себе. Заедно го споделуваме она што го креираме како општество: **разбирање и толеранција** наместо раздор, **почитување** наместо омраза, **љубов и прифаќање** наместо осуда.

Нашиот следен модел на Грижа за сите, во следните четири години има три столба: **активација на пазар на труд, економско зајакнување, промоција и заштита на менталното здравје низ призма на социјална и детска заштита**. Подготвени сме за стартување на Детска гаранција како одговор на детската сиромаштија.

Подготвени сме и за зголемување на опфатот на **Младинска гаранција**, која сега ќе опфати **35 000 лица** и за прв пат воведување на софтвер за младинска работа, за креирање на систем за психосоцијална поддршка на младите и промоција на ментално здравје. **Логопедските и дефектолошките** третмани ќе бидат **бесплатни за сите деца** на кои им се потребни, а **инклузивните игралишта и сензорните соби** ќе бидат секојдневие во секоја општина. Свесни за значењето на првиот училишен ден, ја споделуваме радоста и возбдуата со секое семејство кое ќе испрати **првачe** на училиште, посакувајќи му среќен почеток со соодветен **ваучер з**а подготовка, како и на секој **нов средношколец**. **Безбедни училишта и безбедна средина** се наш императив во секоја смисла- од **физичко обезбедување** кое веќе нема да го плаќаат родителите, до **заштита од булинг и превенција на врсничкото насилство**, **субвенциониран училишен оброк и екскурзии**- во земјата, во регионот, и во Европа.

Меѓугенерациската солидарност значи и нов календар за усогласување на пензиите со Методологијата за пресметка на пензиите во јануари и јуни секоја година како и нова **повисока минимална пензија која изнесува најмалку 20.000 денари за сите пензионери и 30.000 денари просечна пензија** до крајот на мандатот. Воведуваме нова поддршка за секој пензионер, со **Новогодишен трансфер**, покрај **поддршката за енергетски потреби** и отварање на **нови домови за стари лица**. Од оваа година, пензионерите ќе добијат посебна **платежна картичка за поефтини** основни производи.

Унапредување на безбедноста и здравјето при работа исто така е еден од приоритетите на следната Влада предводена од СДСМ. Поголема безбедност на градилиштата со воведување на одговорности на инвеститорите во процесот на безбедноста и здравјето при работа на градилиштата и со воведување на нова казнена политика.

## Европско здравство во Македонија наместо македонски доктори во Европа

Здравствените системи не се само индивидуални интеракции со лекарите. Тие се сложени мрежи кои влијаат на нашата колективна благосостојба и бараат постојано внимание и подобрување.

Зајакнувањето на здравствените системи обезбедува подобри одговори и на познатите и на непознатите закани. Истражувањето во медицината, заедно со терапиите и развојот на вакцини, е од суштинско значење за градење на отпорни здравствени системи кои ќе им служат на сите ефективно. Затоа, паралелно со вложувањето во медицината, ќе вложуваме и во фармацијата и во стоматологијата. Нашата визија за здравството до 2030 подразбира грижа заснована на вредност која се фокусира на исходите на пациентот и превентивните мерки, како и давање на приоритет на превентивните прегледи и раните интервенции за да се намалат долгорочните трошоци.

Нашиот здравствен систем докажа дека и покрај сите предизвици со кои е соочен, генерира кадри кои се доволно конкурентни на европскиот пазар и доволно добри за работа во германските болници. Затоа, за сите нив, се обврзуваме да обезбедиме услови за достоинствена работа дома. Преку вложување во инфраструктура и опрема, но и преку удвојување на квоти за упис на медицинските факулти, бесплатно студирање, нови 1000 специјализации, резултатите нема да изостанат и ќе продолжат да прават разлика! Предвидуваме рекорден скок за сите доктори и помошен персонал на сите нивоа, затоа што тоа е потребно да го задржиме и подобриме здравството! Платите ќе пораснат, со примања од 80.000 до 180.000 денари, а специјализантите ќе добиваат најмалку 60.000 денари!

Капитациониот бод за матичните лекари го зголемуваме за 15% до крајот на 2024 година, а започнуваме процес за надградба на плаќањата за специјалистите!

Имаме план за иднината на примарната, секундарната и терциерната здравствена заштита, за пристапност и навременост на услугите до сите граѓани. Тоа подразбира ревизија на посточката мрежа на здравствени установи и дефинирање на нова медицинска мапа согласно степенот на здравствените услуги што ќе се пружаат во одредени јавни здравствени установи. Тоа значи и модернизација и регионализација на онколошките центри низ државата, за пациентите со малигни заболувања што полесно да ја добиваат содветната современа терапија (Скопје, Битола, Штип, Тетово, Куманово), но и отворање на регионални центри за третман на деца и млади со аутизам (Скопје, Битола, Штип, Тетово, Струмица, Кавадарци, Струга).

Целосно ќе се укине **партиципацијата од 20% за услугите во јавното здравство**, во мрежата на ЈЗУ. Јавното здравство ќе биде бесплатно за сите осигуреници!

### Образование за достоинствен живот

Образованието е камен-темелник на грижата за сите. Тоа значи зајакнување на учениците и шанса стокму тие да станат архитекти на промените.

Образованието има огромен трансформативен потенцијал за обликување праведна и одржлива иднина. Преку него, не ја менуваме само личната животна патека, туку и текот на историјата, креирајќи генерации посветени на определни вредности. Тие генерации посветени на вредности ја изградија оваа држава и наша должност е да ја сочуваме за генерациите кои доаѓаат.

Нашиот свет се наоѓа во клучен момент во историјата, обележан со сложени и брзо променливи траектории. Социолошките, еколошките и технолошките трендови ги преобликуваат образовните системи, барајќи адаптација.

Образованието не е само обезбедување на работа; ни ги обликува животите, нè зајакнува и го отвора патот за посветла иднина. Сите нивоа на образование се исклучително важни- основното, средното и високото. Затоа, подигнувањето на квалитетот на образованието на сите нивоа и достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот, претставува стратешки приоритет за СДСМ.

Квалитетното образование е клучен предуслов за економскиот раст, современо општество и задржување на младите во државата, но и за развој на нивниот личен потенцијал и вештини. Сите кои биле вклучени во образование и настава, знаат дека нема здрав образовен систем без вложување во наука. Токму затоа, не застануваме тука! Ќе продолжиме да работиме на подржување и поголемо вмрежување и соработка со еминентни научни и високообразовни установи. Нашите истражувачи и научници да имаат пристап и соработка со високообразовни и научни установи со цел поттикнување на истражувачката дејност и унапредување на развојот на науката на нашата држава. Живееме за времето кое го создаваме и во кое е гордост да си научник од Македонија!

Заедно, да создадеме иднина во која грижата за сите не е возвишен идеал, туку секојдневна практика. Тоа е нашето ветување за посочувствителна, правична и меѓусебно поврзана иднина.

Грижата за сите, за нас, треба да стане консензуален и национален, надпартиски систем. Бидејќи, образованието неразвива, здравството не одржува, а социјалниот систем не заштитува. И решенијата кои ги нудиме, ќе ги разговараме и развиваме со сите во државата!

Сакаме конечно, да има заедничка и консензуална одлука за нов Клинички Центар, сакаме пензионерите да добиваат плус како резултат на одржлива и стабилна методологија, сакаме реформите и промените во образованието за новото време,кои се крутично важни, и се долгорочни, да се консензуални и да не се менуваат, туку да испорачуваат резултати!

Затоа, грижа за сите! Како света работа, како највисока обврска!

## 1. Повеќе и подобро за сите

Во периодот 2022-2024 година, иако нашата земја, како и земјите во регионот, се соочуваше со едни од најголемите кризи до сега: безбедносна, економска, ценовна и енергетска, сепак го исполнивме дадениот збор. Покажавме дека грижата за секој граѓанин е нашиот императив, дека е патоказ за кој нема простор за преговори, ниту простор за колебање.

Посветено спроведувајќи политики и мерки кои гарантираа економска сигурност, подобрен животен стандард, солидарност, гаранција за мир и стабилност, докажавме дека грижата, всушност значи поддршка, значи сила и мир. Направивме историски значаен пресврт со Законот за минимална плата и донесовме економска стабилност за пензионерите со Методологијата за раст на пензиите.

Го исполнивме ветеното за стабилен и сигурен систем за социјална заштита.

36 000 семејства ги остваруваа редовно своите права од социјална и детска заштита. Со грижата за нив, се грижевме за секое дете, за секој млад во нашата држава. И покрај зголемениот број на граѓани кои остваруваа права од социјалната заштита, обезбедивме истите да пораснат за 24% во само две години, следејќи го растот на трошоците за живот.

Кога глобалната криза беше најсилна, ние се грижевме за граѓаните и исплативме два пакети за финансиска поддршка на најранливите категории на граѓани, со што обезбедивме сигурност во зимските месеци.

Знаевме и знаеме дека постигнатото не е доволно. Знаеме и свесни сме дека сè уште тешко се живее. Знаејќи го сето тоа, имајќи свесност, ние продолжуваме со политиките на грижа за сите...

### Време е за подобро и повеќе

Големата реформа во системот за социјална заштита во 2019 година покажа дека нашата посветеност и грижата за секој граѓанин не е само флоскула, тоа е императив. Изминатите две години со исполнување на **секое дадено ветување, со посетите на терен, со разговорот со секого, со слушањето и со имплементирањето на решенија** креирани според потребите на нашите сограѓани, покажавме како се креира систем на социјална заштита по мерка на граѓаните, но и по мерка на европските земји.

Осигуруваме **поголем прилив на сметките** на нашите сограѓани кои примаат права од социјалната и од детската заштита, притоа обезбедувајќи им сигурност преку редовната и навремената исплата. На тој начин направивме сигурен праг на заштита кој е гаранција за достоинствен живот, но и сигурна појдовна точка која ни дава насока за подобрување на животот и понатаму.

Инвестирањето во **луѓето, во децата, во младите,** во подобриот стандард, во повисоки плати и пензии, во социјална и во детска заштита која овозможува излез од кругот на сиромаштијата, беше битка која вредеше да се води.

Предизвиците беа само дополнителен мотив да работиме посветено и да го подобруваме системот на социјална заштита.

Нашиот следен модел на Грижа за сите, во следните четири години има три столба**:** 1. Активирање на пазарот на трудот;2. Економско зајакнување**;3.** Промоција и заштита на менталното здравје низ призмата на социјалната и детската заштита**.**

Ова ветување кое е потешко, потемелно, кое бара непоколеблива решителност за искоренување на сиромаштијата, за поттикнување на активацијата на пазарот на трудот, за забрзан раст на минималната плата, за раст на пензиите,е нашата сила и нашиот мотив да си ветиме уште подобро утре за сите нас.

Во следните години, системот за социјална заштита продолжуваме да го развиваме со дополнителен број вработени, со инвестирање во нивните знаења и решителност да помогнат на секој од корисниците, но ќе го развиваме во духот на охрабрување и поттикнување.

Стабилноста на нашиот систем за социјална заштита, кој со своите редовни финансиски трансфери ни овозможи стабилност на секој наш граѓанин, ни даде сигурност со која продолжуваме понатаму. Решителноста да не креираме систем кој ќе ги држи луѓето во социјален ризик, туку **систем кој ќе ги охрабри, преквалификува, ќе ги пласира на пазарот на трудот** и ќе ги задржи таму, е нашиот следен предизвик. Достоинствениот живот преку активација на пазарот на трудот на секое од семејствата, приматели на гарантирана минимална помош, преку систем на охрабрување, поддржување и на активирање е предизвикот на кој сме спремни да работиме следниот период.

Покажавме дека сме непоколебливи кога станува збор за имплементирање на реформи кои гарантираат сигурност. Затоа, сега сме сигурни кога говориме за прифаќање на ризикот за активација на граѓаните кои се долгорочно невработени.

Но, развој на системот за социјална заштита по терк на европските системи за социјална заштита, со развој на гранка за психосоцијална помош за младите, претставува насока која сме подготвени да ја воведеме.

Ја усвоивме **Националната стратегија за ментално здравје на млади**, покажувајќи дека го слушаме и за нас е важно мислењето на младите. Ја усвоивме и Стратегијата за човечки капитал, клучен документ по кој гарантирањето на европски стандард и квалитет на живот за секој граѓанин во нашата држава е патоказот за мир, спокој и достоинствен живот.

Европскиот пат на нашата држава и поставениот темел на сигурна заштита, се теркот по кој ќе се водиме со натамошниот развој на системот за социјална и детска заштита, во духот на креирање на благосостојба за секој од нас.

Сега и овде, подготвени сме за воведување на европски модели на социјална и детска заштита. Подготвени сме за стартување на **Детска гаранција како одговор на детската сиромаштија.**

Подготвени сме за зголемување на опфатот на младинска гаранција, која сега ќе опфати **35 000 лица, и** за прв пат воведуваме софтвер за младинска работа, за креирање на систем за психосоцијална поддршка на младите и промоција на ментално здравје. Подготвени сме за итно вложување во младите и градење на младински систем на социјална заштита. За нас, тие се најважен дел за иднината, нивните потреби, економската стабилност, визиите и нивните идеи. И затоа сме убедени дека предложениот систем на социјална и детска заштита, кој расте и се менува, станува заштитник на младите, нивен глас и реформатор.

Конкретно, го зголемивме опфатот на деца во детски градинки. Од почетокот на мандатот на Владата на РСМ, отворени се вкупно 88 објекти, и тоа:

- ✓ 14 нови Јавни установи за деца - детски градинки,
- ✓ 41 нов објект во рамки на постојните Јавни установи, и
- ✓ 33 нови групи.

## Систем на сигурна детска заштита – клучот за напредокот

- ✓ Грижата за семејството е наша примарна цел. Усвојување на Стратегијата за родителство, преку која ќе ги јакнеме родителските вештини и ќе вложуваме во здрави семејства кои се активни чинители во општеството.
- ✓ Во текот на **2024** година ќе отвориме уште **14 нови детски градинки,** и тоа во општините: **Кочани, Василево, Прилеп, Битола, Липково, Дебар, Могила, Гевгелија, Чаир, Свети Николе, Делчево, Тетово, Карбинци и Теарце,** со опфат на **1500 деца** и **6 нови градинки во 2025 година во општините Желино, Струга, Долнени, Гази Баба, Карпош и Валандово, со кои дополнително ќе се зголеми опфатот на деца**.
- ✓ Мора да успееме драстично да го зголемиме опфатот на деца во градинка на најмалку **70%** до 2028 година. За таа цел, покрај отворањето на нови градинки, имаме План за пренамена на постоечки простории од образовните установи во центри за ран детски развој, за опфат на деца од 3 до 6 години. За таа цел, имаме План за креирање и квалификација на кадри за згрижување и предучилишно образование за децата!

Воведување мерки за поддршка на развој на мали приватни предучилишни установи со опфат на 5 – 10 деца ( мал центар за ран детски развој на возраст 3-6 години ), во мали средини, за зголемување на опфатот на деца вклучени во предучилишно образование. Преку креирање на нови мерки од Оперативниот план за вработување за 2025 година, ќе обезбедиме субвенционирање на плати на вработени во градинките во висина на минималната плата.

Промовирање на ваучери за поддршка на деца за упис во детски градинки и локални центри за ран детски развој во рурални средини .

Искоренување на социјалната изолација на деца од маргинализираните групи, преку креирање на бесплатни програми во градинките за деца на возраст од 6 до 10 години, кои ќе бидат поддршка во попладневните часови и каде ќе се работи на развивање на социјални и животни вештини на деца и родители во рамки на Стратегијата за родителство.

- ✓ Поддршка на инклузијата во предучилишното образование со инвестирање во сензорни соби и инклузивни игралишта во секоја од **81 општина** во државата.
- ✓ Промоција на мрежа на лиценцирани дефектолози и логопеди за обезбедување третмани за секое дете

со попреченост во државата. Креирање мрежа на социјални услуги за обезбедување **загарантирани** и задолжителни логопедски и дефектолошки третмани на секое дете со пречки во развојот во адаптирани простории во Центрите за социјална работа, каде овие професионалци ќе доаѓаат да даваат третман, како надворешни лиценцирани соработници.

- ✓ Зголемување на правата од социјалната и детската заштита за 30%. Почнувајќи од 2025 до 2028 година зголемување на правата за 10% на годишно ниво.
- ✓ **Дигитализација за напредок на системот за социјална заштита.** Воведуваме комплетна дигитализација на системот на социјална заштита. Овозможување на поднесување барања за остварување на правата од социјалната заштита е наш следен императив во доближување до заштитата на секој граѓанин. Со воведување на нов софтвер за исплата на правата од социјалната и од детската заштита до крајот на 2024 година, ние овозможуваме интегрирана размена на податоци меѓу релевантните институции во реално време, но со надградба на истиот и овозможување на електронска апликација за остварување на одредено право. ние пред сè ги намалуваме трошоците на граѓаните за аплицирање, за патување до најблискиот Центар за социјална заштита, а притоа ја олеснуваме работата на нашите вработени во обработката на барањата, сигурно постапување според добиени информации во реално време и овозможување социјална поддршка за секој граѓанин на кој му е потребна.
- ✓ Промоција на **онлајн советувалишта.** Следење на новите модели за поддршка на граѓаните преку имплементирање на онлајн советувалишта за психо-социјална поддршка за граѓаните, со посебен фокус на жртвите на родово и на семејно насилство, но и поддршка на младите. Затоа што советувањето и водството треба да се заштитен знак на системот на социјална заштита, а заштитата значи поддршка, водство и чекор кон сигурна благосостојба.
- ✓ Развој на локални социјални услуги за потребите на граѓаните - продолжуваме со инвестирање во услугата „Помош и нега во домот“, креирајќи услови до крајот на 2028 година опфат на секоја од 81 општина во нашата држава. Продолжување на трендот на склучување управни договори со сите даватели на социјални услуги на локално ниво, за осигурување на нивната економска стабилност и одржливост. Вработување на секој од давателите на услуга.
- ✓ Зголемување на финансиската поддршка на Националните инвалидски организации за 35% проценти. Со ваквата поддршка се овозможува самостојно функционирање на инвалидските организации, јакнење на капацитетите на нивните членови на локално ниво, но и овозможување на интензивно вклучување на младите лица со попреченост и охрабрување да креираат проекти, акции, но и свои бизниси.
- ✓ Развој на младински центри за психо-социјална поддршка на деца, млади и нивните родители отворање на **8 регионални советувалишни центри за деца и млади**, промоција на сигурни точки за млади во секој меѓуопштински центар за социјална работа за подобрување на пристапот до услуги за ментално здравје за младите луѓе, вклучително и преку развој на услуги засновани врз основа на потребите на младите, за промовирање на важноста на менталното здравје на младите кон постигнување на комплетна благосостојба .
- ✓ Развој на **систем на професионални згрижувачи** воведување на **професионализација на поимот згрижувач**, односно на интервентен и специјализиран згрижувач. Креирање мрежа на надворешно вработени професионални згрижувачи во 8 регионални центри за поддршка на системот на социјална заштита, но првенствено за промоција на продлабочување на грижата за деца од ранливи семејства, деца со предизвици и деца кои имаат проблеми во однесувањето а имаат потреба од интервентно сместување.
- ✓ Промовирање на **нов пакет за поддршка на лица заболени од канцер** – промовирање на ново право во системот на социјална заштита за финансиска поддршка на лицата заболени од канцер **во висина од најмалку 6000 денари месечно**.
- ✓ **Училишен АВГУСТОВСКИ БОНУС. Нов пакет за поддршка на семејствата за секое прваче и пакет за поддршка на средношколец** кој тргнува во прва година средно училиште. Потребата за поддршка на семејствата, на децата и младите, со тргнувањето во прво одделение, како и почетокот со средно образование, покрај редовната исплата на образовен додаток преку системот на социјална заштита ќе го зботатиме и со воведување на еднократна парична помош, односно ВАУЧЕР од 6 000 денари на секое семејство кое има прваче и 9 000 денари за секој средношколец кој тргнува во прва година средно училиште.
- ✓ Префрлување на ингеренции во сектор здравство за администрирање и исплата на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице. Со префрлањето на администрирање и исплата на услугата за помош и нега од друго лице, кое го врши Центарот за социјална работа, се овозможува поедноставување на самиот процес и поголема ефикасност во остварување на ова право за граѓаните. Дополнително се овозможува Центрите за социјална работа да се фокусираат на стручната работа и граѓаните да ги добиваат услугите многу побрзо и поквалитетно.
- ✓ Воспоставување на нов систем на мониторинг и евалуација на испорачани услуги во системот на социјалната заштита. Се воспоставува следење и надзор на доставата на социјалните услуги.
- ✓ **Реновирање на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“.** Се овозможува искористување на капацитетите коишто ги има установата за воспоставување на рехабилитација и професионална рехабилитација на лица со телесна попреченост.

### Стратегија за справување со сиромаштија преку инвестирање во човечки капитал

Раздвижување на економијата и справување со сиромаштијата само преку активирање на пазарот на трудот. Воведување на систем на социјално менторство, како социјална услуга и мост кој ги поврзува Центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување.Охрабрување, водење, мотивирање за преквалификација и док-

валификација, но и грижа за промена на стилот на живот за граѓаните кои се долгорочно во системот на социјална заштита се главен темел на програмата 2024 – 2028 година. Креирање на можност за преквалификација на младите со високо образование кои повеќе од 4 години се евидентирани за невработени во АВРСМ.

- ✓ Зголемување на износот на **младински додаток и поместување на** границата за вклучување во мерката – зголемен опфат на млади од ранливи семејства со работно вклучување и зголемување на износот кој го добиваат од **3000 денари на 5000 денари месечно**, преку измени и дополнувања на Законот за младински додаток.
- ✓ Зголемен опфат на млади со „Гаранција за млади" и донесување на Закон за „Гаранција за млади", односно зголемување на бројот на млади луѓе на **35 000, што е зголемување за 52%.**
- ✓ Развој на софтвер „**Младинска работа – E-youth job**" по модел на словенскиот„Економската стабилност и независност на младите – клуч кон развој на општеството".Електронска платформа која посредува за пронаоѓање привремена работа и работа со скратено време за средношколци и за студенти. Средношколците и студентите ќе може преку овој систем да добиваат знаења, можности, но и да креираат економска независност. Системот ќе ги евидентира работните места и преку апликација ќе испраќа понуди за работа на лицата кои ги внеле своите податоци во него. Секој има свое досие во кое се сочувани податоците: каде работел, кои квалификации и обуки дополнително ги стекнал и колку часови може дополнително да биде ангажиран во еден месец. Системот ќе биде поврзан и со ЕРАЗМУС системот, па младите ќе добиваат информации и за стипендии и размени. Целта е да се овозможи активација на 65% од младите во првите две години од воспоставување на системот.
- ✓ Креирање работни места според потребите на лицата – **охрабрување за активација на пазарот на трудот на лица со попреченост, мајки на деца со попреченост и лица од маргинализирани заедници, преку партнерски однос со компаниите и воведување на систем на job crafting** . Токму тоа е европски пристап кон активација на секој граѓанин на Република Северна Македонија. На европско ниво, job carving и job crafting се прифатени како интервенции кои ги приближуваат луѓето до нивните идеални услови за вработување. Истите овозможуваат ефикасна транзиција на луѓето кои се оддалечени од пазарот на трудот, притоа креирајќи работно место во согласност со нивните потреби, можности и ограничувања, како и истовремено задржување на работниците на попродуктивно и позначајно работно место, на тој начин што ќе посредува помеѓу потребите на работниците и работодавците. Нашиот партнерски однос со компаниите ни дава сигурност за успешност во спроведувањето на овој иновативен пристап на активација на пазарот на трудот.
- ✓ Нов Закон за **социјално претприемништво** – промовирање на грантова поддршка за развој на социјални претпријатија кои ангажираат лица со попреченост. Гарантирана вклученост на 70% лица со попреченост во социјалните претпријатија. Креирање на Регистар на социјални претпријатија и развој на поддршка на ангажманот на лицата со попреченост преку субвенционирани придонеси во времетраење од 12 месеци.
- ✓ Развој на **дневни центри за лица со попреченост** кои промовираат активација на пазарот на трудот со работа од далечина. Дневни центри кои се центри за активација на лицата со попреченост и во кои лицата со своето посетување ќе бидат вклучени во одреден работен процес и на крај на семејството ќе му се исплаќа паричен надоместок за завршената работа. Економското зајакнување на лицата со попреченост и активацијата на пазарот на трудот останува наш врвен приоритет и понатаму.
- ✓ Креирање на мерки за **поттикнување на родова еднаквост** преку економско зајакнување и независност на жените. Мотивирање на приватниот сектор преку посебен фонд на поддршка- ослободување од придонеси во рок од 12 месеци за вработување на долгорочно невработени жени, корисннчки на ГМП и жени кои се жртви на семејно  и родово базирано насилство.
- ✓ Воведување на **гаранција за деца** – одговор на детска сиромаштија и креирање на еднакви можности за секое дете. Сиромаштијата и социјалната исклученост имаат големо влијание врз животот на децата, спречувајќи ги да пристапат до основните услуги како што се здравствената заштита, образованието, детската заштита, квалитетното домување и детската грижа. Нашиот систем на социјална заштита е посветен кон детската заштита преку обезбедувањето на детски и образовен додаток, преку креирање мерки и пакети кои со финансиска поддршка го обезбедуваат семејството на секое дете, да има материјална поддршка за обезбедување на основните услови за живот, но знаеме дека во некои семејства треба повеќе и некои деца имаат потреба од поголема поддршка за осигурување на еднаквите можности и напредокот.
- ✓ Европската гаранција за деца е механизам на ЕУ за спречување од социјалната исклученост на децата на кои им е потребна, преку гарантирање пристап до група на клучни основни социјални услуги. Детската гаранција има цел да им обезбеди ранливите деца пристап до квалитетни услуги, односно, да се определат минимални пакети на услуги за секоја група.

### Меѓугенерациска солидарност - се грижиме за оние што се грижеа за нас

- ✓ Нов календар за усогласување на пензиите со Методологијата за пресметка на пензиите во јануари и јуни секоја година.
- ✓ Нова повисока **минимална пензија која изнесува најмалку 20 000 денари за сите пензионери и 30 000 денари просечна пензија до крајот на мандатот,** со цел да овозможиме стабилен пензиски систем којшто ќе овозможи стабилност и сигурност на пензиите за сегашните и за идните пензионери.
- ✓ Воведување на енергетски пакети за пензионери кои живеат сами – промоција на енергетска сигурност за пензионерите со исплата на енергетски додаток во висина од **1500 денари во периодот од октомври до март**. Со овој додаток во зимските месеци ќе се

обезбеди сигурност на пензионерите, ќе се олесни нивниот домашен буџет и ќе се креира систем на сигурност и поддршка.

- ✓ Воведување на **зимски регрес за пензионери – воведување на скалеста исплата на зимски регрес за пензионери во декември 2024 година во висина од 3000 до 6000 денари, при што највисок износ ќе добијат пензионерите со пониски пензии**. Креирање на регрес е воведување на стабилен систем на социјална поддршка за секој пензионер.
- ✓ Воведување и дефинирање на пензионерска еднаквост – исплата на загарантирана минимална пензија на жените/мажите, кои живеат со семејна пензија наследена од починатиот партнер, за гарантирање на еднаквост и достоен животен стандард, преку автоматски стабилизатор и дополнувач на пониската пензија до просечната пензија.
- ✓ Градење **систем за работно ангажирање на пензионери** – воведување можност за волонтерско и за работно ангажирање на пензионерите. Со искористување на воспоставениот софтвер за евиденција на работни часови, ќе се овозможи работно ангажирање на пензионерите, без притоа истото да влијае на износот на пензија кој го добиваат. Со воведување на оваа можност се креира можност за дополнително финансиско зајакнување на пензионерите, но и олеснување на притисокот кој го има нашата економија од потребата од зголемен број работници. Промоцијата на активен живот и подобра материјална сигурност е потврдување на нашата заложба за градење систем на благосостојба на секој граѓанин!
- ✓ Отворање можност за пензионери кои им **недостигаат 2 – 4 години**, а кои имаат повеќе од 64 години, да започнат да го комплетираат недостатокот на стаж и да остварат право на пензија со искористување на софтверот за евиденција на работно ангажирање во одредени области.
- ✓ Посебна картичка за пензионери „**Се грижиме за сите**" кои се корисници на најнизок износ на пензија, а со која ќе се добива до **30% намалување на леб, бели печива, млеко, односно, дефинирана листа на производи и овозможување на други поволности за пензионери** кои се приматели на пензија до просечниот износ на пензија.
- ✓ Отворање на домови за стари лица во соработка со општините во **Демир Капија, Пробиштип, Крива Паланка и Кавадарци**. Целта е развивање на услугата за сместување во установа за стари лица преку зголемено учество на општината во воспоставување и одржување на домовите за стари лица.
- ✓ Изградба на **нови домови за стари лица во Скопје**, и тоа конкретно, во секоја општина, преку посебен модел во кој Владата, во соработка со ЈПССП, задолжително ќе изгради по еден објект во општините, на државно земјиште, со вкупен капацитет **од 2000 лица**.

Во претходниот период, преку инклузивен процес на сите засегнати страни се подготвуваше нов предлог на **Закон за работни односи и Закон за безбедност и здравје при работа**. Во предложените решенија, тенденцијата е задоволување на барањата на работниците и работодавачите и воспоставување на баланс од кој придобивка ќе имаат сите граѓани. Секако, во овие процеси неспорна е и потребата за исполнување на обврските преземени од Конвенциите на Меѓународната организација на труд, како и Директивите на Европската Унија. Дел од предложените решенија ѝ се познати и на пошироката јавност преку отворените јавни дебати.

- ✓ Безбеден и здрав работник, благосостојба на семејството и зголемена продуктивност на работодавачот.
- ✓ Инвестирање во **поголема превенција на работните места за подобрување на условите за работа и подигање на свеста за безбеден пристап за извршување на работните задачи** преку формирање на Фонд за превенција во безбедноста и здравјето при работа, кој, меѓу другото, ќе зафаќа **5% од придонесот за повреди при работа и професионални болести**, ќе биде трипартитно управуван со учество на синдикати, работодавачи и државни институции. Со средствата од фондот ќе се финансира процентуален дел од проекти кај синдикати, работодавачи, невладини организации за превенција во безбедноста и здравјето при работа и подигање на културата за безбедност. Имплементацијата ќе се спроведува во периодот 2024-2026 година.
- ✓ **Ден за сопствено здравје** е мерка која ќе ја користи секој вработен. Во текот на годината секој **вработен ќе има можност да искористи еден работен ден за проверка на своето здравје кај одреден специјалист или матичен лекар, кој ќе му биде платен 100%.** Ова треба да се смета како превенција за контрола на здравјето за секој вработен, кое нема да е поврзано со работното место и превентивниот здравствен преглед кај доктор по медицина на труд, кој го организира работодавачот. Имплементацијата ќе се спроведува во периодот 2024-2025 година.
- ✓ Зголемување на информираноста на работниците и работодавачите за правата и обврските во врска со **безбедноста и здравјето при работа,** со воведување задолжително информирање на работодавачите преку пишан материјал при регистрирање на компанија, како и на годишно ниво, преку електронски пораки. **Вработените за своите права и обврски ќе се информираат со писмен материјал** при самото вработување од страна на АВРСМ. Имплементацијата ќе се спроведе во 2025 година.
- ✓ Поголема безбедност на градилиштата со воведување на **одговорности на инвеститорите во процесот на безбедноста и здравјето при работа на градилиштата и со воведување на нова казнена политика**. Имплементацијата ќе се спроведе веднаш, во 2024 година.
- ✓ Превентивниот здравствен преглед нема да биде само „систематски". Прегледите на вработените ќе бидат насочени кон опасностите на кои работникот е изложен во процесот на работа и зголемување на улогата на докторот по медицина на труд во следење на здравјето на вработените. **Притоа, задолжително е електронското поврзување на докторите по медицина на труд со матичните доктори**. Имплементацијата ќе се спроведува во периодот 2024-2026 година.
- ✓ Воведување на **единствен систем за пријавување и следење на повреди при работа**. Воспоставување на

електронски систем и база на податоци кои понатаму може да се анализираат и да се обработуваат, со што ќе се олесни процесот на пријавување на повреда и нејзино понатамошно следење, како и можности за истражување на спроведените политики и нови мерки кои ќе произлезат од одредени истражувања. Имплементацијата ќе се спроведува во периодот до 2027 г.

- ✓ Зголемена едукација на инспекторите од државниот инспекторат за труд и промена на начинот на работење. Со мерката ќе се овозможи целосна имплементација на системот **„е-инспектор“** како и промена на начинот на делување односно, воведување на „**надзор со цел**“, особено во делот на безбедност и здравје при работа. Контролите ќе бидат насочени кон сектори каде што има поголем број прекршувања на обврските или повреди при работа, а ќе се воведат и целни надзори за спроведување на конкретни законски или подзаконски норми. Ќе се формира и едукативен центар во склоп на инспекторатот за труд. Имплементацијата ќе се спроведува во периодот 2024-2026 година.

## 2. Европски стандарди за македонското здравство

Здравствениот систем претставува еден од најважните и најитните предизвици за државата и за идната влада на СДСМ. Потребата од зајакнување на системот на јавното здравство не смее да трпи повеќе одлагање. Потребни се паметни, храбри и долгорочни одлуки и мерки. Во изминатиот период се направија рекордни инвестиции во опрема и во кадар.

Конкретно**:**

- ✓ Повеќе клиники и оддели во здравствените установи добија значително подобрени услови за работа.
- ✓ Отворен е **новиот Ургентен центар во Општата болница во Куманово**, објект изграден од темел (почнато е во време на ДПМНЕ, но во наше време е завршен и пуштен во употреба).
- ✓ Реновирани се **хируршките сали на Клиниката за ортопедија,** како и целата клиника.
- ✓ Реновирани се **хируршките сали на Клиниката за трауматологија** и опремени се со најмодерна опрема.
- ✓ Реновирани се **Одделенијата за дигестивна хирургија.**
- ✓ Реновирани се сите **клиники во склоп на Интернистичкиот блок ОРЛ, Очна клиника, Дерматовенерологија, Пулмологија, Неврологија и Гастроентрохепатологија**.
- ✓ Реновирана е Универзитетската **клиника за хематологија.**
- ✓ Реновирана е Универзитетската **клиника за пластична и реконструктивна хирургија.**
- ✓ Обновена е Службата за **итна медицинска помош во Здравствениот дом во Велес.**
- ✓ **Првата фаза** од реконструкцијата во **Специјалната болница по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ во Скопје (стара градска болница) е завршена.**
- ✓ **80% од градежните зафати од реконструкцијата во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“** се завршени, болницата има обновен базен со топла вода.
- ✓ Реновиран е одделот за **интензивно лекување на Универзитетската клиника за неврохирургија.**
- ✓ Реновирана е **Службата за итна медицинска помош во Битола и ЗД Битола.**
- ✓ Комплетно е реновиран **вакциналниот пункт во Поликлиника Чаир.**
- ✓ Од темел е изградено **ново одделение за акутни состојби во Психијатриска болница - Негорци.**
- ✓ Отворен е **Кардиоваскуларен центар во Градската општа болница „8 Септември**“.

Рекордно ги зголемивме платите на медицинскиот кадар. **Основната плата** на лекарот специјалист ја зголемивме **за 40%,** на **медицинските сестри на клиниките помеѓу 20% и 23%, на општите лекари за 25% а на здравствените соработници за 15%.**

Ги зголемивме коефициентите за исплата на дежурства на здравствените работници. Некои типови на дежурства се зголемени за два до три пати за викенд.

**За првпат обезбедивме исплата на плати за приватните специјализанти во висина од просечната плата на општ лекар**. Дополнително се плаќаат дежурствата и здравственото осигурување.

**Во мандатот од 4 години, одобривме рекордни 931 специјализација и 130 супспецијализации.**

Воведовме **НОВИНИ ВО ИНТЕРВЕНЦИИ**. Конкретно, **за првпат** во историјата на државата се спроведе:

- ✓ **Трансплантација на коскена срцевина** од несроден дарител.
- ✓ По пауза од 3 години - **кадаверични трансплантации**.
- ✓ На **Клиниката за кардиологија, кај 100 пациенти** е применета **минимално инвазивна метода** со која со катетар, наместо со отворена операција на срцето, се заменува една од валвулите, а тоа е тренд секаде во светот.
- ✓ На Клиниката за неврохирургија се воведе **нова метода во лекување на пациенти со мозочно крварење**. Ние сме единствена земја во Југоисточна Европа каде што ќе се врши оваа метода, односно, се практикува нов третман за епилепсија преку вградување стимулатор на нервот вагус.

### Пристап до лекови – основен елемент на правото на здравствена заштита

- ✓ Постигнат е значителен напредок на полето на персонализирана здравствена заштита, но сепак, остануваат неверојатни предизвици. Додека постојните персонализирани дијагностички и терапевтски опции овозможија прецизна медицина приспособена на уникатните потреби на секој пациент, овие персонализирани третмани сè уште се предизвик и допр-

ва треба да станат стандардна нега.

- ✓ Во моментов се врши **ажурирање на позитивната листа на лекови**, историски исчекор после застој од 15 години. Откако беше донесен нов Правилник во јуни 2023 година и беше формирана комисија, веќе се доставени апликации за нови лекови за позитивната листа кои моментално се евалуираат од страна на комисијата. За дел од овие лекови, самите носители на одобрение имаат поднесено изјави дека се спремни да склучат посебни договори, за да се постигне пониска цена или други поповолни услови за нивно покривање со средства од државниот буџет.

**Знаеме дека тоа не е доволно. Потребно е многу повеќе. Пред сè**, квалитетно јавно здравство, за кое граѓаните одвојуваат средства и го заслужуваат. **Мора да има многу повисоки инвестиции во нов човечки капитал и паметна и ефикасна организација на системот.** Од тие причини, се обврзуваме во следните четири години да оствариме:

- ✓ **Зголемување на квотата за студенти на јавните високообразовни институции, конкретно,** удвојување на квотите на Медицинските факултети**, на Стоматолошките** факултети и на Фармацевтските факултети. На тој начин, годишно ќе се зголеми кадарот за 100% и ќе се продуцираат квалитетни кадри.
- ✓ **Сите студенти** ќе бидат ослободени од трошоците **кои ќе ги плаќа Владата од Буџетот на МОН.**
- ✓ **Бројот на годишни специјализации ќе се зголеми.** Ќе се изедначи статусот на специјализантите помеѓу „државните и приватните" специјализанти!
- ✓ **За секој** специјализант ќе се креира работно место во здравствената мрежа, со фокус на приоритетните медицински области и градови во државата!
- ✓ **Специјализантите ќе ги остваруваат сите права за текот на својот стаж, преку целосно вкупно здравствено осигурување и ќе** добиваат основен месечен надоместок од почетни 60 **000 денари.**
- ✓ **Нашата цел е за 4 години да се креираат нови 1 000 специјализанти**, преку креирање нов модел за менторства и обезбедување наменски финансиски средства, а новиот модел ќе започне во средината на 2024 година, за постоечките 200 специјализанти.
- ✓ **Сите** специјализанти кои ќе ги користат овие права, ќе склучат Договор за загарантирано вработување во здравствениот систем најмалку 10 години, без разлика на нивниот досегашен статус! Бидејќи, за сите има, и мора да има место дома!
- ✓ **За секој** доктор кој ќе се врати во државата, **веднаш ќе се обезбеди работно место и ќе се доделат средства за стимулација**!

Целосно ќе се укине партиципацијата од 20% за услугите во јавното здравство, во мрежата на ЈЗУ. Јавното здравство да биде бесплатно за сите осигуреници!

**Во сегментот на здравственото осигурување, нема да предвидиме зголемување на придонесите. Тие ќе останат најниски во регионот, на ниво од 7,2%. Но, потребни се промени. За таа цел, низ јавна дебата, ќе понудиме систем за дефинирање пакет на здравствени услуги, со адекватно ниво на квалитет и временски период, за кои придонесите ќе треба соодветно да се коригираат во релација со одделни пакети на здравствена заштита.**

Предвидуваме формирање на НЕЗАВИСНО РЕГУЛАТОРНО ТЕЛО во кое ќе се вклучат домашни и странски експерти и кое, според соодветна методологија, ќе ги утврдува реалните здравствени трошоци за сите медицински и стоматолошки услуги.

Целта е дефинирање пакет на медицински услуги ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО и тоа:

- ✓ дијагностички услуги (НМР, КТ, скрининг прегледи и сл.), со време на реализација до 14 дена;
- ✓ избор на доктор специјалист од ЈЗУ, кој ќе биде должен соодветната медицинска процедура (операција, дијагностичка постапка, соодветно друго лекување) да ја изврши во рок од 30 дена;
- ✓ избор на вграден материјал од најреномирани производители (вештачки колк, вештачки колена и др.);
- ✓ избор на иновативна терапија од последната актуелна генерација која е одбрена од ФЗОРСМ;
- ✓ со тоа пациентот ќе има навремена и квалитетна здравствена заштита на сите нивоа од државното здравство (современо ажурирана позитивна листа на лекови, достапна цитостатска и иновативна терапија за пациентите со малигни заболувања и ретки болести, современо опремени болници, со доволен број на медицински персонал).

**Организирање грижа за здравствената состојба на пациентите**

- ✓ Спроведување на **иновативни стандарди за најдобра практика за организирање на грижата по клиничкиот пат на пациентот**, овозможувајќи да ги намалиме неоправданите варијации како предуслов за персонализирање на грижата.
- ✓ **Обезбедување прецизна дијагноза за соодветни одлуки.**
- ✓ **Обезбедување исход од терапија што е важен за пациентите.**
- ✓ Вредноста на **персонализираната медицина** лежи во нејзиниот потенцијал да придонесе во унапредување како на здравјето на поединецот, така и на јавното здравје преку:
- ✓ намалени трошоци за здравствена заштита гледано од долгорочна перспектива;
- ✓ да го поттикне економскиот раст и
- ✓ да ја подобри целокупната благосостојба / здравје (well-being) на населението.

Во делот на ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА се обврзуваме да овозможиме:

Превентивна здравствена заштита:

- ✓ Скрининг програма за рано откривање на меланом на кожа.
- ✓ Скрининг програма за рано откривање на колоректален карцином.
- ✓ Скрининг програма за рано откривање на тумори на простата.
- ✓ Дополнување на мамографскиот скрининг.
- ✓ Зголемена промоција на значењето на вакцинацијата.
- ✓ Нов модел во Законот за пушење:
  1. Спречување на започнувањето со употреба на тутун кај младите.
  2. Промовирање (и поддршка) на откажување кај возрасните и младите.
  3. Елиминирање на изложеноста на пасивно пушење (покрај тутунот и HTP, ENDS и ENNDS испуштаат штетни аеросоли, докажано).
  4. Елиминирање на диспаритетот поврзан со тутунот и неговото користење.

### Примарна амбулантна здравствена заштита

- ✓ Корекција на капитациониот бод за матичните доктори, во висина од 15%, до крајот на 2024 година и воведување модел на усогласување со движењето на просечната плата.
- ✓ Мапирање на населението според последниот Попис на населението, за рамномерна распределба на мрежата и бројот на амбуланти по региони и по број на население.
- ✓ **Модернизација и осовременување на итната медицинска помош** низ државата (опрема, возила, реновирање).
- ✓ **Субвенционирање за отворање амбуланти во местата со помал број на население**, со цел да имаме примарна здравствена заштита и во поретко населените места низ државата, отворање на државни амбуланти во состав на регионалните здравствени домови, доколку нема заинтересирани концесионери.
- ✓ Проширување на **компетенциите за матичните лекари преку бесплатни програми за едукација за одредени медицински методи и здравствени услуги.**
- ✓ **Загарантирана минимална плата за тимовите доктор - медицинска сестра,** според степенот на образование кај приватните ЗУ на ниво кое постои во секундарното државно здравство.

Во делот на СЕКУНДАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**, се обврзуваме на:**

- ✓ **Ревизија на посточката мрежа на здравствени установи и дефинирање на нова медицинска мапа** во согласност степенот на здравствените услуги што ќе се пружаат во одредени јавни здравствени установи;
- ✓ **модернизација и регионализација на онколошките центри низ државата**, за пациентите со малигни заболувања што полесно да ја добиваат соодветната современа терапија (**Скопје, Битола, Штип, Тетово, Куманово**);
- ✓ отворање на **регионални центри за третман на деца и млади со аутизам** (**Скопје, Битола, Штип, Тетово, Струмица, Кавадарци, Струга**);
- ✓ доекипирање на болниците и на здравствените домови со медицински и со немедицински персонал, **преку олеснување на административниот процес за вработување по основ на испразнети работни места од претходната година, без согласност од министерството за финансии;**
- ✓ **укинување на тестирањата и полагањата на странски јазик на кандидатите за вработување** и поставување на критериуми врз база на мислењето на **стручните колегиуми на јавните здравствени установи**, а по претходно 2 месечно обврзувачко волонтирање на кандидатите за вработување;
- ✓ основна нето-плата за медицинскиот персонал од секундарно здравство:
  - **доктори специјалисти, 140 000 денари (3,5 просечни нето плати);**
  - **општи доктори, 120 000 денари (3 просечни нето плати);**
  - **медицински сестри со ВСС, 80 000 денари (2 просечни нето плата);**
  - **медицински сестри со ССС, 60 000 денари (1,5 просечна нето плата);**
  - **со цел да се зачува медицинскиот персонал во јавното здравство.**
- ✓ **Регионални центри за ментално здравје (Скопје, Битола, Штип, Тетово, Куманово, Гостивар, Охрид, Велес, Кочани, Кичево, Гевгелија).**
- ✓ **Регионални центри за геријатрија (Скопје, Битола, Штип, Тетово, Куманово, Струмица, Гостивар, Охрид, Струга, Отешево, Дебар, Велес, Неготино, Кочани, Струмица, Гевгелија).**
- ✓ Ревизија и редовно ажурирање на годишно ниво, на ДРГ ценовникот на ФЗОРСМ за сите здравствени услуги во секундарното здравство, во согласност со препораките на НОВОФОРМИРАНОТО НЕЗАВИСНО РЕГУЛАТОРНО ТЕЛО ЗА ТАА НАМЕНА.

Во делот на ТЕРЦИЕРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**, се обврзуваме** со:

- ✓ продолжување на трендот на воведување **нови методи во лекувањето на универитетските клиники;**
- ✓ понатамошен развој на **трансплантационата хирургија;**
- ✓ отворање на **Државен центар за научни медицински истражувања;**
- ✓ воведување на **телемедицински сервиси** меѓу универзитетските клиники и останатите здравствени установи низ државата;
- ✓ довршување со **изградбата и ставање во функција на Клиничкиот центар во Штип;**
- ✓ **државен консензус за изградбата на Државниот клинички центар – Скопје и изградба на нов Клинички центар на меѓународен процес, тендерска постапка и дополнително финансирање.**
- ✓ По усвоениот предлог на СДСМ за отворање, брзо и силно ќе го **развиеме Факултетот за медицински науки на југозападна Македонија, при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола**, со дисперзирани наставни бази во:
    - **Клиничка болница - Битола;**
    - **Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - «Свети Стефан»- Охрид;**
    - **Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид**
    - **Специјализирана болница за нефрологија – Струга**,

      за следните отсеци:
        - Општа медицина
        - Стоматологија
        - Фармација
        - Висока медицинска школа - Битола, (која работи и досега)

со цел да се постигне рамномерен регионален развој во здравствените услуги, како и високообразовна дејност за граѓаните од југозападниот дел на нашата земја.

- ✓ Државна стратегија за запишување на студенти по медицина, стоматологија и фармација, како и специјализации, во согласност со потребите на државата и во согласност со рамномерната распределба на високообразовните установи, за да се обезбеди квалитетно високо образование.
- ✓ **Основна нето плата за медицинскиот персонал од терциерното здравство:**
    - **доктори специјалисти 180 000 денари (4,5 просечни нето плати);**
    - **општи доктори 120 000 денари (3 просечни нето плати);**
    - **медицински сестри со ВСС 90 000 денари (2,25 просечна нето плата);**
    - **медицински сестри со ССС 70 000 денари (1,75 просечна нето плата);**Ревизија и редовно ажурирање на годишно ниво на ДРГ ценовникот на ФЗОРСМ за сите здравствени услуги во терциерното здравство, во согласност со препораките на новоформираното независно регулаторно тело за таа намена.

Во сегментот на СТОМАТОЛОГИЈАТА**, се обврзуваме за:**

- ✓ **Ревизија на медицинската мрежа**, во согласност со последниот Попис на населението, со цел рамномерна дистрибуција на стоматолошките услуги за целото население.
- ✓ Промена во моделот на плаќање на стоматолошките услуги **и редефинирање на ценовникот на стоматолошките услуги**, преку **нов модел на зголемување на услугите и поврзување со порастот на просечната плата.**
- ✓ **Отворање на дежурни стоматолошки служби** во сите здравствени домови низ државата.
- ✓ **Бесплатна стоматолошка здравствена заштита за децата до 14 години;**
- ✓ Стимулирање на **групна стоматолошка практика** (вмрежување на комплементарни стоматолошки услуги).
- ✓ Осовременување и модернизација на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" - Скопје, преку воведување на современи медицински услуги во областа на стоматологијата.

Во сегментот на ФАРМАЦИЈАТА**, се обврзуваме** на**:**

- ✓ **Годишно ажурирање на позитивната листа на лекови** од реномирани производители.
- ✓ Подобрување во квалитетот на лекови од **палетата на цитостатската и на иновативната терапија за малигни заболувања.**
- ✓ **Адекватно и навремено лекување на пациентите со ретки болести.**
- ✓ Современ систем за следење на дистрибуција и потрошувачка на лекот за секој пациент преку воведување на системот „Track and trace".
- ✓ **Воведување на нови дополнителни видови инсулин во 2024 година.**

**Посебни активности се планирани за зајакнување на болничките капацитети и регионализација на здравствените капацитети, преку:**

- ✓ воспоставување грижа соодветна на ризикот, за да се обезбеди дека секој пациент е згрижен во соодветна установа вovo согласност со неговите потреби.
- ✓ Јасно ќе се дефинираат барањата за секое ниво на грижа, вклучувајќи инфраструктура, опрема, човечки ресурси, дијагностички капацитети и ќе се дефинира опсегот на услуги.

- ✓ Ќе се стратифицираат болниците во согласност со нивните индивидуални капацитети, географска локација.
- ✓ Ќе се ажурираат барањата за задоволување на потребите во болниците во согласност со нивото на здравствена заштита што го пружаат.
- ✓ Ќе го зајакнеме капацитетот на болниците со фокус на регионалните установи преку зајакнување на човечките ресурси и инфраструктурата, како и подобрување на опремата со што ќе се редуцира оптоварувањето во универзитетските болници.
- ✓ Ќе се соединат одделенија со неприфатливо мал капацитет и волумен со поголеми болници за соодветна грижа.
- ✓ Ќе се воспостават јасни критериуми на секое ниво на болница со силен систем за мониторирање, за да се контролира придржувањето кон воспоставените критериуми и спроведените упатувања кон повисоко ниво.

### Инфраструктура и опрема

Предвидуваме рехабилитација на инфраструктурата на одделите/болниците кои ќе се реорганизираат во согласност со потребите и барањата на соодветното ниво на грижа, особено во регионите. Планот е и да се креира инфраструктура која ќе биде пријателска за семејството.

За креирање на одржлив систем за креирање и управување со човечки ресурси**, планираме:**

- ✓ воспоставување **систем за планирање на човечките ресурси заснован на докази,** преку годишни анализи за работната сила во здравството, и пресметување на потребите и планирање и имплементирање на соодветна стратегија;
- ✓ ќе се има предвид старосната структура на човечките ресурси;
- ✓ ќе се **креира алокација на специјалисти** во согласност со потребите;
- ✓ ќе се создаде сеопфатен **регистер на човечки ресурси за здравствените работници**, како за повисокото така и за средното ниво.

## 3. ОБРАЗОВАНИЕ И ВЕШТИНИ ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Забрзаниот процес на глобализација, кој ги зафати светот и нашата држава, наметнува потреба од **промени како во образовниот систем, така и во воспитно-образовен процес**. Поврзувањето на нашата држава со европските практики и примери, потребата од квалитетна и креативна работна сила, развојот на економијата и културата на живеење, силно го нагласија значењето на потребата од квалитетен образовен систем во интеграциските процеси на Република Северна Македонија.

Подигнувањето на **квалитетот на образованието** достапно за сите во согласност со побарувачката на пазарот на трудот, претставува стратешки приоритет за СДСМ. Квалитетното образование е клучен предуслов за економски раст, современо општество и за задржување на младите во државата. Веруваме дека без континуирано вложување во квалитетно образование нема одржлив развој. Квалитетното образование е темел за **перспективна иднина за младите, за развивање на нивното критичко размислување и соодветен пристап кон решавање комплексни општествени предизвици, решавање на проблеми како ментален процес кој вклучува способност за анализа и изнаоѓање соодветни решенија**. **Критичкото размислување** ја подобрува флексибилноста на учениците и вештините за учење на новата технологија и за размислување за социјални прашања.

Сигурни сме дека квалитетното образование придонесува кон оспособување на младите да можат да се приспособуваат на промените и самостојно да работат, самостојно да донесуваат одлуки поврзани со работата и да бидат подготвени самите да ги решаваат проблемите. Квалитетно образование значи дека учениците се подготвуваат за работни места кои допрва ќе бидат креирани и за кои ќе постои потреба во иднина. **Знаеме и можеме да работиме на тоа и да ги унапредиме компетенциите и вештините на учениците и на студентите**. Модерното општество и трендот на масовна глобализација ја наметнуваат потребата од континуирано учење во текот на целиот живот и на наставниот кадар. Тргнувајќи од овој факт, заедно со просветните работници ќе работиме на следење на трендовите и новините во образованието во смисла на наставни методи, инструменти за поддршка на процесот, изнаоѓање на соодветни решенија за решавање на секојдневните предизвици во нивната работа, како и современи техники кои се основа за успешна реализација на наставниот план и програма.

Во изминатиот период, СДСМ преку државните институции надлежни за образовниот систем, реализираше низа мерки за унапредување на квалитетот на образовниот систем во целина, како примарен столб носител на сите останати државни политики. Со нашите предложени мерки ја продолжуваме работата која ја **започнавме со Националната стратегија за образование 2018-2025 г.,** преку процес на консултации, јавни дебати и учество на засегнатите страни. При изработката на Стратегијата свој придонес дадоа многу експерти, наставници и професори, претставници на јавни институции, невладиниот сектор и други лица заинтересирани за развивање на човечките ресурси и образовните политики во Република Северна Македонија, и токму тој заеднички напор, заедничка верба за напредок во образованието, ќе ни овозможи да ги направиме храбро чекорите кои следат. Со нашето залагање овозможивме инклузивност при носењето на

важни стратешки документи и покажавме дека отворен и транспарентен пристап е клучот за успешна политика и продолжуваме по тој пат, заеднички за сите и од сите.

Преку реформите во образованието воведуваме иновативен и креативен пристап кон наставата и кон учењето. **Им овозможуваме на нашите деца да одговорат на барањата на брзото темпо на развој на општеството**. За првпат донесовме национални стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование, кои се базираат на клучни компетенции за доживотно учење и продолжуваме да ги надградуваме и остваруваме. Преку нашите заложби во минатото и искрените заложби за иднината на нашето образование, веруваме дека ќе придонесеме кон една европска Македонија, држава за сите наши граѓани и образование достапно за сите.

Направивме целосна реформа во стручното образование со четиригодишно траење со што средното стручно образование го издигнавме на високо ниво. Се донесоа стратешки документи, стандарди на занимања, стандарди на квалификации, наставни планови и програми, во согласност со препораките на ЕУ од областа на образованието. Продолжуваме понатаму одговорно да се посветуваме на средното образование, со нови законски решенија, каде меѓу другото е предвидено формирање на инклузивни тимови и поддршка за ученици со попреченост, со вклучување на образовни асистенти, намален број на ученици во паралелките, како и средношколско организирање кое на учениците ќе им овозможи непосредно да учествуваат во организирање и креирање на воспитно- образовниот процес во училиштата**. Воведовме за првпат кариерно советување, кариерен советник и координатор за практично образование, дигитални вештини, квалификации стекнати по завршување на средното и средното-стручно образование, дуален модел на средно-стручно образование, Регионални центри за стручно образование и обука, и во тек е процес на воведување на нова Концепција за испити на крајот на средното образование и стручна матура**. Покрај средното стручно образование, веруваме дека фокусот и инвестирањето во средното гимназиско образование е повеќе од потребно.

Ветивме инвестирање во нашите наставници и одговорно го остваривме ветеното. Се унапреди социјално-економската положба на наставниот кадар. Продолжуваме да работиме континуирано на тоа поле, враќајќи го достоинството на наставничката професија. **Денес платата на наставниците достигнува околу 40 000 денари, а за првпат по речиси 20 години, конечно наставниците добија регрес за годишен одмор**. Овозможивме професионален и кариерен развој на просветните работници и се залагаме за истиот и во иднина. Нашите наставници имаат услови за кариерно напредување во звања и наставниците приправници имаат квалитетна менторска поддршка. Се фокусиравме и ќе продолжиме да се фокусираме на автономијата на наставниците во организацијата и реализацијата на наставниот час и времето поминато во училиште со учениците. Инвестиравме и се продолжува да се инвестира во подобрување на работните услови и создавање на соодветна средина за учење и правилен и здрав раст и развој на учениците.

Преку многуте реализирани мерки, активности и политики, СДСМ покажа и докажа дека вложува во човечкиот капитал, како основа за иден одржлив развој на Држава на човечки капитал.

**Воведовме тандем-наставници во одделенска настава,** вклучувајќи наставници по физичко и здравствено образование, со што е овозможен правилен раст и развој од најмала возраст, но и нови работни места за овој наставен кадар. Воведовме дигитални услуги во образовниот сектор и знаеме дека потребата од истите е огромна и значајна за развојот на образованието, затоа ќе продолжиме да го негуваме она што сме го создале и стремежот кон нивно подобрување и надградување останува наша мисија и визија.

Инвестиравме во изградба на спортски сали и реконструкција и во енергетски ефикасно надградување на училишните објекти. **Изминативе години низ државата реконструирани се и предадени во употреба бројни основни и средни училишта, а опремувањето и реконструирањето продолжува и понатаму.**

Република Северна Македонија е држава за сите, пример за интеркултурализам, заедништво и едно општество за сите, како што и доликува. Овозможуваме образование достапно за сите, под еднакви услови. Основното образование во нашата држава обезбедува инклузивност и вклучување на различностите. Со реформите во основното образование ставаме акцент на интеркултурното образование, со кое се овозможува одржлив начин на заедничко живеење во нашето мултикултурно и мултиетничко општество.

**Децата со попреченост целосно ги вклучуваме во редовната настава веќе повеќе години**. За нив **обезбедивме образовни асистенти и помош и поддршка на училиштата** од Ресурсните центри и центрите за поддршка формирани во училиштата каде функционираат посебни парарелки за ученици со попреченост во основното образование. Во рамки на процесот на инклузија, овозможуваме поквалитетна настава за децата сместени во воспитно-поправните установи и јавните установи за деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, со цел успешна ресоцијализација и реинтеграција во општеството.

**Го унапредивме и ќе продолжиме да го унапредуваме ученичкиот и студентскиот стандард** со поголем број и повисоки стипендии, како и субвенциониран студентски оброк за сите студенти од државните и од приватните универзитети.

**Воведовме државно тестирање кое нема да служи како алатка за деградирање на наставниците и нивно казнување**, туку алатка на која ќе се базираат идните реформи во образованието, алатка која обезбедува објективни и веродостојни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците. Продолжуваме да се залагаме за **континуирано учество во меѓународните студии** за мерење на постигањата на учениците (ПИСА, ТИМСС и ПИРЛС).

СДСМ продолжува да работи во насока на целосна поддршка за квалитетно и современо образование преку постојани унапредувања на наставните планови и програми, следење на постоечките квалификации, како и изготвување на нови стандарди на квалификации во согласност со новите побарувања на пазарот на трудот. СДСМ е партија која е поборник за современо и европско образование во интерес на индивидуата, но и општеството во целост, квалитетно образование достапно за сите. Нашите мерки се насочени кон унапредување на квалитетот и на високото образование и вложување во научно-истражувачката дејност.

СДСМ во својата програма за образование се фокусира на следните политики:

**Подобри и безбедни услови за учениците во училиштата и подобри услови за престој во ученичките и студентските домови,** преку:

- ✓ Безбедни и сигурни ученици;
- ✓ Субвенциониран оброк за сите основци;
- ✓ Сеопфатен и заеднички ангажман за градење на здрави генерации;
- ✓ Секој кој врши булинг соодветно да се санкционира;
- ✓ Бесплатна едукативна екскурзија;
- ✓ Бесплатен јавен превоз;
- ✓ Обезбедување на ИТ опрема и асистивна технологија за секое училиште;
- ✓ Енергетски – ефикасни училишта;
- ✓ Училишен објект и ученички дом за Математичко – информатичката гимназија;
- ✓ Подобрување на условите во ученичките домови.

**Фокус кон нашата младина, нивните таленти и потреби** преку:

- ✓ Стипендии за учениците од гимназиското образование;
- ✓ Субвенционирање на училишни материјали и учебни помагала;
- ✓ Субвенциониран оброк за сите средношколци;
- ✓ Унапредување на работата со талентираните и надарените ученици;
- ✓ Бесплатна едукативна екскурзија;
- ✓ Бесплатен јавен превоз;
- ✓ Континуирана поддршка на ученици со попреченост во основно и во средно образование;
- ✓ Поттикнување на интересот кај студентите за запишување на наставните факултети.

**Грижа за наставниот кадар и за стручните соработници** преку:

- ✓ Загарантирана трансформација на работниот однос на наставниците и стручните соработници во основните и во средните училишта.
- ✓ Субвенционирање на патните трошоци за наставниот кадар и стручните соработници од основните и средните училишта.

**Унапредување на образовниот процес** преку:

- ✓ Модернизирање на средното гимназиско образование според европски стандарди.
- ✓ Современ, транспарентен и функционален концепт за издавање на учебници.

**Подобрување на резултатите од меѓународните тестирања** преку:

- ✓ Воспоставување инструмент за континуирано следење и евалуација на наставниот процес во основно и средно образование, во насока на подобрување на резултатите од меѓународните тестирања.
- ✓ Воспоставување систем за континуирано користење на резултатите од националните и од меѓународните тестирања.

**Унапредување и развој на високото образование и наука** преку

- ✓ Бесплатен превоз за сите студенти;
- ✓ Зголемување на износот на студентскиот оброк на најмалку 200 денари;
- ✓ Укинување на таксата за пријавување на испит;
- ✓ Создавање култура за истражување и иновации преку концепцијата - стратегија за „Одговорно истражување и иновации";
- ✓ Јасни политики за подобар квалитет на високото образование;
- ✓ Високо образование за сите и од сите;
- ✓ Создавање на македонски национален цитатен индекс;
- ✓ Инвестирање во научен и наставно-научен подмладок;
- ✓ Проекти за истражување од национално значење според националните потреби и едукативната подготовка на наставниот и на научниот кадар;
- ✓ Билатерални/мултилатерални проекти за истражување и наука;
- ✓ Национална стратегија за користење на вештачката интелигенција во образовниот и во научниот процес;
- ✓ Субвенционирање набавка на стручна литература.

Нашиот план за следните четири години предвидува**:**

**Подобри и безбедни услови за учениците во училиштата и подобри услови за престој во ученичките и во студентските домови.**

**Безбедни и сигурни ученици**

Се залагаме за поголема сигурност на нашите ученици преку **бесплатно физичко обезбедување за сите основни и средни училишта**. Учениците и нивниот престој во училиштата се од особена важност за нас, на овој начин со физичко обезбедување се придонесува кон сигурноста на родителите за безбедноста на нивните деца. Обезбедувањето ќе се овозможи преку наменски дотации.

## Бесплатен оброк за сите ученици во основно училиште

**Воведување на бесплатен оброк за сите ученици во основните училишта**. Се стремиме кон унапредување на културата на исхрана на учениците уште од рана возраст, во насока на грижа за здравјето и обезбедување на сигурен топол оброк за секое дете. За таа цел, за секој ученик во основните училишта **Владата ќе обезбеди по 150 денари дневно или 750 денари неделно по ученик**, за секое основно училиште во државата, за обезбедување на оброк за учениците. Дополнително, секој ученик ќе има право на бесплатен превоз во јавниот градски превоз, со посебна ученичка карта, која ќе ја плаќа и ќе ја доделува Владата.

## Сеопфатен и заеднички ангажман за градење на здрави генерации

Ќе обезбедиме **соодветна грижа за менталното и за физичко здравје и емоционална поддршка и благосостојба на учениците во основното и средното образование, преку зајакнување на капацитетите на стручните служби во основните и средните училишта (педагози, психолози, социолози специјални едукатори и рехабилитатори, социјални соработници, семејни-едукатори, логопеди).** Ќе овозможиме континуирана поддршка на учениците со попреченост во основното и во средното образование како и соодветна грижа за менталното и за физичкото здравје на учениците. Посебен акцент ќе биде емоционалната поддршка и благосостојба на учениците. Преку континуирана поддршка на учениците и наставниците (посебни програми во училиштата), ќе им се помага на учениците и на наставниците во надминување на конфликтите и постигнување на резултатите од учењето предвидени во наставните програми. **Грижата за менталното и за физичкото здравје на учениците е наш врвен приоритет**. Се залагаме за поголема поддршка на учениците, за надминување на тешкотиите со кои се соочуваат секојдневно, и за континуирани обуки на теми поврзани со толеранција, превенција од насилно однесување во и надвор од училиште, превенција од злоупотреба на ученици, врсничка поддршка за недискриминација, со цел почитување на различностите. Во тесна соработка со Советот на родители, како и други стручни лица од релевантни институции и преку внесување на образовни програми за намалување на насилствата, може да се овозможи сеопфатна заштита на децата од насилство. Со ова се залагаме за пристап на поделена одговорност во решавање на овој проблем, бидејќи секое дете е важно и важно е сите да бидеме инволвирани во решавање на овој клучен феномен за подобро општество за сите. Сакаме и можеме да ја подигнеме свеста и чувствителноста кај учениците, родителите и кај сите вработени во училиштата, за препознавање на насилството, злоупотребата и занемарувањето на потребите на нашите деца. Ги вклучуваме и учениците во процесот на превенција од насилство и интервенција преку организирани обуки и дополнителни едукативни програми, трибини, претстави, изложби за безбедност и заштита на децата од насилство.

Дополнително, ќе **обезбедиме универзално здравствено осигурување за сите деца до 18-годишна возраст, без оглед на осигурителниот статус на родителите/старателите.**

## Секој кој врши булинг, соодветно да се санкционира

Предлагаме во секое училиште **општествено одговорната работа да биде примат при санкционирањето на учениците кои насилно се однесуваат**. Особено е важно овие ученици да бидат во исто време санкционирани, но и да бидат корисни за општеството. Од друга страна, се залагаме **за поголема одговорност и кај самите родители**, кои ќе ги поттикнеме да работат повеќе со своите деца на морална надградба, почести средби со одговорните лица, и, доколку **ученикот го повтори девијантното однесување, да сноси соодветна санкција и родителот.**

## Обезбедување на ИТ опрема и асистивна технологија за секое училиште

Целта е да се унапредуваат **компетенциите на учениците за примена на дигиталната технологија.** Современиот дигитален училишен софтвер станува релевантен и неопходен во денешно време, што го прави училишното работење полесно и попродуктивно. За разлика од конвенционалниот пристап при учењето и наставата, концептот на паметно училиште користи напредна технологија и опрема во училниците за да им даде на учениците подобро искуство во учењето. Наставата достигнува напредно ниво со примена на интеракција на едно повисоко ниво. Постојат повеќе меѓународни и домашни истражувања на експерти кои укажуваат на тоа дека, интеракцијата и активното учество на учениците во наставниот процес го подигнуваат степенот на знаење и ја прошируваат можноста за креативност и објективност при решавање на задачи и активности. Со овој процес произлегуваат бројни придобивки и тоа:

- ✓ **основната современа дигитална училница** користи инструменти како што се лаптопи, наставни екрани и проектори, за да додаде визуелен ефект на учењето;
- ✓ **современиот дигитален училиштен софтвер,** исто така, станува релевантен во денешно време, што го прави училишното работење полесно и попродуктивно;
- ✓ **лесен пристап до онлајн информации**: Бидејќи дигиталниот свет вклучува различни гаџети со интернет конекција, како што се мобилни телефони, јазичиња и лаптопи, а учениците можат лесно да пристапат до информациите на интернет. Податоците за кој било од нивните наставни предмети се достапни на нивните прсти. И наставниците и учениците можат да имаат пристап до онлајн ресурси со цел проширување на податоците и информациите за наставните содржини како и овозможување на широк спектар на извори на знаење;
- ✓ **Дигитален медиум за земање белешки**: Учениците можат да заштедат многу од своето време за учење користејќи го дигиталниот медиум за правење белешки. Наместо да се оптоваруваат и да носат тешки учебници и тетратки на училиште, тие ќе ги имаат сите потребни материјали достапни преку таб и дигитално пенкало. Дигиталните белешки се лесни и едноставни за споделување и така врсниците можат да го направат учењето попривлечно со лесно споделување на нивните персонализирани белешки за темите;
- ✓ **Дигиталните алатки** помагаат подобро да се разберат темите: Сесиите за учење вклучуваат повеќе визуелни помагала како што се PowerPoint презентации, аудио сесии, Word документи и видео проекции кои ги пренесуваат лекциите на поразбирлив начин;

- ✓ **Паметно решение за отсутни**: бидејќи часовите би биле снимани, пропуштениот час ќе може да се надомести. Отсутните можат да го добијат видеозаписот од сесијата во секое време и да поминат низ него и да ги разјаснат сите сомнежи преку е-пошта;
- ✓ **Интерактивна средина за настава**: Интеграцијата на дигиталните алатки во училницата овозможува интерактивна наставна средина каде и наставниците и учениците ќе имаат посебни улоги. Овој тип на учење го подобрува нивото на транспарентност помеѓу наставниците и учениците. Покрај тоа, учениците можат да одржуваат силна врска со наставниците преку одржување на комуникациите надвор од училиштето со пораки и е-пошта. Ова им помага на учениците послободно да ги споделат своите мисли и грижи за време на сесиите за учење;
- ✓ **Дигитални алатки заменуваат хартии; Проширени можности за учење**: Ова им дава широки можности да истражуваат повеќе за темата на интернет и да го направат учењето поудобно за нив. Бидејќи светот на интернетот им отвора неколку различни можности за учење, учениците можат да го подобрат своето ниво на компетентност и да бараат концепти за учење надвор од рамката;
- ✓ **Учење исполнето со забава**: Часови исполнети со употреба на современа дигитална технологија би промовирале и би поттикнале креативност кај учениците. Тоа би придонело до забавен начин на учење со напредни технологии, не дава можност за здодевен момент во училниците и учениците секојпат би копнееле за повеќе;
- ✓ **Може да се научат нови технологии**: учење преку употреба на современи дигитални алатки и технологии всушност, им дава шанса на учениците да комуницираат со различни електронски алатки и на тој начин да научат нови технологии. Исто така, платформите за социјални медиуми им помагаат лесно да се поврзат со други ученици и врсници и да ги споделат нивните слични интереси, а тоа им помага да ја изградат својата мрежа. И наставниците и учениците можат да се придружат на онлајн заедниците за да ги истражат можностите надвор од училницата, за да имаат подобри резултати;
- ✓ **Опции за заедничко учење**: Динамичното групирање, учењето базирано на проекти и работилниците, им даваат добра шанса да се подобрат во групното учење. Интеграцијата на дигиталните алатки помага да се направи заедничкото учење попродуктивно. Овој вид на дигитално учење може да ја зголеми мотивацијата на учениците, како и упорноста; Подобри оценки за учениците; Ефективно учење; Ги подготвува учениците за иднината; Технологија за заштеда на време; Зголемена продуктивност.

### Енергетски ефикасни училишта

**Постигнување на енергетска ефикасност на училиштата преку поставување на енергетско-ефикасни системи и решенија на училишните објекти и обнова на училишните објекти**. Подобрувањето на енергетската ефикасност на одредени технологии има потенцијал значително да ја намали потрошувачката на енергија и соодветно, да ги намали емисиите на гасови кои произлегуваат при производство на електрична енергија. Како бенефит од енергетската ефикасност се јавува заштедата на енергија, на финансиски средства и намалувањето на загадувачките гасови во атмосферата. Употребата на енергетски ефикасни решенија е најевтиниот, најчестиот и најбрзиот начин за да се намали употребата на фосилни горива.

### Училишен објект и ученички дом за математичко – информатичката гимназија

Според европските стандарди, создавање модерна и стимулативна средина за учење на учениците од **математичко-информатичката гимназија. Во состав на училишниот објект ќе изградиме и ученички дом,** со цел достапност на овој вид образование за сите талентирани ученици од државата кои немаат можност за престој во Скопје.

### Подобрување на условите во ученичките домови

**Нова пресметка за износот на висината на партиципацијата** кој се пресметува по ученик или студент, а е наменет за одржување на ученичките и на студентските домови. Ќе создадеме **подобри услови за живеење на нашите ученици и студенти**. **Износот на партиципацијата од Владата ќе се зголеми, за да се подмират сите трошоци, да се снабдуваат на време и соодветно прехранбени продукти** и да се одржуваат домовите за достоинствен престој на нашите млади. Подобрување на условите значи и дека ќе се залагаме за имплементација на програми кои ќе го подобрат општествениот и социјалниот живот на учениците за нивен пријатен престој и благосостојба.

### Фокус кон нашата младина, нивните таленти и потреби

### Стипендии за учениците од гимназиското образование

Ќе продолжиме да го унапредуваме ученичкиот стандард и да инвестираме во иднината на нашата држава **преку инвестирање во мла**дите. Освен што продолжуваме со стипендирањето на учениците, оваа клучна мерка ќе ја продолжиме и ќе ја прошириме и за учениците од гимназиското образование со **континуиран одличен успех**. Се залагаме за еднаквост на сите ученици и грижа за сите, затоа што нашата држава е држава за сите!

### Субвенционирање на училишни материјали и учебни помагала - УЧИЛИШЕН БОНУС за секој ученик во Август!

На почетокот на секоја учебна година ќе го субвенционираме **секој ученик со 3 000 денари за набавка на училишни материјали и учебни помагала**. Важно ни е да го унапредиме стандардот на нашите ученици, сите ученици се важни и училишните материјали и помагала се клучни за нивниот развој и напредок во образовниот процес.

### Бесплатен оброк за сите средношколци

Како по примерот на субвенционираниот оброк за студентите, ќе воведеме бесплатен оброк за сите ученици во средните училишта. Сакаме да им овозможиме на учениците самостојно да располагаат со средствата наменети за оброк (преку своите родители/старатели). **Секој ученик од средните училишта ќе добие по 180 денари дневно, или 900 денари неделно за оброк.**

### Унапредување на работата со талентираните и надарени ученици со цел овозможување на соодветен пристап кон унапредување на нивниот талент

Изготвување на системски решенија за идентификација и работа со **талентирани и надарени ученици во основните и во средните училишта** преку ревидирање на програмите приспособени за талентираните ученици. Задржувањето на талентираните и на надарените млади лица во нашата држава има потреба од сеопфатна стратегија и системска организација. Ќе работиме на нови програми за работа со децата, уште од раните години во основното образование, па сè до четврта година средно образование. По пример на земјите кои имаат организиран едукативен третман на надарените ученици, ќе работиме на зголемувањето на ефикасноста на наставата од содржински, методолошки и организациски аспект. За таа потреба ќе се приспособат универзитетските студиски (академски) програми и ќе се ревидираат соодветно, за да бидат приспособени на потребите на талентираните и надарените ученици. Ќе се залагаме за соодветна стратегија за талентирани и надарени ученици со која ќе се воспостави и континуирана финансиска поддршка на учениците (стипендирање), особено ако се во понеповолна социо-економска положба и ќе овозможиме специјална едукација на наставниот кадар.

### Бесплатна организирана екскурзија

**За нашите ученици во 5-то одделение** ќе организираме бесплатна организирана едукативна екскурзија, **ЗАПОЗНАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА**, до значајни места од македонската историја (**Спомен-куќата на Блаже Конески во Небрегово, Спомен-собата на Крсте Мисирков, Стоби, Хераклеа, Кукица и многу други**).

**За нашите ученици во 9-то одделение** ќе организираме бесплатна кружна организирана едукативна екскурзија, **ЗАПОЗНАЈ ГИ СОСЕДИТЕ И РЕГИОНОТ**, односно, полуматурантите ќе добијат можност да ја запознаат културата, традицијата, обичаите и историјата на соседните земји: **Србија, Косово, Бугарија, Албанија и Грција, во времетраење од 10 дена**.

**За нашите ученици во 4-та година средно образование** ќе организираме бесплатна организирана едукативна екскурзија, **ЗАПОЗНАЈ ЈА ЕВРОПА**, односно, матурантите ќе добијат можност да ја запознаат европската култура и начин на живот во **неколку европски земји, во времетраење од 10 дена.**

Едукативната програма на екскурзиите ќе се развие од страна на МОН и Бирото за развој на образованието, во широк консултативен процес, а со цел да се постигне најголем ефект!

### Континуирана поддршка на ученици со попреченост во основното и во средното образование

Се залагаме и ќе оствариме **континуирана поддршка на ученици со попреченост во основно и во средно образование**, со цел нивна инклузија во редовната настава преку:

- ✓ обезбедување соодветни услови и наставни средства, помагала и асистивна технологија;
- ✓ обезбедување стручен кадар за поддршка на учениците со попреченост и решавање на нивниот статус;
- ✓ обезбедување напредна практична обука за работа со ученици со попреченост;
- ✓ обезбедување посебен додаток во плата на наставници кои работаат со ученици со попреченост.

Ќе овозможиме дополнително наменско финансирање на основните и на средните училишта за набавка на асистивна технологија и нагледни средства, за успешно постигнување на целите во рамките на образовниот процес за учениците со попреченост инклузирани во редовната настава. Етапно и континуирано ќе адаптираме и ќе опремиме простории за престој на овие ученици, а со тоа ќе го олесниме престојот на оваа категорија ученици. Ќе овозможиме подобрување на достапноста, пристапноста, прифатливоста и приспособливоста на образовните установи. Ќе обезбедиме доволен број на стручен кадар за помош и поддршка на учениците со попреченост, како и помош и поддршка на наставниот кадар за работа со овие ученици. Бројот на образовни асистетни ќе се пресметува во зависно од потребите на основните и на средните училишта. Ќе воспоставиме законска можност за трансформација на работниот однос на образованите асистенти. Паралелно и континуирано ќе се организираат и ќе се реализираат квалитетни обуки за наставниот кадар и за стручните служби кои работат со деца со попреченост, со единствена цел, унапредување на пристапот и работата со оваа категорија на ученици кон постигнување на целите на наставниот процес. Ќе ги зајакнеме капацитетите на ресурсните центри и центрите за поддршка на учењето на деца со попреченост, а со тоа ќе овозможиме достапност и квалитетен пристап во целосната инклузија во рамки на редовната настава. За нас секој човек има право на квалитетно и достапно образование.

### Поттикнување на интересот кај студентите за запишување на наставните факултети

Ќе работиме кон измена на Законот за наставници и стручни соработници во основните и во средните училишта, во насока на укинување на приправничкиот испит за оние наставници кои имаат образование стекнато на факултетите со наставна насока и со постигнат просечен успех на додипломските студии од 9.00.

### Грижа за наставниот кадар и за стручните соработници

Загарантирана трансформација на работниот однос на наставниците и на стручните соработници во основните и во средните училишта

Ќе донесеме законски решенија и систем за утврдување на постапка и рок за **трансформација на работниот однос** на наставниците во основните и во средните училишта, со кој ќе се гарантира трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време за наставниците и стручните соработници во основните и во средните училишта, а кои имаат две години работен стаж во воспитно-образовна институција верифицирана од Министерството за образование и наука.

Субвенционирање на патните трошоци за наставниот кадар и стручните соработници од основните и средните училишта

Сиот **наставен кадар и стручните соработници заслужуваат платени патни трошоци**, на годишно ниво. Ќе креираме формула за исплата на надомест за покривање на патните трошоци на наставниот кадар и на стручните соработ-

ници вработени во сите основни и средни училишта во нашата држава, која ќе се пресметува во согласност со далечината на работно место од постојаното живеалиште.

## Унапредување на образовниот процес

### Модернизација на средното гимназиско образование според европски стандарди

Ќе работиме за современо средно гимназиско образование преку дефинирање на национални образовни стандарди и изготвување на соодветни наставни планови и наставни програми. Ја препознаваме нужната потреба за адаптирање на содржините со новите развојни општествени околности, координираност меѓу целите на образованието и потребните компетенции на учениците за понатамошна интеграција во современото општество. Ќе работиме кон изготвување на нови наставни планови и наставни програми кои ќе ги следат националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од средното образование (**јазична писменост; користење други јазици; математика и природни науки; дигитална писменост; личен и социјален развој; општество и демократска култура; техника, технологија и претприемништво; уметничко изразување и култура**). За успешна имплементација ќе ги усогласиме програмите со развојните фази кај децата и фокусираност на резултатите од учењето, поддршка за развој и намалена зависност од учебниците во наставата, јакнење на компетенциите и капацитетот на наставниот кадар.

### Современ, транспарентен и функционален концепт за издавање на учебници

Ќе го **ревидираме и ќе го подобриме издавањето на учебници** преку навремена изработка, одобрување, печатење и дистрибуирање на учебниците, со јасни законски решенија. Нужно е да се почитува **слободата на секој наставник да одбере свој учебник кој е во согласност со наставните планови и очекувани резултати од учењето**. Ќе обезбедиме квалитетен извор на информација и содржина за сите наставни предмети од основно образование преку модернизирани форми на учебници. Учениците од основното и од средното образование ќе имаат печатени учебници и дигитални и интерактивни учебници од кои на ефективен начин, ќе добиваат соодветни знаења од различните области и ќе можат самостојно да учат и да се поучуваат. Ќе креираме база од рецензенти кои ги исполнуваат условите, преку објава на јавен повик за изразувањеинтерес, со што ќе се овозможи квалитетна рецензија на предлог-учебниците. Ќе обезбедиме формула за исплата на рецензентите според тежината и обемот на материјалот. Воведуваме систем за електронско разгледување на учебникот од страна на рецензентите и инволвираните институции. Имајќи предвид дека во рамките на создавање на квалитетно образование, од голема важност е обезбедување квалитетен извор на информации и содржина, ќе воведеме електронска платформа во која онлајн и офлајн ќе бидат достапни верзии на прирачници, работни тетратки и други електронски алатки/апликации, кои ќе се применуваат како материјали за учење и поучување и имаат интерактивен карактер

## Подобрување на резултатите од меѓународните тестирања

### Воспоставување инструмент за континуирано следење и евалуација на наставниот процес во основно и во средно образование во насока на подобрување на резултатите од меѓународните тестирања

Продолжуваме со обезбедување на континуирано и унапредено/проширено учество во сите меѓународни тестирања, кои се сметаат за стандард за постигнување на образовните цели на ЕУ и стратешките развојни цели на ООН (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС, ТАЛИС, ИЦИЛС, ИЦЦС). Освен овој континуиран процес, кој обезбедува објективни податоци за влијанието на преземените реформи врз квалитетот на образованието, се залагаме за создавање на инструмент кој ќе воспостави ефективна процедура за добивање резултати за квалитетот на наставниот процес. Добиените резултати ќе бидат употребливи како основа за идните образовни политики кои ќе го унапредуваат квалитетот на образованието. Во добивањето на резултатите ќе бидат ангажирани државните институции во состав на Министерството за образование и наука, со цел добивање реална слика, применувајќи различни индикатори и перспективи. Државниот испитен центар ќе го следи квалитетот на наставниот процес преку полагањето на стручниот испит на наставниците-приправници, а со тоа ќе се формира нивото на квалитетот на наставниците кои напредувале во ментори или биле назначени за ментори за следење на приправнкот во текот на приправничкиот стаж. Државниот просветен инспекторат ќе го евалуира наставниот процес за време на интегралната евалуација во основните и во средните училишта, преку примена на соодветен инструмент за следење и вреднување, акредитиран за наведената цел, односно за оценување на квалитетот на наставниот процес. Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, во рамките на своите надлежности, преку советниците по определените предмети, ќе ја применуваат акредитираната алатка на наставните часови кои ги посетуваат и истите ги оценуваат. Добиените резултати од наведените институции ќе бидат обработени во сектор во министерството, за унапредување на квалитетот на основното и на средното образование. Добиените резултати ќе бидат предмет на разгледување на Национално тело составено од лица кои имаат долгогодишно искуство во планирање и реализација на образовниот процес. Една од обврските или инструментите на наведеното Национално тело, ќе биде создавање компаративна анализа на добиените резултати од спроведениот инструмент споредбено со резултатите од националното тестирање и резултатите од меѓународните тестирања.

### Воспоставување систем за континуирано користење на резултатите од националните и од меѓународните тестирања

Се залагаме за креирање на електронска база на стандардизирани задачи и тестови од националните и од меѓународните тестирања и систем за континуирано следење во насока на подобрување на квалитетот на образованието, односно примена на резултатите и препораките при изработката на: наставни програми; учебници; наставни материјали (збирки, прирачници и сл.); програми за обуки за професионален развој на наставниците; развојни програми на училиштата; планови за распределба на финансиските средства на училиштата; планови

за распределба на ресурсите на локално и на училишно ниво. Системското решение ќе овозможи доследно и практично користење на резултатите во сите аспекти на образованието и во сите образовни институции, и ќе биде основа за идни образовни политики.

## Унапредување и развој на високото образование и на науката

### Бесплатен превоз за сите студенти

За секој студент, без разлика дали студира на државните или на приватните високообразовни институции, ќе обезбедиме бесплатен градски и меѓуградски превоз најмалку 4 пати месечно, за доаѓање на факултетите и за заминување во родните градови. Се залагаме за еднаквост на користењето на ова право за сите студенти во нашата држава.

### Зголемување на износот на студентскиот оброк на 200 денари

На секој студент ќе му овозможиме зголемување на досегашниот студентски оброк, и тоа на најмалку **200 денари дневно,** а овозможуваме и воведување на флексибилност во искористување на трошењето на месечно ниво. **Нашата цел е износот на студентскиот оброк да биде корелиран со порастот на просечната плата и истиот да изнесува 18% од минималната плата.**

### Укинување на такса за пријавување на испит

Со цел олеснување на трошоците за студирање на студентите на државните високообразовни установи, ќе ја укинеме таксата за пријавување на испит.

Создавање на култура за истражување и иновации преку концепцијата / стратегија за „Одговорно истражување и иновации"

Со цел модернизација на високото образование и приближување кон Европскиот простор на високото образование го промовираме овој концепт и ќе донесеме „**Стратегија за одговорно истражување и иновации**". Овој пристап повлекува инклузивен ангажман на сите релевантни засегнати страни кои се засегнати од одредено прашање, што служи како фокусна точка на истражувачката работа. Процесот се одвива на транспарентен и интерактивен начин, со сеопфатна цел да се обликуваат целите и резултатите од истражувањето на попрецизен и поефективен начин. **Овој процес активно ќе ги промовира иновациите, ќе ја поттикнува размената на идеи и ќе се справува со општествените предизвици со поголема способност**. Ова е една од клучните стратегии за навигација низ сложеноста на современото истражување и поттикнување значајни напредоци во рамките на пејзажот на високото образование. Ова подразбира создавање култура на свесност и одговорност меѓу истражувачите, иноваторите и организациите.**Етичките размислувања, проценките на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти и родовата еднаквост** се интегрални компоненти, обезбедувајќи дека истражувањето е усогласено со општествените вредности и потреби.

### Јасни политики за подобар квалитет на високото образование

Ќе работиме на обезбедување подобар квалитет во високото образование со повеќеслоен пристап. Процесите на акредитација и механизмите за обезбедување квалитет, Програмите за развој на факултетите и поголема усогласеност на наставните програми со потребите на индустријата и на пазарот на трудот, како и преку поголема интеграција на современата технологијата. **Ќе помогнеме, ќе направиме и ќе бидеме посветени кон извонредност во високото образование, а со основна цел, збогатување на иднината преку зголемување отвореност за различни системи на знаење и приспособливост кон трендовите што се развиваат, како и посветеност да се подготват студентите за свет без граници**. Со оваа мерка ќе донесеме и сет од нормативни акти кој ќе се однесува на обезбедување еднаков квалитет во вршењето на високообразовната и на научната дејност во државата: донесување Правилник за единствените (национални) критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања. Следејќи ги позитивните примери и искуства од европските држави и државите од соседството, ќе направиме национална категоризација на научни публикации, за потребите на соодветно мапирање на публикациите кои се поврзани со критериуми за избор во звања и обезбедување на квалитет во високото образование преку донесување на Правилник за категоризација на научните публикации на национално ниво, како и Правилник за рангирање на научните списанија од национално и од меѓународно значење.

**Дополнително за континуирано и поефикасно следење и проверка на квалитетот на високото образование, ќе се спроведе надворешна евалуација на високообразовните установи од страна на акредитирани тела избрани на јавен тендер од страна на државата**.

### Високо образование за сите и од сите

Знаеме дека поголемата вклученост на сите високообразовни установи, вклучувајќи ги и приватните високообразовни установи, ќе овозможи поголема соработка меѓу сите засегнати страни при донесувањето на заеднички политики, преку нивно активно учество во тела, комисии и работни групи за заеднички напор и заедничка работа кон остварувањето на една единствена цел, а тоа е развој на нашето високо образование. Со ова покажуваме дека цврсто се заложуваме за држава и државни политики за сите и од сите.

### Создавање на Македонски национален цитатен индекс

Ќе креираме и ќе создадеме Македонски национален цитатен индекс како конструкција на сеопфатна мапа на научното влијание во академскиот пејзаж. Цитатниот индекс ќе придонесе за градење култура на транспарентност и одговорност во академската заедница. Целта на Цитатниот индекс е следење, анализирање на цитатните модели меѓу академските трудови, статии, книги и други научни публикации, и ќе има клучна улога во академското опкружување преку обезбедување лесен пристап до сопствената работа, поттикнување на соработката и подобрување на севкупниот квалитет и видливост на научните истражувања.

### Инвестирање во научен и наставно-научен подмладок

Ќе ги задржиме **најдобрите студенти и се залагаме за ангажирање на млади лица во високообразовните и во научните установи во државата**. Се стремиме и се залагаме за родова еднаквост при ангажирањето на младите лица. Со оваа мерка продолжуваме со вработување на млади истражувачи и научници во државата и со подмладување на кадарот.

### Проекти за истражување од национално значење според националните потреби и едукативната подготовка на наставниот и на научниот кадар

Се залагаме за **изработка на корпус на македонскиот јазик, нормативна граматика на македонскиот јазик, нормативно-правописен речник на македонскиот јазик, антологија на современата македонска поезија и проза, антологија на народното творештво, проучувања на историскиот развој на македонскиот народ и другите етнички заедници**.

Ова е продолжување на инвестициите во науката што СДСМ ги прави во последните седум години. Сите национални научни институти добија нови компјутери, печатари и лаборатории (по потреба). По петнаесет години го обновивме финансирањето на националните проекти. Се изврши брза и ефикасна дигитализација на картотеките и другите вредни материјали. Ова е одлична основа за идна целосна реализација на повеќе национални проекти, со кои ќе им се приклучиме на другите словенски и европски нации.

### Билатерални/мултилатерални проекти за истражување и наука

Ќе продолжиме да работиме на поддржување и поголемо вмрежување и соработка со **еминентни научни и високообразовни установи**. Нашите истражувачи и научници да имаат пристап и соработка со високообразовни и научни установи со цел поттикнување на истражувачката дејност и унапредување на развојот на науката на нашата држава.

### Национална стратегија за користење на вештачката интелигенција во образовниот и во научниот процес

Брзиот развој и употребата на **генеративната вештачка интелигенција** во образовниот процес од страна на наставниот кадар, но пред сѐ од студентите, побарува системски решенија и дефинирање на етички и правни принципи за користење на генеративната вештачка интелигенција. За таа цел, се залагаме и ќе работиме на донесување на Национална стратегија која ќе ги постави темелите и ќе даде насоки за користење на вештачката интелегенција во образовниот и во научниот процес.

### Субвенционирање набавка на стручна литература

**Ќе субвенционираме, во износ од 6 000 денари, секоја година, набавка на стручна литература за секој вработен академски и научен кадар избран во наставно-научно и соработничко звање на високо-образовните и научните институции.**

# IV. Европски квалитет на живот

## Чист воздух за дишење, чиста вода за пиење и чиста енергија се основен стандард за европски стил на живот

Живот по европски стандарди за сите наши граѓани е визијата која ја градиме секојдневно со многу труд, голема жртва и целосна љубов за татковината!

Преземавме храбри чекори донесувајќи определени програмски и законски решенија, но и конкретни активности како отстранувањето на линданот од некогашната фабрика „Охис", идентификување и воспоставување на посебни заштитени подрачја и воведување на забрана за изградба на нови мали хидроцентрали. Донесени се плановите за управување со националните паркови Пелистер, Галичица и Шар Планина, споменик на природа Вевчански Извори и заштитен предел Осоговски Планини. Изготвени се нацрт планови за спомениците на природата Охридско Езеро и Преспанско Езеро и заштитен предел Малешево

Затоа, се залагаме и создаваме подобра, почиста и позелена Македонија, за сите генерации, а најмногу за оние кои допрва доаѓаат. Животната средина не ни е само наследена од нашите претци туку ни е дадена на заем од нашите внуци- затоа имаме должност да им ја оставиме побогата отколку што сме ја затекнале. Затоа, продолжуваме со мерки и активности за унапредување на квалитетот на амбиенталниот воздух, заштита на водите, биодиверзитетот и просторното планирање.

Околината значително влијае на физичката, менталната и социјалната благосостојба и доживува различни еколошки притисоци поради урбанизацијата, загадувањето и користењето на ресурсите, од што зависи и квалитетот на живот. Токму затоа, нашите напори се насочени кон одржлива, циркуларна, нетоксична, енергетски ефикасна и климатски отпорна економија, со цел заштита и унапредување на животната средина и  благосостојбата.

Долгорочна визија и политика на оваа влада и СДСМ е до 2050 година да биде просперитетна економија со ниска содржина на јаглерод, која следи одржливи и климатски отпорни патеки за развој, ја подобрува конкурентноста и промовира социјална кохезија преку акција за борба против климатските промени и нејзините влијанија. Затоа, во мандатниот период 2024-2028 формираме независна Агенција за животна средина и акредитираме централна лабараторија за животна средина, а ги зајакнуваме надлежностите и капацитетите на инспекциските служби. Инвестиравме во секоја општина од државата, бидејќи секој граѓанин ни е важен, и продолжуваме со несмалено темно: пречистителните станици во Битола, Тетово, Велес и Штип и за канализациони мрежи во Битола, Тетово и Кичево се дел од новата реалност до 2028 година! Во 21от век, ниту еден наш граѓанин не смее да биде соочен со недостигот на основни животни услови.

## Културата е секогаш во фокусот, како светилник на нашиот идентитет, но и квалитетно поминато слободно време

Културата ги обликува нашите идентитети, верувања, однесувања и интеракции. Тоа е богатата таписерија на споделени обичаи, традиции, уметност, јазик и вредности кои дефинираат кои сме ние за себе, за светот и за другите. Таа е нашата прва водилка во премисата- едно општество за сите. Културата плете нишки на разбирање, емпатија и единство.

Како што зачините го дефинираат вкусот на храната, културата му влева на животот смисла, разновидност и длабочина, како одраз на вечното постоење. Токму затоа, вложуваме во културата како идеја, во културните институции како паметник, и во културните дејци како двигатели на се она што ја претставува нашата традиција, нашата земја и нашиот идентитет. Во големата симфонија на постоењето, културата е мелодијата што одекнува низ генерациите, поврзувајќи нѐ со нашите корени и нѐ движи кон иднината. Тоа е удар на четката на платното на човештвото, сликајќи приказни за заедништво, издржливост и просперитет. Инвестирањето во културата е инвестиција во нашата потпора, идентитет и култура!

Токму затоа, наш прв чекор беше да го обезбедиме и заштитиме македонскиот јазик, бидејќи нашиот јазик е нашата татковина- јазикот на кој зборуваме и уште повеќе јазикот на кој сонуваме и чуствуваме. Македонскиот јазик е јазик на ООН и НАТО, а наскоро – и официјален јазик на Европската Унија.

Неговата стандрадизирана примена и употребата на кирилското писмо останувата наш завет и за следниот мандат, и за сите времиња, заедно со обврската за делегиран буџет во културата, функционални културно-унформативни центри, репрезентатини установи и достоинствени вработени. Дигитализацијата во културата како концепт има за цел сочувување и презервација на нематеријалното дугховно и културно наследство, поголема достапност и опсег, а со тоа и шанса без оглед кога и каде се наоѓаме во светот да кажеме и покажеме: Ова сум јас. Ова сме ние! Со ова се гордееме!

Во таа насока ќе се развива и културната дипломатија, овозможувајќи градење на мостови помеѓу културите и патокази кон иднината.

## Од патоказите кон иднината, најважен ни е соживотот!

**За спокојни денови и мирна старост,** Едно општество за сите за нас не е само политички слоган, туку камен-темелник на кој почива нашето заеднико постоење. Македонија била и ќе биде татковина на сите лојални и чесни граѓани кои заедно со неа се бореа за својот и нејзиниот опстанок, под различни пресии и притисоци. Овој концепт го живееме и постојано го унапредуваме!

Веруваме дека пречките за инклузивно општество Владата е должна да ги отстранува во континуитет како секој би можел да го искористи максимумот од својот развоен потенцијал во служба на заедницата. Затоа, фокусот во следниот мандат дополнително ќе биде зголемен во заштитата и унапредувањето на децата и возрасните со попреченост.

**Родовата еднаквост останува наш политички императив, бидејќи секоја една е вредна и заслужува да биде еднакво почитувана, слушната, уважена, институционално заштитена и платена**. Силни, безбедни и економски независни жени се двигател на секое општетство. Одлучно се спротивставуваме на антиродовите движења и политички провоации насочено кон креирање на раздор и дискриминација, поттикнувајќи ги и охрабрувајќи ги жените и девојките во нашите редови да го завземат своето место во општеството, без оглед на нападите кои доаѓаат. Чекориме рамо до рамо со секоја една, во секоја нејзина борба- од инкриминацијата на демнењето до заштита на правата на работничките во текстилната и чевларската индустрија.

Подобриот квалитет на живот за сите наши граѓани значи и **достоинствен живот за ромската заедница**. Меѓу другото, тоа ќе значи и  промена и унапредување на методологијата за распределба на средствата за подобрување комунална инфраструктура во општините, овозможување и создавање на услови за отварање поликлиника во постоечкиот здравствен дом во општина Шуто Оризари, како и системска поддршка за зголемување на опфатот на децата Роми во предучилишно образование - Центри за ран детски развој во ромски населби.

Спортот е моќна алатка за подобрување на нашите животи. Спортот игра значајна улога во подобрувањето на физичката и менталната благосостојба, придонесувајќи за севкупно подобар квалитет на живот. Затоа, сите заедно сме дел од новата спортска визија која ја создаваме до 2028ма година преку капитални инвестиции во спортот, градење на спортска култура и нови спортски навики. 4 милиони евра за ЕВРОПСКИ СПОРТСКИ ЦЕНТАР- КАЛЕ значат ново затворено лизгалиште, отворени базени со олимписки димензии и сала за кошарка. 800 000 евра за Битола значат ново отворено лизгалиште, а 3 500 000 милиони евра за Крушево значат нов биатлон стадион. 50 милиони евра за Скопје значат нов адреналински парк на падините на Водно и нова мото стаза во Петровец. Вистински спортски терени наместо лажен барок значат подобар живот за сите и  вистинска грижа за граѓаните!

Обновувањето на мавровскиот куп и шарпланинскиот меморијал се доказ дека додека вложуваме во иднината, не го забораваме и минатото. Докажавме дека можеме да обезбедиме достоинствен  живот и живеачка за сите, а во следниот мандат продолжуваме водени од истата премиса,  по европски стандрди!

## 1. Чиста и зелена Македонија

Без оглед на возраста, полот, верската, националната и партиската припадност, сите го дишеме истиот воздух, ја пиеме истата вода, ја делиме истата земја, планини, реки и долини. Денес, квалитет на живот подразбира, ноив, целосен и посветен однос и долгорочни континуирани политики за здрава животна средина, за зелена транзиција и чиста држава!

Затоа, се залагаме и создаваме подобра, почиста и позелена Македонија, за сите генерации, а најмногу за оние кои допрва доаѓаат. Животната средина не ни е само наследена од нашите претци туку ни е дадена на заем од нашите внуци- затоа имаме должност да им ја оставиме побогата отколку што сме ја затекнале.

Нашите вредности во градењето на чиста и зелена Македонија претставуваат**:**

- ✓ Планирање на **просторот** како основа за одржливо управување на државата;
- ✓ Дизајнирање и испорачување услуги кои се во интерес на граѓаните – **водиме грижа за јавниот интерес**;
- ✓ Носење **објективни одлуки** врз основа на практики и достапни научни сознанија и информации;
- ✓ Управување на **ефикасен и одржлив начин со националните ресурси,** за да испорачаме вистински вредности на јавноста, на фер и транспарентен начин, во соработка со сите партнери;
- ✓ Да бидеме **иновативни, приспособливи и отворени** за нови идеи и начини на работа.

Нашата мисија е:

- ✓ Заштита и подобрување на **животната средина** од штетните ефекти на **загадувањето,** како посебна вредност за сите граѓани и една од клучните за квалитетот на животот.
- ✓ Создавање средина во која секој корисник на просторот ги задоволува своите потреби во **хармонија** со другите и ги зачувува **вредностите за идните генерации**. Тоа подразбира паметно планирање и водење грижа за јавниот интерес.
- ✓ Заштита на животната средина преку формулирање и спроведување на **ефективни** политики, регулативи и иницијативи.
- ✓ Промовирање **практики за одржлив развој** кои ги балансираат економските, социјалните и еколошките размислувања.
- ✓ Да дејствуваме како **чувар на природните ресурси**, обезбедувајќи нивно одговорно управување и зачувување.
- ✓ Подигнување на **свеста** и едукација на јавноста за еколошките прашања, негувајќи чувство на **одговорност** и **колективно** дејствување.
- ✓ Соработка со **национални и меѓународни партнери** за справување со глобалните еколошки предизвици.

Нашата визија **е** да изградиме чиста, здрава и добро заштитена животна средина, како поддршка на одржливата економија и на општеството во кое живеат **просперитетни и задоволни граѓани**. Социјален, еколошки и економски напредок што ќе донесе **благосостојба, правда и демократија за сите граѓани**.

**За нас, приоритет е одржлива и отпорна средина** која ја поттикнува благосостојбата на сегашните и на идните генерации.

Зачувувањето и унапредувањето на **биодиверзитетот, природните ресурси и на екосистемите** за урамнотежен и хармоничен соживот, мора да биде на врвот на обврските.

**Клучно е, брзо, одговорно и одржливо да го подобриме квалитетот на живот, веднаш!**

**Нашиот врвен приоритет е здрава, чиста и уредена животна средина, која е во насока на подобрување на здравјето на граѓаните. Со помош на  нашите  партнери, градиме подобри услови за живот на граѓаните.** Бидејќи, квалитетна политика за животната средина им овозможува на граѓаните здрава животна средина и подобар квалитет на животот.

Политиката за животна средина почива на неколку клучни принципи:

- ✓ **борба против климатските промени на глобално ниво, како составен дел на сите секторски политики**;
- ✓ **превентивно делување** (пред да настане штетата, односно загадувањето);
- ✓ **загадувачот плаќа** (трошоците за заштита на животната средина треба да ги сноси правното или физичкото лице кое ја загрозува животната средина);
- ✓ борба против нарушување на животната средина **со самиот извор на загадувањето** (каде е поедноставно

и поекономично да се отстранат последиците од загадувањето).

Сето тоа можеме да го постигнеме преку планирање и водење процеси за заштита на природата и на природните ресурси од загадување и намалување на климатските промени, како и развој на државата преку постојано вложување во зелена економија и креирање зелени работни места. И сè во интерес на подобрено здравје на граѓаните и поквалитетен живот.

Заштитата, зачувувањето и унапредување на природата и на биолошката разновидност, чист воздух, вода (за пиење, хигиена, бањање) и почва, како и **интегриран самоодржлив систем** на управување со отпадот, се само некои од придобивките кои може да се реализираат.

СДСМ ќе продолжи со вложување во обновливи извори на енергија, остварување на ефикасна контрола и спречување на загадувањето, намалување на количината на отпадот и на сите видови еколошки ризици, интеграција на еколошки одржливи практики во клучните економски сектори, со цел промена на неодржливото производство и потрошувачка, со посебен акцент на борбата против климатските промени. На тој начин ќе ја подобриме и својата положба како **туристичка дестинација.**

Високите еколошки стандарди претставуваат поттик за **еко-иновации,** кои пак, од својата страна отвораат нови работни места (вклучително и зелени работни места).

Долгорочно, како дел од Европската Унија, создаваме шанса да креираме **ресурсно ефикасна, зелена и конкурентна економија,** со ниски емисии на јаглерод диоксид.

Голем дел од инвестициите за остварување на европските стандарди и норми во оваа област ќе ги **финансираме од буџетски средства, донации, од европските фондови и други поволни извори на финансирање**. Домашните средства за животната средина континуирано ќе се зголемуваат и ќе реализираат преку соодветни Програми, како соодветен механизам за замена на Фондот за животната средина. **Планот за развој на Европската Унија и Зелениот договор за Западен Балкан** дополнително ќе го зајакнат финансиското портфолио.

**Нашите партнери** ни помагаат во постигнување на високите европски стандарди за што е потребно многу работа, финансии и човечки капацитети. Напорно се работи во усогласувањето на националното законодавство со европското, бидејќи тоа е основа за воспоставување и функционирање на посакуваниот систем.

Апроксимацијата на законодавството од оваа област е опфатена со Поглавјето 27 – животна средина и клима, и покрај тоа што е едно од најкомплексните, тоа е и едно од најскапите поглавја. Билатералниот скрининг со европската комисија што се одржа во јули 2023 г. во Брисел, покажа дека државата е на добар пат, дека во некои области е во напредна фаза, но во други е во почетна фаза, или е соочена со силни предизвици во понатамошно усогласување на националното законодавство со европското. Тоа најголем предизвик на патот кон **ЕУ е имплементацијата,** бидејќи станува збор за област со високи инвестициски побарувања за реализација кои државата самостојно не може на краток рок да ги обезбеди.

**Членството во ЕУ ќе ни овозможи пристап до финансиски средства** кои државата не може самостојно да ги обезбеди, за реализација на потребните големи и скапи инфраструктурни проекти, за поставување на модерни системи за пречистување на водите, воспоставување на регионални системи за управување со отпад, ќе овозможи финансиска и експертска поддршка во воспоставување на системите за одржливо управување со заштитени подрачја и градење на човечки капацитети на локално и на национално ниво.

Во оваа област можеби највеќе ќе се почувствуваат **предностите на членството во ЕУ** и важноста на европскиот **процес**. Како што се покажа во сите земји од ЦИЕ, придобивките од членството во ЕУ е што државите обезбедија современи стандарди за живот на граѓаните, **преку заштита на природните вредности, обезбедување чиста вода за пиење за секое населено место, одржливо управување со отпад и расчистување на дивите депонии, пречистување на отпадните води, заштита на водните ресурси, на почвата и на воздухот**. Тоа ќе го обезбедиме и во Македонија.

**Нашите досегашни резултати овозможуваат да:**

- ✓ Обезбедуваме чиста вода за пиење **за секое домаќинство, како и собирање и прочистување на отпадните води за сите општини во државата.**
- ✓ Воспоставуваме модерен регионален систем за управување со отпад **по европски стандарди, со системи кои ќе ги намалат количините на отпад кои ги депонираме преку нивна реупотреба и рециклирање.**
- ✓ Ги зголемуваме површините на заштитени подрачја **и воспоставуваме заштита на природните вредности, нивно одржливо управување и економски просперитет.**
- ✓ Ја олеснуваме меѓународната соработка и поддршката **во заштита на животната средина, климата и на имплементацијата на Зелената агенда.**
- ✓ Воведуваме почисти технологии и еколошки системи за затоплување**, со што го намалуваме загадувањето на воздухот**.
- ✓ Го забрзуваме процесот на полноправно членство во Унијата **преку континуираната поддршка на приспособување на националното со европското законодавство и конкретната помош во реформските процеси.**

**Нашите цели во следниот мандат се фокусираат на:**

- ✓ СДСМ се залага за долгорочен одржлив развој кој се темели на грижливо користење на природните ресурси.
- ✓ Контролата и намалувањето на загадувањето остануваат едни од основните цели на СДСМ. Ова вклучува употреба на еколошки горива и користење на обновливи извори на енергија, промовирање на одржливо управување со отпад, правилно и правично управување со водите и зелен транспорт.
- ✓ СДСМ ја поддржува циркуларната економија преку која ќе се намалат количините на отпад поради пов-

торна употреба и рециклирање на материјалите и на производите.

- ✓ Управувањето со водите останува приоритетна цел.

## Што постигнавме досега?

Државата вложува значајни напори за усогласување на националното законодавство со европската легислатива и политиките од областа на заштитата на животната средина и климатските промени, што беше еден од главните столбови на СДСМ во политиката за животна средина.

Секторските приоритети на СДСМ во областа на животната средина и климатските промени се целосно усогласени со **европскиот зелен план и зелената агенда за Западниот Балкан**. Секторските приоритети дополнително ќе се ажурираат со земање предвид на петте главни области што се содржани во Зелениот план – **намалување на емисијата на стакленички гасови; намалување на загаденоста на воздухот, водата и почвата; циркуларна (кружна) економија, земјоделство и производство на храна и заштита на био-диверзитетот**.

**Две области за кои СДСМ смета дека ќе бидат најголем предизвик во однос на исполнувањето на барањата на ЕУ се: собирање и управување на отпадните води и управување со цврстиот отпад.**

**Економски инвестициски план (9 милијарди евра грантови за регионот ЗБ**) е дизајниран да го поддржи долгорочното зелено социоекономско закрепнување на нашиот регион и неговата економска конвергенција, и да ги утврдува клучните иницијативи насочени кон зелена транзиција за регионот.

Имплементацијата на овој план ќе има силен финансиски импакт и врз бизнис секторот. Имено, зелената трансформација на земјите од Западен Балкан значи **брза трансформација и модернизација на компаниите**, како би можеле да останат на конкурентни позиции. Во тој контекст, Владата предводена од СДСМ во 2021 г. ги усвои следните **документи**:

- ✓ Зајакнат национално определен придонес кон **Договорот од Париз** (eNDC, enhanced Nationally determined contribution), април 2021 г.;
- ✓ Трет двогодишен извештај за климатски промени (3rd BUR-biennial update report), април 2021 г.;
- ✓ Долгорочна стратегија за климатска акција и акционен план, август 2021 г.

Долгорочната визија и политиката на оваа влада и на СДСМ е**,** до 2050 година државата да има просперитетна економија со ниска содржина на јаглерод, која следи одржливи и климатски отпорни патеки за развој, ја подобрува конкурентноста и промовира социјална кохезија преку акција за борба против климатските промени и нејзините влијанија.

Ги презедовме првите опипливи чекори за воведување на прекуграничниот данок на јаглерод (CO2), со цел да се забрза **декарбонизацијата**, но и да се **избегне плаќањето на данокот на јаглерод на Европската Унија (ЕУ) за увоз**, кој блокот планира да го воведе од 2026 година. Албанија, Србија и Косово во моментов заостануваат.

Според новиот Закон за климатски промени што се подготвува, СДСМ има намера да воведе **цена на јаглеродот**, првично како преодно решение, а потоа да го усогласи со правилата на ЕУ ЕТС, до 2030 година.

Продолжуваме со нашата работа и лидерство кон постигнување на сите овие национални, регионални и меѓународни таргети и цели**,** преку обезбедување поволна животна средина и правилно управување**. Во овој контекс**т работиме и на трансформација на работните места кон зелени работни мест**а** и никој нема да биде оставен без работа!

Токму затоа, заеднички, координиран и насочен притисок, базиран на докази за постигнување на заедничката цел е неопходен, како:

- ✓ Нашиот план за усогласување, или транспозиција, ќе биде во согласност со приоритетите во преговарите, притоа, согледувајќи ги националните потреби и состојби. Треба да обезбедиме усогласувањето на законодавството да биде реално, односно да донесеме закони кои се применливи и кои ги одразуваат и ги подржуваат преговорите со ЕУ за Поглавјето 27.
- ✓ **Поглавјето 27 е едно од најважните и најодговорните поглавја во процесот на преговори со ЕУ.** Токму овој кластер воедно ќе отвори нови можности за развој и за раст на државата, особено преку развојот на патната инфраструктура, дигитализацијата и намалувањето на трошоците, како и зголемување на искористувањето на обновливите извори на енергија и заштита на природните ресурси.
- ✓ ЕУ е најголем донатор во областа на животната средина. Воедно, во Економскиот инвестициски план за Западен Балкан на ЕУ, предвидени се неколку проекти кои произлегуваат од овој кластер. Тоа се пред сѐ, каде Македонија претендира да биде пример за инвестиции во изградба на **паркови за сончева енергија и ветерници**. Исто така, предвидени се проекти за **гасно поврзување со Косово и Србија**. Проектите за затворање на **непрописните депонии и изградбата на регионални системи за управување со отпад во 5 региони** и изградбата на **пречистителната станица за третман на урбани отпадни води за Скопје.**
- ✓ Секако, покрај ЕУ, и другите држави обезбедуваат поддршка на Македонија да ги исполни барањата на ЕУ, такви се Швајцарија, Холандија, Германија, Шведска и другите билатерални и мултилатерални донатори и меѓународни финансиски институции како ЕБРД и ЕИБ, а исто така, многу значајна е и помошта од инвестициската рамка за Западен Балкан.
- ✓ Управувањето со отпадот, иако чини значително помалку, околу 300 милиони евра, е многу покомплексна област за спроведување, зашто граѓаните се многу сензитивни на оваа тема. Синдромот „само не во мојот двор депонија“ ја зафати земјава од првиот момент кога се изработија студии за изградба на регионални депонии за комуналниот отпад. Иако овие депонии повеќе се центри за постапување со отпад, при што, помалку од 20 % од отпадот што се создава ќе се депонира, постојат бројни прашања за кои **сме подготвени да разговараме со граѓаните** заради информирање на јавноста, обучување на локалната администрација и вклучување на сите чинители во донесувањето на одлуките. Ние не сме доволно богати да го фрламе отпадот неповратно, туку мораме да го искористиме секој негов потенцијал за да ги заштитиме нашите природни ресурси.

- ✓ Загадувањето на воздухот не е проблем што може да го решиме еднострано само со акции на едно министерство. За долгорочно решавање на овој проблем потребно е ангажирање, како на националната така и на локалната власт, односно на општините и на градот Скопје.
- ✓ Владата предводена од СДСМ за **првпат донесе конкретен акционен план за заштита на воздухот,** кој беше поддржан со финансиски средства за спроведување.
- ✓ Општините и градот Скопје треба да ги донесат и да ги применуваат соодветно плановите за заштита на квалитетот на воздухот и да преземат мерки за намалување на загадувањето. **Потребни се промени на начинот на којшто се планира јавното затоплување и патниот сообраќај во општините. Веќе не можеме да ги користиме старите модели**. Општините мора постепено да преминат кон зелена транзиција и да овозможат подобра мобилност на граѓаните. Јавниот транспорт треба да се реформира и да биде подобен за користење, а употребата на возилата во градовите треба да стане се помала.
- ✓ Подобрена соработка помеѓу **централната и локалната власт** во спроведување инвестициски проекти на територија на општините кои се однесуваат на третманот на отпадни води и цврст отпад.
- ✓ Клучно е општините да ги зајакнат своите капацитети за планирање и за управување со проекти.
- ✓ Зелената транзиција што се бара со Зелената агенда, треба да обезбеди економски развој, почитувајќи и адресирајќи ги истовремено климатските промени и исполнувајќи ги потребите за енергија.

## Зелен раст и развој 2024-2028

Политиките во животната средина и просторното планирање во Македонија се базираат на амбициозни очекувања кои вклучуваат отпочнување транзиција кон зелена економија, што ќе генерира раст и ќе создава нови работни места, преку инвестирање и во зачувување на понудата на природен капитал.

Остварувањето на предвидените цели за унапредување на животната средина и просторното планирање е поврзано со широка лепеза на политики што се однесуваат на два главни предизвика: исполнување на барањата за подобар квалитет на животот и справување со притисоците врз животната средина.

Предвидено е **донесување на Закон за инспекција, Закон за гранични емисии и Закон за почви, Закон за комунална полиција, измени на Законот за животна средина и законите од областа на воздух, води, природа, континуирано развивање на мониторинг системот на животната средина и информативниот систем, како и ажурирање на државниот Катастар на загадувачи во животната средина.**

Институционалните промени како **формирање на независна Агенција за животна средина (или посебни Агенции за води и природа), формирање на Сектор за климатска акција при Министерството за животна средина и просторно планирање, формирање на регионални тела за отпад, како и дефинирање на нов институционален статус на хидросистемот Дојранско Езеро,** пред сѐ, поради неефикасноста и проблемите во управувањето, се прашања кои сериозно ќе се разгледаат како основа за носење на соодветни законски одлуки. Значењето на **животната средина потребно е да се вклучи во образовниот процес.**

Воведување на **постојана 24 часовна контрола на Државниот инспекторат за животна средина и на локалните инспекторати**, зголемување на ингеренциите на локалните инспектори за животна средина, како и вонредни контроли со земање примероци кои ќе се проверуваат од акредитирана лабораторија. Акредитација на Централната лабораторија за животна средина е приоритет, со можност за управување од страна на инспекторските тела. Да се воведе **МКС стандард за мерење на зацрнетоста на чадот по Рингелманова и по Бахархова скала.**

Спроведување активности за подигнување на свеста за различни теми кои се насочени кон различни јавни групи. Евидентна е потребата од континуирано спроведување на кампањи, као што се:

- ✓ Подигнување на јавната свест кај граѓаните за правилно одлагање на комуналниот отпад под слоганот – **Секој отпад има свое место.**
- ✓ Подигнување на јавната свест кај граѓаните за намалување на аерозагадувањето преку мобилизирање на градовите под слоганот – **Движи се паметно, диши слободно, користи алтернативен превоз**.
- ✓ Подигнување на јавната свест кај граѓаните за намалување на аерозагадувањето преку замена на нееколошко греење во сите јавни институции – **Јас не загадувам.**

## Управување со води

Започнуваме со една од двете најприоритетни области за животната средина за СДСМ.

Се изгради **потребната инфраструктура и се пуштија во употреба пречистителните станици во општините Гевгелија (9.603.000,00 евра), Прилеп (9.667.773,79 евра), Струмица (6.910.876,77 евра), Радовиш (6.027.246,33 евра), Кичево (8.254.353,03 евра), Кочани со поврзување на Виница (25.704.000,00 CHF), со што покриеноста на РСМ со оваа инфраструктура во однос на еквивалент жители достигна повеќе од 40 проценти и околу милион жители**. Имајќи предвид дека донесовме закони за договори за заем со ЕБРД и ЕИБ за изградба на пречистителна станица во Град Скопје во вредност околу 200 мил. евра, со грант компоменета од 70 мил. евра, се очекува **процентот на покриеност со третман на отпадни води во наредните години да се зголеми двојно**.

Ги **спроведовме и капиталните инвестиции за водоснабдување на Делчево (7.304.000 CHF), водовод и канализација на општините Кавадарци, Радовиш и Гостивар (5.000.000 евра). Започна имплементацијата на „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, втора фаза, договор за заем од ЕИБ (50.000.000,00 евра), проект за рехабилитација и продолжување на канализационата мрежа во Прилеп 23,1 км, фаза 1, (6.263.363,73 евра) и фаза 2 (7.684.060,61 евра), проект за рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во општина Куманово (4.323.224,55 евра), проект за рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во општина Берово и поврзување на Пехчево на пречистителната станица во Берово (3.863.186,21 евра), проект за изградба на колекторски систем за Град Скопје (9.680.140 евра).**

**Продолжуваме** со подготовка на технички документации за **пречистителните станици во Битола, Тетово, Велес и Штип, како и за канализациони мрежи во Битола, Тетово и Кичево**.

Во **2019 година формиравме ЈП Колекторски систем - Скопје и започнавме проект за санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охрид – Струга**. Подобрување на водата на Охридското Езеро и подобрување на капацитетот за работа и одржување на канализационите објекти останува наш приоритет.

За четири години се спроведоа проекти за подготовка на техничка документација и инвестиции од помал обем за системи за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води во сите општини и региони во РСМ, во вредност од преку 2 милиони денари. **Инвестиравме во секоја општина од државата, бидејќи секој граѓанин ни е важен.**

Воспоставувањето на управување со речен слив го реализиравме континуирано со помош на нашите партнери, преку планови за интегрирано управување со речните сливови и преелиминарна проценка на ризикот од поплави. **Тука спаѓаат сливот на реката Струмица и планот за управување со речни сливови за Брегалница како дел од сливот на реката Вардар**. Во 2023 г. започнавме со подготовка на Национален регистар на подземни води.

Преку плановите за управување со Охридското, Дојранското и Преспанското Езеро, континуирано работевме на подобрување на нивната еколошка состојба. **Го подготвивме и го реализираме планот за управување со сливот на Црн Дрим**, а спроведувавме и активности за намалување на поплавите во Полошкиот Регион. Препораките на УНЕСКО и на Бернската конвенција, континуирано се спроведуваат.

Продолжува хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ, преку носење измени и дополнувања на Законот за водите, ажурирање на Националната стратегија за води и донесување на Плановите за управување со речните сливови, како стратешки документи за креирање на политиките во оваа сфера.

Реформата на институционалната поставеност во управувањето со водните ресурси на национално и на локално ниво останува наш приоритет, како и подобрувањето на системот за мониторинг на површинските и на подземните води и системот за финансирање на водните услуги преку инвестирање во водната инфраструктура.

Преку меморандуми за соработка или договори за соработка за управување со меѓугранични речни сливови и воспоставување на постојани заеднички тела (комисии) за управување со меѓугранични води, активно соработуваме: за Охридското Езеро со Албанија, за Преспанското Езеро со Албанија и Грција, додека со Бугарија и Косово работиме на речните сливови.

**Националната студија за води**, **Планот за управување со милот**, р**еформите во секторот за вода на централно ниво**, р**еформата во системот за водоснабување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво**, како и з**ајакнувањето на институционалниот капацитет за спроведување на законодавството за животната средина во областа на управување со водите, претставуваат активности на кои работевме и активности кои остануваат наш приоритет**.

Во насока на заштита на водите од загадување и воспоставување на системи за управување со речен слив, ќе продолжиме со хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ од областа на водите и ќе продолжиме со спроведување на конкретни мерки.

**Рационалното користење на водата за пиење останува приоритет**, што подразбира воведување забрана за користење на чиста и питка вода за потребите на индустријата.

Постапките за **доделување на концесии за користење на вода, за вадење на песок, чакал и камен од коритата на реките,** ќе се спроведуваат со **јавни расправи и учество на засегнатата јавност.**

Нашите заложби продолжуваат и понатаму, преку реализација и координирано планирање и спроведување на политики за заштита на водите, преку проекти и капитални инвестиции за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води:

- ✓ Донесување на **Планот за управување со сливот на реката Вардар** и спроведување на Програмата на мерки (2024 – 2027);,
- ✓ Обезбедување на опрема за информациски систем за мониторинг на вода (до 2027);
- ✓ Реализација на приоритетни инвестиции за **водоснабдителни и канализациони системи за општините и општините во Градот Скопје** (2024 - 2028);
- ✓ **Подобрување на инфраструктурата за собирање отпадни води во Град Скопје преку и**зградба на систем за собирање, одведување и третман на отпадни води (2024 - 2025);
- ✓ **Р**ехабилитација и проширување на канализационата мрежа во општина Кичево (104 **км мрежа, приклучени 4630 нови домаќинства**, 2024 - 2026);
- ✓ **Изградба на** пречистителна станица за отпадни води и проширување на канализационата мрежа во општина Битола **(капацитет 112** 474 е.ж. и 375 **м доградба до постојната колекторска канализација**) и (9 **км нова + 13 км реконструирани**)( 2024 - 2027);
- ✓ **Реализација на проектот за изградба на ПСОВ (капацитет 95 152 е.ж.) и изградба на** канализациона мрежа во општина Тетово (19 km главна колекторска канализација + 32,4 km секундарна отпадна **канализација)**(2024 - 2027);
- ✓ **Изградба на** ПСОВ за Велес (53.100 е.ж.) (2025 - 2028);
- ✓ **Изградба на** ПСОВ за Штип (53.700 е.ж.) (2025 - 2028);
- ✓ **Изградба на** колекторски систем за Виница (19.000 е.ж.). и нејзино поврзување со постојната ПСОВ во Кочани (2025 - 2028);
- ✓ **Реализација на заемите за изградба на пречистителна станица во Скопје (2024** - 2030);
- ✓ **Реализација на заемот за подобрување на системите за водовод и канализација (2023** - 2030).
- ✓

## Управување со отпад

Новиот Национален план за управување со отпад (2021 – 2031) ги идентификуваше регионите за **управување со отпад во земјата: Источниот и Североисточниот Регион, Пелагонискиот и Југозападниот, Вардарскиот и Југоисточниот, како и Скопскиот и Полошкиот Регион.** Подготвивме потребна техничка документација за воспоставување на финансиски самоодржливи системи за управување со отпад за сите региони, освен за Вардарскиот и Југоисточниот, за што се предвидени средства за подготовка на документацијата.

Во 2019 започна првиот процес на **воспоставување на интегриран и финансиски одржлив систем за регионално управување со цврст отпад** во **Источен и Североисточен Регион и** истиот е во фаза на реализација. Во 2019 година започна проект за утврдување и развивање алтернативи/модели за финансирање во секторот на комунален отпад во следните плански региони**: Југоисточен, Вардарски, Југозападен и Пелагонија.** Истиот се капитализираше со Договор за заем со ЕБРД во висина од 55 мил. евра и кофинансирање од Швајцарската влада во висина од 9 мил. швајцарски франци, во 2022 година**. Овие два процеса се капитални во делот на управување со отпад, односно**, **воспоставување на основна инфраструктура за управување со отпад (која е надлежност на локалната самоуправа, но во недостаток на активности за реализација**, **Владата предводена од СДСМ го презема процесот).**

Во 2018 година започна имплементацијата на проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самодржлив систем за управување со отпад во Полошкиот Регион", финансиран со средства обезбедени преку билатерална соработка меѓу Владата на РСМ и Швајцарија. Овој процес продолжува со финансирање преку заемот од ЕБРД.

Во **2019 започнавме со решавање на проблемот со линданот во хемискиот комбинат ОХИС, Скопје**. По реализација на овој проект ќе се пристапи кон изноѓање на законско решение за решавање на проблемот со останатиот наталожен отпад во кругот на ОХИС. Проектот континуирано се реализира и ќе продолжи со реализација и во наредните години, обезбедувајќи одржливи решенија.

Планираме подготовка на стратешки документи, како Национална стратегија за управување со отпад и Национална стратегија за управување со тиња. Во согласност со Законот за управување со отпад, ќе се формира нова единица за управување со отпад во рамки на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, која ќе го утврдува надоместокот за управување со отпадот за секој плански регион.

Со донесувањето на новиот **Закон за управување со отпад** во 2021 г., овозможивме воспоставување на функционален систем за регионално управување со отпад и изградба на регионални депонии, а во исто време да се затворат сите нестандардни депонии и ѓубришта. Истовремено, промовираме и работиме на регионално собирање, транспорт, селекција, рециклирање на отпадот, како и третман и искористување, со што ќе се зголеми степенот на заштита на здравјето на луѓето и заштитата на животната средина, а сето тоа ќе биде чекор кон овозможување кружна економија за овој сектор.

Новите закони го уредуваат и **управувањето со посебните текови на отпад, како отпад од батерии и акумулатори, отпадна електрична и електронска опрема, отпад од пакување и др.)** во рамкте на проширена одговорност на производителите. Целиот сет на закони е хармонизиран со законодавството на ЕУ во областа управување со отпад. Сепак останува дел од ЕУ регулативата која дополнително ќе треба да се хармонизира. Најголем дел од ова се однесува на пластиката за еднократна употреба, управувањето со опасниот отпад и усогласување во делот на управување со отпад од електрична и електронска опрема и отпадни батерии.

Воведовме влијание врз конкурентноста **–** Мерката за воспоставување интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад се очекува да има долгорочни ефекти во смисла на воспоставување предуслови за развој на таканаречената циркуларна економија, што значи (повторно) искористување на ресурсите во кружен економски тек.

Воспоставувањето на регионални депонии со капацитет за рециклирање отпад ќе придонесе за операционализација на отпадот како ресурс што може да се користи за производство на биогорива и други производи добиени преку системи за рециклирање. Тоа може да влијае на развојот на оваа активност во земјата, преку иницирање различни претприемачки активности, а може да придонесе и за вклучување на земјата во случувањата на таканаречената зелена агенда, чии индикатори се очекува да станат мерило за економска клима на глобално ниво.

Очекувано влијание врз социјалните резултати, како што се вработување, намалување на сиромаштијата, родова еднаквост и пристап до здравствени услуги**.** Спроведувањето на овие активности ќе обезбеди повеќе социјални ефекти, а пред сè пристап на мнозинството од населението до услуга за собирање отпад и почиста животна средина преку негово рециклирање. Посебно значаен ефект ќе има затворањето на дивите депонии, што ќе придонесе за намалување на нивните штетни емисии на гасови, како и за намалување на ризиците по јавното здравје.

Понатаму, реализацијата на проектите подразбира ангажман на работници што краткорочно директно ќе влијае на пазарот на трудот, додека долгорочно одржувањето и управувањето со регионалните депонии предвидува вработувања кои ќе придонесат за отворање нови работни места. Проценката на потенцијалот за ублажување на стакленички гасови со воведување проекти за циркуларна економија во С Македонија открива дека инкорпорирањето на циркуларните практики во третманот на биоотпадот и отпадот од градење (шут) може да резултира со намалување на вкупните емисии од ~ 690,85 Gg/CO2 е годишно и отворање на над 600 нови зелени работни места во повеќе одржливи индустрии.

Овие активности ќе имаат големо влијание врз животната средина, пред сè преку затворање на дивите депонии кои претставуваат ризик за јавното здравје, зголемување на бројот на домаќинства кои се дел од системот на редовно собирање отпад што секако ќе го намали притисокот врз животната средина. во местата каде што живеат/престојуваат, а директно ќе влијае на зголемување на квалитетот на нивниот живот.

Во однос на регионалните депонии, влијанието врз животната средина ќе биде исклучително големо бидејќи ќе доведе до подобро искористување на отпадот, намалување на штетните гасови кои произлегуваат од неконтролираното постапување со отпадот, како и создавање пре-

дуслови за кружна економија во гранките каде отпадот се користи како значителен ресурс.

## СДСМ продолжува понатаму:

- ✓ Воспоставувањето на функционален систем за регионално управување со отпад и изградба на регионални депонии, а во исто време **затворање на сите нестандардни депонии и ѓубришта во Источниот и Североисточниот Регион**, и изградба на централна стандардна депонија во периодот до 2026, врз основа на граѓански и експертски дијалог.
- ✓ Продолжување на активностите за **затворање на нестандардните депонии и ѓубришта во Источниот и Североисточниот регион 2022 – 2025.**
- ✓ Подготовка и донесување на подзаконски акти за спроведување на Законот за управување со отпад и останатите закони од областа управување со отпад 2024 - 2028.
- ✓ Зајакнување на институционалните капацитетите на локалната самоуправа за спроведување на системот (јакнење на капацитети на одделенијата за отпад во општините, општинските јавни комунални претпријатија, меѓуопштинското јавно претпријатие за управуавање со отпад и општинските инспектори за животна средина ) 2024 – 2026.
- ✓ Подготовка на национални плански документи и ревизија на регионалните плански документи за управување со отпад 2024 – 2028
- ✓ **Набавка на опрема и изградба на регионални депонии и претоварни станици во Полошкиот и Југозападниот/ Пелагонискиот Регион 2024 – 2028.**
- ✓ Планирање и спроведување на иницијативи насочени кон потрошувачите за подигање на свеста на граѓаните за спречување на отпадот, одделното собирање и одржливата потрошувачка 2024 – 2026.
- ✓ Подготовка на проектна документација за Југоисточен и Вардарски Регион 2024-2026.
- ✓ Проектот „**Отстранување на техничките и економските бариери за започнување на ремедијацијата на локациите контаминирани линдан во ОХИС**", 4.000.000 $.

## До 2024 год. се отстранети следниве количини контаминиран материјал:

- ✓ околу **1500 тони спакуван и извезен отпаден „НСН" (изомери на линдан**).
- ✓ **127 тони спакувана и извезена земја контаминирана со „НСН"**.

Активностите на овој проект остануваат приоритет за СДСМ и ќе продолжи со нивна реализација во периодот 2024 - 2028 година, како и со активностите за решавање на останатите историски контаминирани подрачја. Меѓутоа, постигнувањето на стратешките цели утврдени за надминување на постојните проблеми на сите области на животната средина, како и на ремедијацијата на поголемите оптоварувања врз животната средина и на еколошките жаришта, наложува широк опсег на акции и големи финансиски средства, кои треба да се спроведуваат истовремено и во долг временски период, со инволвирање на сите засегнати страни .

## Заштита на воздухот од загадување

Загадувањето на воздухот во земјава предизвикува загриженост поради тоа што граничните вредности, особено оние за концентрациите на суспендирани честички кои се утврдени со цел да се заштити здравјето на луѓето, сè уште се надминуваат. Идентификувани се неколку извори и причини за големите проблеми со квалитетот на воздухот, но тие може да се разликуваат во рамките на самиот град, како и да варираат помеѓу различните градови. Сепак, трендовите и податоците од Автоматскиот мониторинг систем во периодот 2020 - 2024 покажуваат намалување на средногодишните концентрации, што самото по себе детерминира дека спроведените мерки од Владата предводена од СДСМ почнуваат да го намалуваат загадувањето на воздухот во државата.

За првпат е спроведен **План за чист воздух** во Македонија преку реализација на мерки од Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година и други технички мерки, со цел намалување на загадувањето од домашно затоплување, транспортот, индустријата, градежништвото и отпадот и истото продолжи и во 2020 и 2021 година. Овие одржливи политики на СДСМ беа препознаени од страна на повеќе меѓународни институции, Европската комисија го нотира во својот извештај за напредокот на нашата држава, а доби и отворена поддршка и верификација од страна на Светска банка и Светската здравствена организација.

Изработена е предлог **кампања за Планот за чист воздух** и изработена е посебна веб страна, www.planzacistvozduh.mk, каде што на едноставен начин прикажани се сите мерки кои треба да се спроведат од државните институции во врска со Планот за чист воздух.

Изработката на **нов Национален план за заштита на амбиентниот воздух и Национална програма за контрола за загадувањето на воздухот** се приоритетни активности за СДСМ и истите се очекува да започнат во 2024 - 2025 година.

Ќе продолжат активностите за ефективно управување со Државниот мониторинг систем за квалитет на воздух, со цел навремено информирање на јавноста за состојбата со квалитетот на воздухот, како и можноста за следење на повеќе годишни трендови на концентрациите на загадувачки супстанци кои се пак се основа за следење на ефикасноста на мерките за намалување на загадувањето на воздухот и за креирање на нови политики. Ќе се продолжи со имплементација на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот на локално и на национално ниво, финансирани од буџетот и од меѓународни донатори.

Во јули 2021 г. донесен е **Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух** за да се дадат повеќе ингеренции и обврски на локалните самоуправи, во правец на изработка на локални планови за намалување на аерозагадувањето и предвидување и преземање на краткорочни/интервентни мерки при појава на епизоди со алармантно загадување, односно надминување на праговите за алармирање. Хармонизирањето на законодавството во оваа област продолжува.

Подготовката на нова **Национална програма за постепена редукција на количините на емисии на одредените загадувачки супстанции на ниво на Македонија** ќе започне со реализација во 2024 - 2025 година.

Во процесот на подобрувањето на квалитетот на воздухот значајна е улогата на ЕЛС, бидејќи во согласност со законските прописи, истите се задолжени да подготвуваат планови за квалитет на воздух во кои се дефинираат мерки за подобрување и заштита на квалитетот на воздухот.

Поддржавме изработка на **плановите за Агломерација на Скопски Регион (2017 – 2021), за градовите Тетово (2017 – 2021), Битола (2022 – 2026), Велес (2018 – 2022), Струмица (2019 – 2023), Куманово (2022 – 2026), Кавадарци (2022 – 2026) и Гостивар (2022 – 2026).** Изработени се локалните планови за општините Кичево и Кочани. Се подготвуваат и плановите за квалитет на воздух за Велес, Охрид, Прилеп, Струга, Штип и Гевгелија. **Катастрите на загадувачи на воздухот за подрачјето на општините Кичево, Прилеп, Штип, Кавадарци, Кочани и Гевгелија се поддржани од Владата и финализирани, додека катастрите за подрачјата на општините Велес, Струга, Тетово и Гостивар, се очекува да завршат до средината на 2024 г**. Катастрите овозможуваат идентификација на изворите на загадување на воздухот и утврдување на количините на емисии на загадувачки супстанци во воздухот, со што овозможивме приоретизација на мерките за намалување на аерозагадувањето.

Се воспостави и се применува моделот COPERT V за пресметка на емисиите во секторот сообраќај и планирана е примена на модели во останатите сектори како енеретика и земјоделие со цел подготовка на проекции за емисиите на загадувачките супстанци за 2040 и 2050 година.

Во нашата земја воспоставен е **модерен мониторинг систем** на квалитет на воздух, кој вклучува **21 фиксна станица** распределени на територијата на целата држава и една мобилна станица која се користи за следење на квалитетот на воздухот во општини кои не се опфатени со континуирано следење на квалитетот на воздухот. Воедно воспоставена е калибрациона лабораторија за калибрација на инструментите од мониторинг станиците и систем за известување.

Постоечкиот Национален план за заштита на амбиентниот воздух е истечен и подготовка на нов план е планирана во рмките на проектот „Поддршка во имплементацијата на директивите за квалитет на воздухот", ИПА 2, кој според сегашните проценки треба да се спроведува во период 2024–2026 година.

Во насока на намалување на емисиите на цврсти честички во воздухот, кои се критична супстанца во нашата земја, во рамките на проектот ЕУ за чист воздух од ИПА 3 програмата, се планира имплементација на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот односно:

- ✓ промена на системите за греење во околу 70 јавните објекти (на 36 локации) на територијата на Град Скопје и општините Битола, Куманово и Тетово;
- ✓ набавка на еколошки автобуси за град Скопје;
- ✓ засадувањето на 6 000 садници дрвја преку оваа Програма.

Спроведувањето на наведените активности, зајакнатата меѓуинституционална соработка и политичка посветеност на СДСМ во спроведувањето на поставените цели ќе доведе до зголемено спроведување на директивите за воздух и постигнување на крајната цел заштита на здравјето на луѓето, преку:

- ✓ **Контиунирано подобрување на инвентарот на емисии во воздух преку финансирање на мерки за намалување на загадувањето на воздухот** 2024 – 2028.
- ✓ Усвојување на Закон за индустриски емисии 2024.
- ✓ Пресметка на редукционите потенцијали за петте главни загадувачки супстанци 2024-2025.
- ✓ **Изработка на Национална програма за контрола на аерозагадувањето** 2025.
- ✓ **Подготовка на Национален план за заштита на амбиентниот воздух 2024**–2026.
- ✓ **Поддршка за изработка на Планови за подобрување на квалитетот на амбиентен воздух** 2024–2028.
- ✓ **Спроведување на мерки за подобрување на квалитет на воздух – проект ЕУ за чист воздух – промена на системите за греење во околу 70 јавни објекти на територијата на Град Скопје и општините Битола, Куманово и Тетово; набавка на 5 еколошки автобуси за град Скопје и нови зелени површини во општините 2024–2026.**
- ✓ Модернизација на **Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух 2024-2028 и проширување на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух – автоматска мониторинг станица Штип 2025–2026.**
- ✓ Акредитација на **калибрациона лабораторија за квалитет на воздух** 2026–2027.

## Заштита на природата и биолошката разновидност

Владата на СДСМ ги донесе Стратегијата за заштита на природата 2017–2027, Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план 2018–2023, а подготвен е и нов Закон за природа (2024 – 2025) и обезбедување на негово понатамошно усогласување со ЕУ Директивите за живеалишта и птици и Регулативата за ЦИТЕС, како и изработка на подзаконски акти.

Во 2018 год. донесен е **Закон за урбано зеленило** со кој, меѓудругото, се предвидува најмалку **20% зелена површина на секоја градежна парцела**, како и **25 m² по жител на ниво на град**. Изработен е зелен катастар на зеленилото по број и вид во Град Скопје. Оваа мерка треба да се применува во сите општини во РСМ.

Ќе продолжат активностите за подготовка на инвентар за идентификација на идни потенцијални – Натура 2000 подрачја на национално ниво (2024-2025).

Осоговските Планини се прогласени за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел во 2020 год., Малешево во 2021 год., **парк шумата Водно во 2021. Шар Планина** е прогласена за Национален парк во 2021 година.

Започната е постапка за повторно прогласување на споменикот на природата **Кањон Матка** за заштитено подрачје и истата ќе заврши во 2024.

Подготвивме предлог на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за **заштитено подрачје во категорија IV –** Парк на природата и предлог на Закон за прогласување на Кањон Матка за **заштитено подрачје во категорија III** – Споменик на природата, кои се во Собраниска проце-

дура за донесување. Водиме постапки за прогласување на Охридско Езеро за **споменик на природата** и Белчишко Блато за парк на природата.

Донесен е **План за управување за споменикот на природата Вевчански Извори.**

Во согласност со Законот за заштита на природата, извршивме **ревалоризација на споменикот на природата – Платанови стебла во Охрид** (вклучува 6 стари платанови стебла – чинари). Врз основа на изготвените елаборати за наведените стебла, како природни реткости во Охрид се прогласени: Чинар – Пензионерско, Чинар – Влашка Маала, Чинар во централно градско подрачје на Охрид, Чинар – Воска, Чинар – Кошишта и Чинар пред зградата на Црвен Крст. Исто така и стеблото од Коченик во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта - Охрид е прогласено за природна реткост.

Извршена е **валоризација и ревалоризација** на уште 10 поединечни стари стебла со изразити хабитуелни карактеристики и тоа: Карши Бавчи, Две стебла од бел бор - Кратово, Блатен-Даб, с. Кривогаштани, Платан центар - Валандово, Платан, с. Магарево - Битола, Платан, с. Чесново - Валандово, Платан с. Смоларе - Ново Село, Платан, с.Колешино - Ново Село, Платан - Радовиш, Платан, Арабати Баба Теќе - Тетово и Платаново стебло - с. Теово. Врз основа на изработените елаборати за валоризација/ревалоризација согласно Законот за заштита на природа, донесени се решенија за прогласување на овие **10 поединечни стари стебла за природни реткости**

Дополнително се работи на валоризција на нови 14 поединечни стари стебла со изразити хабитуелни карактеристики, кои потоа ќе бидат прогласени за природни реткости.

Ја изготвивме **првата Национална црвена листа** на херпетофауна (водоземци и влекачи како и проценка на 14 растителни видови, кои имаат меѓународен и национален статус на заштита и изготвена е Приоритетна листа на таксони на флората на национално ниво.

Во 2024 г. ќе започне постапка за валоризација на **Јабланица** за заштитен предел, за категорија – национален парк.

Воведуваме **забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови.**

Во делот на имплементација на двете стратегии, особено значајни се постигнувањата на следните активности:

- ✓ Направен е значителен напредок во спроведување на постапките за прогласување на нови заштитени подрачја, при што процентот на заштитени подрачја е зголемен од **8,9 % на 13,9 % од територијата на државата.**
- ✓ Подобрено е управувањето со заштитените подрачја преку изготвување на планови за управување. Донесени се **плановите за управување со националните паркови Пелистер, Галичица и Шар Планина, споменик на природата – Вевчански Извори и заштитениот предел Осоговски Планини**. Изготвени се нацрт-планови за спомениците на **природата – Охридско Езеро и Преспанско Езеро и заштитениот предел Малешево**.
- ✓ Во однос на имплементација на ЕУ директивите за живеалишта и птици, континуирано се спроведуваат активности за идентификација на идни Натура 2000 подрачја. МЖСПП е надлежен државен орган за воспоставување, развој и имплементација на Натура 2000 мрежата на национално ниво, и го води и координира целиот процес за идентификација на подрачја за оваа Европска еколошка мрежа. Во рамките на активностите за Натура 2000 се реализираа следните активности:
- ✓ Изработена и ревидирана е Нацрт-референтна листа на видови живеалишта од Анекс I од Директивата за живеалишта за секој од двата биогеографски региони: континентален и алпски, присутни во земјата.
- ✓ Изработена и ревидирана е Нацрт-референтна листа на видови растенија и животни наведени во Анекс II од Директивата за живеалишта за секој од двата биогеографски региони, континентален и алпски.
- ✓ Изготвен е Каталог на типовите живеалишта од европско значење во Република Северна Македонија (2021).
- ✓ Идентификувани се девет (9) локации како потенцијални Подрачја од важност за Заедницата (SCI) согласно Директивата за живеалишта. **Вкупната површина на идентификуваните потенцијални SCI подрачја, изнесува 1172,18 km2 или 4,5 % од вкупната површина на земјата.**
- ✓ Изготвена е Нацрт-национална листа на птици од Додаток I на Директивата на ЕУ за птици присутни во Република Северна Македонија.
- ✓ Идентификувани се пет (5)локации како потенцијални посебни заштитени подрачја (SPA) согласно Директивата за птици**. Вкупната површина на идентификуваните SPA подрачја изнесува 58,427 км² или 2,27% од вкупната површина на земјата.**
- ✓ За предложените идни НАТУРА 2000 подрачја изготвени се стандардни податочни формулари (SDF).
- ✓ Започна имплеметација на ЕУ проектот Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и ЦИТЕС.
- ✓ Ревидирана е регионална листа на ендемични видови. Изработена е софтверска апликација за собирање на податоци на терен за видови и живеалишта од национално и европско значење за националниот информативен систем за природно наследство.
- ✓ Во 2019 година ја подготвивме **првата Национална црвена листа за херпетофауна (водоземци и влекачи)**. Листата ги опфаќа сите регистрирани 46 видови на херпетофауна на национално ниво, односно 14 видови водоземци и 32 видови на влекачи. Дополнително, извршена е проценка и **утврден е конзерваторскиот статус на 14 видови виши васкуларни растенија**, кои имаат меѓународно и национално значење и изготвена е Приоритетна листа на таксони на флората на национално ниво, како основа за понатамошна селекција и утврдување на конечна листа со приоритетни таксони за Националната црвена листа на флората.
- ✓ **Изготвени и промовирани се национални црвени листи за габи и крупни ѕверови (кафеава мечка, рис, волк, видра и шакал)**.

- ✓ За сливното подрачје на реката Брегалница мапирани се основните типови на екосистеми; мапирани се екосистемските услуги на екосистеми на национално ниво, со посебен акцент на заштитените подрачја. Извршена е проценка и картирање на екосистемските услуги на локално ниво за Споменик на природата Вевчански Извори, како пилот проект. Изработена е Студија за изводливост за воспоставување на центар за згрижување на повредени и запленети диви животни Македонија, со што ќе се одговори на барањата на CITES конвенција како и на регулативата на ЕУ.
- ✓ Се спроведоа активности во два селектирани пилот-коридори за крупни ѕверови (**балкански рис**) од предложената Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН). Со тоа обезбедуваме поддршка на релевантните државни органи да ја подобрат поврзаноста на заштитените подрачја, зајакнување на националната политика и подобрување на капацитетите за управувањето со коридорите на живиот свет. Воедно извршена е идентификација на шуми со високи природни вредности на цела територија на државата.
- ✓ Спроведовме иницијатива заедно со Секретаријатот на конвенцијата за заштита на миграторни видови диви животни (CMS) за вклучување на евроазискиот рис и балканскиот рис.
- ✓ Реализираме активност за воспоставување на Транснационална платформа за размена на информации за управување со големи месојади во Динарскиот Регион во осум земји од Динарскиот Регион: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора, Македонија, Србија и Словенија. Во текот на неколку состаноци преку платформата, националните администрации работат заедно со други релевантни чинители од земјоделството, науката, ловот и зачувувањето на природата на заеднички развој на водечки принципи за идната соработка.
- ✓ Фондот за природа Преспа – Охрид (ПОНТ) покрај во заштитените подрачја (НП Пелистер, НП Галичица, СП Преспанско Езеро и Парк на природата – Езерани) со своите активности се прошири во Охридскиот Регион, конкретно за Споменик на природа Вевчански Извори. ПОНТ ги прошири своите активности и во Национален парк – Шар Планина и Национален парк – Маврово.

Во периодот од 2024–2028 година СДСМ продолжува со имплементација на активности од Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017–2027):

- ✓ Обезбедување на финансиски средства за управување со заштитените подрачја од Буџетот на државата, 2024–2028.
- ✓ **Зголемување на процентот на заштитени подрачја** преку валоризација на предложени подрачја за заштита и ревалоризација на веќе постоечките заштитени подрачја (Шар Планина, Осоговски Планини, Ченгино Кале, Охридско Езеро, Студенчишко Блато, Водно, Кањон Матка и др.) 2024–2028.
- ✓ Идентификација на предлог-подрачја во рамки на процесот за воспоставување на Европската кохерентна еколошка мрежа Натура 2000, 2024–2026.
- ✓ Спроведување на препораките на УНЕСКО со цел спречување на понатамошна деградација.
- ✓ Воспоставување на систем за плаќање на екосистемски услуги од корисниците на природата и природните ресурси. Се предвидува **брендирање на локални производи (на пр. боровинката на Пелистер, костенот на Беласица**) со што ќе се создаде систем локалното население да сака да остане и стопанисува со природната убавина, 2024–2028.
- ✓ Ќе се донесат Планови за управување со заштитените подрачја (Шар Планина, Осоговски Планини, Преспанско Езеро, Маркови Кули и др.), 2024–2028.
- ✓ Изработка на **Студија за валоризација на природните вредности на Јабланица**.
- ✓ Ќе се донесат **Просторни планови за Националните паркови Пелистер, Галичица и Маврово 2024–2028.**
- ✓ Изработка на Црвени листи и Црвени книги за одделни таксономски групи и нивно публицирање 2024–2028.
- ✓ Изработка на План со методологија за мониторинг со природата преку следење на состојбата на видовите, живеалиштата и екоситемите 2024–2026.
- ✓ Воспоставување и одржување на национален информативен систем за природа и биолошка разновидност 2024–2025.
- ✓ **Одредување на квоти за собирање на диви видови растенија, габи, животни** и нивни делови од комерцијален интерес 2024–2028.
- ✓ **Ревизија на сите правни и стратешки документи** со кои се регулира и предвидува користењето на хидроенергијата во однос на критериумите за избор на локалитети за **хидроцентралите 2024–2026.**
- ✓ Утврдување можности за развивање алтернативен туризам и негово спроведување во конкретни подрачја значајни за природата, со особен акцент на можностите кои ги нудат Националните паркови 2024-2028.
- ✓ **Пошумување на Водно и Скопска Црна Гора** со растенија отпорни на климатските промени, пошумување околу јавните објекти и касарните во РСМ, поставување на зелени коридори и бариери/ѕидови на критични точки, зелени зони околу индустриските капацитети и останати мерки кои ќе допринесат кон зголемување на зелените површини и намалување на загадување на воздухот 2024–2028.
- ✓ Подготовка и спроведување на Стратешки план за биолошка разновидност на Западен Балкан 2025-2030 година.
- ✓ Подготовка на планови за заштита и обновување на природата, 2024-2028.
- ✓ Започнавме со активности за формирање на државно прифатилиште за бездомните животни 2024-2026.
- ✓

## Климатска акција

Во 2019 година започна подготовка на долгорочна стратегија (донесена во 2021) и закон за климатска акција. Трите главни цели на законодавството за климатска акција, коишто во моментот се развиваат, се целосното транспонирање и спроведување на законодавството на ЕУ за климата, постигнување економија на ниско ниво на јаглерод и постигнување на поотпорно климатско општество. Новиот закон ќе ја земе предвид долгорочната стратегија на ЕУ со низок јаглерод до 2050 година.

**Македонија е првата договорна страна** во рамки на Енергетската заедница која ги **интегрираше 5-те столба на интегрирана енергија и климатски пристап** во нацрт-текстот на Националната стратегија за развој на енергијата до 2040 година. Овој документ ги вклучува сценаријата за пониски раст и развој на јаглеродот и постигнување рамнотежа во развојот на енергијата, како и ублажените климатски промени. Националната предлог-стратегија за развој на енергијата до 2040 година, ги намалува вредностите на емисијата на јаглерод диоксид за 24%, односно за 60% до 2040 година, во однос на нивото на емисија од 1990 година, како резултат на зголемената употреба на обновливи извори и намалената употреба на лигнит.

Во 2018 и 2019 година изготвен е извештај за Инвентарот на стакленички гасови за периодот 2015–2016 година, за секторите енергија, отпад и индустриски процеси, и нивната употреба.

На предлог на МЖСПП, иницирана е постапка и усвоени се **пет (5) Закони за ратификација на:** Рамковната конвенција на ООН за климатски промени, Договорот од Кјото, Амандманот од Доха, Амандманот од Кигали и Договорот од Париз (2017). Во таа насока, подготвен е **нацрт-закон за климатска акција.**

Земјата досега има доставено четири Национални планови за климатски промени, три Двогодишни извештаи за климатски промени и два национални придонеси кон Договорот од Париз. Владата го усвои и Националниот интегриран план за енергија и клима. Државата, како држава која не влегува во Анексот 1 на Конвенцијата ги дели општите обврски и цели на Конвенцијата и придонесува за реализирање на долгорочната температурна цел во согласност со Договорот од Париз, за да го одржи „зголемувањето на глобалната просечна температура под 2°C над прединдустриските нивоа“ и да продолжи со напорите „да се ограничи зголемувањето на температурата на 1,5°C над пред- индустриските нивоа“.

Продолжуваме како одговорна партија со:

- ✓ Изработка, усвојување и воспоставување на рамка за следење на степенот на спроведеност на стратешки и плански документи за обезбедување нискојаглероден раст и развој, 2024–2027.
- ✓ Ревизија на интегрираниот план за енергија и клима, 2024–2025.
- ✓ Изработка на Национален план за адаптација кон климатските промени, 2024–2026.
- ✓ Изработка на секторски планови за адаптација на најранливите сектори кон климатските промени (по 2024).
- ✓ Изработка и усвојување на подзаконски акти, како и подзаконски акт за методологијата за пресметка, начинот на пресметка и висината на јаглеродниот надоместок, 2024–2027.
- ✓ Изработка на регионален план за вклучување на земјите од ЗП во механизмот за јаглеродно прилагодување, 2022–2030.
- ✓ Изработка и изведување на акции за адаптација, 2024-2026.

## Планирање на просторот

Политиката на просторното планирање е да се постигне одржлив просторен развој на целата територија на Државата, преку сеопфатно разгледување, координација и управување со социјалните, еколошките и економските аспекти. Оттука целите на просторното планирање се:

- ✓ заштита на просторот како ограничен природен ресурс;
- ✓ обезбедување, подготовка и спроведување на просторни акти;
- ✓ придонесување за зајакнување и заштита на здравјето на луѓето;
- ✓ овозможување квалитетни услови за живот и здрава животна средина;
- ✓ обезбедување рационално користење на просторот за да се зачува капацитетот на просторот за сегашните и за идните генерации;
- ✓ постигнување просторно координирано и меѓусебно комплементарно мултифункционално распоредување на различните активности во просторот;
- ✓ придонесување за заштита на животната средина, зачувување на природата, заштита на културното наследство, заштита на земјоделското земјиште и други квалитети на просторот;
- ✓ придонесување за адаптација кон климатските промени;
- ✓ рамномерен просторен развој усогласен со економските, социјалните и еколошките услови;
- ✓ овозможување соодветен пристап до социјалните и економските ресурси;
- ✓ развој на системот на населби;
- ✓ висококвалитетен и хуман развој на урбаните и руралните населби;
- ✓ развој на зелена инфраструктура /зелени појаси во Државата и поврзување со оние на Балканскиот Полуостров и Европскиот Континент;
- ✓ обезбедување безбедна, здрава, општествено функционална животна и работна средина;
- ✓ создавање и одржување на препознатливите карактеристики на просторот;
- ✓ создавање и заштитување на разновидноста, видливоста и квалитетот на пределите и биодиверзитетот;
- ✓ поврзување на територијата на државата со реги-

онот и со европските системи за просторно планирање;

- ✓ создавање услови за намалување и спречување на природни или други непогоди;
- ✓ придонесување за одбрана на Државата.

Во **2020 година Владата предводена од СДСМ обезбеди средства да започне процесот на изработка на новиот Просторен план на Република Северна Македонија**. Изработка и донесување на нов Просторен план на Државата, кој како највисок плански документ ќе ги усогласи сите развојни стратегии, ќе дефинира **приоритети на дејствување во сите области и ќе понуди мерки за заштита на животната средина**. Демократски и отворен процес на изработка на овие стратешки документи (просторни планови) со вклученост уште од најраната фаза на нашите најдобри професионалци, во соработка со граѓаните, со цел да го изнајдеме најдоброто решение за планиран, хуман простор во кој секој има место за развој.

Во рамки на Просторниот план на Источниот плански регион за првпат се изработени Еколошка мапа на сензитивност и ГАП анализа, кои помагаат во решавањето на конфликтните прашања меѓу барањата за експлоатација на минерални суровини и потребата за заштита на просторот (животната средина).

Воспоставивме соработка со стручни институции од областа на просторното планирање во Европа и регионот.

Политиките и мерките за справување со штетните последици од загаденоста и климатските промени имаат висок приоритет во содржината на планските решенија и инструментите за следење на спроведувањето на стратегиите.

## 2. Култура за сите

Културата е носител на нашата духовна и творечка посебност, а зачувувањето на културниот идентитет е една од основните задачи на секоја држава. СДСМ го потврди тоа изминативе години и со истиот дух и заложба ќе продолжи во следните 4 години. Затоа е особено важно културата да биде достапна до сите граѓани и да се овозможи еднакво учество на граѓаните во културниот живот, развој на културните потреби, особено на децата и младите, заштита и вреднување на уникатното културно наследство, поттикнување и промовирање на уметничкото творештво како слободен израз на човековиот дух, како и активно учество во меѓународната културна размена и промовирање на државата на меѓународен план. Нашиот јазик, нашата музика, нашите слики и нашите книги, нашите ора, нашите куќи и нашата кујна – сè е идентитет. И тоа што сме Македонци е идентитет, идентитет кој го наследуваме, а од нас зависи дали ќе го надоградиме, ќе го носиме во срцето, или само ќе го вртиме по потреба низ уста. Идентитет е и домашното воспитание.

Идентитет е и љубовта кон сопствената култура и уметност.

**За нас, капитална инвестиција во културата е да градиме со љубов простор во кој ќе живее нашето вчера, нашето денес, нашето утре...за навек. Да ги заштитиме од времето и од невремето темелите на зданијата кои сведочат за нашиот идентитет, за нашата посебна историја. Да ги сочуваме децениските трезори на нашата култура, да ги чуваме споменициите од НОБ како паметник и како потсетник. А ги имаме, и како наследство и како потпора.**

**Затоа што, инвестирањето во културата е инвестиција во нашата потпора, идентитет и култура!**

**Имаме минато со кое се гордееме, имаме длабоки корени кои само заедно можеме да ги сочуваме.**

**Во мудроста е нашиот бедем, а во културата, нашата потпора.**

### „Нашиот јазик е нашата татковина“ – Блаже Конески.

Направивме вистински потфат во **унапредувањето на јазикот и зајакнување на македонскиот идентитет**. Со изгласувањето на овој Закон, не добиваме само нов и современ **Закон за македонскиот идентитет и култура**, туку и закон кој е пример како треба да се изработува еден правен акт кој е од заеднички интерес. Со овој закон, пропишано е **задолжително лекторирање на сите материјали** со објавување на лекторот и **задолжително вработување на лектори по македонски јазик во сите јавни институции и органи на власта**. Со доследната примена на овој закон, ќе се пристапи кон **вработување на лектори по македонски јазик во сите државни институции и агенции, во училиштата, во издавачките куќи, во медиумите и секако дека со тоа ќе се зголеми интересот за студирање македонски јазик.**

За вршење инспекциски надзор над примената на Законот ќе се основа Инспекторат за употреба на македонскиот стандарден јазик, а Законот дава правна основа за донесување Национална стратегија за македонскиот јазик.

Од овој закон поизлегуваат **многу важни иницијативи, меѓу кои и стипендирање на ученици од четврта година средно образование и на додипломски, магистерски и докторски студии**, со што се прави голем исчекор кон мотивирање на младите за проучување на македонскиот јазик. Со тоа, и со новите работни места за лектори, коишто ќе се отворат, оваа Влада и Министерството за култура ја потврдуваат својата заложба за преземање конкретни и суштински чекори за македонскиот јазик и за негова заштита.

Особено важно е што преку овој закон создаваме услови за уредување и на други закони како и за **донесување Национална стратегија за македонскиот јазик**. Овој закон може да користи како еден пример за тоа како треба да се применуваат и да се почитуваат сите други јазици.

Законот за употребата на македонскиот јазик носи многу придобивки. **Чувајќи го македонскиот јазик, ја зајакнуваме државноста и темелот на нашиот идентитет**. Тоа се прави со дела, а едно од тие дела е овој закон. Затоа е многу важно сите денес да покажеме дека знаеме и сакаме да го чуваме и да се грижиме за македонскиот јазик како наша посебност, наше обележје, како наша татковина.

Продолжуваме со поддршка на домашни автори, промоција на македонска литература, вработување на млади кадри во институтите, поддршка на работата на институтите за македонски јазик и за македонска литература, поддршка на млади автори да творат и да се изразуваат на македонски јазик.

Во следниот мандат се фокусираме на**:**

- ✓ **Рамномерен културен развој и достапност на културното наследство, до сите и за сите.**
- ✓ Заштита на стандардниот македонски јазик и **мерки за примена на кирилското писмо.**
- ✓ Зголемување на средствата од националниот буџет наменети за културата.
- ✓ Унапредување на услугите од областа на културата.
- ✓ Поттикнување на соработката со граѓанското општество.
- ✓ Подготовка на нов закон за културата.
- ✓ **Грижа за заштита на културното наследство**, унапредување на театарската и на филмската дејност, развиена издавачка и библиотечна дејност, и создавање на пазар на креативни кадри и идеи.
- ✓ **Донаторство и меценство во културата**, детектирани преку посебна и соодветна правна рамка.
- ✓ Вистинска реорганизација и реформа на **националните установи од областа на културата.**
- ✓ Системски мерки за развивање на **борбата против корупција во културата** и мерки за нивно спроведување.
- ✓ Понатамошна **децентрализација на културата.**
- ✓ Развој и инвестирање во локалната самоуправа преку вистинска и постојана поддршка од културата.

Имајќи предвид дека насоките на културната политика се свесно дејствување кон остварување на општествено прифатливи цели и задачи во областа на културата, реализирани со помош на одредени мерки, активности, инструменти и одговорност на државата, потребно е постоењето на регулатива во рамки на една држава на полето на културната политика.

## Националниот интерес и културата

Нацоналниот интерес во културата претставува исклучително важен аспект за одржување и засилување на културниот идентитет и богатство на една држава.

Националниот интерес во културата се однесува на планираните иницијативи и активности кои ги поддржуваат и ги негуваат културните аспекти и вредности што се сметаат за исклучителни и од значење за националниот идентитет. Ќе останеме посветени и понатаму на :

- ✓ Одржување и заштита на културното наследство преку проекти кои се фокусираат на **заштита, одржување и ревитализација на културното наследство**, вклучувајќи ги **историските, архитектонските, уметничките и археолошките богатства**.
- ✓ **Поддршка на уметноста и креативноста** преку проекти кои ги поттикнуваат уметниците, креативците и културните работници во создавањето и изразувањето на своите идеи и дела.
- ✓ **Културна размена и соработка** преку проекти кои ја унапредуваат културната размена и соработката и создаваат платформи за споделување идеи, искуства и идентитети.
- ✓ **Културен туризам** врз основа на иницијативи кои ги поттикнуваат и ги привлекуваат туристите и посетителите во посета и запознавање на културните добра, како дел од културното наследство и помагање на културниот туризам со вложувања во инфраструктурата на културните установи.
- ✓ **Образование во културата** со помош на проекти кои се насочени кон унапредување на образованието во културата, вклучувајќи ја поддршката на програми за учење, обука и истражување во оваа област.
- ✓ Поттикнување на културниот идентитет со иницијативи кои воведуваат нови облици на изразување и **почитување на традициите** со кои се зајакнува поистоветувањето со културниот идентитет на заедницата.
- ✓ Поддршка на **културните индустрии:**
    - Иницијативи кои вклучуваат активно учество на граѓаните и заедниците во процесот на обликување и реализација на културни проекти, како добробит за целото општество.
    - Унапредување на меѓународната соработка преку потпишување меѓународни акти и нивна имплементација во работата на институциите од културата и Министерството за култура.
    - Поврзување со градовите – европски престолнини на културата, запознавање со нивните искуствата, а со цел навремена и темелена подготовка и вклучувањето на сите државни ресурси во проектот „**Скопје 2028 – европска престолнина на културата“.**

## Делегиран буџет – наша обврска за идниот мандат

Делегираниот буџет во културата претставува иновативен пристап во управувањето со финансиските ресурси, каде што **институциите од културата добиваат поголема автономија во насочување на средствата**. Овој модел го стимулира креативниот израз и дава голема важност на различните културни потреби и идентитети.

Делегираниот буџет во културата претставува форма на **одговорно управување со јавните финансии, со поставување јасни механизми за користење на средствата**. Овој пристап ги подобрува финансиските практики и ја зголемува довербата во системот на буџетирање во културата:

- ✓ Поедноставување на процесот на одлучување: Делегираниот буџет во културата овозможува локалната заедница да биде активен учесник во процесот на одлучување за финансирање на културни проекти.
- ✓ Промовирање на креативност и иновации: Овој модел на буџетирање овозможува финансиска поддршка за креативни проекти кои го збогатуваат културниот живот во заедницата. Делегираниот буџет стимулира креативците да ги изразуваат своите идеи, промовирајќи иновации и современи тенденции во културата.
- ✓ Подобрување на достапноста на културните содржини: Делегираниот буџет, овозможува зголемена дос-

тапност на културните содржини за различни групи на граѓани.

- ✓ Идентификација и зачувување на културното наследство: Делегираниот буџет овозможува поддршка на проекти што го негуваат и заштитуваат локалното културно наследство. Локалните заедници имаат можност да одлучуваат за инвестиции кои го заштитуваат и го промовираат културното наследство.

## Отворање на функционални културни и инфо центри

Културно-информативните центри во сите региони го промовираат развојот на културната сцена, образованието и информирањето на граѓаните. Овие центри ќе бидат **точки за пристап до културна информација, настани, изложби, книги и други активности**. Центрите имаат потенцијал да ја промовираат културната сцена во регионот, вклучувајќи ги локалните уметници, изложби, театарски претстави и други културни настани.

Исто така, важно е да се спомене дека во вакви центри веќе прераснуваат поранешни објекти кои се со намена за култура. Примери за тоа се кино Партизан, кое го реновираме годинава, и старата филхармонија, која прераснува во културен хаб. Ова покажува дека не зборуваме само за идеи, туку дека веќе сме започнале со мали чекори во овој правец.

Центрите можат да бидат **средиште за образование и истражување**, во кои ќе се организираат работилници, предавања и дебати за културните и за уметничките теми.

Дел од нашата програма ќе биде посветен на **поддршка на локалните уметници и творци**. Ќе ставиме акцент на развојот на независната културна сцена и оформување културни центри, вклучувајќи ги и нив во нашите активности и проекти. Ова вклучува финансиска поддршка, простор за изложби и настани, како и можност за размена на идеи и искуства со другите уметници и креативни индивидуи во заедницата. Центрите ќе служат како платформи за претставување и поддршка на уметниците и творците, во кои тие ќе можат да ги претстават своите дела и идеи.

## Со дигитализација во културата – заштита, достапност и блиску за сите дома

**Дигитализацијата во културата се однесува на процесот на пренесување на традиционални културни материјали и активности во дигитален формат**. Ова вклучува дигитализација на текстови, аудио, видео, фотографии и други културни содржини, како и користење на дигитални технологии за продукција, чување, пристап и дистрибуција на културното наследство.

Со цел да се обезбеди брза и точна документација од различни институции, најважно е да се создаде договор и стандард за обработка и складирање на информациите. Овој стандард треба да вклучува начини за идентификација на документите, форматирање на податоците и осигурување на пристап до нив. Исто така, потребно е да се имплементира систем за заштита на приватноста и сигурноста на информациите. Конечната цел е унификацијата на документацијата, со што ке се овозможи подобра комуникација и размена на информации помеѓу различните институции во културата и Министерството за култура.

Предности од дигитализацијата во културата:

- ✓ **Пристапност и распространетост:**

Поедноставен пристап и распространетост на културното наследство. Граѓаните можат да ги истражуваат, читаат, гледаат или да ги слушаат културните содржини од каде било, со помош на дигитални уреди.

- ✓ **Чување на културното наследство:**

Дигитализацијата овозможува долгорочно чување и конзервација на фрагментите од културното наследство. Дигиталните резерви и архиви обезбедуваат заштита од физичко оштетување и уништување и овозможуваат лесно репродуцирање.

- ✓ **Виртуелни музеи и изложби – истражувај ја македонската култура од дома!**

Олеснет пристап до виртуелни музеи и изложби. Посетителите ќе можат да ги истражуваат културните богатства преку можностите што ги дава Интернетот, односно од удобноста на домот да се биде во допир со ремек-делата на нашите музеи.

## Образование и истражување:

Образовните институции и истражувачите ќе добијат лесен пристап до културните ресурси.

**Нашиот план во следниот мандат е насочен кон капитални инвестиции:**

- ✓ **Реконструкција и реновирање на поголем дел од објектите на националните установи;**
- ✓ Обезбедување на **одржливост и инсталација на соларни панели на повеќе објекти од културата**. Оваа инвестиција ќе ни помогне да го намалиме нашиот негативен еколошки отпечаток што ќе ни овозможи да ги користиме обновливите извори на енергија и ќе ни помогне да ги задржиме нашите културни објекти одржливи во долгорочен период;
- ✓ Модерни **системи за заштита на културното наследство**, следејќи ги стандардите на светските музеи;
- ✓ Формирање **културно-информативни центри во регионот и во Европа.**

Културата сè повеќе се осознава и како индустрија која на локалната заедница може да ѝ донесе големи економски бенефити. Осознавањето и ползувањето на таа димензија на културата е неисцрпна можност и за нас. Во овој свет на глобализација, кој неминовно ја опфаќа и културата, локалниот културен идентитет мора досетливо да се избори за својата видливост

**Со зголемување на стапката на капиталните дотации до општините, се вложува преку партнерски однос со локалните самоуправи.**

Ставката за капитални дотации до единиците за локална самоуправа повеќе од 20 години не беше променета, а оттаму ниту искористена. Културата треба да е достапна за сите. Затоа, **со зголемувањето на оваа ставка во 2023, финансиравме 11 општини кои изградија домови на култура, реконструираа кина, опремија културни установи и набавија урбана опрема.**

Преку оваа програма, само во 2024-та година, со 50 милиони денари поддржани се инфраструктурни проекти во **11 општини** и тоа:

- ✓ Изградба и адаптација на **објект „Парк“** во мултифункцонален креативен центар, **општина Битола**;
- ✓ Реконструкција на **мултифункционален центар – Дичо Зографски** во колоритното Тресонче, **општина Маврово и Ростуше**;
- ✓ Реконструкција и адаптација на **Домот на културата во општина Дојран**;
- ✓ Изградба на **Дом на културата во општина Чашка**;
- ✓ Реконструкција на **Музејот на Демир Капија**;
- ✓ Реконструкција на **Партизанскиот дом – Сандево, општина Чучер Сандево**;
- ✓ Поставување на фотонапонски панели на **Спомен-домот на АСНОМ, општина Делчево** и на покривот на библиотеката „Гоце Делчев“, општина Велес;
- ✓ Изградба на ограден ѕид и партерно уредување на **Библиотеката и Музејот, општина Кривогаштани;**
- ✓ **Летна сцена, општина Богданци**;
- ✓ Набавка на **осветлување за сценски настапи во трајна сопственост, општина Крушево;**
- ✓ Продолжуваме со градењето **нов театар и библиотека во Тетово, реконструкција на албанскиот театар;**
- ✓ Обезбедивме пари за изградба на **нов објект на Универзалната сала,** врз реални трошоци и издржан архитектонски концепт.

**Ветивме и реализиравме :**

- ✓ Реконструкција на **Центарот за култура во Кочани**;
- ✓ Санација на **покривот на Драмски театар, на Театарот во Прилеп и на НУ Центар за култура „Марко Цепенков“;**
- ✓ Санација на **покривна конструкција на објектот што го користи НУ Театар - Комедија**;
- ✓ Реконструкција на **гледалиштето и санација на фасадата на објектот на НУ Македонската опера и балет во Скопје**;
- ✓ **Реконструкција и санација на надворешно и внатрешно осветлување на галерискиот простор Чифте-амам**;
- ✓ Реконструкција и санација на **Офицерски дом во Битола**;
- ✓ Завршување на **I фаза на Турскиот театар;**
- ✓ Санирање на состојбите во **НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје** и тоа: реконструкција на покривната конструкција во стариот дел, реновирање на ентериерот, санација на магацинските простории и набавка на основен инвентар за сместување и чување на библиотечниот фонд (подвижни системи за сместување и чување на библиотечниот фонд), набавка на системи за обезбедување соодветни микроклиматски услови, како и системи за заштита;
- ✓ Во Струга направивме **Парк на поезијата** со партерно уредување, поставување на информативни табли, осветлување, скулптури, клупи;
- ✓ Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата во наредниот четиригодишен период ќе ги опфати следните проекти:
- ✓ Ревитализација и опремување **на работните простории во Националната опера и балет со адаптација на простор за новата национална установа Џез-оркестар** на Република Северна Македонија;
- ✓ Во Куманово продолжуваме со **реконструкција и адаптација на Театарот и гасификација на Центарот за Култура, конзервација и реставрација на Спомен Костурницата и Занаетчискиот дом**;
- ✓ Во Крушево конзервација и реставрација на старите куќи и на спомен-обележјата на **Општина Крушево (комплексот Илинден - Македониумот, Музејот на НОБ, Битката на Слива, платото на месноста Гумење, Мечкин Камен);**
- ✓ Во Тетово продолжуваме со вложувања во просторните услови на **НУ „Уметничка Галерија“ и НУ „Музеј на тетовскиот крај**“, каде веќе се работи интензивно на сценскиот дел, како последна фаза.
- ✓ Во Скопје **целосна санација и реновирање на Музејот на Северна Македонија, Музеј на современата уметност и Природно-научниот музеј**;
- ✓ Во Битола просторно проширување на **Заводот и Музејот и реконструкција на спомен куќите на Стив Наумов и Гоце Делчев**, кои се во завршна фаза;
- ✓ Реконсктрукција и адаптација на **поранешно Кино – Партизан;**
- ✓ Започнуваме со целосна конструкција на **Центар за култура Битола и Театар Битола, со оспособување на простории за новата национална установа Камерен оркестар – Битола;**
- ✓ Во Виница изградба на музеј покрај локалитетот **Виничко Кале и реставрација на куќата на Ќазим-бег**;
- ✓ Во Кавадарци ревитализација на спомен-куќата на **Страшо Пинџур во Ваташа**;
- ✓ Во Ресен пренамена на **киносалата во мултинаменски објект и реновирање на спомен-куќата на Мите Богоевски**;
- ✓ Во Свети Николе пренамена на училиштето во с.Кнежје за **чување, заштита, конзервација и реставрација на предмети од археолошкиот локалитет Била Зора**;
- ✓ Во Делчево реставрација на **Спомен-домот на Разловечкото востание во с. Разловци**;
- ✓ Во Струмица доделување на нов, постоечки, објект за потребите **на Музеј Струмица**;
- ✓ Во неколку градови ќе формираме **Младински културни центри**, како специјализирани институции кои ќе ги развиваат културните потреби на младите

луѓе, со цел да го подобриме квалитетот на нивниот живот и да ги задржиме во земјата. Во зависност од потребите, тоа ќе бидат мултимедијални центри со простории за повеќе намени: кино-сала, театарска сцена, сцена за концерти, изложбен салон, куглана, бифе или бизнис-кафе простор итн. Во Струмица на локација кај старата касарна, во Охрид во објект на локалната самоуправа. Во Ресен во објектот кој порано припаѓаше на противпожарната служба. Во Гостивар и во Свети Николе при Центарот за култура. Во библиотеките во Штип и во Струмица (во приземјето на објектите) ќе создадеме читални.

- ✓ Во Струга, **конечно Старото занаетчиско женско училиште (Радничка школа) ќе биде пренаменето во Библиотека, а пренаменетото основно училиште „Браќа Миладиновци" во Центар за млади уметници,**.
- ✓ Продолжуваме со **адаптација на старото училиште во с.Љубојно во Центар** за промоција на македонскиот јазик.
- ✓ Во делот – Културно наследство во опасност, планирани се средства за заштита и реализација на проектот за конзервација и реставрација, **препокривање на црквата Успение на Пресвета Богородица во манастирскиот комплекс Матејче, с.Матејче**.
- ✓ Во тек е изработка на **основен проект за архитектура на црквата Успение на Пресвета Богородица од манастиот Трескавец**.

Владата предводена од СДСМ ги надмина **наталожените проблеми од последните десетина години: несоодветната класификација и бодување на работните места, нееднакво вреднување на трудот меѓу различните дејности во културата, како и меѓу различните установи во рамките на една дејност, потпросечното ниво на плати во одредени дејности, промена на коефицинети само со одлука на управен одбор. Времето на самоволие во културата одамна заврши.**

Извршивме **нивелација на работни места** по дејности во институциите од областа на културата, што опфати **2 899 од вкупно 3 194 лица вработени во културата.**

Ги **покачивме платите** по основ на законски стекнатите стручни звања.

Се потпиша **Колективен договор за вработените во културата**. Меѓу другото, договорот го регулира надоместокот на трошоци за превоз од и до работното место во специфични услови, потоа, надомест за теренски додаток, надомест на трошоци за одвоен живот од семејството, надомест на трошоци за користење сопствено возило за потребите на работодавачот, надомест на трошоци при селидба, отпремнина при одење во пензија и јубилејни награди. Дополнително, со потпишување и на Општиот колективен договор, зголемувањето на платите се однесува и на културните работници, како и надоместокот на годишен регрес.

Пристапивме кон **либерализација на условите и на постапките и отстранување на бирократските ограничувања,** со што се овозможи опфат на поголем број самостојни уметници во Република Северна Македонија како суштински придонес во поддршката на уметничкото творештво. Со регистрацијата и лиценцирањето на различните категории уметници и културните работници ги извлековме од сивите и прекарни зони на дејствување, со што ќе можат полесно да ги користат посебните и општите стимулативни, развојни, но и кризни мерки, како оние за време на пандемијата со вирусот КОВИД-19;

Воведовме мерки за **стимулирање на гостувањата на театарите во внатрешноста** во интерес на **деметрополизацијата на културните активности**, преку условите на годишниот конкурс.

Наши долгорочни цели претставуваат**:**

- ✓ Негување на движното и недвижното културно наследство, следејќи ги принципите на светското културно добро под покровителство на УНЕСКО.
- ✓ Поддршка на цивилното општество и невладините организации кои ја надополнуваат дејноста на културните установи.
- ✓ Рамномерно вложување во културната инфраструктура.
- ✓ Воспоставување клучни културни точки - „брендови" од интерес за државата и за стопанството .
- ✓ Искористување на пристапните фондови на ЕУ за реализација на проекти и идели кои бараат поголеми вложувања.
- ✓ Континуирана едукација на стручните кадри.
- ✓ Поттикнување на меѓународна соработка, размена на знаења, искуства и луѓе со цел подобрување и збогатување на активностите во културата.

## Нови законски решенија во култура

Во новиот мандат се обврзуваме да предложиме нов Закон за културата, при што ќе се прошират дејностите и активностите во културата, како што се: заштита на културното наследство во повеќе сегменти преку заштита на недвижното културно наследство, заштита на движното културно наследство (музејска дејност, библиотечна дејност и дејност за заштита на аудиовизуелните добра), заштита на нематеријалното културно наследство и на фонотечните добра, потоа, одржливи и соодветни законски решенија во делот на издавачката, музичката, музичко-сценската, драмската, филмската и аудиовизуелната дејност, посебни и предвидливи законски рамки за визуелни уметности и дизајн, архитектура, за галериска дејност. Во новиот закон ќе има посебен дел за креативните индустрии, посредување во културата, дигиталното творештво и достапност на творештвото на новите медиуми, научноистражувачките работи во културата, едукативни и кураторски работи во културата и, секако, посебен осврт за делот на рехабилитирање и практикување на старите занаети и вештини .

Во некои дејности од областа на културата предвидуваме посебен пакет на нови законски решенија, преку Законот за музејска дејност и Законот за литература и издавачка дејност.

Ќе **основаме Агенција за книга,** која ќе има цел да ги поддржува културните и креативните аспекти на писменоста и на книжевноста во општеството.

Преку **Законот за фолклор,** ќе се оформи истражувачки центар во рамките на културно уметничкото друштво „Танец». Центарот ќе биде место за истражување, обра-

зование и иновации во областа на традиционалниот народен танц, каде ќе има можност за современи методи на обучување, соработка со други уметници и креативни институции, како и за проучување на различни аспекти на народниот танц и неговото значење во културата на заедницата.

- ✓ Закон за музичка и музичко-сценска дејност
- ✓ Закон за манифестации и фестивали
- ✓ Закон за финансирање на културата
- ✓ Закон за дигитализација на културата

Во однос на легислатива, во процес е јавната расправа и донесувањето на законите кои се однесуваат на заштита на културното наследство:

- ✓ Стратегијата за заштита на културното наследство-пред донесување;
- ✓ Законот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион е во фаза на јавна расправа;
- ✓ Законот за старо градско јадро на Охрид:
- ✓ Законот за заштита на културното наследство.

### Целосно исполнување на УНЕСКО стандардите!

Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, на 45-тата сесија во Ријад, одлучи да го остави **Охридскиот Регион на листата на Светско културно и природно наследство,** со исклучителна универзална вредност.

Со оваа одлука, Комитетот ги уважи нашите напори, како и заедничките напори со Република Албанија, за зачувување на престижниот статус на Охридскиот Регион.

Комитетот го вреднуваше и фактот дека експертските тимови на двете држави заеднички изготвија Стратегиски план за рехабилитација на **природното и на културното наследство на Охридскиот Регион со акциски план.** Тоа е значаен чекор во детектирањето и справувањето со факторите кои имаат негативно влијание врз вредностите на Регионот. Изготвувањето на Стратегискиот план беше поздравено од Комитетот со препорака, заедно со Албанија, да ги допрецизираме временската рамка за имплементација, буџетот и приоритетите на активностите од Стратегискиот план.

Во следниот период ке се погрижиме да се спроводат препораките на УНЕСКО:

- ✓ Финализизација на прогласувањето на Студенчишко Блато за „парк на природата“, и Охридското Езеро за „споменик на природата“.
- ✓ Нови генерални урбанистички планови за Охрид и за Струга. Адресирање на проблемот со бесправните објекти и да се осигураме дека во иднина нема да се појават истите повторно.

Експертските тимови ќе продолжат интензивно и координирано да работат и да дејствуваат во детектирањето и справувањето со факторите кои имаат негативно влијание врз природните особености и вредности на Охридскиот Регион.

Одлуката на Комитетот ни даде позитивен импулс и поддршка на нашите напори да го зачуваме престижниот статус на Охридскиот Регион, Регионот кој светот го препозна, а УНЕСКО ја верификува неговата убавина, едно од 39-те мешовити добра во целиот свет, односно 43-те прекугранични добра.

### Европска престолнина на културата, СКОПЈЕ 2028

Владата предводена од СДСМ, преку Министерството за култура се обврза на **безрезервна финансиска, кадровска и инфрастуктурна поддршка. Сите национални установи и институции на културата ќе бидат во служба на ЕПК Скопје 2028**. Имаме потенцијал во кој сме убедени дека шансата ЕПК Скопје 2028, да се покаже во своето најдобро издание, нема да се пропушти. Ова е наша заедничка инвестиција во една незаборавна година, година во која Скопје ќе биде достојна и впечатлива европска престолнина на културата.

Ефектите од регионалната соработка низ сите процеси, иницијативи, програми, од Процесот за соработка на земјите од Југоисточна Европа, преку Берлинскиот процес, до регионални иницијативи за Западен Балкан, како и повеќегодишното драгоцено искуство и поддршка преку програмата Креативна Европа и партиципирањето во Културните рути на Европа, нè охрабрува до нашата наредна цел - **Скопје – Европска престолнина на културата 2028-ма.**

## 3. Обединети во различностите

Концептот на Едно општество и еднакви можности, како еден од постулатите во делувањето на СДСМ, е самата суштина на нашата идеологија, каде се опфаќа нашата непоколеблива посветеност на **солидарност, еднаквост, правичност и инклузивност**.

Овие вредности лежат во срцето на нашата социјалдемократска визија. Ние цврсто веруваме дека **секој, без оглед на потеклото или околностите, треба да има еднакви можности да напредува и да успее во животот**. Во нашето едно општество, ничиј потенцијал не треба да биде ограничен, заборавен и обесправен.

Веруваме дека вистинската еднаквост оди подалеку од обичната реторика.

Ќе понудиме конкретни активности за да се отстранат бариерите и да се создаде рамномерно поле за игра. Затоа, продолжуваме со конкретни мерки да отстрануваме бариери и да создаваме рамномерно поле за игра.

**ЗАЕДНО**, имаме обврска и можеме да создадеме **инклузивно и еднакво општество** каде секој човек има еднакви можности да успее и да придонесе кон заедничкото добро.

Тоа е ветување кое произлегува од нашите социјалдемократски вредности и ние неуморно работиме тоа да стане реалност.

Нашиот концепт опфаќа повеќеслоен пристап кој продира во секој аспект од нашата политичка агенда, за сите генерации, за секоја индивидуа.

### Потврдивме :

Преку Националната стратегија за развој на концептот на „**Едно општество и интеркултурализмот** 2020-2022", се придонесе кон:

- ✓ подобрување на заедниците во социо-економскиот живот,
- ✓ подобрување на општествената кохезија,
- ✓ остварување на правата на заедниците и
- ✓ зајакнување на клучните институции како Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво.

Преку Собранието на Република Северна Македонија, се зајакна **функционалноста на Комитетот за односи меѓу заедниците, формиран врз основа на Уставот**. Комитетот разви програма и активности со кои успеа да се наметне како еден од важните органи во политичкиот систем на Република Северна Македонија за целосна интеграција на **мултикултурното и мултиетничкото општество**. Го унапредивме изучувањето на мајчиниот јазик за помалубројните заедници, а интеркултурализмот е една од основните постулати на новата концепција за основно образование. Обезбедивме поддршка на иницијативите за основање на нови културни институции на заедниците, како што е турската заедница.

### Различностите се нашето богатство

**Одиме чекор понатаму во развојот на концептот „општество за сите"**, збогатен со различни перспективи, вклучувајќи ги **граѓаните и граѓанките** во обликување на колективната визија за развој на интеркултурализмот во земјава, преку принципите на меѓусебно почитување и толеранција на различностите.

- ✓ Нова **Национална стратегија за развој на интеркултурализмот и општествената кохезија** за наредниот период.
- ✓ Ќе назначиме „**офицери за интеркултурен дијалог**" во сите органи на државната управа.
- ✓ Ќе воведеме **повеќе заеднички часови на учениците од различни заедници**.
- ✓ Ќе овозможиме повеќе вон-наставни активности во основните и средните училишта за подобро запознавање меѓу учениците од различните заедници.
- ✓ Ќе го **подобриме познавањето на македонскиот јазик за учениците кои следат настава на друг наставен јазик**.
- ✓ Ќе вклучиме повеќе наставни содржини за различните културни/етнички заедници во земјата.
- ✓ Ќе вклучиме **повеќе автори, припадници** на различните заедници во списокот на **задолжителни лектири.**
- ✓ Ќе го намалиме **прагот на ученици за воведување на изборниот предмет за јазикот** и културата на заедниците (Ромите, Власите, Турците, Бошњаците и Србите).
- ✓ Ќе ги зголемиме капацитетите на **МВР и на Јавното обвинителство** за ефективно и навремено реагирање и постапување по случаи на **говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи.**
- ✓ Ќе ја зголемиме **продукцијата на интеркултурни емисии** во сите програмски столбови на јавниот сервис.
- ✓ Ќе ги зајакнеме **човечките капацитети во сите редакции и дописништва на заедниците.**
- ✓ Ќе ја зголемиме поддршката за проекти на локален и регионален инклузивен развој во општините каде што живеат значителен број припадници на заедниците.
- ✓ Ќе воведеме **грантови за спортски и забавни манифестации за развој на интеркултурната свест.**

**Како никогаш претходно, во изминатиот период го променивме курсот на општеството и заедницата кон видливоста и прифаќањето на лицата со попреченос**т, го поттикнавме решавањето на проблемите и вклучувањето на лицата со попреченост како наши сограѓани со еднаков потенцијал.

Иницираме и реализиравме реформи кои сами по себе го менуваат општеството и погледот кон лицата со попреченост. Креиравме нов систем на социјална заштита по мерка на граѓаните.

Реализиравме нов образовен, инклузивен систем за учениците со попреченост во кој ученичката средина е еднаква за секое дете со воведување на систем на асистенција. Со воведување на новиот систем за функционална проценка на децата и младите со попреченост креирана според Меѓународната класификација на функционалноста, директно го менуваме односот кон попреченоста како кон потенцијал, а не ограничување. Во исклучиво партиципативен процес, донесовме нова Стратегија за лицата со попреченост 2023 – 2030 година, со акциски план 2023 – 2025 година, која ќе се реализира преку ажурирање на единствен електронски софтвер во кој ќе бидат поврзани сите институции со реална мерливост.

### И понатаму :

Се посветуваме на носење на нов Закон за вработување на лицата со попреченост, формирање функционален национален регистар на лица со попреченост кој ќе помогне во креирањето на политиките, обезбедување дигитална пристапност на веб- страните на сите министерства и тела во состав на Владата, подобрување на условите за добивање соодветни помагала за сите лица со попреченост кои имаат потреба од нив, обезбедување повисоки стандарди за здравствена заштита, зголемување на бројот и капацитетите на ресурсните центри како регионални бази на сите услуги во образованието, како и зголемен број на дневни и рехабилитациски центри.

- ✓ Покрај зголемување на износите на паричните права, ќе продолжиме да работиме на развој на социјални услуги кои ќе овозможат **целосна инклузија на лицата со попреченост, започнувајќи од образовниот систем.**
- ✓ Ќе формирање **8 регионални рехабилитациони центри за деца и лица со аутизам, интелектуална попреченост и слични развојни нарушувања**.
- ✓ Ќе воспоставуваме систем на **една комисија за сите**

**права за лицата со попреченост**.

- ✓ Ќе се посветиме на овозможување **хоризонтална пристапност на сите основни и средни училишта.**
- ✓ Во **клиничките центри, болниците и здравствените домови**, ќе биде инсталиран **систем за знаковен превод и поддршка на глувите лица, како и за слепите лица и лицата со друга попреченост.**

**За СДСМ социјалната правда и родовата еднаквост се врвни приоритети во политичкото и институционално дејствување.**

Тоа го покажавме преку бројните мерки и политики реализирани во изминатите години, кои имаат за цел унапредување на животот на сите граѓани и граѓанки.

Со донесувањето на Законот за минимална плата, за прв-пат минималната плата беше изедначена за работниците во текстилната, кожарската и чевларската индустрија, во кои најголем процент од вработените се жени. Владата на СДСМ во 2019 донесе нов закон кој целосно го почитува правото на жените самите да носат одлуки за сопственото тело.

- ✓ Ја **ратификувавме Истанбулската конвенција.**
- ✓ Донесовме целосно **нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство**.
- ✓ Во 2020 година беше донесен нов **Закон за спречување и заштита од дискриминација**. Законот ги додава сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основа за дискриминација.
- ✓ За **жените земјоделки,** првпат во историјата на нашата држава обезбедивме надоместок за мајчинство, односно породилно отсуство.

Евидентни се резултатите од политиките за економско јакнење на жените што е основен предуслов за силни и моќни жени кои се двигателот на промените во општеството. Ги донесовме измените на Кривичниот закон со кои воведовме **нови кривични дела, полово вознемирување и демнеење**, го дефиниравме **родово базираното насилство и ги заостривме казнените политики за кривични дела-насилство врз жените, вклучително и препознавањето на фемицидот како најтежок облик на родово базирано насилство**. Со тоа се усогласивме со одредбите од Истанбулската конвенција.

## Продолжуваме...

- ✓ Го подготвивме новиот **Закон за родова еднаквост** со кој ќе биде воспоставен Секретаријат за родова еднаквост.
- ✓ Во новиот Изборен Законик ќе останеме на приципот 50% - 50% од обата пола на пратеничките и советничките листи во општините и Градот Скопје, задолжителни 30% жени кандидатки за градоначалнички.
- ✓ Ќе ја унапредиме **законската заштита на бремените работнички** , при што Системски ќе го регулираме породилното отсуство на жените земјоделки.
- ✓ Ќе воведеме политика за **стипендирање на девојки во СТЕМ науки**.
- ✓ Ќе го зголемиме **опфатот на жени со превентивни прегледи предвидени** со Програмата за рана детекција на малигни заболувања (скрининг за превенција и рано откривање карцином на грло на матка; скрининг на колоректален карцином; мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка).
- ✓ Време е за **сеопфатно сексуално образование.**
- ✓ Ќе воведеме **минимум едно контрацептивно средство на позитивна листа**.
- ✓ Ќе ја зголемиме поддршката за **граѓанските организации** кои обезбедуваат сервиси за жени, жртви на насилство.
- ✓ Ќе го зголемиме бројот на сервиси за **згрижување на деца и стари лица** на локално ниво.
- ✓ Ќе ја зголемиме поддршката за учество на **жените** во програмите за финансиска поддршка во **земјоделството.**
- ✓ **Родовата еднаквост** ќе биде инкорпорирана низ сите наставни програми.

## Се грижиме подеднакво за сите

Како резултат на Берлинскиот процес, Република Северна Македонија ја усвои **„Декларацијата за интеграција на Ромите“** и со тоа се обврза за подобрување на нивната состојба во областа на образованието, вработувањето, здравството, домувањето, граѓанската документација и борбата против дискриминацијата.

Како држава, пристапивме кон изработка на нова **Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030,** која е дел од јавните политики на нашата држава за изедначување на степенот на вклученост и интеграција на ромската заедница со сите етнички заедници.

400 деца Роми на годишно ниво се бесплатно вклучени во Јавните детски установи преку заеднички проект на Министерството за труд и социјална политика, Ромскиот едукативен фонд и 20 единици на локалната самоуправа.

Од особена важност е и вклучувањето на Ромите на пазарот на трудот, а тоа се потврди со фактот дека **државата е на највисоко скалило со бројот на вработени Роми во државната и јавната администрација од сите земји во регионот**.

Креирањето на Активните мерки за вработување во кои Ромите се таргет во неколку од нив, помага во вклучувањето на Ромите на пазарот на трудот. Го зголемивме опфатот во активните мерки за вработување и услуги со воведување на квота од 5% за опфатеност на Роми во оперативниот план за вработување.

Воспоставивме кредитна линија од Агенцијата за вработување, самовработување со грант и пристапни кредити од РЕДИ преку Хоризонти се зголемува бројот на претприемачи Роми кои ја формализираат својата дејност. Отворивме најсовремена детска градинка во општина Шуто Оризари.

**Ставивме крај на долгогодишниот проблем на лицата без документи.** Со донесените измени на Законите за престојувалиште и живеалиште, како и со Законот за личната карта, им овозможуваме на ранливите и на социјално за-

грозените лица да добијат пристап до лична документација. Со ова, нашата држава е првата во Европа која го има решено статусот на бездржавјанството.

Во новиот мандат ќе продолжиме да работиме на пристапот до квалитетно образование за децата од ромската заедница. Намалувањето на смртноста, справувањето со дискриминацијата и нееднаквиот третман од страна на здравствените работници и здравјето на жените остануваат клучни предизвици во областа на здравствената заштита на Ромите.

Повеќето ромски населби сè уште не се опфатени со урбанистички планови и затоа ќе обезбедиме урбанизација на местата каде живее ромско население. Обезбедување државни финасиски инструменти за носење на урбанистички планови во општините во кои се опфатени и ромските маала и населби.

Финансиска поддршка (социјална за социјалните случаеви и поволни кредити за останатите) за покривање на трошоците за легализација на нивните домови.

Обезбедување на трајно, пристојно, достапно и десегрегирано домување за Ромите преку легализирање на бесправно изградените домови и обезбедување домови на Роми кои моментално живеат во неформални населби кои не можат да бидат легализирани од оправдани причини - Воведување на минимум **10**% квота за распределба на социјални станови за Роми.

Обезбедувања на комунална инфраструктура и услуги во населбите и маалата каде што живеат во поголем број Роми. Промена и унапредување на методологијата за распределба на средствата за подобрување комунална инфраструктура во општините. Овозможување и создавање услови за отварање поликлиника во постоечкиот здравствен дом во општина Шуто Оризари.

Овозможување системска поддршка за зголемување на опфатот на децата Роми во предучилишно образование - Центри за ран детски развој во ромски населби.

Вработување на воспитувачки, негувателки и друг персонал од заедницата на Роми во градинките.

Заедно, можеме да обликуваме иднина во која секој човек, може да се осмели да сонува и да ги постигне своите предизвици.

Концептите на едно општество и еднакви можности, нека бидат компасот што ги води нашите постапки додека се стремиме кон поправедно, инклузивно и просперитетно општество.

## 4. Спорт за здрав живот

**Талентите ги шират крилјата кон успехот, но тимската работа ги достигнува височините. Владата се вклучува во тимот!**

Имајќи го предвид јавниот интерес за спортот, неговото стратешко значење, неговиот придонес за развојот на младата генерација и неговата позитивна улога во борбата против пороците, неопходно е да се посвети поголемо внимание на перспективите во спортот.

Неминовно е дека спортот и спортските работници со нивните успеси и медали се промотори на европското и на светското спортско тло, но истовремено за сето ова да се оствари, неопходни се мерки, проекти, инвестиции и услови кои ќе го овозможат тоа.

За сите спортисти и спортски работници во нивните подвизи важи правилото и нашиот слоган - нема откажување!

Затоа посветуваме посебно внимание на оваа целна група, претставена преку заложбата за квалитетен живот од една страна, а од друга страна нивните идеи и сугестии за унапредување на улогата на спортот во општеството да се преточат во имплементација.

За нас, основните предуслови за успешно функционирање на спорт се стручниот кадар, спортските објекти, интересот на младите за спортување и, се разбира, организирањето на воннаставни активности.

Нашата тенденција е**:**

- ✓ Бидејќи само **15% од учениците се вклучени во спортски воннаставни активности**, **врз основа на овие резултати можеме да заклучиме дека спортот е** недоволно присутен во слободното време на младите.
- ✓ **Општата придобивка од предложените мерки ќе биде да се** стимулира рамномерен, инклузивен и одржлив спортски систем **кој ќе придонесе кон здрава младина и содржини кои ќе ги мотивираат младите. Омасовување на спортовите и подобрување на спортските резултати за сите спортови.**
- ✓ **Специфичната цел е да се зголеми** свеста за спортот **како дел од рекреативниот туризам, бидејќи спортот е универзалниот јазик на младите на кои им е потребна шанса да се поврзат, растат и да останат во својата држава.**
- ✓ **Со зголемување на** туристичките капацитети и понуди, ќе се зголеми јавната свест и вклученост на приватниот сектор, а ќе се подобри сигурноста и ефективноста во идниот економски раст на нашата држава.
- ✓ Спортот во современиот туризам **станува нова причина и најчесто еден од мотивите за патување до одредена туристичка дестинација. Имајќи во предвид дека во целиот регион недостасуваат одредени спортски капацитети, предвидуваме повеќе капиталните објекти кои ќе бидат одлична можност за привлекување спортисти од регионот преку организирање на кампови за размена на искуства, обуки и воведување на добри практики како и натпревари од висока европска и светска класа.**
- ✓ **Успешната имплементација на овие мерки неизбежно ќе доведе** до отворање на нови работни места, изучување на спортови кои во моментов не се застапени на Факултетот за физичка култура и здравје како и зголемување на бројот на странски и домашни студенти во Република Северна Македонија.

**СДСМ ги издвојува следните** приоритети**,** поделени во четири категории:

- ✓ капитални инвестиции;
- ✓ реконструкција и одржување на постоечки спортски објекти;
- ✓ возобновување на традиционални спортски настани и манифестации и

- ✓ мерки за масовен спорт, спорт за сите и врвен спорт.

Спортот претставува важна алатка која допринесува кон развој на прогресивно и инклузивно општество. Токму затоа СДСМ секогаш посветува посебно внимание на спортот, не само преку соодветни мерки и проекти во своите програми, туки и работејќи посветено на реализација на предвидените програми и цели во спортот.

## Горди на нашите остварени резултати и активности

- ✓ зголемен е бројот на граѓани кои спортуваат,
- ✓ зголемен е бројот на стручни спортски кадри,
- ✓ зголемен е бројот на жени во спортот,
- ✓ во 2021 година постигнат е најголемиот олимписки успех, сребрен медал,
- ✓ обезбедена е квалитетна спортска инфраструктура,
- ✓ подобрен е статусот на спортистите и спортските работници,
- ✓ нулта партизација во спортот,
- ✓ за само една година вложени се дополнителни 10 милиони евра за поддршка и развој на спортот,
- ✓ за првпат е воведена посебна програма за поддршка на жените во спортот,
- ✓ одвоени 12 милиони денари во 2018 и 2019 година за поддршка на младите спортски надежи,
- ✓ одвоени 46 милиони денари за поддршка на најдобрите младински рангирани клубови кои учествуваат во системот на натпревари.
- ✓ ЧЕТИРИ ПАТИ повеќе средства за спортот во споредба со претходните години!
    - 2017 година беа обезбедени 174 милиони денари;
    - 2018 година беа обезбедени 234 милиони денари;
    - 2019 година беа обезбедени 244 милиони денари;
    - 2020 година во време на Ковид беа обезбедени 178,5 милиони денари;
    - 2021 година беа обезбедени 236,5 милиони денари;
    - 2022 година беа обезбедени 269,3 милиони денари;
    - 2023 година беа обезбедени 302 милиони денари.
- ✓ со цел поголема поддршка на спортот, спортистите и спортските субјекти, го воведовме Ваучер-системот.
- ✓ федерациите кои добиваат финансиски средства од државниот буџет мора да обезбедат функционирање на машки и женски спорт, односно машки и женски спортски клубови и/или репрезентации.
- ✓ сите спортски објекти во сопственост на државата и општините кои се даваат на концесија или се под ЈПП ќе мора да обезбедат 15 % од термините за деца и млади од социјално ранливи категории.
- ✓ Извршивме изградба и реконструкција (санација) на спортски објекти:
    - Реконструкција на Спортска сала „Парк” во Струмица;
    - Реконструкција на Спортска сала „Зоран Стојановски” во општина Ресен;
    - Реконструкција на Спортска сала „Младост” во Неготино;
    - Изградени се 10 баскет игралишта;
    - Реконструкција на спортска сала во општина Неготино;
    - Реконструкција на базен во Струга;
    - Реконструкција на фудбалски стадион во општините Кавадрци, Прилеп, Гостивар и Велес;
    - Реконструкција на спортска инфраструктура во општините Кисела Вода, Битола, Карпош;
    - Реконструирана е куглaнaта во Битола.
- ✓ ги вклучивме лицата со посебни потреби во сите сегменти од спортот. Обезбедивме еднакви услови за спортување за лицата со попреченост и инвалидитет во сите спортови (тимски и индивидуални);
- ✓ развиена е Стратегијата за развој на спортот со инклузивни процеси и истата ја правиме достапна до сите спортисти и спортски субјекти да го дадат својот придонес и да го најдат своето место во спортот;
- ✓ промовираме добро управување, борба против корупција, борба против местењето на натпревари и борба против допингот;
- ✓ започнати се сите процеси и активности за официјализирање на електронскиот спорт т.е. гејмингот како официјална категорија спорт.

## Ќе опстоиме и во следниот период за:

- ✓ донесување законско решение со кое ќе се регулира стажот на спортистите;
- ✓ зголемување на застапеноста на жените во органите на управување (собрание, УО, ИО) која денес изнесува 32 %;
- ✓ енергетска ефикасност, мултифункционалност и употреба на сите постоечки спортски објекти за потребите на сите спортисти и граѓани;
- ✓ изградба на:
- ✓ пливачки базен во општина Охрид,
- ✓ 6 затворени училишни базени,
- ✓ спортски туризам со цел економско зајакнување на спортистите и спортските објекти и рамномерен развој на спортот во државата.
- ✓

**Приоритет остануваат најголемите капитални инвестиции и проекти:**

### Европски спортски центар – КАЛЕ

Во новиот мандат ќе почнеме со изградба на капитален објект во вредност од 4 милиони евра, ЕВРОПСКИ СПОРТСКИ ЦЕНТАР – КАЛЕ: затворено лизгалиште, отворени базени со олимписки димензии и сала за кошарка. Со оваа инвестиција ќе придонесеме за развој, со посебен акцент на: 7-те олимписки спорта (уметничко лизгање, брзо лизгање, лизгање на кратки стази, хокеј и карлинг), пливање и кошарка.

Ова ќе биде можност за развој во спортот преку промоција на вредностите за здрави навики кај граѓаните ,а со тоа и привилегија да бидеме на мапата на европски градови со развиена спортска култура, што за нашите спортови ќе значи масовност, образование на висококвалитетни кадри и видни спортски резултати со кои ќе се гордееме.

Бенефитот од овој центар ќе значи:

- ✓ ставање во функција на постоечките спортски капацитети кои се обележје на спортската култура која нашите граѓани ја паметат и сакаат да ја практикуваат,
- ✓ нови работни места,
- ✓ економски раст и вклученост на приватниот сектор
- ✓ развој на спортот и спортската едукација преку вклучување на Факултетот за физичка култура со нови предмети,
- ✓ создавање нови туристички капацитети за спортски туризам и спортско-рекреативни капацитети кои ќе создадат здрави навики кај граѓаните и зголемување на квалитетот на живот,
- ✓ подеднакви услови за врвни спортски успеси и рекреација за сите и
- ✓ позитивно влијание врз туристичко-угостителскиот сектор, преку зголемен број на странски и домашни туристи при посета на овој објект.

Истовремено ќе вложиме 250 илјади евра за реконструкција на Спортската сала – Кале и 1 милион евра за отворени базени во истиот центар.

### Отворено лизгалиште  во Битола

Со овој проект сакаме да придонесеме за Битола и регионот, спортот да претставува достапна можност и за оние спортови кои постепено ја губат својата атрактивност. Нашата цел и предизвик е да вложиме 800 илјади евра за изградба на овој спортски објект, кој ќе биде ново свратилиште за сите генерации.

Младите од сите градови во државата ќе бидат дел од европските перспективи за спортски и едукативни програми, ќе развиваат спортски навики и култура и ќе имаат можности за врвен спорт.

Се грижиме за сите подеднакво и затоа со ова лизгалиште ќе се подобри квалитетот на живот на телесните инвалиди во количка – преку спортски активности како што се: карлинг во количка, понатаму, воведување на спортски активности прилагодени на деца со Даунов синдром, аутизам и сл. во соработка со стручни лица, дефектолози од овие области.

### Адреналински парк – забава за целото семејство

На падините на Водно во 2025 година ќе започнеме со изградба на капитален спортско-рекреативен капацитет – Адреналински парк, за развој на спортско-рекреативен туризам. Нови работни места за граѓаните на главниот град и социоекономски развој со користење на постоечката траса. За овој нов капитален проект во спортот ќе обезбедиме 20 милиони евра.

Позитивното влијание ќе се одрази врз туристичко-угостителскиот сектор и врз сместувачките капацитети, преку зголемен број на посетители на овој парк. Следејќи ги регионалните трендови, овој парк со добро обмислено инфраструктурно решение и рамка која ќе претставува ново свратилиште на сите генерации за разонода и спортување, тоа е нашата цел.

### Регионална и европска мото-стаза

За омасовување на мото-спортот и подобрување на спортските резултати, во следните четири години во с. Ќојлија, во Петровец, планираме изградба на мото-стаза во вредност од 30 милиони евра, од кои 3 милиони евра се предвидени за тренинг за: мото трки, автотрки, картинг трки ,тестирање на возила, автобуси и камиони, со што се отвора можност за одржување на регионални и на европски купови.

Како високопрофитабилни бизниси во светот, автомобилската индустрија и транспортот, со инвестирање во ваков тип на мото-стаза по светски стандарди, се унапредува инвестицискиот потенцијал и се привлекуваат странски брендови кои ќе го подобрат квалитетот на спортскиот мото-спорт во соработка со Мото-спорт федерацијата.

### Биатлон стадион – Крушево

Крушево е нашиот адут при изградба на биатлон стадион од повеќе аспекти, за што се планирани 3,5 милиони евра.

- ✓ Рамо до рамо со биатлонците од целиот свет.
- ✓ Ќе бидеме еден од 20 стадиони во светот.
- ✓ Туристичка атракција за ИБУ Куп и светски купови по биатлон.

Сакаме да ги подобриме условите за развој и омасовување на овој спорт, а со тоа овозможуваме Крушево да блесне со својата привлечност како единствена природна убавина и да го задржи приматот на вистинска и несекојдневна туристичка атракција. Крушево нудејќи ја сета своја природна убавина е соодветно место за овој стадион, со што со финансиска помош на локалната и на централната власт, преку посебно идејно решение, ќе направиме реализација на истото до 2028 година.

### Атлетски и тениски центар

Со изградбата на атлетски и на тениски центар, ќе овозможиме подобрување на условите за спорт и популаризирање на овие два спорта, за кои во последните години има сѐ поголем интерес кај младите. Сакаме да ја зголе-

миме понудата за рекреација на сите граѓани. Затоа во наредните 4 години ќе вложиме 800 илјади евра.

Подобрување на условите за развој и омасовување на атлетикатата и тенисот, како рекреативно така и развојно. Развој на спортски туризам преку понуда на повеќе можности за спорт и рекреација во СЦ „Борис Трајковски“ и подобрување на условите за живот на граѓаните од целата држава.

За местото на изградба на овие центри ќе направиме јавен повик до сите засегнати целни групи, и ќе овозможиме преку транспарентна дебата да стигнеме до најдоброто и најсоодветното решение, за да имаме центри од светски размери.

## Реконструкција и одржување на постоечки спортско-рекреативни капацитети

### Затоплување на 12 спортски сали

Поставување на фотоволтаици заради воведување на енергетски ефикасни спортски сали кои се користат за спорт и рекреација, и тоа во: Скопје, Битола, Гостивар, Охрид, Велес, Ресен, Кичево, Неготино, Прилеп, Крива Паланка, Гевгелија и Кавадарци, во вредност од 12 милиони евра.

Објектите во Струмица и Куманово би се затоплувале со користење на гасоводната мрежа која може да се искористи за оваа намена.

Се очекува оваа трајна инвестиција да биде исплатлива преку компензација на енергијата со ЕСМ т.е. ЕЛЕМ, а за спортистите ќе значи конечно подобрување на условите за тренинг и натпревари,како што и заслужуваат.

### Реновирање на спортски сали

Подобрување на условите за развој на врвниот спорт и одржување на светски и европски првенства во ракомет, кошарка и одбојка, но и  спорт и рекреација за мал фудбал, кој како дисциплина има се поголема популарност во општеството. Посебен акцент ставаме на реконструкција на спортската сала во Велес „Гемиџии“, за што предвидуваме 250 илјади евра.

### Реконструкција на 5 атлетски стази

Реконструкцијата на 5 атлетски стази на територијата на РСМ во вредност од 900 илјади евра и тоа во Битола, Кавадарци, Прилеп, Штип и Струмица, има за цел да придонесе за поздрав живот на сите граѓани, а во исто време да помогне во развојот, унапредувањето и омасовувањето на сите атлетски дисциплини.

Ова ќе биде одлична можност за развој на сите градови во државата кои имаат вакви стази, но поради лошите услови во кои се наѓаат, не можат да се користат од страна на рекреативците и спортистите.

Од сите спортски дисциплини, кралицата на спортовите, атлетиката, нуди можности за спорт и рекреација на сите возрасни категории на граѓани, како и на лицата со хендикеп кои на овие атлетски стази ќе практикуваат здрав живот и здрави навики, од друга страна за спортистите ќе значи конечно подобрување на условите за тренинг и натпревари.

## Ја негуваме традицијата во спортот

### Шарпланински куп

Негување на традицијата и промоција на можностите за одржување на европски и светски купови. Првиот Шарпланински куп е одржан во 1947 година и со тоа е најстар меѓународен скијачки натпревар на Балканскиот Регион. Во 1954 година станува дел од FIS B натпреварите, додека од 1969 до 1986 година е натпревар за Европски Куп во скијање.

Поради губењето на статусот во 1986 година, во 1999 година повторно се кандидира за одржување на Европски Куп. Стазата Ципипашина е во согласност со сите светски и европски стандарди.

Промоција на зимските ски-спортови е предуслов за промоција и на државата, социоекономски развој на градот со исполнување на туристички капацитети и промоција на зимските спортови како туристичка придобивка.

### Мавровски меморијал

Чување на традицијата и популаризација на нордиските спортови, со подобрување на рекративните капацитети и промоција на државата пред домашните и пред странските туристи е потреба за возобновување на „Мавровски меморијал“, кој е најстариот скијачки куп на Балканот и еден од најстарите ски-купови во Европа и во Светот.

Настанот се одржувал во спомен на 38-те градители на хидросистемот „Маврово” и 14-те граничари кои ги загубија животите во снежна лавина во 1956 година.

Мавровскиот меморијал е еден особено важен куп за државата и за Скијачката федерација на С Македонија, кој секоја година традиционално се организира, а учество земаат врвни скијачи од различни земји, а со нашиот ангажман и возобновување на овој куп, ќе продолжиме да го поддржуваме развојот на зимските спортови во Република Северна Македонија.

### Спорт за сите!

За помасовно ангажирање на учениците во спортските активности во рамките на училиштето и општината, се предлагат мерки за проширување на постоечкиот организациски модел во согласност со актуелниот процес на децентрализација, кој е поволен за зајакнување и проширување на општинскиот училишен спорт. Масовниот училишен спорт перспективно може да се развива во два сегменти. Првиот е со отворање спортски школи, а вториот е забавен училишен спорт.

Спортските школи се наменети за учениците кои се заинтересирани за одредена спортска дисциплина и подразбира нивно вклучување во училишниот и во општинскиот систем на натпревари во пет категории, посебно за двата пола.

Вториот сегмент во масовниот училишен спорт наречен забавен училишен спорт се однесува за учениците од одделенска настава, од прво до петто одделение, од основното образование. Овај забавен концепт подразбира активности со сите ученици од одделенска настава каде играта има доминантно место во програмата проткаена со основна спортска техника од разни дисциплини.

Со оваа мерка и примената на препораките за овој проширен организациски модел видно ќе СЕ ЗГОЛЕМИ процентот на учениците ангажирани во спортот, што претставува заеднички интерес и на спортската јавност и на образовната фела, а со тоа и на целото општество.

За реализација и подготовка на сите овие идеи, мерки и проекти, предвидуваме 3 милиони евра.

Ваквиот начин на организирање го овозможува класичниот систем на натпревари почнувајќи со меѓуодделенски, преку општински, зонски, меѓузонски (регионални) и завршувајќи со државни првенства и училишни државни игри, кои во непарните години се одржуваат за основните училишта, наречени државни спортски игри (мали олимписки игри), а во парните години за средните училишта, наречени гимназијади. На крај од вертикалното организирање се одржуваат меѓународни локални (регионални), европски, светски првенства и гимназијади. Овој класичен систем на натпревари подразбира примарно квалитет, каде до израз доаѓаат најталентираните ученици кои во најголем број се вклучуваат во клубскиот спорт од националните спортски федерации.

### Синхронизација на спортските канали арена, спорт клуб и еуро спорт

Долга низа години во земјава се емитуваат спортски програми како Арена, Спорт клуб и Еуро спорт кои се исклучително гледани (потврда од сите релевантни мерачи на рејтингот), а кои не се емитуваат на македонски јазик.

Предлагаме синхронизацијата преку кабловските оператори да се реемитуваат кај нас. Оваа активност ќе придонесе за рестартирање на спортското новинарство и би се спречил одлив на сериозни средства од маркетингот во странски оператори. Овие средства можат да бидат пренасочени и искористени во полза на македонскиот спорт.

### Родова еднаквост во спортот

Продолжување на активностите за зголемување на родовата еднаквост до 50%, која во моментов изнесува завидни 32%. Програми за обука и вклучување на жените во сите органи на управување во Клубовите и Федерациите.

Како што потенциравме, ќе се заложиме и во следните години, федерациите кои добиваат финансиска поддршка од државниот буџет, да обезбедат функционирање на машки и женски спор,т преку машки и женски клубови и/или репрезентации.

Ќе создадеме спортски фонд за врвен спорт (репрезентативен, индивидуален и клубски).

### Спорт за лицата со попреченост

За адаптација на спортски терени со пристапност за лица со попречености и посебни програми за спорт и рекреација на лица со попречености предвидуваме 1 милион евра. Основна цел на оваа мерка е инклузивност на лицата со попреченост и креирање на добри практики по примерот на други развиени земји.

Ваквиот пристап овозможува максимална вклученост на лицата со попреченост и можност за олеснет пристап при спортувањето.

Во разговор со сите здруженија и организации кои ги детектираат овие општествени предизвици, ќе се спроведат повеќе мерки, програми и соодветни едукативни програми.

## 5. Дестинација – европска Македонија

Туризмот со својата специфичност влијае врз повеќе од 20 економски гранки во Македонија, на директен или индиректен начин, **вработувајќи повеќе од 5% од македонската работна сила, внесувајќи приближно 500 милиони долари прилив** во економијата. Развојот на туризмот претставува можност за стимулирање на економскиот раст, поттикнување на социјалната кохезија и промоција на богатото културно наследство на нашата земја. Преку туристичкиот сектор ќе ја отвораме вратата за создавање на нови работни места, не само во туристичкиот сектор туку и во поврзаните индустрии како што се угостителството, транспортот и локалното занаетчиство.

На туризмот гледаме и низ **социјалдемократска перспектива**, затоа што тој ги олицетворува принципите на **инклузивност и еднаквост**. Развојот на туризмот ќе го ставиме во функција да биде и катализатор за подобрување на образовните можности и културната размена, промовирајќи разбирање и солидарност меѓу различните заедници. На овој начин, туризмот не само што ќе придонесува кон економскиот просперитетнот, туку и кон развивање на општество кое ги цени културните и етничките различности. Ќе водиме политика на развој на туризмот чии придобивки ќе ги надминат економските димензии, односно ќе дадат позитивно влијание и во негувањето и афирмирањето на различните традиции и наследства во Македонија.

Македонската туристичка понуда е комбинација на богато и различно културно наследство и природни ресурси, што претставува цврста основа за тоа што владата на СДСМ ќе го направи во наредните четири години. Развојната траекторија на туризмот ќе ја насочиме кон **еко-туризмот, руралниот туризам,** како и другите **алтернативни форми на туризмот.**

### Стратешки пристап

За СДСМ од посебен приоритет ќе биде градењето на стратегиски пристап во развојот **на туризмот, со** посебен осврт на развој на еко-туризмот и руралниот туризам, за да знаеме кај сме и каде би сакале да бидеме. Ќе поставиме стратегиска рамка за кохезија и директна соработка помеѓу властите, приватните компании, локалната администрација и невладините организации, кои сè повеќе ги поддржуваат и ги охрабруваат одржливите практики во туристичката индустрија. Овој стратешки пристап во развојот на туризмот ќе биде воден низ еден широк инклузивен процес, во кој ќе бидат вклучени средните угостителски школи, факултетите за туризам, експерти од областа и приватниот сектор.

Стратегискиот пристап на развојот на туризмот во наредните четири години ќе се темели на светски стандарди, но и на:

Изработка на Национална стратегија за туризам 2024 – 2028 година;

- ✓ Изработка на Национална стратегија за развој на руралниот и на еко-туризмот, како приоритетни ту-

ристички форми значајни за локалниот економски развој;

- ✓ Донесување на Маркетинг стратегија за отварање на нови пазари и зголемување на конкуренцијата помеѓу побарувачката;
- ✓ Донесување на нов Закон за автокампови и туристички развојни зони;

За да го реализираме овој стратегиски пристап, ќе направиме и дополнителни системски промени кои опфаќаат:

- ✓ Трансформирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Национална туристичка организација (НТО) и отворање на регионални Дестинациски менаџмент организации (ДМО), што ќе претставува клучен чекор кон постигнување на координиран и ефикасен развој на туризмот во Македонија. Оваа трансформација ќе овозможи подобра соработка на национално и регионално ниво, искористувајќи локални ресурси и знаења за креирање на иновативни туристички понуди кои ги промовираат уникатните карактеристики на секоја област.
- ✓ Воспоставување на туристичка инспекција, која ќе врши контрола на физички и на правни лица во туристичкиот сектор, со што високата стапка од 40-45% на сива економија ќе се намали. Овој инспекторат ќе има витално значење за обезбедување на квалитет и безбедност во туристичкиот сектор. На овој начин системски ќе се гарантира дека сите услуги и производи што се нудат на туристите, ги исполнуваат високите стандарди и прописи, што дополнително ќе ја зголеми конкурентноста и репутацијата на Македонија како туристичка дестинација.
- ✓ Создавање на регионални тимови за изработка на проекти со цел подобро искористување на достапните финансиски средства од ЕУ и други донатори, а кои ќе обезбедат подобрена туристичка понуда и услуги во општините. Ова ќе овозможи максимизирање на ресурсите и создавање на иновативни туристички проекти кои ќе ги збогатат локалните заедници и ќе придонесат кон одржлив развој.
- ✓ Развој на нов модел на субвенционирање кој ќе обезбеди значајна поддршка за домаќинствата и микро-бизнисите кои нудат услуги за алтернативен туризам. Овој пристап е наменет да ги поттикне иновациите и претприемачкиот дух во секторот, создавајќи нови можности за развој и генерирање на приходи во руралните и помалку развиените региони.
- ✓ Измена на Правилникот за субвенционирање на странски организиран туристички промет и создавањето на нов модел на субвенционирање ќе донесе поголема ефективност и флексибилност во промоцијата на Македонија како туристичка дестинација на меѓународниот пазар, овозможувајќи привлекување на поголем број странски посетители.
- ✓ Субвенционирани програми за создавање хотелско-сместувачки капацитети со зелени еко-ѕвезди ќе претставува значаен чекор кон интеграција на одржливите принципи во срцето на туристичката индустрија. Поврзувајќи ја финансиската поддршка со строги критериуми за одржливост, овие програми ќе ги поттикнуваат бизнисите да ги намалат своите еколошки отпечатоци, да ја заштитат локалната животна средина и да придонесат кон општествената добросостојба.

## Туризам втемелен на знаење

Во наредните четири години ќе го решиме еден од **најголемите проблеми во туристичкиот сектор во Македонија**, а кој е поврзан со недостигот на **обучен и квалификуван кадар** во хотелско-угостителските објекти.

Светската туристичка организација (УНСТО) продолжува да ги поддржува институциите на ЕУ во контекст на Европската година на вештини за транзицискиот пат на ЕУ за туризмот, за квалификување на туристичка работна сила. УНСТО ја нагласува потребата од инвестиции и вложувања во човечкиот потенцијал за туризмот, да го постигне својот максимален потенцијал и да овозможи повеќе можности за вработување на луѓето.

Затоа во наредните четири години:

- ✓ Во средните стручни угостителски училишта, како и на Факултетот за туризам, задолжително ќе воведеме **поголем број предмети за изучување на странски јазици,** преку посебна студиска програма и елаборати.
- ✓ **Задолжителна платена пракса** за учениците од средно образование и студентите од Факултетот за туризам за време на летната сезона.
- ✓ Секој дипломиран студент од факултетите за туризам ќе добие и **лиценца за туристички водич**.
- ✓ Ќе ги приспособиме образовните програми во стручното туристичко - угостителско образование на новите потреби на туристичкото стопанство, за што е потребна активна соработка помеѓу стопанството, Министерството за образование и секторот за туризам од една страна, и училиштата, факултетите и приватниот сектор од друга страна.

## Е-туризам

Македонија ќе прерасне во туристичка дестинација во која следната авантура ќе биде на само еден клик од туристите. Со развојот на платформи за е-туризам ова нема да биде само само ветување за поедноставено планирање на патувањата, тоа е нашата визија за претворање на Македонија во водечка дигитална дестинација која ги надминува границите на традиционалното туристичко искуство.

Во следниот мандат, владата на СДСМ ќе биде посветена на иновациите кои овозможуваат на секој посетител лесно да открие, да планира и да ужива во уникатноста на нашата земја со употреба на технологијата. Е-туризам платформите се вратата кон нова ера на патување, каде секое искуство е приспособено, беспрекорно и одржливо. Тие не само што ќе го поттикнуваат развојот на нашата локална економија, туку, исто така, ќе ја зајакнат и нашата глобална позиција како прогресивна и **иновативна туристичка дестинација.**

Проектот **Е-Визиторс**, со буџет од 15 милиони денари, ќе биде пионерска иницијатива за градењето на Македонија во дигитална дестинација. Оваа иновативна платформа ќе се спои со моќта на мобилните апликации, кои отвораат нови врати кон нови и неоткриени длабочини на локалниот туризам, овозможувајќи на посетителите лесно

да пристапат до информации, да планираат свои авантури и да резервираат нови искуства додека се во движење. Преку овој проект, СДСМ ќе покаже јасна визија за иднината каде технологијата и туризмот се спојуваат, за да создадат незаборавни туристички искуства.

Преку развојот на е-туризмот ќе понудиме едно различно, **дигитално искуство** за:

- ✓ **Културен туризам –** промоција и мапирање на археолошки локалитети, промовирање на културни настани, музеи.
- ✓ **Медицински туризам –** со посебен акцент на денталниот, козметолошкиот и банскиот туризам, спа-велнес – Штип, Катланово, Струмица, Гевгелија, Куманово, Дебар.
- ✓ **Еко туризам –** Национални паркови, природни резервати, промоција на 10 планински врвови, трасирање и мапирање на велосипедски патеки, планинарски патеки, мапирање на параглајдерски места поставени на мобилна апликација достапна за секој посетител, лов и риболов. Ќе ја укиниме забраната за скутери во Охридското Езеро**.**
- ✓ **Ено-гастро туризам –** вински патишта на 225 винарии и македонска кујна.
- ✓ **Верски туризам –** апликација каде ќе бидат мапирани сите верски објекти.

## Развој на туризам со европски стандарди

Со цел да се постигне високо ниво на квалитет и конкурентност на туристичката понуда во Македонија, потребно е воведување и примена на мерки кои ќе го олеснат и ќе го стимулираат развојот на хотелски капацитети и други туристички објекти, во согласност со европските стандарди. Во овој контекст, во периодот до 2028 година ќе воведеме мерки за:

- ✓ **Стимулирање на изградба на хотелски капацитети:** Преку намалување на обврските за комуналии и трошоците за уредување на градежното земјиште, ќе се даде поттик на потенцијалните инвеститори за нови инвестиции во хотелско-угостителски објекти. Оваа мерка има за цел да ги олесни и да ги поевтини почетните фази на развој на туристичките проекти, поттикнувајќи инвестиции и унапредување на инфраструктурата.
- ✓ **Воведување на субвенции за еко-кампови и еко-хотели**: Со цел да се поттикне одржливиот развој и еколошката одговорност, ќе се воведат субвенции за објекти кои вклучуваат производство на струја преку фотоволтаици, користење на соларни панели за топла вода, употреба на техничка вода, еколошки детергенти, селектирање на отпад и компост на биолошкиот отпад, како и производство на храна и пластеници за зеленчук. Оваа мерка ќе ги охрабри и ќе ги поддржи туристичките работници да преземат чекори кон еколошка одржливост и да бидат во согласност со европските стандарди за категоризација.
- ✓ **Подобрување на регулативите за промоција на домашни и на меѓународни инвеститори**: Преку посебна стратегија усогласена со сите релевантни институции, ќе целиме да ги олесниме и да ги подобриме условите за домашни и за меѓународни инвеститори кои сакаат да инвестираат во туризмот во Македонија. Ова вклучува поддршка на инвеститорите од идеја до реализација, со цел да се обезбедат квалитетни и атрактивни туристички понуди.
- ✓ **Изработка на нови генерални и детални урбанистички планови:** За туристичките центри низ целата земја, со посебен акцент на Охридско-Струшкото крајбрежје од Радожда до Св. Наум, ќе изработиме нови генерални и детални урбанистички планови. Овие планови ќе ги дефинираат конкретните локации со специфични намени за развој, вклучително и локации за хотели, забавни и рекреативни содржини, трговски центри, туристички кампови и слично, со цел да се обезбеди планиран и координиран развој кој ќе ја зголеми атрактивноста на регионот за посетители и инвеститори. Оваа стратегиска иницијатива ќе ги засили локалните економии и ќе го подобри квалитетот на туристичката инфраструктура, водејќи кон создавање на туризам со европски стандарди во Македонија.
- ✓ Секоја од овие мерки претставува чекор напред кон реализација на целта за модернизација и унапредување на туристичкиот сектор во Македонија, со фокус на одржливост, иновации и квалитет кој ги задоволува европските стандарди. Нивната имплементација ќе придонесе кон зголемување на привлечноста на Македонија како туристичка дестинација, нудејќи богати и разновидни искуства за посетителите и поддршка на економскиот раст и развој на локалните заедници. Во синергија, овие мерки создаваат цврста основа за изградба на туризам кој ќе ги привлекува и најбараните светски патници, поставувајќи ги темелите за одржлива и просперитетна иднина на туристичкиот сектор во земјата.

## Сезонски раст на вработените

За да го зајакнеме туристичкиот сектор и да ги подобриме можностите за вработување, ќе спроведеме две мерки:

- ✓ Измена на постојното законско решение и враќање на старото решение каде што прекувремените работни часови одработени во сезона, работникот може да ги користи надвор од сезоната, бидејќи повеќето од хотелите во туристичките места се од сезонски карактер – летен/зимски.
- ✓ Ослободување од сите давачки за сезонско и за скратено работно време на вработени студенти до 2500 евра год., по примерот на нашите соседи и земјите членки на ЕУ. Да ги мотивираме младите за сезонско работење и да спречиме одлив во други држави на сезонско работење.

## Нов модел за мк туризам

- ✓ Подобрување на квалитетот на туристичките капацитети: Со цел да се зајакне конкурентноста на туристичката понуда во Македонија, ќе воведеме субвенции кои ќе го поттикнат подигнувањето на квалитетот на сместувачките капацитети. Субвенции за подобрување на категоризацијата за една ѕвезда со 30% од вкупната инвестиција ќе се направи стратегиски потег кој ќе овозможи на хотелиерите да инвестираат во подобрување на своите услуги и во сместувачките капацитети, со што ќе се зголеми ат-

рактивноста на земјата како туристичка дестинација.

- ✓ Зголемување на бројот на чартер-летови: Воведувањето на повеќе чартер-летови неделно од големи европски градови како Амстердам, Катовице, Манчестер, Лондон и Белград до Охрид, е клучно за продолжување на туристичката сезона. Оваа мерка ќе ја зголеми достапноста на Македонија за посетители од целиот свет, овозможувајќи продолжен период на туристичка активност.

- ✓ Концесии и јавно-приватни партнерства: Доделувањето под концесии или формирањето на јавно-приватни партнерства за државни кампови, хотели, одморалишта, планинарски домови, ловечки домови, како и Луна паркот - Скопје и Етносело Пантелејмон, ќе претставува пристап за максимизирање на туристичкиот потенцијал на земјата. Оваа иницијатива ќе ги мобилизира ресурсите и креативноста на приватниот сектор за развој на уникатни и атрактивни туристички понуди.

- ✓ Развој на атрактивни локации преку закуп на државно земјиште: Ќе воведеме давање под закуп на државно земјиште за развој на аутлет-молови и голф-терени, кои ќе придонесат кон збогатување на туристичката понуда. Оваа мерка ќе цели да ги искористи неискористените ресурси за создавање на нови туристички и рекреативни простори.

- ✓ Модернизација на Луна паркот – Скопје: Претворањето на Луна паркот – Скопје во модерен забавен парк – „Скопјеленд“, ќе се стреми кон креирање туристичка атракција од меѓународен ранг. Со вложување во современи забавни содржини и еко-френдли операции, Скопјеленд ќе стане клучен фактор за привлекување на домашни и меѓународни посетители, поттикнувајќи го развојот на урбаниот туризам и дополнително, збогатувајќи го културниот и рекреативниот живот на главниот град.

Секоја од овие мерки има цел да интегрира модерни и иновативни пристапи во развојот на туристичкиот сектор на Македонија, со фокус на создавање одржлива и привлечна понуда која одговара на највисоките европски и светски стандарди. Преку подобрување на квалитетот на постојните капацитети, воведување на нови летови кои ќе ја продолжат туристичката сезона, како и преку реализација на концесии и јавно-приватни партнерства, Македонија ќе се позиционира како атрактивна дестинација која нуди разновидни искуства за сечиј вкус.

### Од селска идила до светска атракција

Туризмот е нашиот поглед кон светот, но истовремено е и поглед кон дома, кон природните убавини, кон нашите вредности, различни традиции и културни наследства. За да привлечеме повеќе туристи, а истовремено и да ги промовираме нашите посебности, повеќе и похрабро ќе инвестираме во туристичкиот сектор.

Руралниот туризам во следните четири години ќе го издигнеме да биде економски двигател во голем број општини во руралните средини.

✓ Проект: 50 села 50 приказни

Ќе го реализираме Проектот „50 села – 50 приказни“, со кој во нашата економија ќе се слеат околу 500 милиони евра, за период од четири години, и што е најважно, тоа ќе се случи преку руралните средини. Од заборав ќе спасиме 50 автентични локални приказни, традиции и наследства, кои лежат скриени во дел од македонските села. Ќе ги развиеме и ќе ги ставиме во функција на локалниот економски развој. Овој проект ќе претставува и чекор кон намалување на социо-економските разлики помеѓу селата и градовите. Преку овој проект ќе се зголеми заинтересираноста за развој на туризмот во државата и привлекување македонски граѓани кои емигрирале во странство да инвестираат во руралниот туризам во своите родни села. Ќе се отворат нови 1 500 сместувачки места во селски домаќинства, ќе се создадат нови зелени работни места, притоа водејќи грижа и за развојот на руралното женско претприемништво.

✓ Проект: Најдобро туристичко село

До крајот на мандатот на следната влада предводена од СДСМ, ќе воведеме и ќе реализираме проект за аплицирање за најдобри туристички села, преку програма за надградба на туристичките села, со буџет од 60 милиони денари.

# V. Безбедна Македонија

Преку одбраната уште еднаш докажавме дека сме државотворна партија на одговорни луѓе и лидери кои мислат на следните генерации, а не само на следните избори. Владата предводена од СДСМ ја оствари заложбата на многу генерации чесни патриоти и ја внесе земјата во НАТО. Со тоа, нашата Армија стана НАТО Армија и дел од најмоќниот политички сојуз на денешницата. Северна Македонија е НАТО. НАТО е Северна Македонија. Македонското знаме гордо се вее во седиштето на Алијансата во Брисел. Македонскиот јазик е јазик на НАТО. Тоа е патриотизам и така се сака татковината!

Прашањето за опстанокот е затворена тема, а стабилноста, развојот и просперитетот на државата остануваат приоритет. Ова не го гледаме како крај туку како почеток на едно ново поглавје во историјата на нашата земја: безбедноста ни овозможува да бидеме поамбициозни и посилни во сферите на економија, добро управување и правна држава. Со членството во НАТО, националната безбедност и безбедноста на нашите сојузници станаа неделиви и испреплетени, односно факторите што влијаат врз безбедноста на сојузниците, исто така, влијаат и врз безбедносна на нашата држава.

Секојдневно се соочуваме со комплексни безбедносни предизвици и закани - глобален тероризам, хибридни и сајбер закани, воени и бегалски кризи, организиран криминал и трговија со луѓе и мигранти, енергетска криза, климатски промени, недостаток на храна, лажни вести и дезинформации, пандемии од заразни болести и друго, што имаат големо влијание врз геополитиката, врз регионалната, но и националната надворешна и внатрешна безбедност. За справување со овие современи предизвици и јакнење на националната отпорност, неопходна е силна, применлива и одржлива надворешна и безбедносно-одбранбена политика, како и развиени способности и зајакнати цивилни капацитети за соодветна превенција, рано предупредување и навремено справување.

Борбата против организираниот криминал, тероризмот, заштитата на границите, како и криминалот, дезинформациите, лажните вести и говорот на омраза се основни постулати за осигурување на безбедноста на граѓаните. Иницијативата за интегрирано управување со внатрешната безбедност стана препознатлива како фактор на регионална перспектива за постигнување на оптимална искористеност на постоечките капацитети за регионална соработка, на постојните механизми за соработка меѓу ЕУ и Западен Балкан, но и за достигнување на вистинска регионална сопственост.

Затоа градиме Армија и систем за одбрана по НАТО стандарди! Градиме систем за управување со кризи и цивилна заштита и безбедносни служби по НАТО и европски стандарди! Градиме полиција по европски стандарди која ќе ги штити граѓаните, а ќе го гони криминалот и може да гарантира безбедност и правна држава, надвор од партиските влијанија и која ќе гарантира непристрасно спроведување на законите за сите.

## 1. Посилни со НАТО

**Деценискиот сон е реалност:
Република Северна Македонија
- полноправна членка на НАТО!
Рамо до рамо во НАТО!**

Преку одбраната уште еднаш докажавме дека сме државотворна партија на одговорни луѓе и лидери кои мислат на следните генерации, а не само на следните избори. Владата предводена од СДСМ ја оствари заложбата на многу генерации чесни патриоти и ја внесе земјата во НАТО. Со тоа, нашата Армија стана НАТО Армија и дел од најмоќниот политички сојуз на денешницата. Северна Македонија е НАТО. НАТО е Северна Македонија. Македонското знаме гордо се вее во седиштето на Алијансата во Брисел. Македонскиот јазик е јазик на НАТО. Тоа е патриотизам и така се сака татковината!

Прашањето за опстанокот е затворена тема, а стабилноста, развојот и просперитетот на државата остануваат приоритет. Ова не го гледаме како крај туку како почеток на едно ново поглавје во историјата на нашата земја: безбедноста ни овозможува да бидеме поамбициозни и посилни во сферите на економија, добро управување и правна држава. Со членството во НАТО, националната безбедност и безбедноста на нашите сојузници станаа неделиви и испреплетени, односно факторите што влијаат врз безбедноста на сојузниците, исто така, влијаат и врз безбедноста на нашата држава.

Секојдневно се соочуваме со комплексни безбедносни предизвици и закани - глобален тероризам, хибридни и сајбер закани, воени и бегалски кризи, организиран криминал и трговија со луѓе и мигранти, енергетска криза, климатски промени, недостаток на храна, лажни вести и дезинформации, пандемии од заразни болести и друго, што имаат големо влијание врз геополитиката, врз регионалната, но и националната надворешна и внатрешна безбедност. За справување со овие современи предизвици и јакнење на националната отпорност, неопходна е силна, применлива и одржлива надворешна и безбедносно-одбранбена политика, како и развиени способности и зајакнати цивилни капацитети за соодветна превенција, рано предупредување и навремено справување.

Борбата против организираниот криминал, тероризмот, заштитата на границите, како и криминалот, дезинформациите, лажните вести и говорот на омраза се основни постулати за осигурување на безбедноста на граѓаните. Иницијативата за интегрирано управување со внатрешната безбедност стана препознатлива како фактор на регионална перспектива за постигнување на оптимална искористеност на постоечките капацитети за регионална соработка, на постојните механизми за соработка меѓу ЕУ и Западен Балкан, но и за достигнување вистинска регионална сопственост.

Затоа градиме Армија и систем за одбрана по НАТО стандарди! Градиме систем за управување со кризи и цивилна заштита и безбедносни служби по НАТО и европски стандарди! Градиме полиција по европски стандарди која ќе ги штити граѓаните, а ќе го гони криминалот, која ќе може да гарантира безбедност и правна држава, надвор од партиските влијанија и која ќе гарантира непристрасно спроведување на законите за сите.

## Резултати што прават разлика: Безбедна земја, сигурни граѓани

### Нашата Армија стана Армија на НАТО

Членството во НАТО на припадниците на Армијата им донесе НАТО стандарди и можности по многу основи. Инвестиравме во средства и опрема, но најмногу од сè, инвестиравме во луѓето! Со посветена работа, чесно и професионално, за само **19 месеци по пристапувањето** во НАТО успешно ја завршивме **воената интеграција во Алијансата**, имплементирајќи ги процедурите во областите: опремување и модернизација, структура на сили, едукација, обука, вежби и евалуација, логистика и медицина, интеграција на системот за воздушно набљудување со системот на НАТО и комуникациско-информациски системи и сајбер одбрана и администрација. Континуирано работиме на јакнење на способностите за колективна одбрана, кооперативна безбедност и управување со кризи. Го донесовме Стратегискиот одбранбен преглед – СОП-2018 (2018-2028) и Долгорочниот план за развој на одбранбените способности (ДПРОС) 2019-2028, поддржани со консензус. Денес, Република Северна Македонија рамноправно и одговорно учествува во сите процеси на донесување одлуки и креирање колективна безбедност и одбрана.

Свесни дека вложувањата во одбраната цели 11 години беа сведени на минимум, животниот стандард на припадниците на Армијата беше под секој стандард, процесот на модернизација не беше поддржан и свесно беше одлаган, во 2017[та] година започнавме со сериозен и предизвикувачки процес на менување на ликот на Армијата.

## Животниот стандард на НАТО стана реалност на македонската армија

Спроведовме мерки преку кои за само неколку години го зголемивме животниот стандард на припадниците на Армијата, како што се:

- ✓ Остварено право на припадниците на Армијата за месечен надомест за закупнина за стан за сите кои немаат добиено стан од градежниот фонд на Армијата/МО;
- ✓ Повисоки критериуми за влез во Армијата;
- ✓ Професионализација на Армијата;
- ✓ Започна исплата на работни часови надвор од работното време;
- ✓ Се воведе исплата на дневници за внатрешна и стражарска служба;
- ✓ Се воведе исплата на јубилејна плата;
- ✓ Се подобрија условите за пензионирање на воените лица;
- ✓ Воведовме бенифициран стаж и надоместок за специјален додаток за припадниците на Армијата/МО кои се на служба во повисоките команди, Генералштабот и Министерството;
- ✓ Воведовме 100% платено боледување за сите припадници на АРМ;
- ✓ Воведовме можност за вработување на професионалните војници по наврошување на старосната граница или можност за отпремнина;
- ✓ Од 2017[та] до денес, платите во Армијата континуирано растат за сите припадници, во некои сегменти достигнувајќи и двојно покачување.

**Месечни приходи во Армијата – пресек декември 2023 година**

| Споредба на висината на месечниот приход на припадниците на Армијата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2016 | 2017 | 2022 | 2022 (НАТО единица) | 2023 | 2023 (НАТО единица) |
| **професионален војник** | 19.321 | 21.933 | 22.168 | [illegible] (26.408+9.752*) | [illegible] (34.657+9.752) | [illegible] | [illegible] (42.864 + 10.928) |
| **подофицер (наредник)** | 24.417 | 27.503 | 27.108 | [illegible] (32.082+9.752*) | [illegible] (42.540+9.752) | [illegible] | [illegible] (47.532 + 10.928) |
| **офицер (полковник)** | 38.998 | 43.771 | 43.170 | [illegible] (50.658+9.752*) | | [illegible] | [illegible] (72.863 + 10.928) |
| **просечна плата во Северна Македонија** | 21.454 | 23.457 | 23.850 | 31.871 | | 38.843 | |

Во периодот 2017-2024, вработени се речиси **1500 нови професионални војници**, повеќе од **250 офицери и речиси 500 подофицери**. Најдобриот доказ за успесите во оваа сфера е зголемениот интерес за војничката професија кој достигна соодноs 1:7.

Усвоен е нов закон за вработените во одбраната со кој се очекува значително подобрување на стандардот на цивилите вработени во Министерството. За прв пат во нашата историја овозможуваме службениците во одбраната да го заземат заслуженото место, особено имајќи предвид дека нивната секојдневна работа овозможи нашата држава да стане полноправна членка и целосно да се интегрира во Алијансата.

Успешно се реализирани синдикални преговори со сите заинтересирани страни и склучен е нов Колективен договор.

Армијата повеќе не е заложник на партиско-политички влијанија и сите нејзини членови се слободни да ја извршуваат својата професија гордо и достоинствено.

## Обновена одбрана

Во изминатиот период повеќе од секогаш вложувавме во реконструкција и ревитализација на објектите и опремување на Армијата, по деценискoто запоставување од страна на претходната владеачка гарнитура. Високиот процент на инвестирање во нова и модерна опрема се должи на фактот на деценискoто запоставување на Армијата, кога не се вложувало ниту во материјални средства, ниту во лична опрема и униформи, ниту во вооружување.

Само за 2024[та] година се обезбедени 2,05% од БДП за буџетот на одбраната, од кои 30% се насочени за опрема и модернизација на Армијата. Со тоа, го постигнавме стандардот на Алијансата за буџет наменет за одбраната.

Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во периодот 2017-2024 година реализираа повеќе проекти за опремување и модернизација на нашата Армија. За прв пат по повеќе од десет години беше спроведена:

- ✓ набавка на лична опрема, униформа (маскирна и службена), спортска опрема, за припадниците на Армијата;
- ✓ набавка на заштитна балистичка опрема (шлем, елек, панцир, штитници за колeници);
- ✓ алпинистичка опрема за единиците за специјална намена;
- ✓ заштитна опрема за АБХО (заштитни маски, одела - заштитни филтрирачки, заштитни наметки, заштитни ракавици, заштитни чорапи, личен прибор за деконтаминација);
- ✓ лична опрема за пилотите (одела, кациги).

Набавени се и повеќе видови на вооружување и опрема:

- ✓ лично пешадиско вооружување (пиштоли, пушки и снајпери);
- ✓ артилериски орудија - хаубици 105мм од Република Турција;
- ✓ лесни оклопни возила од моделите на „Stryker“ и „JLTV“ од САД;
- ✓ системи за противвоздушна одбрана „VSHORAD“ од Република Франција;
- ✓ инженериски машини;
- ✓ медицинска опрема;
- ✓ средства и системи за врски и информатичка опрема.

Во тек е постапка за набавка на воздухопловни хеликоптери.

Во рамки на Министерството формиран е „Авторитет за сајбер одбрана“ како дел од напорите на државата за одбрана од сајбер напади.

Континуирано работиме на зголемување на сајбер капацитетите на Министерството за одбрана и Армијата.

Извршена е надградба на национални капацитети за менаџирање со вооружување, муниција и минско-експлозивни средства.

Нашето небо е небо кое го чуваме заедно со нашите сојузници преку договорите за воздушно патролирање со Грција и Италија.

Нашите воздухоплови повторно се издигнаа под македонското сонце - склучен е договор со чешка компанија за одржување на постоечките хелихоптери, а нови осум се веќе нарачани и ќе бидат испорачани.

## Инфраструктурата – столб на иднината

Не изостанаа ниту инвестициите во цивилната и воената инфраструктура!

- ✓ Изградба на нови и осовременување на старите инфраструктурни објекти за прием, сместување, чување и одржување на новата опрема, како и подобрување на енергетската ефикасност на објектите.
- ✓ Унапредување на просториите за живот и стандард на вработените во одбраната, како и припадниците на Армијата.
- ✓ Го ревитализиравме армискиот полигон Криволак, кој е наша гордост и достоен полигон на НАТО! Повеќе од 8 000 странски војници поминаа дел од својата обука токму таму, преку меѓународни воени вежби.

## Министерството за одбрана стана пример за институционална извонредност!

### Институционален лидер во транспарентност

Министерството за одбрана е институционален лидер во транспарентност и отчетност и е отворено за соработка со сите релевантни чинители во безбедноста и одбраната. Зголемена е активната институционална транспарентност како основна алатка за справување со дезинформациите и лажните вести. Го отворивме Министерството за граѓаните, бидејќи јавноста секогаш има право да ја знае вистината. Веќе трета година по ред, Министертвото за одбрана достигнува 100% транспарентност.

## Стратешки пристап за стратешките комуникации

Направени се значајни чекори во областа на стратегиските комуникации. Донесена е Политика за стратегиски комуникации. Се одржа првата НАТО Конференција во Република Северна Македонија, Конференцијата за комуникатори која е најголема годишна Конференција за комуникатори во Алијансата. Го екипираме Регионалниот центар за односи со јавноста за да се стекне со институционална НАТО акредитација. Тоа е единствениот Центар од вкупно 8 кои побараа институционална акредитација во 2024 година, кој ги исполни критериумите за официјално отпочнување на процесот и е вклучен во програмата на НАТО тимот за обезбедување квалитет за 2024 година.

Трите меѓународни курсеви на РЦОЈ (Основен курс за односи со јавност, Курс за кризна комуникација и Курс за односи со јавност во меѓународни операции) се веќе сертифицирани на ниво NATO Selected, а по добивањето на институционалната акредитација ќе станат и NATO Approved.

## Креираме политики по стандардите на НАТО

Започната е најамбициозната програмска реформа преку Комитетот МКД НАТО 2030, каде во преку десетина поткомитети се работи интензивно на актуелни прашања од одбранбената дипломатија, сајбер безбедноста, актуелизација на Програмата на НАТО за наука преку мир и слично. Изготвени се и усвоени низа стратегиски документи, концепти и акциски планови со кои се постигнуваат меѓународните стандарди и практики и се трасира патот на одбраната кон иднината (Акциски план НАТО наука за мир, Акциски план НАТО и бизнис заедницата, Стратегија за одбрана (2020), Стратегија за сајбер одбрана (2020), Стратегија за градење отпорност и справување со хибридни закани (2021), Долгорочен план за развој на одбранбените способности, Стратегиски одбранбен преглед). Усвоен е нов Концепт за резервен состав, изготвен е нов Концепт за кризен менаџмент и цивилна заштита и подготвен е Предлог закон за заштита на критичната инфраструктура.

## Родово-сензитивна одбрана

Родовата компонента на одбраната ни е особено важна, бидејќи жените и мажите подеднакво го носат товарот на предизвиците со кои се соочуваат современите одбранбени системи. Во изминатиот период, Министерството за одбрана интензивно работи на имплементирање на родовата перспектива, пред сѐ со измените и дополнувањата на Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата во 2020 година, со кој се внесени нови членови со коишто се потенцирани еднаквите можности на мажите и жените, како и почитување на принципот на родовата еднаквост. Исто така, се работи континуирано на имплементирање на родовата перспектива во сите стратегиски документи и програми на коишто се работи и коишто се донесени во Министерството за одбрана. Усвоен е втор Национален акциски план (НАП) за имплементација на Резолуцијата на ООН 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020 – 2025); Креирана е работна група за координација, мониторинг и евалуација на вториот НАП; Воведен е концепт на Нула толеранција во Армијата за сексуално вознемирување и сите други облици на вознемирување; Изработен е и Водич за заштита од вознемирување на работно место; Издаден е регионален прирачник за спречување и одговор на родово базирана дискриминација, сексуално вознемирување и злоупотреба во Министерствата за одбрана и вооружените сили на државите од Западен Балкан; Издадена е регионална студија за положбата на жените во вооружените сили на државите од Западен Балкан; Зголемено е учеството на жените во одбраната, особено на позиции за донесување одлуки. Владата предводена од СДСМ е првата во историјата на независноста која во својот состав имаше министерки за одбрана. Препознаен е концептот на родово буџетирање. Со имплементација на родово-одговорното буџетирање, Министерството за одбрана продолжува со вклучување на родовата компонента во процесот на планирање и буџетирање започнат во 2018 година. Изработена е родово буџетска изјава за Воената академија за периодот 2018-2022 година. Во тек е спроведување на родово одговорно буџетирање за стручно оспособување и усовршување на персоналот во земјата и во странство за периодот 2022-2025 година. Потпишан е и Меморандум за соработка на Министерството за одбрана со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ) за спроведување на родова самопроценка во Министерството за одбрана и Армијата.

## Солидарноста е принцип кој го живееме, а не само флоскула

Овозможено е учество на Армијата во/алоцирани средства за учество во хуманитарни операции, кризен менаџмент и цивилна заштита. И покрај сите предизвици од глобалното опкружување - корона кризата, мигрантската и бегалската криза, војна на европско тло, земјотреси, поплави и останати природни непогоди - одбраната остана на ниво на задачата, покажувајќи исклучителна свесност и солидарност.

## Членството во НАТО значи перспектива и повеќе за сите - безбедноста значи просперитет

Нашата бизнис заедница доби шанса да биде дел од НАТО, со што се проширија перспективите, видиците и шансите на нашите компании. Така се сакаат сопствените граѓани и така се води грижа за подобро утре за сите!

Нашата академска заедница - професорите, студентите и граѓанските организации, имаат нови хоризонти и можност да учествуваат во различни проекти и програми на Алијансата. Многу млади луѓе ги искористија своите амбиции за да се докажат во меѓународни рамки, аплицирајќи за работни позиции во различни НАТО институции и организации.

## Градиме силни партнерства

Од затворена држава и потисната воена дипломатија станавме видливи и ја интензивиравме соработката со државите членки на Алијансата, но и со партнерските земји. Свесни за потребата да бидеме присутни низ светот преку воената дипломатија, успешно спроведовме процес на селекција и назначување воени аташеа во Љубљана, Република Словенија кое ќе биде нерезидентно за Република Хрватска, Република Австрија и Босна и Херцеговина. По застој од 15 години испративме и аташе во Обединетото Кралство, наш верен сојузник. По заршување на мандатот на воените аташеа во Соединетите Американски Држави и Република Франција, испративме нови аташеа кои ќе продолжат во континуитет да ја извршуваат оваа должност.

Пополнет е поголем дел од местата во Мисијата на Република Северна Македонија при Седиштето на НАТО во Брисел, Кралството Белгија и упатени се припадници на МО и Армијата во други команди на НАТО.

Спроведовме интензивни дипломатски и меѓународни активности, со цел унапредување на билатералната соработка, како што се:

- ✓ Потпишување меѓународни договори: за соработка во областа на одбраната (Р. Португалија, Р. Словенија/протокол) за воено образование (Р. Грција); трилатерален Договор за размена на материјали и услуги со Република Словенија и Црна Гора - технички аранжман со SHAPE за поддршка на земја домаќин – VJTF, претседавање со Јадранска повелба, Договор

за стратешко партнерство со САД; нов Договор за соработка со Француската Република;

- ✓ Подготовка, упатување, координација и стручна соработка со претставници од Министерството за одбрана и Армијата на работни позиции во странство (Постојана делегација во НАТО, Канцеларија за врски при SHAPE, НАТО командни структури и НАТО структура на силите); Национални претставници/експерти на состаноци во соодветните работни тела на НАТО; персонал во операции и мисии предводени од НАТО;
- ✓ Координација и стручна соработка при планирање и организација на високи средби со претставници од НАТО/партнерски земји, работилници и конференции во Република Северна Македонија и странство;
- ✓ Одржување стратешки партнерства со САД и развиените демократски земји;
- ✓ Учество во регионални иницијативи од значење: Учество на активности во рамки на RACVIAC – Центарот за безбедносна соработка, членство во SEDM (South East Defense Ministerial) и проектите на СЕДМ (Бригадата на Југоисточна Европа SEEBRIG - South - East European Brigade - МКД земја домаќин во период од 2020 до 2026, SEESIM - South East Europe Simulation Exercise, FLSD - Female Leadership in security and defence, IMIHO - Interconnection of Military Hospitals), Членка на Јадранската повелба со САД/А5 – 2023 - претседавачи со Иницијативата, Defence Cooperation Initiative (DECI) Иницијатива за одбранбена соработка - МКД потенцијален член; „Smart Defence" проектот Балканските медицински наменски сили - Balkan Medical Task Force (BMTF); Концепт на рамковни нации – КРН (Framework Nations Concept – FNC);
- ✓ На армискиот полигон „Криволак" се одржа вежбата „Брз одговор 23", којашто е дел од најголемата мултинационална вежба во Европа оваа година, „Defender Europe 23".

Даваме активен придонес и учество во мисиите на ЕУ, ЕУТМ ЦАР (2020-2023) и ЕУФОР Алтеа, во НАТО мисијата за зајакнато присуство EFP (Enhanced Forward Presence) и EVA (Enhanced Vigilance Activities) во Летонија, Бугарија и Романија, мисијата КФОР преку „Координативниот центар за поддршка од земја домаќин", како и мисијата на ОН UNIFIL (United Nations Interim Force).

## Реформи и инвестиции во безбедна иднина

Во наредните 4 години ќе ги продолжиме успешните реформи во одбранбениот сектор и со стабилно финансирање на одбраната во износ од најмалку 2% од БДП за силна армија заради вистински придонес во Алијансата, но и за силна поддршка на државата во услови на кризи и акции за заштита и спасување на национално ниво.

## Градиме Армија на среќни луѓе и задоволни граѓани

- ✓ Ќе изградиме станови за сите самохрани родители вработени во одбраната и Армијата, како и за членовите на семејствата на загинатите и починати припадници на безбедносните сили и вработени во одбраната кои немаат решено станбено прашање.
- ✓ Ќе продолжиме да ги подобруваме условите за работа на припадниците на Армијата преку проект за изградба на спортски сали и мали спортски терени во сите касарни во државата кој ќе отпочне во рок од шест месеци од формирањето на Владата, со цел да им се овозможат на сите вработени максимално соодветни услови за физичка подготовка.
- ✓ Ќе се донесе нов правилник за начинот на исхрана на припадниците на Армијата со цел внесување здрави и нутритивно поквалитетни намирници и зголемување на квалитетот на исхраната која ја добиваат, во рок од шест месеци од формирањето на Владата. Во консултација со врвни нутриционисти и по примерот на сојузничките армии ќе воведеме нов начин на исхрана, прилагоден на потребите и здравиот начин на исхрана на сите припадници на Армијата.
- ✓ Ќе овозможиме вработување на психолози во рамки на единиците на Армијата и Министерството за одбрана, а воено-медицинскиот центар ќе го зајакнеме со психијатри и друг соодветен медицински персонал и техничка опрема, бидејќи менталното здравје е подеднакво важно како и физичкото.
- ✓ Се грижиме за најмладите! За вработените во АРМ и МО, ќе обезбедиме грижа за нивните најмили преку организирање и екипирање детски катчиња во касарните и другите објекти каде може да се создадат услови за најмладите членови на семејствата на припадниците на Армијата и вработените во одбраната, со цел да им се овозможи подобар баланс помеѓу семејниот и професионалниот живот, во рок од 12 месеци по формирањето на Владата.
- ✓ Во првата година од мандатот, ќе овозможиме дигитализација на процесите за пријавување кандидати за учество во меѓународни мисии и професионално усовршување. Ќе се дигитализира и целиот процес на пријавување и селекција за прием на професионални војници, со вклучен видеонадзор, со што ќе се минимизира улогата на човечкиот фактор во одлучувањето.
- ✓ Ревитализација и реконструкција на воениот камп во Свети Наум и воениот камп во Дојран се дел од нашата визија за Северна Македонија во 2028ма, како и ревитализација на павилјони и сместувачки капацитети во касарните низ државата. Проектот ќе започне да се реализира на почетокот на 2025та година.
- ✓ Караулите кои се долж границата и се надвор од употреба ќе бидат доделени на планинарски, ловни, противпожарни и еколошки друштва за нивни цели и намена, како и за поддршка на туризмот, спортот и рекреацијата за сите граѓани. Постапката ќе отпочне во септември 2024та.
- ✓ Домот на Армијата во центарот на Скопје ќе прерасне во конгресен центар кој доликува на НАТО земја членка, со сместувачки капцитети за потребите на Армијата и на другите државни институции. Проектот ќе започне со реализација на крајот на 2024та и почетокот на 2025та година.
- ✓ Предвидовме и изградба на нова зграда на Генералштабот, проект кој ќе се реализира до 2028ма година.
- ✓ Ќе продолжиме да инвестираме во модернизација на армискиот полигон „Криволак", како домашен и НАТО капацитет, кој ќе придонесе и кон јакнење на локалните и националната економија.

- ✓ Бидејќи веруваме во почитувањето на човековите права и слободи, до крајот на мандатот ќе предложиме воведување на капеланската професија во Армијата, во насока на уважување на слободата на изразување, слободата на мислата и верските права и слободи. Со влезот во НАТО структурите и меѓународните организации, армиските единици стануваат дел од капеланскиот Совет на НАТО и може да учествуваат на Меѓународната конференција за воени капелани. Капеланството го поддржува основниот принцип на слободно остварување на религијата и помага да се збогати духовното, моралното и етичкото ткиво на Армијата.
- ✓ Имаме искуство и знаење кое може да го понудиме и да го надградиме: Регионалниот центар за односи со јавноста (РЦОЈ) во рамки на Министерството за одбрана, како акредитиран НАТО Центар за обука и едукација, ќе го развиеме како Регионален центар за борба против дезинформации и лажни вести за потребите на јужното крило на НАТО, во тесна соработка со Центарот за извонредност за стратегиски комуникации во Рига. Во согласност со потребите и насоките од НАТО, како долгорочна цел истиот би прераснал во Центар за извонредност за односи со јавноста.

## Се грижиме за животната средина! Еко одбрана преку инфраструктурни инвестиции

- ✓ Касарната „Илинден“ е веќе гасифицирана, а во касарните „Страшо Пинџур“ во Петровец и „Боро Менков“ во Куманово целосно е завршена потребната инсталација и двете касарни ќе бидат поврзани со гасовод. Касарната „Гоце Делчев“ во Скопје е веќе приклучна на скопската дистрибутивна мрежа. Пренамена на енергенсот се планира и за останатите касарни низ државата.
- ✓ Во наредниот период ќе го финализираме проектот за поставување фотоволтаици на сите објекти на Армијата и Министерството, со што ќе гарантираме за енергетска независност.
- ✓ Планот за повисоки еколошки стандарди е сеопфатен и предвидува поголем број на активности, кои директно влијаат на намалување на нивото на јаглерод диоксид кој се испушта од објектите на Армијата, а се предвидува и целосно покривање на потребите од електрична енергија со сопствено производство, зголемување на енергетската ефикасност на објектите, како и континуирано следење на влијанието на армиските активности врз животната средина.
- ✓ Во тој дух, ќе набавиме нови еколошки возила и ќе ги замениме старите и дотраени возила од возниот парк.

## Наменското производство е од стратешки интерес за државата и нашата бизнис заедница!

Државата ќе го поддржи развојот на капацитетите за наменско производство во воена индустрија преку отварање наменски индустриски зони за одбранбена индустрија и ќе ги поддржи домашните комапнии кои се дел од наменското производство. Македонски компании ќе обезбедуваат логистика за нашата армија!

Законот за јавни набавки ќе го промениме за да имаме ефикасен систем на обезбедување на логистиката која е суштинска за непречено функционирање на Армијата. Најдобар квалитет, а не најниска цена. Армијата заслужува квалитет.

Армиските единици ќе добијат поголема фискална независност, со цел поефикасен одговор на нивните потреби. Со тоа ќе овозможиме македонски компании долгорочно да ги произведуваат униформите и чевлите за македонската Армија.

## Воената дипломатија ќе се врати во фокусот

Министерството за обрана, во соработка со академската заедница и центрите за обука, ќе поддржи развој на програми за истражување и изучување на воената дипломатија, како и публикации од областа.

## Военото образование ќе добие нова димензија и значење

До крајот на мандатот, ќе извршиме целосна реконструкција на Воената академија, како што доликува на врвна високообразовна институција на НАТО Армија. Со определени технички зафати ќе се зголеми капацитетот за вршење настава, а ќе се ревитализираат и дел од сместувачките објекти, училници и лаборатории. Во рамки на касарната за прв пат ќе се изгради спортска сала. Ќе се отвори институт за сајбер безбедност во насока на континуираното градење резилиентност.

Сите во одбрана и заштита! - иако рецидив на едно минато време, претставува концепт за кој сметаме дека треба да се ремоделира, согласно предизвиците на новото време и да ги подготви младите за соочување со кризни ситуации и животни предизвици. Затоа, во соработка со Министерството за образование и Бирото за развој на образованието, ќе најдеме соодветен модус да ги приближиме овие теми до учениците и студентите, во насока на градење општествена отпорност и кохезија.

## Активна поддршка и поттик за младите

За првпат во историјата на независноста овозможивме стипендирање на најдобрите студенти од критичните специјалности. Веруваме во младите луѓе кои се мотивирани и можат да бидат додадена вредност за одбраната и за Армијата. Ги мотивираме и им отвораме нови можности за личен и професионален развој преку стипенидрање на критични специјалности. Преку ангажирање и мотивирање млади, амбициозни и квалификувани кадри и нивна соодветна обука за работа во структурите на НАТО, ќе обезбедиме способна национална структура за НАТО која соодветно ќе нѐ претставува.

Именувавме и службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите.

### Секој еден е важен, и затоа нашата успешна приказна ќе продолжи

Многу е направено, но има уште многу да се направи. Во фокусот на активностите на следната Влада предводена од СДСМ ќе биде воспоставувањето на интегриран систем за цивилна заштита, со вклучување на сите чинители кои претходно биле заборавени или запоставени, согласно седумте принципи на отпорност на НАТО Алијансата.

Во следниот мандат ќе продолжиме да работиме посветено и да обезбедиме достинствен живот и услови за работа на пожарникарите - хероите на секој град. Во првите шест месеци од формирањето на Владата ќе усвоиме нов закон за пожарникарството. Со тоа, сите пожарникари во земјата ќе имаат иста плата**,** која ќе изнесува најмалку **две просечни плати** преку единствена централна агенција која ќе се грижи за сите нив и за опремата.

- ✓ Ќе ја намалиме стапката на ДДВ за набавка на противпожарна опрема, како и царината за увоз на ПП возила за специјална намена;
- ✓ Доброволните противпожарни друштва ќе бидат препознаени, признаени и ќе добијат соодветна поддршка во системот на цивилна заштита и спасување;
- ✓ Ќе го унапредиме животниот стандард и условите за работа на сите пожарникари во земјата;
- ✓ Ќе овозможиме екипирање и поддршка за територијалните противпожарни единици.

Бидејќи секој еден е важен, ќе обезбедиме вклучување на планин**а**рските друштва во системот за заштита и спасување.

### Додека градиме иднина, не го заборавваме минатото

Започната е иницијатива за поставување спомен обележја на загинатите бранители за чие наследство внимателно се грижиме и денес. Затоа, ќе изградиме современ Воен музеј и Музеј на загинатите бранители во периодот 2024-2025 година.

### Солидарност - воена и техничка помош за Украина

Во слава и спомен на сите борци загинати за слобода, застанавме рамо до рамо со сите цивилизирани и прогресивни демократски држави во принципиелна поддршка на суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина и слободата и независноста на украинскиот народ преку значителна воено-техничка поддршка  четврт најголем донатор на воена помош од земјите членки на НАТО сметано по глава на жител (авиони Су-25, стари хеликоптери Ми-24, тенкови од советско производство Т-72, разни видови мало оружје и муниција, како и обука за украински војници)!

Заради сето ова, и уште повеќе за сите граѓани, нашата успешна приказна ќе продолжи!

Ќе продолжиме да ги стимулираме младите преку стипендирање на критични специјалности.

Ќе продолжиме да ги поддржуваме резервните офицери!

Ќе продолжиме да инвестираме во одбранбената дипломатија!

Ќе продолжиме да градиме иднина за младите, и спокојна старост за највозрасните!

Бидејќи оваа земја е сѐ што имаме и го заслушува најдоброто од секој од нас!

Бидејќи не дојдовме до тука, за да се вратиме назад!

## 2. Мирен и безбеден живот

Водени од нашиот принцип „Задоволна полиција- безбедни граѓани“, продолжуваме целосно да се грижиме за вработените во безбедносниот сектор, како во однос на материјалниот и социјален статус, животниот стандард, така и во однос на нивната понатамошна обука и професионализација. Само задоволна и мотивирана полиција и вработени можат да ја гарантираат безбедноста на државата и сигурноста на граѓаните. Токму затоа, се вложува многу за реализација на проекти за подобрување на работните услови.

### МВР ЗА ГРАЃАНИТЕ - Нашите резултати:

- ✓ Во изминатите четири години, продолживме да ја гарантираме безбедноста на граѓаните и да ја јакнеме довербата на граѓаните во институциите.
- ✓ Успеавме МВР да го направиме една од најтранспарентните институции во општеството. Активната транспарентност на МВР од 59,5% во 2016, во 2023 изнесува 87,5%. Преку квалитетниот однос со медиумите и медиумските работници, обезбедивме соодветно информирање на граѓаните и заштита од неквалитетни, непроверени, непотврдени или лажни вести. И според резултатите на организациите кои се занимаваат со демократските права, слобода на медиумите и транспарентност на институциите, МВР стана една од најтранспарентните институции во земјата и регионот, односно Индексот на отвореност за МВР говори за 76.10% исполнетост на индикаторите за отвореност.
- ✓ Според рангирањето на Глобалниот индекс на мир во 2022 година, Република Северна Македонија е во друштвото на 36 најбезбедни држави во светот (прва меѓу земјите од Западен Балкан), со скок од 67 места од 2017 година.
- ✓ Довербата на граѓаните во полицијата ја зголемивме, од ниските 23% во 2015 година, како резултат на масовното прислушкување на граѓаните на високи 65%.
- ✓ Ставивме крај на хибридни закани, активности и напади преку социјалните мрежи заради ширење на невистинити информации, дезинформации, говор на омраза и лажните дојави за бомби како тип на закани.
- ✓ Во насока на успешна борба против корупцијата во редовите на полицијата, особено во делот на граничната и сообраќајната полиција, набавивме и ставивме во употреба над 700 телесни камери како дел од униформите на полициските службеници. Со нивното ставање во употреба создадовме предуслови за ефикасна борба против корупцијата во редовите на полицијата, како и за подигање на нивото на професионализација при вршењето секојдневни полициски работи.

- ✓ Го надградивме системот за личните документи и од јули 2021 година го започнавме издавањето на личните документи на седум јазици. Со тоа им овозможивме на припадниците на заедниците да ја негуваат и развиваат етничката припадност, а државата обезбедува гаранција и заштита на етничката посебност на сите свои граѓани. Набавивме 10 нови фиксни базни станици и 6 мобилни станици и со тоа овозможивме поврзување на одредени амбасади во странство со системот на личните документи на МВР. Со тоа овозможивме македонските граѓани кои живеат во дијаспората да ја отпочнат постапката за вадење и подигање на документите во амбасадите во државите во кои живеат. Вредноста на набавените фиксни базни и мобилни станици изнесува 155 440 евра. На овој начин, покажавме слух за барањата на нашите иселеници кои живеат во дијаспората, овозможувајќи им побрзо да дојдат до пасоши. Истовремено, завршивме еден сложен процес по кој се отпочна со издавање лични документи со новото име на државата. Успеавме заемно да ги признаеме возачките дозволи со Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Кралството на Данска.
- ✓ Ја завршивме четврта фаза од надградба на Тетра системот. МВР во соработка со Центарот за управување со кризи учествува во имплементација на проектот за единствен број за итни повици Е112. Го имплементиравме новото софтверско решение преку кое ќе се врши целосна следливост на огненото оружје и муниција од неговиот влез во државата на граничните премини, преку царината, па сè до продавниците и граѓаните. На Меѓународниот аеродром во Скопје формиравме и опремивме посебна меѓу-институционална единица составена од полициски и царински службеници, која го контролира багажот и податоците на патниците со цел спречување, откривање и водење истраги за кривични дела тероризам и други тешки кривични дела. Заради побрзо откривање на сторителите на кривични дела ги поврзавме форензичките бази на МВР со базите на Интерпол.
- ✓ Ги изменивме законите од надлежност на МВР кои предвидуваат усогласување на паричните казни за прекршоци со износите предвидени во Законот за прекршоци. Го реализиравме ветувањето за ублажување на казнената политика за прекршоците сторени од граѓаните и фирмите и одмерување на казната во зависност од нивните приходи.
- ✓ Од голема важност за државата и нејзините граѓани е реализацијата на капиталниот проект ИКТ податочен центар во Прилеп, кој е изграден од Владата предводена од СДСМ по сите безбедносни стандарди. Суштината на овој проект се состои во овозможување континуирана работа и заштита на податоците од системите на државните институции во случај на катастрофа. Овој објект е изграден од претпристапната помош на ИПА фондовите во износ од 3,25 милиони евра и 150 000 евра од МВР како краен корисник на овој капитален објект.
- ✓ Го потпишавме договорот со ФРОНТЕКС на 26 октомври 2022 година во Скопје, кој е првиот официјален договор потпишан на македонски јазик помеѓу нашата држава и ЕУ. Потоа следеше и вториот документ со Европската Комисија – ревидиран аранжман за спроведување на Заедничкиот план за акција за борба против тероризмот во Западен Балкан, на македонски јазик. Со официјалната употреба на македонскиот јазик во овие документи, меѓународно ја верифицкувавме посебноста на македонскиот јазик.
- ✓ По иницијатива на Агенцијата на здруженијата на работодавачи на превозниците Макамтранс, а заради намалување на трошоците за замена на регистарските таблици со новото име на државата, создадовме правна можност за употреба на налепници на регистарските таблици наместо да се издаваат нови таблици како обврска од Преспанскиот договор. Со тоа се потврди дека се грижиме не само за граѓаните, туку и за фирмите.
- ✓ Уверението за државјанство на Република Северна Македонија започнавме да го издаваме и во електронска форма.
- ✓ Ги изменивме Законот за лична карта и Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, со што го решаваме повеќедеценискиот проблем на неевидентираните лица, односно таканаречените фантоми. Со измените ја проширивме листата на документи со кои едно лице може да пријави живеалиште и да добие лична карта, со што придонесовме за нивна поголема видливост и овозможивме овие наши сограѓани да имаат пристап до основните социјални, здравствени и образовни права.
- ✓ На три локации во Скопје обезбедивме и поставивме три таблети за достапност и полесно користење на услугите на МВР од страна на глувите и наглувите лица.
- ✓ Во мандатот на ова Влада, полициските хеликоптери се опремија со современа опрема со која учествуваме во гаснењето на пожарите. Преку успешна соработка со Министерството за здравство, полициските воздухоплови започнаа да учествуваат во спасувањето пациенти кои се здравствено или животно загрозени. Очигледна е разликата во однос на 2017 година кога полициските хеликоптери беа целосно „приземјени“ и нефункционални заради недостиг на резервни делови и опрема.
- ✓ Во 2017 година од Владата на Република Северна Македонија формиран е Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам. Во 2019 година со Европската Комисија потпишавме Заеднички Акциски план за борба против тероризмот, кој е ревидиран во декември 2022 година. За степенот на реализацијата на овој акционен план двапати годишно ја известуваме Европската комисија. Во периодот од 2020 до 2024 година донесени се бројни акти, договори и две нови национални стратегии за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот (2023-2027) со акциски планови, со што создаваме предуслови за поуспешна борба против тероризмот и насилниот екстремизам. Во затворите, формиравме мултидисциплинирани тимови со цел зајакнување на надзорот и контролата врз радикализираните осудени лица за кривични дела тероризам, преку следење на однесувањето и дејствувањето во текот на издржувањето на казната затвор. Се спроведува посебна индивидуална програма за осуденото лице, која ќе започне во период од 6 до 12 месеци пред датумот на излегување од затвор, период во кој треба да се интензивираат актив-

ностите за реинтеграција на лицето во општеството, како и мониторингот на процесот на реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација по излегувањето од затвор.

## МВР ЗА СВОИТЕ ВРАБОТЕНИ

- ✓ Посветени на квалитетот на услугите кои ги обезбедуваме за граѓаните и останатите институции, а во духот на премисата „Задоволна полиција - задоволни граѓани“, воспоставивме професионални и сигурни стандарди на работа на полицијата.
- ✓ Вложуваме во **опремувањето на полицијата во униформи и опрема и во периодот од 2017 до крајот на 2023 година тоа изнесува 1.151.923.932 денари, односно 18.579.418 евра**, а во периодот од 2020 до 2024 вредноста на опремата изнесува 553.376.674 денари или **8.925.430 евра**.
- ✓ **Инвестираме во изградба на нови објекти на МВР, спроведовме материјално**-техничко **реновирање на вкупно 80 објекти, како и поправки на објектите на службите и одморалиштата на МВР. Во периодот од 2017 до крајот на 2023 вредноста на инвестициите изнесува скоро 639.000.000 денари**, а во пос**ледните четири години изнесува 528.978.522 денари**. Имплементиравме енергетска ефикасност во сите 80 **реконструирани објекти. Капиталните инвестиции кои се во тек и ќе продолжат и во 2024 години изнесуваат 1.055.550.238 денари или 17.025.004 евра.**
- ✓ **Во 2022 година ја зголемивме платата на враб**отените во МВР за 5%, потоа на 1.**3.2023 година линеарно ја зголемивме платата на вработените во бруто износ од 3.086 денари, а септемвриската палата во 2023 година е поголема за дополнителни 10 %, односно во изминатите седум години вкупно 35%**. Во текот на последните четири години исплативме бонус плати за вработени кои оствариле над 150 часа прекувремена работа во вкупен износ од 669.728.386,00 денари. Покрај ова, во 2020 година **го зголемивме додатокот на плата за специфичните и дефицитарните кадри кои недостигаат во делот на информатиката, телекомуникациите, борбата против компјутерски криминал и службите за ИПА проекти, со што го спречивме одливот на кадри од овие служби.**
- ✓ **Покрај грижата за своите вработени, се грижиме и за нашите пензионери.** Создадовме законска можност за пензионерите од МВР кои пензијата ја оствариле меѓу 1994 и 2010 да можат да направат нова пресметка на износот на пензијата. Со тоа ја отстранивме неправдата кон нив и ги ставивме во иста положба со пензионерите кои се стекнаа со пензија пред 1994 и по 2010 година.
- ✓ **Во однос на условите за пензионирање на жените во МВР, ја ставивме во фокус** заштитата на жената-работничка. Предвидовме законски можности жената-работничка да може да замине во пензија со 38 години пензиски стаж, доколку поднесе барање за тоа.
- ✓ **Нов колективен договор на МВР во кој предвидовме низа поволности за вработените како:**
- ✓ **употреба на родовиот речник и терминологија**, за прв пат во колективното договарање во државата;
- ✓ исплата на 5% за домашно дежурство на неуниформираните полициски службеници;
- ✓ исплата на еднократен износ од 100 евра во денарска противвредност за секое новородено дете од страна на припадничките на МВР;
- ✓ исплата на паричен износ од 150 евра во денарска противвредност за менторите;
- ✓ платена пауза за припадничките на МВР кои се оствариле како мајки, по завршувањето на породилното отсуство до навршени 15 месеци на детето;
- ✓ нови јубилејни награди за непрекинато и ефективно работење во МВР од 10 години и
- ✓ многу други економски и социјални поволности за вработените.
- ✓ Заради зајакнување на можностите на земјата во борбата против корупцијата, особено во однос на транспарентноста, интегритетот и одговорноста на вработените во МВР, а по препораки на ГРЕКО, направивме измени на законите со кои се обезбедува оперативна независност на полицијата. **Министерот нема да се меша во оперативното работење на полицијата како сервис на граѓаните.**
- ✓ Во насока на зајакнување на интегритетот на вработените во Министерството воведовме **Тест за интегритет за лица кои се вработуваат во МВР**. Воведовме континуирана проверка на професионалниот интегритет на вработените. Создадовме услови работните задачи од страна на вработените да се извршуваат на политички неутрален начин, при што **определена е забрана за членување во политичка партија, покрај веќе утврдените забрани за основање, раководење, застапување и претставување политичка партија или членување во органи и тела на политичка партија**. Непочитувањето на политичката неутралност претставува еден од потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина. Предвидовме обврска за **поднесување Изјава за имотна состојба и интереси за вработените во МВР во насока на зајакнување на заложбите во борбата против корупцијата**. Со тоа, имотот на полицајците ќе биде предмет на двојна контрола и увид од страна на внатрешната контрола во МВР и од страна на ДКСК. Заради професионално и објективно водење на дисциплинската постапка, ова раководство на МВР предвиде и формира посебна служба за спроведување на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност на работниците. Воспоставивме **објективни и професионални критериуми** за назначувањето **директор на Бирото за јавна безбедност** да има безбедносна проверка и да не постои безбедносен ризик за негово именување; да не е утврдено постоење на судир на интереси и да има положено Тест за интегритет.
- ✓ Поставен е камен темелник на **нова Полициската станица** од општа надлежност Аеродром. Ова е трет нов објект, изграден од раководството на МВР во мандатот на Владата предводена од СДСМ, по **ИКТ Центарот во Прилеп и Форензичка лабораторија**. Вредноста на овој објект е проценета на околу 105 милиони денари.
- ✓ Во седиштето на МВР пуштивме во употреба **нов објект на Одделот за форензички испитувања**, капи-

тален проект со ИПА средства од пристапната помош на Европската Унија. За прв пат во историјата на форензичките испитувања, на високо ниво ги унапредивме условите за работа на полициските службеници. Од друга страна, овие модерни и добро опремени форензички лаборатории ќе бидат корисна алатка на полицијата и правосудниот систем во борбата со криминалот, што ќе резултира со поквалитетна истрага и зголемена откривачка дејност. Одделот за форензички испитувања е акредитиран согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 17025 за компетентно, непристрасно и доследно работење на лабораториите. За реализација на овој проект се издвоени над 3 милиони евра во рамки на ИПА програмите.

## МВР за граѓаните и вработените - не се откажуваме, продолжуваме напред

И во наредните четири години ќе продолжиме да ја гарантираме **безбедноста на граѓаните и да ја јакнеме довербата на граѓаните во МВР**.

- ✓ Ќе продолжиме преку **квалитетниот однос со медиумите и медиумските работници** да обезбедуваме правилно информирање на граѓаните и заштита од неквалитетни, непроверени, непотврдени или лажни вести. Ќе продолжиме како и досега да се справуваме со хибридни закани, активности и напади преку социјалните мрежи заради ширење на невистинити информации, дезинформации, говор на омраза и лажните дојави за бомби како тип на закани.

- ✓ Степенот на сериозноста на работните задачи на припадниците на МВР ќе се рефлектира врз потребата од понатамошно **задржување на нивниот посебен и специфичен статус.** Примањата и другите додатоци ќе продолжат да растат. Со непроменето темпо ќе вложуваме во опремувањето на полицијата со униформ**и и опрема.**

- ✓ **Во новиот мандат,** приоритети за вработување во МВР ќе имаат дипломираните криминалисти, а посебно внимание ќе посветиме и на вработување на информатичарите и на другите дефицитарни кадри.

- ✓ **Продолжуваме со реализација на** тестот за интегритет и тестот за професионален интегритет **и во комбинација со употребата на телесните камери како дел од униформата на полицајците, успешно ќе се справиме со корупцијата во своите редови. Имотот на вработените во МВР продолжува постојано да се следи од страна на надлежните служби и институции.**

- ✓ **Во наредните четири години, ќе продолжиме со професионализацијата на кадарот и ќе го задржиме сегашниот статус на вработените** во МВР. Тоа ќе придонесе сите припадниците на МВР да продолжат одлучно и неселективно да се борат **против организираниот криминал, корупцијата, прекуграничниот криминал и миграцијата**. Обучени и добро мотивирани кадри ќе придонесат за зголемување на нивото на јавната безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај, ќе продолжи борбата за родова еднаквост и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, ќе продолжи борбата против сајбер нападите и поддршката на меѓународните напори за зачувување на мирот.

- ✓ **За да се** професионализира кадарот во МВР, особено раководниот кадар, **предвидуваме** полагање посебен испит предвиден за новите раководни структури. Во наредниот период ќе извршиме ревизиј**а на постојната и воведување нова современа полициска обука. Обуката** ќе им овозможи на идните полициски службеници да ја препознаат полицијата како служба која е сервис на граѓаните и која користејќи ги современите модели на полициско работење ќе гради пријателски меѓусебни односи во општеството. Покрај обуката, ќе овозможиме континуирано внатрешно едуцирање на вработените за постојано да ги следат промените и предизвиците на основната водилка на полициската професија – модерен полицаец – пријател на граѓаните. Сериозно кадровско и просторно **ќе ги зајакнеме службите кои се борат против организираниот криминал, особено специјализираните служби за борбата против трговијата со луѓе и илегална миграција. Со помош на партнерските држави ќе ги зајакнеме националните капацитети за финансиски истраги. На едно повисоко ниво ќе ја издигнеме и унапредиме досегашната успешна и координирана соработка меѓу институциите вклучени во Националниот комитет за спречување на насилен криминал и борба против тероризмот. Продолжуваме со силното темпо во инвестирање во инфраструктура и опрема за полициските службеници, како и во грижата за нивниот животен стандард.**

- ✓ **Во наредниот мандат, ќе ги унапредиме условите за искористување на капацитетите на** пензионираните полициски службеници. Република Северна Македонија е мала држава, со многу ограничени ресурси. Полициските службеници заминуваат во пензија релативно млади и со себе ги носат стекнатите искуства, кои потоа може да бидат силна поддршка и во обуката и во редовното полициско работење. Ќе воспоставиме јасни критериуми кој од пензионираните полициски службеници **и за што ќе биде ангажиран во МВР. Ова е пракса во повеќето европски држави, како и во САД. Ќе дадеме силна поддршка на процесот на испраќање на полициските службеници на мисии во странство. Ќе го поттикнеме формирањето здруженија на граѓани од поранешните вработени на МВР и ќе ја поддржиме и промовираме нивната активност.**

- ✓ Со несмалено темпо, преку домаќинско управување со финансиите, ќе ја опремуваме полицијата со **нови моторни возила и ќе спроведеме модернизација на воздухопловните единици со** набавка на 6 нови хеликоптери во вредност 120 000 000 евра.

- ✓ **Продолжуваме да инвестираме во изградба на нови објекти. Во наредниот период започнуваме со изградба на нов објект на** Полициска станица од општа надлежност во општина Бутел **за која ќе бидат издвоени околу 105 милиони денари. Заради создавање на услови за физичка подготвеност на** Специјалната антитерористичка единица Тигар**, ќе изградиме** нова спортска сала **во вредност од 100 000 до 300 000 евра. Во наредниот период ќе следи целосна адаптација на** Центарот за обука и комплетно реновирање на Секторот за внатрешни работи - Штип. Ќе извршиме пренамена на дел од просториите во седиштето на МВР и проширување на службите во овој простор. **Агенцијата за национална безбедност просторно ќе се оддели од седиштето на МВР**. Со новиот

објект за форензички испитувања ќе создадеме нов професионален поттик за поуспешна работа на вработените во оваа служба. Со реновираните услови во граѓанските служби ќе влијаеме врз квалитетот на услугите, особено во Скопје, каде претстои целосна адаптација на просторот.

## SAFE CITIES на цела територија на државата

По неколку неуспешни обиди, конечно успешно ја набавивме опремата за **Проектот Сигурни градови (**Safe cities). **Изминатите години веќе ги видовме придобивките од користењето на опремата од овој проект од државно значење. Создаваме законски предуслови за практична имплементација на проектот.**

**Со натамошно спроведување на** Проектот Сигурни градови (Safe cities) **значително ќе ја зголемиме безбедноста на граѓаните, преку целосен и детален увид на состојбата на раскрсниците и улиците во** Скопје, Тетово и Куманово, како и долж патиштата в**о државата. Во наредниот период ќе продолжиме со надградба и проширување на овој проект на целата територија на државата**, **со цел зголемување на безбедноста на граѓаните и олеснување на работата на полицијата преку увид на фактичката состојба во сите градови и на сите патишта**.

**Овој проект има извонредно значење за секојдневното извршување на задачите на полицијата во однос на сообраќајните прекршоци, сериозните кривични дела и нарушувањата на јавниот ред и мир од поголем обем.**

**Продолжуваме со пополнување на слободните работни места полицаец, со цел финализирање на** концептот на „Маалски полицаец“. Во периодот од 2020 до крајот на 2023 година примивме вкупно 1195 полицајци, со што се очекува зголемување на нивното прису**ство во градовите и создавање чувство на поголема сигурност на граѓаните. Во 2023 година селектиравме нови 511 нови кадети за полицајци, за кои во тек е обука во траење од една година во Центарот за обука на МВР, по што ќе направиме избор на полицајци од најдобро рангираните кандидати. Сериозно ќе посветуваме внимание на обуката на новите кадети, а ќе инвестираме и во нивната униформа и опрема.**

**Целосно ги реализиравме активностите во однос на кратките рокови за наплата на казните и предвидовме нивелирањето на казните според примањата.**

## За мирот на граѓаните - стоп за бучавата

Со целиот институционален капацитет во изминатите седум години ја гарантиравме безбедноста на секој граѓанин и преземавме бројни мерки и активности за подигање на заштитата на едно повисоко ниво. Безбедноста на граѓаните беше и сè уште е силна во фокусот на оваа влада. Заштита на мирот на граѓаните, особено **мирот на граѓаните кои живеат во центрите на поголемите градови, неоправдано остана во втор план**. Знаеме дека можеше да се стори повеќе и подобро. Во услови на гласна музика од угостителските објекти, бучава од спортските обложувалници, од јавните места на кои се собираат и циркулираат поголем број на граѓани, мирот на граѓаните мора да биде поставен високо во приоритетите на МВР и на другите државни институции. Во наредниот период ќе пристапиме кон **измена на прекршокот за нарушување на мирот на граѓаните од бука, гласна музика и други активности кои не им даваат спокој на нашите сограѓаните во текот на целиот ден**. Од тие причини, ќе предвидиме можност за **казнување на сите субјекти** кои го нарушуваат мирот на граѓаните со секакви активности и тоа во било кое време од денот. **Комуналните полицајци, како нова институција** ќе имаат поделени овластувањата за иницирање на овие постапки и ќе бидат своевидно зајакнување на капацитетите на МВР за овие условно речени „полесни комунални прекршоци“. Целосната реализација на концептот „**Маалски полицаец**“ многу ќе придонесе овие нарушувања на секојдневието на граѓаните да бидат превенирани и да нема потреба од преземање репресивни мерки, а мирот на граѓаните целосно и безусловно да го обезбедиме и гарантираме.

## Конфискуваниот имот од организираниот криминал и корупцијата ќе се користи за јавен интерес и за социјални цели

**Конфискацијата на нелегално стекнатиот** имот е еден од показателите колку една држава вистински е посветена во борбата против организираниот криминал и корупција. Не постои успех во сузбивањето на организираниот криминал ако од криминалците не се одземе неосновано стекнатиот имот. Во изминатиот период ги зајакнавме капацитетите на МВР во борбата против организираниот криминал и спроведовме бројни обуки на персоналот за начинот на спроведување на успешни финансиски истраги. Со донесената Стратегија за јакнење на капацитетите на институциите задолжени за водење на финансиска истрага и конфискација на имот, одреден процент од средствата добиени од продажбата на конфискуваниот имот се распоредува на надлежната институција (МВР, Јавно обвинителство, Финансиска полиција и Царинска управа) која ја водела конкретната финансиска истрага и како резултат на таа успешна истрага се одзел одреден имот. Со донесувањето на новиот Закон за управување со конфискуван имот предвидено е одреден процент од продажбата на конфискуваниот имот и одземени предмети да заврши кај институциите кои се заслужни за успехот на финансиската истрага. На овој начин оправдано очекуваме да се зголеми мотивираноста и компетитивноста на надлежните институции при спроведувањето на финансиските истраги. При успешно завршена финансиска истрага, со дел од финансиските средства кои ќе се добијат од продажбата на конфискуваниот имот ќе ги зајакнеме институционалните капацитети на службите кои ги водат финансиските истраги.

Доколку одземените предмети и конфискуваниот имот не можат да се продадат, со новиот Закон кој треба да се донесе (во собраниска постапка), предвидена е процедура со која ќе ги пренасочиме имотот и средствата кај невладините организации, наменети за проекти за социјални цели. Организациите и фондациите каде ќе заврши имотот и предметите ќе бидат избрани во транспарентни јавни повици. Овој начин на постапување со имотот и предметите е согласно европското законодавство, во законот се транспонира европска директива.

Со овој проект, кој ќе се реализира во првата половина на идниот мандат на новата Влада предводена од СДСМ, граѓаните ќе ги забележат придобивките од конфискуваниот имот, а на криминалците ќе им се докаже дека криминалот не е исплатлив.

## Македонското државјанство не се купува

**На почетокот на новиот мандат ќе иницираме постапка за укинување**, односно заострување на економските критериуми за прием во македонското државјанство. Надлежните институции, Министерството за финансии и Министерството за економија врз основа на економските анализи ќе одлучат дали ќе ја укинат оваа правна основа за стекнување со македонското државјанство или ќе ги заострат условите за стекнување со оваа привилегија. Агенцијата за национална безбедност ќе ги штити националните интереси преку вршење сериозни и сеопфатни проверки за загрозеноста на безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија од приемот во македонско државјанство на странци.

## Реформа  на безбедносните служби

Долги години по независноста, безбедносните служби беа третирани како инструмент за контрола на политичките противници.

Со зачленувањето во НАТО, како и со кандидатскиот статус за членство во ЕУ и почетокот на простапните преговори, Северна Македонија има одговорност да ја спроведува работата на безбедносните служби во согласност со Уставот и законите според европските стандарди.

Во насока на операционализација на наведените приоритети, во изминатиот мандат ја поставивме реформата на безбедносно-разузнавачките служби високо на агендата во Реформскиот план, а со цел создавање реформирана, професионална, независна и отчетна институција, која ќе постапува согласно нови строго пропишани законски норми, во согласност со високи етички и професионални стандарди, а во насока на исполнување на препораките на ЕУ.

Неколкугодишниот процес на реформа на безбедносно-разузнавачкиот систем, инициран по аферата со масовното незаконско прислушување, резултираше со сериозни промени, но има простор за натамошни подобрувања. Реформата досега меѓу другото резултираше со поделба на надлежностите кои ги имаше некогашната семоќна УБК и нејзина трансформација во две одвоени институции – Оперативно-техничката агенција и Агенцијата за национална безбедност, едната може само да ги пресретнува електронските комуникации, а другата ги добива тие комуникации. Она што се уште треба подобро да функционира и во следниот период дополнително ќе вложиме напори е граѓанскиот надзор и контрола врз тоа колку законски работат овие две организации, клучни во системот на безбедност. На тој начин натамошно ќе ја зајакнеме и довербата кај граѓаните во безбедносните служби.

Во наредниот мандат ќе ги финишираме реформите во овој сектор. Почетокот на преговорите носи дополнителни барања кои се поврзани со заштитата на човековите права и слободи и затоа работата и отчетот на разузнавачката заедница мора да биде во согласност со европските стандарди. Само целосно реформирани институции кои имаат мандат да вршат надзор и контрола согласно европски стандарди можат да придонесат значително во обезбедувањето на демократската транзиција и враќањето на довербата на граѓаните, пред се во државата и нејзините институции.

## Борба против организиран криминал и корупција

Целокупната безбедносна состојба во Северна Македонија може да се оцени како стабилна, но има одредени предизвици кои бараат континуирано внимание и ангажман. Во овој контекст, во следниот мандат уште позасилено внимание ќе се посвети на областите од борбата против организираниот криминал и корупцијата, кои го поткопуваат владеењето на правото, а се клучни за заштита на демократските вредности.

Наш приоритет е да покажеме дека никој не е заштитен со закон, па ни функционери на која било власт. Искреноста и интегритетот се наши императиви и тие мора да ја победат корупцијата и сервилноста. Заради тоа, на ниво на Влада беше формирано меѓуресорско тело за координација на антикорупциските активности и предложен Закон за изменување и дополнување на Законот за рестриктивни мерки, во кој сите директиви и лица ставени на листата на санкции на Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство ќе бидат ставени во законска рамка за да немаат можност да учествуваат во јавните набавки, да бидат дел од Владата, ниту да бидат кандидати за јавни функции. Секако, за спроведување на мерките од овој закон ќе се користат и каналите на меѓународна соработка, пред сѐ Интерпол, Европол, СЕЛЕК и др., преку кои ќе се овозможи непречено да течат потребните информации во насока на натамошно обезбедување докази и спроведување на неговите надлежности.

Откривачката функција на полицијата е зголемена за цели 50 отсто во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Во периодот од 2017 до 2023 година, поднесени се вкупно 44 кривични пријави против 170 физички и 2 (две) правни лица“, додавајќи дека нашите стратешки партнери, Европската Унија и Соединетите американски Држави, ја препознаваат нашата посветеност и нашата силна посветеност на реформите во судството и спроведувањето на системските реформи со зајакната антикорупциска политика. Можам да кажам дека само во 2023 година МВР утврди над 64 коруптивни злоупотреби, откривме 121 кривично дело, со вкупно 178 сторители, кои направиле материјална штета од над 350 милиони денари.

Од страна на Единицата за борба против корупција во периодот од 2019-2023 година има воспоставено шест меѓу секторски криминалистички обработки и има поднесено вкупно 96 Известувања. Единицата во координација со Управата за јавни приходи изврши контрола во 17 градови и 67 објекти кои приредуваат игри на среќа и забавни игри, при што од страна на УЈП по основ на данок за игри на среќа во државниот буџет се наплатени околу 100.000.000 денари. Од страна на Единица за Економски криминал при Секторот за општ и насилен криминал при Одделот за криминалистичка полиција во периодот од 2019-2023 година има 33 координирани акции, при што наплатени се 10.500.000 денари по разни основи.

Ќе продолжиме со натамошно јакнење на националните капацитети како дел од напорите во процесот на приклучување кон Европската унија, во рамки на Поглавјето 24 – Правда, слобода, безбедност.

## Борба против тровија со дрога

Од 2017 наваму раководството на МВР стратешки зазема бескомпромисен став за сериозна борба со недозволена трговија со дрога и спречување на овие појави. Ги постиг-

навме најдобрите резултати во борбата против недозволената трговија со дрога во последните 30 години, со вкупно запленети наркотични средства, хероин, кокаин, амфетамин, екстази, хашиш, марихуана и др. ) од 2017-2023 во вредност од 426 милиони евра, притоа во три наврати уништени над 12 тони дрога.  Беа спроведени биза заеднички операции со државите во регионот и заедничките истраги на државите при разбивање на организираните криминални групи, како што беа акциите во Албанија и Грција кои дејствуваат во областа на недозволена трговија со дрога, при што се запленети 429 килограми кокаин .Од 2017 па сè до крај 2023, откриени се над 4.700 кривични дела со вкупно над  5.450 санкционирани сторители, најчесто по член 215 и 216 од Кривичниот законик. Ако ги погледнете билтените и извештаите на МВР евидентно е дека скоро и да нема ден во којшто не е објавено дека улични дилери, продавачи на наркотични дроги биле уапсени при претреси на територијата на целата држава. Криминалните групи од Грчец, Арачиново и Чаир се речиси целосно разбиени.

Ова се реализираните високи резултати во полициското работење на Одделот за криминалистичка полиција кои што говорат за зголемување на откривачката функција во трговијата со дрога и покажуваат посветеност во работењето и тоа на највисоко ниво во сузбивањето и борбата против трговијата со дрога. Исто така, за одбележување е делот на меѓународната соработка на Одделот за криминалистичка полиција, кој има воспоставена одлична соработка со Службите за борба против дрога не само со земјите од соседството и регионот, туку и со голем број земји членки на ЕУ, како Австрија, Белгија, Германија, Италија, Франција и други. Активностите ќе продолжат со несмален интензитет и во следниот мандат.

Посветеноста во борбата со недозволената трговија со дрога, која е еден од врвните стратешки приоритети на МВР, е препознаена и во Извештајот на Европската комисија. Според извештајот, Националната стратегија против дрога го опфаќа периодот 2021-2025 година и се спроведува преку конкретен Акциски план. Забележани се подготвителни активности околу Регистарот на дроги на ИЈЗ, во соработка со МВР, кој се очекува да се финализира во периодот што следи. Активностите за намалување на штетноста, еден од главните столбови на политиката за дроги во земјата, се спроведуваат од локалните граѓански организации преку национална мрежа на национална контакт точка.

МВР ќе продолжи со несмален интензитет да се бори со недозволената трговија со дрога како во рамките на земјата, така и преку продлабочување и интензивирање на соработката со соседните, земјите од регионот и сите меѓународни институции како Европол, Интерпол и други агенции за борбата со нелегалната трговија со дрога.

### Борба против трговија со луѓе и контрола на граници и миграција

Феноменот на трговијата со луѓе е сериозен и организиран криминал на глобално ниво и истовремено претставува најфлагрантно прекршување и повреда на човековите права и слободи на засегнатите лица. Единствен, ефикасен и ефективен одговор на овој негативен феномен е со организиран, сеопфатен и мултидисциплинарен пристап на сите релевантни чинители на национално и меѓународно ниво. Република Северна Македонија е дел од глобалниот одговор за сеопфатно и организирано справување со феноменот на трговија со луѓе и илегална миграција, како една од најтешките форми на организиран криминал и најгрубо прекршување на човековите права и слободи.

Борбата против трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти ја поставивме високо на агендата во нашата држава и тоа преку воспоставени институционални структури за нејзино успешно сузбивање и механизми, како и за поефикасно справување со последиците кои произлегуваат од овие кривични дела. Во континуитет се бориме со илегалната миграција, со криумчарењето на мигранти, и секако неминовно, со сузбивањето практично на организираните криминални групи, коишто се бават со криумчарење на мигранти. Еден од нашите главни приоритети, во работењето на МВР, е секако спречувањето на илегалната миграција и криумчарењето на мигранти. Оваа појава наметнува многу безбедносни ризици, не само во регионот кај нас, туку и генерално во Европа.

Во годишните извештаи за трговија со луѓе дадени од страна на американскиот Стејт департмент, ЕУ и други релевантни национални и меѓународни документи е препознаен сеопфатниот, организиран и ефективен одговор во справувањето со трговијата со луѓе.

Благодарение на операционализацијата на ФРОНТЕКС Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативните активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, бележиме високи резултати во делот на борбата против илегална миграција.

Европската унија, не препозна како посветен и стабилен партнер, и склучи договор за да обезбеди уште посигурни граници и поголема безбедност на граѓаните и на Република Северна Македонија и на Европската Унија, а што е уште една потврда дека државата чекори по патот на напредокот.

Притоа успеавме преку низа на проекти, пред сè ИПА проекти, коишто се финансирани од европските фондови, да извршиме не само подобрување на мобилноста, обуката на кадарот, туку и модернизација на опремата која што ја користи пред се Одделот за гранична полиција. Ја издигнавме на највисоко ниво соработката пред сè со Европол, со Евроџаст, со Селек, и со Фронтекс, како европски агенции, коишто работат заеднички со МВР и практично преку кои се користат сите можни механизми и сознанија кои што сите овие европски агенции ги имаат и можат да ни се стават на располагање.

Од исклучително значење е оваа континуирана поддршка што Меѓународната организација за миграции – ИОМ во Република Северна Македонија ја обезбедува во насока на зајакнување на капацитетите за справување со последиците од миграциската криза, со поддршката и во делот на воспоставување на Националната единица за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, па сè до помошта за јакнење на капацитетите на оваа меѓуинституционална единица, ИОМ низ годините наназад останува постојан стратешки партнер.

Имаме одлични резултати по формирањето на посебна Национална агенција односно Единица за сузбивање на криумчарење мигрнати, трговијата со луѓе која што заедно со Одделот за гранични работи миграција ги следи состојбите, меѓутоа и делува проактивно во однос на суз-

бивањето на мигрантите, криумчарењето на мигранти и секако трговијата со луѓе.

Се обврзуваме дека ќе бидеме посветени на успешно спроведување на стратегиските цели на Националната стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025, како и Стратегијата и Акционен план за борба против трговија со деца 2021-2025 со цел доусогласување на државата со меѓународните критериуми и стандарди, согласно Регулативата на ЕУ за Европската гранична и крајбрежна стража и Техничката и оперативна стратегија за Европското Интегрирано гранично управување (TOSEIBM. Во насока на брз и безбеден проток на патници, стоки и идеи и сузбивање на илегалните прекугранични активности до ниво кое нема да претставува закана за граничната безбедност и за сигурноста на граѓаните, главна цел на Националната стратегија за ИГУ 2022-2025 е натамошно развивање на националниот систем за интегрирано гранично управување во согласност со Европскиот концепт за гранично управување на кој ќе продолжиме успешно да работиме.

Ќе продолжиме са се усогласуваме со европското законодавство во делот на политиките за миграција и азил натамошна успешна имплементација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017-2027.

## Лидери во регионот во борбата против нелегалната миграција

Миграцијата е динамичен и сложен процес над кој е тешко да се воспостави контрола доколку нема соработка на европските земји. Затоа, партнерството и размената на информации меѓу земјите се клучни.

Пандемијата на COVID – 19, како и руската агресија врз Украина, кои предизвикаа промени во сите сфери на животот, па и во работата на граничните полициските службеници. Покрај обврската за продолжување со извршување на редовните задачи, но сега во сложени и чувствителни околности и под закана по јавното здравје, граничните служби имаа и дополнителни обврски во спречување на ширењето на пандемијата, преземање на мерки за обезбедување на транспортот на неопходни стоки и добра, но и справување со промените во трендовите на прекуграничниот криминал предизвикани од појавата на пандемијата. Масовното раселување на лица како последица на војната во Украина е уште еден од серијата големи предизвици. Иако како држава не сме засегнати до степен како соседните држави на Украина или некои ЕУ држави, сепак успешното справување со оваа состојба предизвикува ангажирање на човечки, административни и други ресурси.

Бележиме напредок во сите овие активности, а голем придонес во тоа има поддршката од Европската Комисија, агенциите на Европската унија и Обединетите Нации, како и другите меѓународни организации и партнери, како ОБСЕ, ИЦМПД, ДКАФ и други. Од аспект на јакнење на техничките капацитети, Чешката Република, Германија и САД во голема мера се заслужни за добрата опременост на граничната полиција. Заедно со донациите на ЕК, овозможија граничната служба да располага со високо – софистицирана опрема и средства за гранични проверки и граничен надзор, а МВР е дел од сите регионални и меѓународни иницијативи кои имаат за цел изнаоѓање на заеднички одговори на заканите во областа на управување со граници и со миграции.

Успеавме да станеме лидер во борбата против миграцијата на регионално ниво.

МВР иницираше и многу успешно спроведе билатерални акции преку специјална мерка односно заедничка операција која од почетокот на мигрантската криза и непосредно до самото распоредување на персоналот на Фронтекс беше наш индикатор за успех, за учинок и напредок кон европските напори за безбедни граници, менаџирање и борба против илегалната миграција. Осум земји од географска Европа беа дел од овој подвиг, упатуваа полициски службеници на македонско грчката граница иако самите се справуваа со прилив на илегални мигранти на своја територија и со ковид кризата - Чешка, Словачка, Полска, Унгарија, Словенија, Хрватска, Австрија и на Србија, посочи Спасовски.

Соработката со Агенцијата ФРОНТЕКС бележеше раст, а за нас беше од исклучително значење не само од аспект на оперативната соработка туку и во процесот на јакнење на националните капацитети и олеснето усогласување со ЕУ стандардите во областа на граничното работење. Оваа соработка резултираше и со потпишување а сега веќе операционализирање на таканаречениот Статус Договор, односно Договор помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, кој воедно претставува и прв договор ефектуиран согласно новата Регулатива за Агенцијата и кој беше потпишан на македонски јазик. Круна на досегашната соработка е отпочнувањето на Заедничката операција на Фронтекс на наша територија, со што и формално станавме дел од големото семејство на земји во кој се изведуваат заеднички операции на Фронтекс, започнувајчи од Финска на север па се до Грција на југ. Од оперативна гледна точка, сепак, беше важно да се биде подобро подготвен за контрола на миграциските текови, со цел да се придонесе за регионалната и националната безбедност како клучна за севкупната европска безбедност.

Бројот на спречени обиди за илегално преминување во изминатата 2023 година покажува намален тренд и продолжува со ист интензитет од почетокот на 2024 година. Но, незаконското движење и затајувањето на полициските проверки и контроли често се успешно покритие за криминалните структури кои создаваат мрежи на соработници долж трасата за извршување на разни криминални дејствија, поради што мора постојано да бидеме будни и на ниво.

Прашањето со миграциските политики, особено по настаните од 2015 година што директно ги почувствуваме сите, и во годините пред нас ќе биде една од приоритетните теми на општествено политичките агенди, бидејќи претставува еден од најголемите предизвици со кој ќе се соочува светот. Тоа е не само поради тоа што од нашето соседство ни пристигнува најголемиот дел од мигрантите, туку и поради фактот што регионите од каде и се случи силниот миграциски бран, пред се, Блискиот и Средниот Исток, Африка, со инвазијата на Русија врз Украина и денес се далеку од реална стабилизација.

Во делот на нелегалната миграција поради својата географска положба Северна Македонија е дел од западно балканскиот коридор и е земја на транзит. За овој коридор карактеристични се мешани миграциски движења вклучувајќи бегалци помеѓу земјите на потекло, земјите на Блискиот Исток, Африка, Азија и земјите на дестина-

ција тука пред се земјите членки на ЕУ. Тие се составени од ранливи категории на лица меѓу кои се непридружувани деца, жртви на трговија со луѓе, бегалци и лица на кои е потребна меѓународна заштита. Меѓународните криминални мрежи ги користат мешаните миграциски движења за криумчарење на мигранти и жртви на трговија со луѓе од земјите на потекло па се до земјите на дестинации.

Клучна активност на нашиот пат во одржливото управување со миграциите во Западен Балкан, претставува напредокот во реализацијата на меѓународната и прекуграничната соработка, зацврстена меѓународна доверба, зголемена размена на податоци на информации, која што е најдобриот показател за нашата подготвеност да го направиме безбедносниот амбиент да биде уште поповолен, а секако дека напредокот кон европските интеграции да биде уште побрз, не само за Северна Македонија, туку за сите држави во овој регион. Ќе продолжиме со градење на капацитетот за одржливо управување со миграциите и да вложуваме во дополнителна обука на органите за спроведување на законот, да продолжиме да инвестираме во материјално-техничките средства, особено во информациските технологии кои може значително да помогнат во одговорот во оваа област.

Со својот проактивен и отворен пристап ќе продолжиме да бидеме активен и кредибилен партнер во бројни меѓународни и регионални платформи, иницијативи и процеси во делот глобалните безбедносни прашања и борбата против прекуграничниот криминал. Во делот на миграцијата, главен приоритет е одржување и продлабочување на меѓународната соработка со земјите од регионот, со земјите на транзит и со земјите на потекло, како и со агенциите на ЕУ, ОН и други релевантни меѓународни организации.

Ќе ги прилагодиме нашите активности и ќе ја зајакнеме соработката со соседните земји, агенциите на ЕУ и ОН, Меѓународната организација за миграција (ИОМ), Меѓународниот центар за развој на миграциска политика (ICMPD), но и бројни меѓународни и регионални платформи, иницијативи и процеси, како што се Салцбург, Будимпешта, Прашкиот процес, Заедничката координативна платформа, Програмата за гранична безбедност на DCAF. Нашата цел особено во областа на враќање и реадмисија е да иницираме договори за реадмисија со други земји на потекло во Азија и Африка, но и да ги потврдиме постоечките иницијативи за склучување договори.

Како еден од столбовите на националниот систем за интегрирано гранично управување, Министерството за внатрешни работи континуирано работеше и ќе продолжи да работи на јакнење на човечките, материјално – техничките и системските капацитети на граничната полиција. Покрај опремувањето со соодветни технички средства, приоритети се и квалитетната обука на персоналот, развивањето на прекуграничната полициска соработка, усогласувањето на националното со ЕУ законодавството и негова практична имплементација во секојдневното гранично полициско работење.

Миграцијата, единствено може да се превенира и менаџира само доколку постои силно партнерство и соработка на сите европски држави без исклучок. Миграциите се европски предизвик за кој е потребен европски одговор, преку заедничка политика, соработка и координација, а стабилноста на европскиот континент може да се заокружи само со приклучување на земјите од Западниот Балкан во Европската унија. Европскиот одговор вклучува дијалог и соработка со сите страни - и земјите на дестинација и земјите на транзит и земјите на потекло, бидејќи тие се упатени едни на други. Се ова што го правиме е заеднички предизвик за целиот регион и мора да ја пратиме силната порака до земјите членки на ЕУ дека ЕУ не може да биде цела и безбедна доколку ги нема земјите од Западен Балкан. Само на тој начин можеме да ја заокружиме стабилноста и безбедноста на целиот европски континент.

# VI. #МКвоЕУ2030

Од независноста, преку Охридскиот рамковен договор, до Договорот за добрососедство со Бугарија, па сè до Договорот од Преспа со Грција, СДСМ беше предводник на визионерството, државничката одговорност и прогресивноста, гледајќи кон иднината и создавајќи услови за внатредржавна интеграција, добрососедски односи со околните земји и земјите од регионот, како и интеграција во големото евроатлантско семејство. Така ги обезбедивме мирот и стабилноста на земјата на долг рок. Културата на отворен дијалог и пријателство е заштитен знак на нашата модерна, стратешка и космополитска политика.

Северна Македонија, предводена од Владата на СДСМ, ја докажа својата кредибилност како доверлив меѓународен партнер кој со својот уникатен модел на функционална мултиетничка демократија е пример за еднаквост, интеграција, стабилност и долгорочна благосостојба на сите нејзини граѓани. Поаѓајќи од тој факт, покажавме и докажавме дека можеме успешно да претседаваме со најголемата регионална безбедносна организација – ОБСЕ, во исклучително предизвикувачки околности и неизвесен период за неа, кога опстанокот на самата Организација беше доведен во прашање. Нашата политичка култура на отворен дијалог и компромис беше во срцта на нашето претседавање, а на тој начин успеавме да го обезбедиме оптималното компромисно решение и со консензус на 57-те земји-учеснички да ја избереме Малта за следен претседавач со Организацијата.

Со СДСМ на чело на државата, од земја на која ѝ беше потребна меѓународна поддршка за регулирање на односите внатре во земјата како резултат на авторитарните и режимски политики на ВМРО-ДПМНЕ, Северна Македонија за само 7 години прерасна во препознатлив и уникатен пример за функционална мултиетничка демократија, каде слоганот **„Едно општество за сите“** доби своја суштина.

Северна Македонија пред 7 години беше заробена држава, во изминатите 7 години предводена од Владата на СДСМ стана членка на НАТО и почна преговори со ЕУ, а за 7 години ќе биде полноправна членка на ЕУ**!**

Нема поголемо признание и посилен показател за епитетот **„држава-извозник на стабилност во регионот“** од довербата дадена од страна на соседните Србија и Косово, но и целата меѓународна заедница, да се биде домаќин во Охрид на дијалогот Белград-Приштина во март 2023 г., кога беше постигнат т.н. Анекс за имплементација на Договорот меѓу Белград и Приштина. Самиот факт што двете страни и посредниците го избраа токму Охрид, и токму Северна Македонија, е показател за новостекнатиот имиџ на нашата земја на меѓународен план. Докажавме и покажавме дека Северна Македонија е активен актер на меѓународната сцена, претседавач со ОБСЕ, Јадранската повелба – А5 и Процесот за соработка во Југоисточна Европа, доверлив партнер и отпорен сојузник во НАТО Алијансата. Патот беше долг, исцрплив, со многу внатрешно-политички перипетии и надворешно-политички препреки, но на крајот се исплати.

Денес, под водство на СДСМ, нашата земја прераснува во доверлив учесник во регионалните иницијативи и својевиден **„чесен посредник“** во напорите да се деблокираат заковените процеси поради билатералните недоразбирања помеѓу земјите од регионот на Западен Балкан.

Храбрите и државнички одлуки на Владата предводена од СДСМ, покрај успесите на надворешно-политички план со влезот во НАТО и почетокот на преговорите со ЕУ, донесоа и културна и идентитетска афирмација на македонскиот јазик и македонскиот идентитет.

**Денес, македонскиот јазик е јазик признаен и во Европската Унија**. На македонски јазик се потпишуваат меѓународни договори со ЕУ, на македонски јазик се преведува и европското законодавство. Денес, македонскиот јазик е еднаков со сите други европски јазици!

Храбрите, конструктивни и визионерски политики на Владата предводена од СДСМ ги мотивираа и другите чинители во општеството да направат исчекор и да придонесат кон меѓународната афирмација на македонскиот идентитет. Со СДСМ на чело на државата, Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) успеа да го реши долгогодишниот црковен спор околу својот статус во православната екумена. Денес, МПЦ-ОА е рамо до рамо еднаква со сите други цркви во православниот свет. Напорите на Владата и Претседателот на државата вродија со плод и Вселенскиот патријарх Вартоломеј после повеќе од половина век ја дигна шизмата од МПЦ-ОА, а македонските православни верници се вратија во канонско и евхаристичко единство со целиот православен свет. 2023 беше историска за македонските верници затоа што државно-црковна делегација за прв пат во историјата на нашата земја го донесе Благодатниот оган директно од срцето на Ерусалим.

Со СДСМ на чело на државата македонскиот национален идентитет е безбеден, заштитен, меѓународно афирмиран и поцврст од било кога!

## 1. ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НЕМА АЛТЕРНАТИВА

### Пристапување во Европската Унија #МКвоЕУ2030

Нашата стратешка цел и нашиот државен интерес се јасни и силни - Европска иднина на Северна Македонија - полноправно членство во Европската унија во 2030-та година.

Нашата визија: Сакаме држава во која **„ЕУ е дома, а дома е ЕУ**. ЕУ во МК 2024, МК во ЕУ 2030 година!“

Ако 2020-2024 беше мандат за почеток на преговорите, тогаш **2024-2028 е мандатот за завршување на преговорите и членство во ЕУ до 2030 година!** Овој мандат е за преговори за ЕУ, а ЕУ не е веќе далечна приказна што убаво звучи. Сега имаме шанса и отворена врата за членство во 2030.

Сите реформски чекори и тешки одлуки ги носиме со цел Северна Македонија да стане современа, развиена, демократска, регулирана и отворена правна и социјална европска држава. Целта на нашите политики е да ги донесеме европските стандарди и вредности дома и да им овозможиме на граѓаните европски начин на живот. Европската Унија е систем на вредности кои значат организирана правна држава во која сите сме еднакви пред законот, во која редот, поредокот и организираноста се предвидливи и се дел од нашето секојдневие.

## Мора да успееме европскиот систем да стане македонски систем

МК ги почна преговорите за членство во ЕУ на **19 јули 2022 година** по долги **17 години чекање.** Главен приоритет ни е успешно завршување на преговорите и спроведување на реформите потребни за нашето пристапување во Европската Унија. Одлагањето или ставањето во неизвесност на преговорите и на членството на Северна Македонија во Европската Унија го става во неизвесност и реформскиот процес според ЕУ стандарди, а со тоа ја носи и целата земја во непредвидлива насока.

Оваа година, мора и треба да биде година на политички консензус и обединување околу европската перспектива и каде државата ќе се движи во следните години. Ова е наша историска можност која ја чекавме долго и сега кога имаме можност не смееме да ја пропуштиме. Преговорите со ЕУ се можност од темел да се трансформира и реформира нашата држава, на нашите граѓани да им овозможиме европски услови за живот и работа и тоа тука, дома. Со тоа, европската интеграција од надворешно-политички приоритет ќе стане внатрешна политика во сите области. **И ќе зависи само од нас, од нашите успеси и работа!**

Северна Македонија е **100% усогласена со надворешната и безбедносната политика на Европската Унија**, засилувајќи го ангажманот кон полноправно членство на државата. Ние сме одлучни и нашата стратегија води кон успешна реализација на европскиот идентитет на државата, со цел да станеме членка на ЕУ до 2030 година. Оценката за вкупната подготвеност на земјата за 2023 година е „добро ниво на подготвеност", и е солидна и константа неколку години наназад. Имаме прогрес во 80% од поглавјата, а нема назадување во ниту едно поглавје - **нула назадувања**.

Веќе ја воспоставивме државната преговарачка структура за преговори со Европската Унија со која Северна Македонија успешно ги започна преговорите преку успешното завршување на првата фаза од преговарачкиот процес – скринингот во сите 6 Кластери, **3 области и 33 поглавја**, со поминати **100 дена објаснувачки и билатерални скрининг** сесии одржани во Брисел, над **850 презентации** направени од делегацијата на МК, учество на над **900 претставници на делегацијата на МК,** активно учествуваа во процесот од **206 македонски институции**, над 800 експерти на Европската комисија од различни генерални директорати беа дел од скрининг процесот, а во однос на над 4500 регулативи и директиви на **Acquis** на ЕУ презентирани од Европската комисија.

Во преговарачкиот процес има место за секого. Затоа, подаваме рака и ги вклучуваме граѓанските организации, стопанските комори, академијата, експертите и дијаспората, затоа што секој еден е важен за крајниот успех на процесот!

Од клучна важност е да имаме успешни уставни измени и одржување на втората меѓувладина конференција.

## Следниот мандат е за активни преговори со ЕУ, а не активни блокади

Со успешниот скрининг покажавме капацитет на државата и институциите да ги водиме преговорите. Доколку повторно ја добиеме вашата доверба, се обврзуваме до крајот на новиот мандат 2024-2028 успешно да ги завршиме преговорите за членство во ЕУ. Така до 2030 ќе ги завршиме сите формалности, за тогаш МК да биде дел од следниот пакет на проширување на ЕУ.

Се обврзуваме дека до 2028 година **целосно ќе го усогласиме македонското законодавство со европското и ќе ги затвориме преговорите во сите поглавја на пристапниот процес во Европската Унија, а со тоа ќе ја оствариме конечната цел #МКвоЕУ2030**!

## Со Европски фондови, повеќе пари кај граѓаните и компаниите

Преку овие фондови се поддржува солидарноста, едно општество за сите, квалитетна инфраструктура, продуктивно и одржливо земјоделие, растот на економијата, зелената агенда, енергетската транзиција, здрава животна средина и секако, ефикасни институции во кои граѓаните имаат доверба и бизнис средина во која младите сакаат да инвестираат.

Новите средства од ИПАРД 3 Програмата ги обезбедивме и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, претприемачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции, како и за неформалните групи на граѓани.

Со искористувањето од **98% на ИПАРД 2** програмата, покажавме дека и покрај предизвиците, умееме, знаеме и успешно ја користиме европската развојна помош. Затоа, од **60 милиони евра** помош во ИПАРД 2 програмата, ЕУ ги зголеми финансиските средства за МК на **97 милиони евра во ИПАРД 3**.

Свесни за предизвиците во апсорпционата моќ, Владата ќе инвестира во човечкиот капитал во институциите и надвор од нив за подготовка на зрели проекти кои ќе се финансираат преку ИПА 3, односно подготовка на земјата за што поуспешно искористување на големите европски структурни и кохезиони фондови.

## За оваа цел, ќе создадеме:

- ✓ **„ЕУ инфо мрежа":** Ќе создадеме механизам за ИПА консултации преку отворање на 8 ЕУ инфо точки, регионални отворени канцеларии и центри за консултации и поддршка за ЕУ во секој од осумте плански региони, во кои експерти и консултанти за апсорпција на ЕУ фондови ќе вршат дневни презентации на можностите за граѓаните и бизнис секторот за искористување на европските пари, со цел постојана едукација за максимална апсорпција и искористување на инструментите кои ни ги нуди пристапниот процес, каде ќе ги споиме експертите за ИПА фондови со корисниците на ИПА фондови**.**
- ✓ Национален стратегиски документ за билатерална помош. Како што постои Национален стратегиски документ за европската помош, така ќе создадеме и таков документ за помошта од други држави (билатерална помош).
- ✓ Буџетска линија за преговори и развој на политики. Потребата за обезбедување ваков флексибилен финансиски пакет произлегува од ад хок потребите кои се јавуваат при фазата на усогласување и хармонизација со законодавството на ЕУ, а кои не можеле да бидат предвидени во фазата на програмирање на ИПА средства;

- ✓ Гарантен фонд за кофинансирање на проекти и помош при развивање на квалитетни и зрели ЕУ проекти, поддршка преку ваучер-шеми и рамковни консултанти. Изработката на проекти е комерцијална дејност, заради што ќе поттикнеме поединци и претпријатија да почнат да се занимаваат со овој бизнис и развој на таканаречениот ваучер-систем. Овој систем е особено погоден за микро, малите и средни претпријатија при искористувањето на средствата од програмите на Унијата, особено во развој на иновативни и дигитализирани решенија. Ваучер-системот ќе биде достапен и за други целни групи, како земјоделците при развојот на проекти од ИПАРД програмата, образовните институции за програмата Еразмус+ и др. Системот на консултанти ќе биде строго регулиран по примерот на ЕУ рамковните консултанти, при што ќе добијат и дополнителни бенефиции, главно даночни олеснувања.

- ✓ Гарантен фонд за кофинасирање на проекти и поврзување со статус од јавен интерес. Секоја организација која ќе привлече европски средства и за тоа ќе добие средства за кофинансирање, ќе се стекне со статусот „организација од јавен интерес", при што ќе добие и дополнителни бенефиции, главно во делот на даночните олеснувања.

- ✓ Ефикасна јавна администрација, како ефективна апсорпција на европските фондови

- ✓ Реформирана, мотивирана и ефикасна јавна администрација за спроведување на преговорите и реформите во пристапниот процес во ЕУ, преку оптимизација, рационализација и максимално искористување на ресурсите и капацитетите е клучен предуслов за интеграција во Унијата, но исто толку важна алка во апсорпцијата на европските фондови.

  Нема успешни ЕУ интеграции и апсорпција на европските фондови без квалитетни луѓе во институциите: мотивирани, компетентни, добро обучени, луѓе со интегритет кои ќе бидат носечки столб на процесот на позитивна промена. Ќе развиеме сеопфатна, паметна политика на задржување на кадарот и мотивирање нови квалитетни апликанти.

- ✓ Буџетска програма за преговори со ЕУ во буџетите на институциите - Мерка + **45%**

  Ќе направиме посебна буџетска програма за преговори со ЕУ во буџетите на министерствата и други надлежни институции. Ќе ги задржиме и мотивираме јавните службеници кои се членови на преговарачките тимови со ЕУ од различните институции и ќе го направиме јавниот сектор атрактивен за младите компетентни професионалци, преку законско регулирање на додатокот на плата до 45% за работа поврзана со спроведување на процесот на пристапни преговори и апсорпција на **IPA, IPARD и IPA-Interreg програмите на Европската Унија и другите финансиски инструменти поврзани со пристапниот процес во ЕУ**.

## (Ре) Формирање на ИПА структура

Ќе ја реформираме ИПА структурата по примерот со ИПАРД Агенцијата и НАЕОПМ – Националната агенцијата за Еразмус, паралелно со основање мини тимови во секое министерство кои би добиле еден поинаков статус. Тие јавни службеници ќе бидат вработени во една централна „ИПА агенција/структура", а ќе работат секојдневно во институциите каде што се водат проектите, сѐ со цел нашите јавни службеници да ни останат дома во служба на јавниот сектор, татковината и граѓаните, преку Политика за задржување и мотивирање на квалитетниот кадар во администрацијата со насочување на дел од ЕУ помошта.

## Планот за раст на Европската Унија за Западен Балкан

Планот за раст што е една од најважните стратегии за Северна Македонија и за регионот, како силен инструмент за намалување на разликите меѓу нашите економии и оние на членките на ЕУ и алатка за премостување на периодот до полноправно членство на земјата кон ЕУ, а кој се состои од четири столба:

(1) зајакнување на економската интеграција со единствениот пазар на Европската Унија;

(2) поттикнување на регионалната економска интеграција на Западен Балкан;

(3) забрзување на фундаменталните реформи и

(4) зголемување на финансиската поддршка за реформи и раст на земјите во регионот преку Инструментот за реформи и раст.

Ќе работиме на максимално искористување на средствата во **„Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан"** и Финансискиот инструмент за реформи и раст на Западен Балкан, преку кој ќе се ефектира финансиската поддршка во износ од 6 милијарди евра, од кои за **#МКвоЕУ2030** ќе бидат доделени **860 милиони евра во грантови и заеми**, од кои, пак, околу една третина треба да бидат неповратна поддршка за инфраструктурни инвестиции. Со планот, Северна Македонија ќе користи дел од придобивките на ЕУ уште пред да стане нејзина членка, со цел да се поттикне економскиот раст и да се забрза социоекономската конвергенција.

Овие средства ќе бидат насочени кон инвестиции во транспортот, енергетиката, дигитализацијата, едукацијата и развојот на вештини, додека **37% од грантовите ќе бидат насочени кон зелени проекти, односно за исполнување на климатските цели**. Исплатите ќе се вршат два пати годишно, согласно исполнувањето на социоекономските реформи од страна на земјите.

## Граѓанското општество, академската и научната фела, дијаспората и локалната самоуправа: подеднакво важни чинители во европеизацијата на земјата

- ✓ Граѓанското општество за **#МКвоЕУ2030**

Граѓанското општество е наш сојузник и партнер во сите процеси и клучен столб во европеизацијата на државата. Затоа, подаваме рака и директно ги вклучуваме во преговарачките тимови. Во сите преговарачки тимови, без исклучок, ќе ја вклучиме експертската јавност од граѓанските организации.

✓ Академската и научната фела за **#МКвоЕУ2030**

Интелектуалците во македонското општество треба да бидат движечка сила во демократскиот развој на државата. Ќе ставиме посебен акцент на потребата од директно вклучување на истражувачите и научниците во преговарачкиот процес со ЕУ. Вклучувањето на академската заедница во процесот на реформите е од суштинско значење за дизајнирањето и спроведувањето на реформите. Имаме можност да учествуваме во истражувачките програми на ЕУ и да ги почувствуваме придобивките уште пред пристапувањето. Ова вклучува македонски истражувачи во значајни проекти за иновации, истражување и наука.

✓ МК дијаспора за **#МКвоЕУ2030 -** Ќе вклучиме луѓе со искуство во земјите од ЕУ со македонско потекло во процесот на преговори со ЕУ. Целта е црпење и надградување на националните ресурси со искуството на нашите професионалци кои работат во меѓународните и европски институции, организации, меѓународните тинк-тенкови и меѓународниот бизнис сектор, за да се создаде синергија во пристапниот процес на МК, за побрзи и подобри резултати кон целта.

✓ Општините за **#МКвоЕУ2030 -** Забрзаниот процес на пристапување во ЕУ подразбира и инвестиции, како и забрзано градење на капацитетите во општините и другите единици на локална самоуправа, бидејќи тие се носечки столб на спроведувањето на законодавството на ЕУ. Ќе промовираме поврзување на општините со партнерски општини и региони од земјите-членки на ЕУ, со цел пренесување на најдобрите европски практики дома, на локално ниво. Рамномерниот регионален развој е суштинска заложба на СДСМ, затоа што сите се важни! Вклучување на сите општини ширум државата во процесот на европеизација и рамномерно унапредување на социоекономските параметри во сите плански региони во текот на пристапниот процес подеднакво, затоа што со СДСМ има повеќе за сите!

✓ Бизнис заедницата за **#МКвоЕУ2030** - Свое место во процесот на преговори ќе има и бизнис заедницата, бидејќи воведувањето на новото европско законодавство и конкретната примена на европските технички стандарди имаат директно влијание на економските оператори и нивната конкурентност на домашниот и меѓународниот пазар. Една од најважните цели на економската политика во наредниот период ќе ни биде зајакнување на конкурентноста на економијата, со цел да се подобри нејзината способност да ги издржи притисоците на конкуренцијата во Европската Унија и да се интегрира во заедничкиот европски пазар. Вклучувањето на бизнис заедницата преку стопанските комори во пристапните преговори ќе биде клучно, бидејќи со специфичното знаење и искуство што го има бизнис секторот, може многу да придонесе за подобрување на политиките и побрзо усогласување со ЕУ регулативите и ЕУ стандардите, кои ќе бараат и човечки и финансиски капитал, но и нова технологија. Затоа ќе формираме Национален бизнис совет за ЕУ преговори.

Нашата цел е една и единствена, полноправно членство во Европската Унија, па затоа:

✓ Обезбедуваме широк консензус помеѓу политичките партии, но и пошироко во општеството околу суштинските реформи врзани за нашето пристапување кон Европската Унија. Ќе ги повикаме сите да го стават членството во ЕУ пред нивните политички интереси и да дадат поддршка на имплементацијата на ЕУ приоритетите и препораките на европските институции.

✓ Преговараме и работиме во име на целата држава. Затоа, преговорите ќе ги опфатат сите: Владата, администрацијата, но и јавниот сектор во целост, Собранието, регулаторите, граѓанскиот сектор, младинските организации, академската заедница, деловниот свет.

✓ Креираме **Национален академски, граѓански и експертски совет за пристапување во ЕУ. Кратенка: НАГЕС / ЕУГЕС**

✓ Креираме **Национален бизнис совет за пристапување во ЕУ. Кратенка: ЕУБИЗ, НАБИСЕУ**

✓ Имаме база на податоци на сите домашни експерти и стручни лица од дијаспората кои активно ќе бидат вклучени во работните групи за преговори.

✓ Во консултации со универзитетите ќе поддржиме нови или прилагодени образовни програми кои ќе градат кадри за потребите на државата во европските институции.

✓ Стратешка комуникација „ЕУ за граѓаните“: ќе развиеме сеопфатна комуникациска стратегија која ќе таргетира различни интересни групи – млади, културни работници, локална самоуправа, бизнисмени, земјоделци, итн.

✓ Создадовме услови за подобро инфраструктурно поврзување со Брисел и земјите-членки на ЕУ со повеќе директни авио-линии. Ја разгледавме можноста за потпишување стратешко партнерство со европски авиопревозник за воспоставување директна, редовна линија со Брисел.

### Младите за #МКвоЕУ2030: клучна алка за остварување на европската иднина на земјата

Младите имаат централно место во евроинтеграцијата и трансформацијата на општеството и државата. Ја трансформиравме Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ) или популарно позната кај младите како „Еразмус агенција“, од агенција со суспендирани активности од страна на ЕУ, поради несовесното раководење на претходниците, во агенција со нови долготрајни и краткотрајни програми за универзитетска студентска размена и активности за десетици илјади млади од Северна Македонија.

Според Годишниот извештај на Европската комисија за искористеноста на Еразмус Плус програмата во 2022 година, рекордни преку 10 000 ученици, студенти, наставен кадар и други младинци учествувале во мобилности во странство, што претставува пораст од цели 68% во споредба со претходната 2021 година.

### Младите се активни „амбасадори“ на својата земја низ земјите-членки на ЕУ

Ќе формираме Фонд за поддршка на млади таленти – „амбасадори – МК таленти“ кои треба да бидат предводници на развојот и иднината“ со фокус на:

- ✓ талентирани основци и средношколци кои учествуваат на различни Олимпијади;
- ✓ млади научници со исклучителни постигнувања во науката, како и
- ✓ млади спортисти кои се спортски амбасадори на нашата земја во нивните спортови.

Со СДСМ, иднината на нашата младина е сигурна, безбедна, предвидлива и перспективна во големото европско семејство!

## 2. ГЛАСНИ И АКТИВНИ ВО СВЕТОТ

Со цел заштита и унапредување на државните интереси и одржување на присуството, влијанието и улогата на Република Северна Македонија во меѓународните процеси, ќе продолжиме да развиваме и водиме стратешка, активна, храбра, модерна и респектабилна надворешна политика. Во изминатите 7 години од меѓународно изолирана, успеавме да ја вратиме државата на правиот пат и денес сме препознаени како држава-пример која носи храбри одлуки за иднината, држава-фактор на стабилност и просперитет на регионот. Преспанскиот договор со Грција и Договорот за добрососедство со Бугарија ги отвори широко вратите за нашето членство во НАТО и Европската Унија. Ја оствaривме повеќедецениската стратешка цел: Членство во НАТО! Тоа значи мир, стабилност, сигурна иднина. Патот на пристапување во ЕУ е отворен, а членството во Европската Унија нема алтернатива.

### #МКвоСветот - Активен чинител во меѓународната политика и доверлив сојузник и партнер

Глобалната здравствена криза, руската воена инвазија врз Украина, како и последователната безбедносна, енергетска и економска криза како никогаш во последниве 50 години, ја засилија потребата од меѓународната солидарност меѓу државите и народите, соработката и синхронизираните активности под чадорот на НАТО, ЕУ и ООН и покажаа колку се важни сојузништвата. Подготвени го дочекавме ударот за кризите со помош на нашите стратешки партнери, а пакетите економските мерки преземени од Владата предводена од СДСМ за зачувување на економијата и работните места, исто така ги дадоа своите резултати.

Ќе продолжиме со своите заложби за промоција на безбедноста, стабилноста и одржливиот развој, глобално и регионално, заедно со своите сојузници и партнери, реафирмирајќи ја посветеноста кон мултилатералната соработка, меѓународниот правен поредок и меѓународните институции во функција на заедничко и координирано надминување на глобалните предизвици, како еден од клучните приоритети на надворешната политика на Северна Македонија.

Водејќи препознатлива политика која се залага за зачувување на мултилатералниот поредок и почитување на меѓународното право, ќе продолжиме активно да учествуваме во работата на Совет на Европа, ООН, ОБСЕ, СТО, УНЕСКО како и во сите останати меѓународни организации во кои членуваме, ќе настојуваме да го промовираме успешниот модел на меѓуетничките односи и мултикултурализмот во земјата и добрососедската политика. Република Северна Македонија ќе продолжи да биде доверлив партнер во борбата против тероризмот, климатските промени и за целите за одржлив развој на ООН.

Република Северна Македонија е почитувана членка на меѓународната заедница. Во 2023 година претседававме со најголемата регионална безбедносна организација ОБСЕ во време на најголемиот предизвик за европската безбедносна архитектура – руската воена инвазија во Украина. Во такви предизвикувачки услови, успеавме да ја спасиме организацијата и да создадеме поволни услови за градење консензус помеѓу земјите-членки, кои едногласно ја избраа Малта за следен претседавач со организацијата.

Од земја која била увозник на безбедност и реципиент на различни меѓународни пост-конфликтни мисии, денес, под водство на СДСМ, Северна Македонија е безбедносен фактор - извозник на безбедност во регионот на Западен Балкан и доверлив партнер на меѓународната заедница.

Нашата борба денес е да го искористиме геополитичкиот момент, обновениот интерес и наклонетоста кон политиката на проширување на ЕУ и да станеме идна членка при првото следно отворање на портата на ЕУ за нови земји членки.

### #МКвоНАТО – полноправна членка и контрибутор кон глобалната безбедност

Во НАТО сме рамноправен сојузник и контрибутор кон светскиот мир и безбедност. Токму членството во најмоќниот воено-политички сојуз овозможува зголемување на влијанието на Северна Македонија, како мала држава со ограничени ресурси. Преку ангажирање и мотивирање млади, амбициозни и квалификувани кадри и нивна соодветна обука за работа во структурите на НАТО, ќе обезбедиме способна национална структура за НАТО која соодветно ќе нè претставува, не само преку нашата Постојана делегација при НАТО во Брисел, туку и во Меѓународниот штаб на НАТО.

Новата Влада на СДСМ ќе подготви нова Национална безбедносна стратегија во согласност со новиот статус на полноправна членка на НАТО и соодветно на принципите и обврските кои произлегуваат од членството во Алијансата.

НАТО е шанса и за нашата бизнис заедница. Со полноправното членство, за нашите компании се отвори и големиот ланец на набавки/снабдување со производи за потребите на НАТО Алијансата. Ги обезбедивме првите информации и контакти со соодветните НАТО агенции, а во новиот мандат стратешки ќе помогнеме на сите наши заинтересирани фирми поорганизирано да ја искористат оваа шанса за развој и поголем извоз. Интензивно работиме македонските компании да се стекнат со НАТО сертификат за учество во економските активности, и нивниот број да се зголеми над постоечкиот.

### Стратешкиот дијалог со САД потврда за сојузништво и поддршка

Особено нè прави горди што Северна Македонија е прва земја од Западен Балкан која започнува ваков значаен процес со САД, што претставува признание и за нашата регионална улога и јасен сигнал за пријателството и силното сојузништво меѓу двете земји. Со усвојувањето на Планот за активности во рамките на Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и САД 2023-2033 година, предложен од Министерството за надворешни работи, сите активности во рамки на дијалогот станаа дел од вла-

дината програма за работа. Ќе продолжиме со успешна практична имплементација на донесениот Акциски план од страна на сите министерства, институции и агенции во земјава кои имаат надлежности во неговото спроведување.

## #МКвоСоседствотоиРегионот

### Чесен посредник во изнаоѓањето решенија: доверлив учесник во регионалните иницијативи и доверлив партнер на сите земји-учеснички

Северна Македонија, со СДСМ на чело, е земја-предводник на регионалните иницијативи. Северна Македонија ќе продолжи да биде активен чинител во регионални иницијативи, почнувајќи од Берлинскиот процес, Отворен Балкан, Јадранската повелба – А5, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Регионалниот совет за соработка (RCC), Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO), па сè до Фондот за Западен Балкан (WBF) и низа други, со визија за забрзан напредок на реформските процеси, зајакнување на економската интеграција и забрзување на евроинтегративните процеси на земјите од Западен Балкан. Ваквиот пристап е особено значаен за надминување на разликите меѓу земјите од регионот и нивно што поскоро интегрирање во ЕУ.

Иницијативата 8 (И8) претставува регионална платформа - иницирана од Северна Македонија, за квадрилатерална соработка помеѓу Северна Македонија, Албанија, Бугарија и Италија, со цел зајакнување на политичката соработка меѓу земјите-членки на НАТО долж паневропскиот Коридор 8 кој ги спојува Јадранското Море со Црното Море, преку поттикнување на соработката во областите на безбедноста, енергетиката, туризмот, културата и др.

Од друга страна, иницијативата Б6 претставува неформална платформа за политичка соработка на министрите за надворешни работи од Западен Балкан, а чија цел е поттикнување на меѓусебната комуникација меѓу предводниците на дипломатиите во земјите од регионот, слично на веќе етаблираните регионални соработки во Европа, како што е Вишеградската четворка – В4 или иницијативата на земјите од Централна Европа - Ц5.

### Берлински процес и Отворен Балкан, наша реалност и предизвик во меѓународни рамки

Целите на Берлинскиот процес се приоритет за Северна Македонија, затоа што ние сме Европа и по тој пат продолжуваме да одиме. Опсегот и длабочината на постигнатите резултати се движи од политички самити на високо ниво до конкретни, опипливи резултати кои носат придобивки за граѓаните - како што е укинувањето на роамингот во регионот и младинската соработка преку RYCO.

Стапија на сила трите договори потпишани на 3 ноември 2022 година, во рамките на Берлинскиот процес – **(1) Договорот за слободно движење во Западен Балкан со лични карти**, **(2) Договорот за признавање на високо образовните квалификации** и **(3) Договорот за признавање на стручните квалификации на доктори, стоматолози и архитекти**. Со нив се воспоставува слободно движење на луѓето само со лични карти во рамките на Западен Балкан; се овозможува мобилност на студентите, професорите и академските работници, додека процедурите за признавање се скратуваат од неколку месеци на две недели и без трошоци; докторите на медицина, стоматолозите и архитектите ќе можат своите услуги да ги нудат слободно низ регионот. Последователно, со најновиот Договор се врши меѓусебно признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, ветеринарните хирурзи, акушерките и фармацевтите, додека во контекст на Договорот за слободна трговија се воспоставува автоматско признавање на професионалните квалификации врз основа на условите за обука и ќе се применува на сите регулирани професии утврдени во Договорот и ЕУ Директивата.

Посветени сме на предизвикот да се направат пресвртниците на Зелената агенда за Западен Балкан како уште една алатка за регионот која опфаќа пет широки области на интервенција - опфатени со самиот Зелен договор на ЕУ. Тие се поврзани со **(1) д**екарбонизација, (2) користење воздух, вода и почва, (3) циркуларна економија, (4) земјоделство и производство на храна, како и (5) заштита на биодиверзитетот. Овие политики се наменети за модерни општества, создаваат економско-ефикасни и конкурентни економии каде што растот се раздвојува од емисиите на стакленички гасови, се користи ефективна употреба на ресурси, правилно се менаџира со отпадот и се прават прилагодувања кон климатските промени.

### Регионалната соработка не е замена за членство во ЕУ, туку е во негова функција

Преку **(1) зајакната економска соработка, (2) конкурентност и пласман на македонските производи на поголем пазар, (3) отстранување на трговските бариери, (4) намалување на времето за чекање на границите, (5) зголемување на мобилноста на стручните кадри на пазарот на труд во регионот, (6) програми за заеднички инвестиции на регионално ниво во заеднички инфраструктурни и енергетски проекти на државите од регионот**, ќе ја подготвиме Северна Македонија за членство во ЕУ и поврзување со своето непосредно соседство во европска рамка.

Со активното учество во Иницијативата Отворен Балкан, како комплементарна напредна регионална иницијатива за соработка во која членуваат Северна Македонија, Албанија и Србија, имаме за цел да го промовираме и да го развиваме капацитетот на регионот. Отворен Балкан значи побрзо и поподготвено до ЕУ. Сите останати земји од регионот имаат отворена, јавна, директна и недвосмислена покана да се придружат.

Примарен интерес на Северна Македонија во регионалната соработка е да се развиваат практични мерки коишто го олеснуваат секојдневниот живот на граѓаните и ги отстрануваат бариерите за полесна трговија, повеќе инвестиции, поголема мобилност на човечкиот капитал и побрза дигитализација и модернизација на Западен Балкан. Преку таква регионална соработка, ние, државите од Западен Балкан, покажуваме зрелост дека и самите можеме да направиме нешто за регионот и за своите граѓани.

Преку спроведувањето на потпишаните договори и меморандуми во рамки на Отворен Балкан, одиме кон бришење на границите како административни бариери и ги овозможуваме четирите европски слободи за движење на луѓето, стоките, услугите и капиталот и меѓусебно признавање на квалификациите. Натамошно ќе се интензивира соработката меѓу агенциите за туризам од трите држави за да утврдат заедничка понуда кон светските пазари, се развиваат идеи и проекти за регионален вински туризам преку поуспешно претставување на светските саеми за

вино и соработка за унапредување на индустријата, заеднички филмски фонд на кој ќе аплицираат копродукции иницирани од трите земји. Ќе се интензивираат контактите, познанствата, размените и заедничките иницијативи меѓу Младите од нашите држави преку организација на настани, почнувајќи од заеднички летувања, преку спортски турнири и културни настани, па сѐ до научно-истражувачки хабови.

Во доменот на регионалната соработка, ќе работиме на имплементацијата на:

- ✓ **MAP REA 2.0 (Повеќегодишен акциски план за Регионална економска област 2.0)**
- ✓ Овој план предвидува серија мерки во четири клучни области: трговија, инвестиции, дигитализација, мобилност на стручни кадри низ регионот;
- ✓ Формирање заеднички регионални центри – заеднички додипломски/мастерпрограми;
- ✓ Формирање регионални истражувачки центри за напредни технологии кои ќе бидат во постојана комуникација со дијаспората;
- ✓ Формирање регионален управен центар за имплементирање на регионалните процеси**;**
- ✓ Воспоставување регионален пазар на труд за одредени дефицитарни професии;
- ✓ Подобрување на воздухопловната структура со поврзување на главните градови на дневна основа од регионот.

### Добри соседи – добри пријатели – доверливи сојузници

Република Северна Македонија, под водство на СДСМ и заедно со граѓаните, ја врати позитивната клима на соработка, доверба и почитување меѓу државите во регионот. Република Северна Македонија, иако е мала земја, проактивно учествува во градењето мостови и пријателства со сите соседни држави со кои споделува заеднички вредности и интереси. Станавме и најголем промотор на регионалната соработка како рамка за пријателство, добрососедство, развој и приближување кон ЕУ.

Продолжуваме да ги одржуваме и развиваме добрососедските и пријателски односи со сите свои соседи, постојано иницирајќи нови програми и проекти за поврзување на граѓаните на Северна Македонија со граѓаните на Грција, Бугарија, Србија, Албанија и Косово. Посветени сме на целосно спроведување на Договорот од Преспа со Грција, како и на Договорот за добрососедство, пријателство и соработка со Бугарија, согласно преземените билатерални обврски.

Разговорите со Република Бугарија ќе продолжат бидејќи ние сме пријателска земја која развива добрососедство и имаме исклучителен стратешки интерес да ги започнеме преговорите за членство во ЕУ. Сигурни сме дека македонските и бугарските граѓани се заинтересирани за повеќе економија, за културни, образовни и младински размени, за инфраструктура која поврзува. Јасно велиме дека историјата е на историчарите, но идентитетските прашања се и прашања и темели на народот и на државата, па оттука, за **Владата на Северна Македонија, предводена од СДСМ нема да постои никаква дилема дека никој нема и никој не смее да преговара за идентитетот на македонскиот народ, како и за историски и научно потврдената специфичност и уникатност на македонскиот јазик. Разговори и преговори за македонскиот идентитет и историја немало и нема да има! Со било кој, било кога, за било што!**

Ќе го поддржуваме активно процесот на формирање билатерални канцеларии за младинска соработка, како и сите активности и проекти на канцелариите кои ќе овозможат размена на искуства и поврзување на нашите млади со младите од соседните земји.

Ќе работиме интензивно и посветено на отворањето нови гранични премини со соседите, со цел да овозможиме полесна комуникација на пограничните места и тоа: Стрезимир-Растелица (со Косово), Мајден-Промахи и Маркова Нога (со Грција), Клепало (со Бугарија), Лојане-Миратовац и Голеш- Босилиград (со Србија) и Џепиште-Требиште 24-часовна работа (со Албанија).

### Преспа форум за дијалог

Владата под водство на СДСМ во 2021 година започна со организирање на еден од најпрестижните форуми во Југоисточна Европа – Преспа форумот за дијалог (ПФД), како регионален форум за добрососедство и решавање билатерални прашања, но и форум од каде ќе произлезат нови инцијативи за регионална соработка. Веќе три години претседатели, премиери, министри за надворешни работи и други ресорни министри како од регионот, така и од цела Европа доаѓаат во посета на охридско-преспанскиот регион и дискутираат за најгорливите регионални и европски прашања. ПФД, за само 3 години, прерасна во препознатлив македонски политичко-дипломатски бренд. Она што го прави ПФД посебен и особено интересен формат е тоа што на иста маса со високите државници дебатираат и разменуваат мислења и претставниците на граѓанското општество, но што е уште поважно – младите. Ќе продолжиме и натаму со постојана иновативност и стратешки пристап да го градиме овој регионален бренд со засилен фокус и вклучување на младите.

## 3. ЗА НОВА ДИПЛОМАТИЈА!

### Јавна дипломатија

Претседавањето со ОБСЕ во 2023 година беше голем дипломатски успех, кое понуди можност за едно ново, подобро меѓународно позиционирање на Република Северна Македонија. Покрај ОБСЕ, земјава презема обврска и амбиција да го подигне нивото на нашето учество и во Советот на Европа, и во телата на Организацијата на Обединетите нации, како и во сите останати мултилатерални форуми кои ги делат заедничките вредности со нашите меѓународни пријатели и партнери, но и во рамки на ЕУ и земјите-членки.

Во надворешната политика, ќе усвоиме Стратегија за јавна дипломатија која внимателно ќе ги одреди целите и насоките, како и задолженијата на сите засегнати и надлежни институции и ќе ги усогласи надворешно-политичките цели и националната политика. Во изготвување на оваа стратегија, покрај претставници од владините институции ќе бидат вклучени и невладините и меѓународните организации. Ќе формираме Мрежа на наши успешни државјани во странство и ќе ги повикаме да помогнат во нашите напори за промоција на државата. Ќе направиме и таргетирана промоција на економските, културните и туристичките потенцијали: „Земја на можности“.

Со СДСМ на чело, Северна Македонија развива нови и инвентивни концепти на јавна дипломатија, претставувајќи ја нашата земја во позитивно светло пред разни чинители од странство: институции, политички партии, корпорации, трговски здруженија, синдикати, образовни институции, религиозни организации, граѓански организации, тинк-тенкови, младински организации, влијателни индивидуи и други ентитети, со цел создавање благонаклона клима во целокупните општества на земјите-членки на ЕУ и НАТО за нашата земја.

## Силна парламентарна дипломатија

Во меѓународните односи, политичката комуникација и соработка, парламентарната дипломатија станува сѐ поприсутна и позначајна како уште една дополнителна силна дипломатска алатка, која преку парламентарни канали, надвор од традиционалната дипломатија на извршно ниво, нуди единствена можност за дијалог и градење мостови меѓу земјите и пратениците кои имаат различно потекло, култури и традиции, сѐ со крајна цел создавање синергии во однос на стратешките прашања од заеднички интерес и придонесува за натамошно поврзување на државите и општествата.

Парламентарната дипломатија нуди поинклузивен и потранспарентен пристап, дозволувајќи им на избраните претставници, кои се одговорни пред своите гласачи, преку комуникацијата и ангажманот со странските колеги, да можат да ја обликуваат надворешната политика, да го обликуваат јавното мислење, да градат мрежи и да пренесат позитивна слика за својата земја во странство, за напорите на јавната дипломатија и зајакнување на меката моќ на земјата.

- ✓ Парламентарната дипломатија ќе продолжи со уште посилна динамика да биде важна алатка во надворешната и европската политика на Северна Македонија.
- ✓ Во наредните 4 години засилен фокус ќе биде ставен на парламентарната дипломатија и промовирањето на активната вклученост на пратениците во меѓународните односи, надворешната и европските политики и пристапниот процес во ЕУ.
- ✓ Засилено ќе се работи на унапредување и зголемување на регионалната парламентарна соработка, а особено соработката со пратениците од националните парламенти на земјите-членки на ЕУ и од Европскиот парламент.
- ✓ Во однос на меѓународните парламентарни активности, нашето Собрание и пратеници ќе продолжат да бидат активно вклучени преку Интерпарламентарната унија (ИПУ), самитите на претседатели на парламенти што се одржуваат во рамките и во организација на ОН секои две години во Њујорк, преку конференциите на спикери на земјите-членки и на земјите-кандидатки за ЕУ.
- ✓ Исто така, при посетите на највисоките претставници од извршната власт – Претседател на држава и влада, членовите на Владата и раководството на Министерството за надворешни работи ќе се интензивира и парламентарната димензија и дипломатија, односно составен дел во секоја можна прилика ќе бидат и средби со претставници од парламентите на државата домаќин и организација на заеднички настани.

## Културна дипломатија

Културната дипломатија како „мека моќ“ е алатка за меѓусебно разбирање и служи како основа за градење попозитивни односи, главно меѓу луѓето и заедниците, а подоцна и меѓу државите на институционално ниво.

Северна Македонија е расадник на културно творештво кое доаѓа од нашето најголемо богатство – разноликоста на нашиот општествен мозаик. Македонската култура со сите нејзини убавини и разноликости има свои „портали“ за претставување во странство преку Културно-информативните центри (КИЦ), кои ги имаме во Софија, Белград, Тирана, Загреб и Истанбул и некои наши ДКП-а.

СДСМ ја вреднува и негува македонската уметност и култура. Затоа, во соработка помеѓу Министерството за надворешни работи и Министерството за култура ќе креира Стратегија за културна дипломатија преку која ќе ја претстави македонската култура на светот во најдобро можно светло.

Согласно приоритетите и наодите, во идната Стратегија за културна дипломатија ќе продолжиме со ширењето на македонската мрежа на културно-информативни центри, а ќе се воведе и нов концепт на културно-информативни катчиња (во рамки на или во соработка со мрежата на ДКП-а, просториите на Почесните конзулати или на друг начин, согласно Стратегијата), со нови КИЦ-ови/КИК-ови Виена, Париз, Брисел (Концептот на Macedonian House), Берлин, Лондон и Копенхаген/Малме, кои ќе послужат како одлична основа за промоција на македонската култура во европски рамки.

Целта на надворешната културна политика е да го поврземе македонското општество со општествата на земјите-членки на ЕУ во пресрет на полноправното членство и да создадеме трајни врски на пријателство и соработка помеѓу културната и уметничката фела од нашата земја со културните работници на земјите од ЕУ.

## Гастро, кулинарска и винска дипломатија

Северна Македонија е земја препознатлива по добро и квалитетно вино и храна. Во рамки на културната дипломатија, преку иновативните концепти на гастро-дипломатија и винска дипломатија преку нашите ДКП-а и КИЦ-ови и дома ќе ја промовираме македонската кујна и нејзините специфичности, а со тоа ќе привлечеме и странски туристи во нашата земја од целиот свет, но со особен фокус на земјите членки на ЕУ.

Ќе ја мапираме нашата мрежа на готвачи, сомелиери, гастрономи и угостителски работници низ светот и ќе ги поттикнеме нашите дипломатски претставници да пристапат и да започнат соработка со нив, со цел промоција на нашата македонска кујна.

Ќе мапираме мрежа на угостителски објекти во сопственост на нашата дијаспора и преку алатките за јавна и дигитална дипломатија активно меѓусебно ќе ги поврземе и ќе организираме саеми на македонска храна и вино како дел од нашата културна и гастро-дипломатија.

Преку Министерството за надворешни работи и македонската дипломатска мрежа ќе ги отвориме широко вратите за македонските винарии и прехранбени производи во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во насока на промоција на нашите автентични македонски вина и производи.

## Think Tank дипломатија - Think-link програма

Перцепцијата за една земја денес е обликувана од многу други фактори, освен од односите на меѓувладино и меѓуинституционално ниво. Во овој променлив дипломатски пејзаж, голем број актери, вклучително и тинк-тенкови, имаат улога.

Тинк-тенковите и организациите на граѓанското општество, како влијателни актери во сите држави и општества кои влијаат врз креирањето на јавните политики и сè повеќе директно извршуваат и индиректно ги поддржуваат дипломатските функции, како инструменти на јавната дипломатија се клучен партнер на Северна Македонија во спроведувањето на надворешната политика и стратешките приоритети како пристапувањето во ЕУ.

Тинк-тенковите можат да го подобрат квалитетот на државата преку обезбедување идеи, интелектуални ресурси и простори за дебата. Тинк-тенковите можат да обезбедат мост помеѓу светот на политиката и другите гласови и да помогнат во зацврстување на дебатата во докази засновани на истражувања.

Улогите на тинк-тенковите и експертите во дипломатијата вклучуваат промовирање на јавното разбирање за дипломатските, надворешно-политичките, глобалните, европските и безбедносните прашања на начин кој не е ограничен од официјалните владини ставови, давање интелектуални придонеси кои произведуваат идеи за дипломатски и безбедносни политики, градење глобални интелектуални мрежи и комуникација на македонските перспективи кон другите земји.

Глобалните интелектуални размени се исто така важни во смисла дека промовираат разбирање меѓу различни земји и региони и придонесуваат за обликување на јавното мислење во меѓународната заедница. Со зголемената комплексност и несигурноста во меѓународната заедница, улогите на тинк-тенковите и експертите во дипломатијата стануваат сè поважни.

Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања ќе бидат пример во Европа за отвореност и соработка со тинк-тенк заедницата, граѓанското општество и младинските организации. За таа цел:

- ✓ Активно ќе работиме на поврзување на нашата тинк-тенк заедница со тинк-тенк заедниците во земјите-членки на Европската Унија;
- ✓ Ќе организираме, поддржуваме и учествуваме на билатерални и регионални тинк-тенк форуми со тинк-тенк заедницата од земјите-членки на ЕУ и регионот;
- ✓ Преку поврзувањето, ќе создадеме услови во кои нашата тинк-тенк заедница активно ќе се вмрежи и партнерски ќе лобира кај своите партнери, за што поскоро финализирање на нашиот пристапен процес во ЕУ.

## Економска дипломатија

Нашата цел како државотворна партија е економската дипломатија да е интегриран дел од македонската внатрешна и надворешна политика, со фокус на поддршка на македонските компании во нивните меѓународни активности и привлекување странски инвестиции со цел економската стабилност, развој на земјата и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Владата на Република Северна Македонија, предводена од СДСМ и коалицијата континуирано имплементира нови начини за унапредување на процесите во делот на економската дипломатија, при што, покрај владините актери на централно ниво се настојува да се инкорпорираат и локалните власти преку конципирање на модерна форма на економска дипломатија, т.е. нов надграден модел, за поголемо учество на граѓаните и отвореност во креирање на економските политики, имајќи ги во предвид приоритетите на единиците на локалната самоуправа-општините.

Таргетираните цели на новиот модел на економска дипломатија ќе бидат насочени кон:

- ✓ Развој на поголема свесност на меѓународните партнери за поддршка и обезбедување дополнителни фондови за нашите потреби во делот на економијата, особено во инфраструктурата, туризмот и енергетскиот сектор.
- ✓ Зголемена координација со локалните заедници, таргетирање на конкретни процеси и нивно градирање во кои би влегла дополнителна странска инвестиција или поддршка.

Добро поставениот институционален механизам за економската промоција на државата и привлекувањето директни странски инвестиции бара финансиски средства. Па така, постепено ќе обезбедиме средства од буџетот на износ 1% БДП, кои во зависност од функционална анализа на ДКП-ата и земјите кои ги покриваат, пропорционално ќе се распределат за промоција на извозот и привлекувањето странски инвестиции.

Економската дипломатија на Република Северна Македонија 2024-2028:

- ✓ **Ќе создадеме Економски дипломатски совет**, кој ќе биде координиран од страна на Кабинетот на вицепремиерот за економски прашања и Министерството за надворешни работи, а каде ќе членуваат претставници на Министерствата од економските ресори, ФИТР, ТИРЗ, стопанските комори и старт-ап заедницата. Преку создавањето вакво тело, ќе овозможиме устројување и канализирање на политиките за привлекување квалитетни и високо платени работни места на различните институционални и вонинституционални општествени чинители, а главна придобивка од тоа ќе имаат граѓаните, затоа што сите се важни и заслужуваат достоинствен живот дома, во сопствената татковина!
- ✓ **Амбициозна македонска трговска и инвестициска политика за промоција на извоз и инвестиции:** Р.С.Македонија со амбициозна трговска политика ќе продолжи да ги поддржува мултилатералните преговори за слободна трговија. Новата Влада предводена од СДСМ ќе посветува значителни напори за секторска истражувања, иновации и привлекување странски инвестиции. Создаваме поволни услови за зголемување на инвестициите, како од страна на домашните инвеститори така и од странски инвеститори на територијата на целата земја, а посебно во технолошко-индустриски развојни зони и така ќе продолжиме. Активно ќе работиме на промовирање извоз на свои производи и услуги со додадена вредност, преку брендирање, како и на привлекување на странски

инвеститори. Поволните мерки за инвестирање како Влада предводена од СДСМ во континуитет ги надоградуваме во согласност со светските стандарди и пазарот кој го имаме.

- ✓ **Интегриран пристап за ефективна и ефикасна економска дипломатија:** СДСМ се залага Северна Македонија да има интегрирана економската дипломатија и ќе се залагаме да креираме Национална стратегија за надворешна политика, во која ќе бидат вклучени активности и поголема соработка на мрежа на чинители и партнери на економска дипломатија, согласно новиот надграден модел за економска дипломатија. Во согласност со новиот пристап за економска дипломатија, Министерството за надворешни работи ја има главната улога на координатор во спроведувањето на интегрираната економска дипломатија. Од МНР се иницираат, управуваат, координираат и контролираат сите активности на институциите кои се дел од економската дипломатија. Дипломатската служба дополнително ќе ја зајакнеме со капацитети на финансиско-економска експертиза, која стручно ќе помага во изработувањето на длабински анализи заради препознавање на можностите на странските пазари, а сè со цел зголемување на извозот на македонските производи и услуги, промоција на туризмот, како и корпоративно ширење на македонските претпријатија надвор од домашниот пазар.

Вклучени институции: Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија за економски прашања, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Стопански комори и компании; Локална самоуправа - преку ЛЕР одделенијата и Бизнис центрите на Центрите за развој на планските региони, Биро за регионален развој и ЗЕЛС; Дипломатско конзуларни претставништва ДКП-а; Странски ДКП-а; Бизнис асоцијации во странство; Дијаспора; Почесни конзули на РСМ во странство.

- ✓ Нов концепт на економска дипломатија кој наместо економски промотори вклучува економски советници и е драстично поразличен. Имено, економските советници за својата работа даваат отчет пред МНР, а преку МНР, Владата и другите релевантни институции и активностите ќе се оценуваат согласно посебна, веќе воспоставена методологија.

Нивната улога е далеку пообемна и со поширок дијапазон на активности од онаа на економските промотори и вклучува:

- ✓ Координација на економските активности со ДКП;
- ✓ Учество во организирање на посети од економски карактер на високи владини претставници на државата на прием;
- ✓ Промоција на националните економски интереси на земјата;
- ✓ Остварување средби со надлежни институции во земјата на приемот за прашања од економска дипломатија;
- ✓ Организирање економски промотивни настани;
- ✓ Координирање на активности за унапредување на економската договорна состојба;
- ✓ Организирање бизнис форуми;
- ✓ Остварување средби со компании со можност за поврзување и изнаоѓање партнери на македонски компании или потенцијални инвеститори во нашата земја;
- ✓ Учество на економски настани организирани од влади и невладини организации во земјата на приемот;
- ✓ Следење на билатерална економска соработка и учество на седници на мешовитите меѓувладини комисии за економска трговска соработка, со земјите со кои истите функционираат.

При изборот на кадар во надградениот модел за економска дипломатија се предвидуваат четири категории на економски советници:

- ✓ Дипломати со изграден економски профил од МНР и долгогодишно искуство во економска дипломатија.
- ✓ Втората категорија опфаќа искусни професионалци од редот на државните службеници од министерства со економски профил.
- ✓ Третата категорија ќе опфати искусни и стручни лица од енергетскиот сектор и ќе бидат испратени во земји лидери во енергетскиот сектор во Европа и другите држави во светот.
- ✓ Четвртата катергорија на економски советници кои би биле докажани експерти и луѓе со потврден кредибилитет од светот на бизнисот, стопанските комори, економската наука и сл.

Новиот концепт ги поставува економските советници како економски профилирани кадри кои треба да се упатуваат во земји каде има реален потенцијал за зголемување на економската соработка: земји со најголем потенцијал за инвестирање, географски блиски земји, земји со потенцијални туристи и сл., кои во согласност со новиот институционален механизам за економска дипломатија ќе соработуваат со Бизнис центрите на Центрите за регионален развој (координатори за одржлив развој и поддршка на економскиот развој на регионално ниво) и општините, со што ќе ставиме акцент на иницирање и стимулирање на соработка со локалните власти и поврзување со македонските единици на локална самоуправа – општините со нашите ДКП-а.

- ✓ Локална дипломатија#Општините со светот - Концептот на економска дипломатија на РС Македонија, преку инкорпорирање на едниците на локална самоуправа -општините и планските региони - центрите за развој на планските региони, би бил посилен стожер за промоција и развој на земјата. Фигуративно објаснето, локалните самоуправи со новиот модел на економска дипломатија ќе претставуваат локомотива на возот на економската дипломатија, преку вагоните на економските советници, додека МНР шините кои

го трасираат патот до подобар животен стандард за сите граѓани на РСМ, императив за поголема промоција на извозот и нови странски инвестиции. Имено, без одржлив локален и регионален развој не можеме да зборуваме за одржлива економска промоција на Република Северна Македонија. Новиот институционален механизам на национално ниво во делот на економска дипломатија, ќе обезбеди можности за стекнување повеќе интереси за граѓаните, локалните бизниси и странските инвеститори преку каналот на единиците на локална самоуправа. Развојот на локалните заедници низ призма на економската дипломатија ќе даде приоритет во дипломатскиот процес на општините, локалните бизниси и организации. Фокусот ќе биде насочен кон разбирање на специфичните потреби, предизвици и можности на секоја локална заедница и соодветно приспособување на новиот модел на националната економска дипломатија.

Со усвојување на проактивен и стратешки пристап кон дипломатијата на локалната економија, регионите можат да ги зајакнат своите економски врски, да привлечат инвестиции и да промовираат одржлив економски раст во корист на нивните локални заедници. Оттука, локалните заедници се инкорпорираат во новиот концепт на економска дипломатија на РСМ, каде градоначалниците и советите ќе се водат согласно стратешките определби на Владата и Програмата за работа на Директоратот за економска и јавна дипломатија при МНР и ќе го известуваат МНР за остварените средби со дипломатски претставништва акредитирани во РСМ и збратимени градови на квартално ниво. Тоа ќе допринесе во зацврстување на економијата на општината, што би значело повисок животен стандард и надминување на економските проблеми на населението, а општините и регионите особено ќе допринесуваат во тоа, ставајќи ја економската дипломатија како примарен фактор за развојот на меката моќ на локално ниво.

Општините кои најдобро ги познаваат потребите на граѓаните и директно се во контакт со бизнис заедницата и располагаат со гринфилд и браунфилд инвестиции кои се во нивна сопственост, неопходно е да се во директна соработка со МНР пред склучување на инвестициски договори во општините, со цел современиот модел на економската дипломатија да биде беспрекорно функционален, т.е. заеднички да се пристапува кон странските инвестиции на локлано ниво.

Координаторот на регионално ниво - Бизнис центрите на Центрите за развој на планските региони, преку Бирото за регионален развој се активно насочени кон промовирање на локалните самоуправи од своите региони на економски план. Тие ќе бидат во целосна координација и соработка со МНР. Преку МНР, економските советници и нашите амбасадори и конзули ќе бидат во директен контакт со Центрите за развој на планските региони, а со тоа и со општините, при што ќе придонесат до ефективна и ефикасна промоција на земјата. Воедно, преку МНР ќе се врши проактивна промоција на општините пред акредитираните амбасадори во РСМ.

- ✓ **Градење партнерства** – Вмрежувањето во меѓународни организации е наш врвен приоритет – ЕУ е нашата цел. Ќе ги искористиме постоечките дипломатски врски за проширување на економските хоризонти.
- ✓ **Регионална дипломатија** – Координацијата и соодветното прилагодување на националните економски и инвестициски политики на регионално ниво е еден од начините за зголемување на растот и стабилноста и подобрување на економската интеграција на регионот, бидејќи сме премногу мали како држави и пазари. Поголемиот интегриран регионален пазар е попривлечен за странски инвестиции и е начин за поблиска и побрза интеграција во ЕУ. Ќе останеме фокусирани на спроведувањето на Заедничкиот регионален пазар, поддржан од ЕУ, заснован на правилата и стандардите од ЕУ и избегнување на економската фрагментација како фаза до целосно интегрирање во единствениот пазар на ЕУ.
- ✓ **Бизнис заедница во служба на македонската економска дипломатија:** Владата на РСМ и организациите за поддршка на бизнис ќе ги користат дипломатските канцеларии и конзулати за поддршка на наште компании во странство. Ова вклучува промоција на владината поддршка за отворање бизнис и инвестирање во РСМ, информации за пазарите, локални регулативи, како и поврзување со локални бизнис партнери. Од друга страна, дипломатите во МНР преку економски каравани, саеми и дипломатски средби ќе вршат промоција на нашите општини и региони.
- ✓ **Енергетската дипломатија** – економската дипломатија ќе ја ставиме во функција на промовирање на енергетската безбедност, забрзана зелена енергетска транзиција, диверзификација на изворите на енергија за намалување на зависноста преку промовирање на потенцијалот за инвестиции во нови технологии и обновливи извори на енергија, и поттикнување на одржливиот енергетски развој. Ќе развиеме соработка со други држави и меѓународни организации за размена на најдобри практики, имплементација на ефикасни технологии и справување со заедничките предизвици во енергетскиот сектор. Преку партнерства и промовирање на обновливите извори на енергија и подобрување на практиките за управување со енергија ќе допринесеме за локалниот економски развој по европски терк и за глобалните цели за одржливост да бидат дел од нашето секојдневие на патот кон ЕУ.
- ✓ **Заштита на економските интереси:** Ефективно и ефикасно ќе го користиме својот дипломатски апарат за да ги заштитиме интересите на македонските компании, вклучувајќи преговори за слободна трговија, правна регулатива, како и решавање на економски спорови.
- ✓ **Е-економска дипломатија.** Македонска Е-економска дипломатија - Платформа и мобилна апликација со информации за отворање бизнис инвестирање во Македонија и промоција на извозот. Една паметна мрежа која би ги задоволила потребите за мобилност на луѓето и транспортот на стоките со цел стимулирање на домашната економија. Сè на сè, платформата е-економска дипломатија ќе биде насочена кон полесен пристап до информации за инвеститорите и компаниите кои бараат партнери за извоз на стоки и промоција, со цел стимулирање на економскиот раст, подобрување на конкурентноста на финансискиот бизнис сектор и полесен начин за учество на меѓународните пазари.
- ✓ **Дијаспората – составен дел на економската дипломатија** – ќе работиме на унапредување на односите со

дијаспората со цел поголем инвестициски инпакт во македонската економија. Стратешкото ангажирање на дијаспората ќе работи како поддршка на економската дипломатија на Република Северна Македонија и како начин за зголемување на можностите за економски раст и развој. Согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите, овозможивме финансиска поддршка и за инвеститорите од дијаспората. Притоа, за почетни инвестициски вложувања, споредбено со домашните и странските инвеститори, за инвеститорите од дијаспората финансиската поддршка од државата е поголема за 10%.

### Старт-ап дипломатија и „Старт-ап амбасадори“

Старт-ап дипломатијата е концепт на јавна дипломатија кој го стимулира претприемништвото како форма на јавна дипломатија врз кој идната Влада на СДСМ ќе обрне особено внимание. Нашата млада и вибрантна старт-ап заедница ќе ја поврземе со најхрабрите и најиновативните старт-ап заедници, кои се подготвени да преземат најразлични бизнис предизвици и да придонесат за економскиот развој на своите заедници и држави.

Преку организирање на настани и саеми во соработка со нашите сојузнички земји, ќе поттикнеме вмрежување на македонската старт-ап заедница со свои партнери од земјите во земјите-членки на ЕУ и САД. На тој начин, ќе овозможиме уште позасилен проток на информации и капитал, а со тоа ќе придонесеме за економски раст и развој на нашата земја.

Нашите ДКП-а активности ќе работат на пронаоѓање т.н. ангел-инвеститори, кои се подготвени да поддржат иновативни ИТ решенија и да „вбризгаат“ venture capital, кој би овозможил експоненционален раст на компаниите во кус временски период.

Ќе воспоставиме мрежа на старт-ап амбасадори од наши граѓани кои живеат и работат во Северна Македонија со високо профилирани ентузијасти кои живеат и работат во поголеми технолошко-напредни центри во Европа и светот. Амбасадорите се млади луѓе што ќе служат како мост за промоција на македонски старт-ап компании пред потенцијални странски компании и бизнис ангели. Со овој концепт ќе се овозможи искористување на потенцијалот на младите што веќе заминале надвор од земјата и се активни учесници во екосистемот на развиените центри во Европа и светот, со крајна цел, нивна помош во трансформацијата на македонската економија, враќање и интегрирање во новиот економски модел. Во нашите дипломатско-конзуларни претставништва ќе дадеме шанса на македонските стартапи да организираат средби со потенцијални инвеститори или партнери.

Ќе го отвориме Министерството за надворешни работи и ДКП мрежата за нашите „старт-ап амбасадори“ и ќе им овозможиме полесен пристап до европските и воневропските пазари, преку асистирање од страна на Амбасадите за време на нивните посети и средби на државите каде сме претставени со резидентно ДКП.

### Северна Македонија: земја на дигитални номади

Ќе воведеме можност за специјален повеќемесечен престој со воведување на т.н. „ виза за дигитални номади“. Северна Македонија е земја со прекрасна клима, богато културно и духовно наследство и пристојни цени, што ја прави одлична дестинација за привлекување дигитални номади. Имаме одлични услови за работа онлајн од целата територија на нашата земја.

Високо распространетата 4G и 5G мрежа им овозможува на дигиталните номади квалитетно и навремено да ги извршуваат своите дигитални и ИТ задачи од нашите туристички центри.

Ваквата мерка ќе ја зајакне локалната економија и ќе овозможи прилив од туризмот во текот на целата година. Со СДСМ повеќе пари има за сите и кај сите, вклучувајќи го и не заборавајќи го туристичкиот сектор кој помина низ тежок и турбулентен период за време на пандемијата!

### Дипломатско-конзуларна мрежа – професионална, екипирана, транспарентна, отворена и во интерес на граѓаните во дијаспората

### Дипломати со дигнитет и знаење

Да се биде македонски дипломат и да се работи во интерес на македонските државни интереси е чест и одговорност за секој вработен во Министерството за надворешни работи, но одговорност и на државата е да му овозможи соодветни услови на дипломатот за да ја претставува државата на најдобар можен начин. Дигнитетот на дипломатската професија мора да биде издигнат на највисоко можно ниво!

- ✓ Со усвојување на долгоочекуваниот нов Закон за надворешни работи и согласно новите законски решенија за реформата на јавната администрација, ќе го унапредиме статусот на дипломатската фела. Тоа ќе овозможи повисоки плати за дипломатите кои соодветствуваат на комплексноста на нивната работна дејност.
- ✓ Ќе ги зајакнеме капацитетите на Дипломатската академија при МНР како сериозен и капацитетен орган за меѓународна соработка со Дипломатските академии на земјите-членки на НАТО и ЕУ.
- ✓ Ќе поттикнеме структурирана соработка помеѓу Дипломатската академија при МНР, Центарот за обуки при Секретаријатот за европски прашања и Центарот за стручно оспособување и обука на административните службеници по тематски области со цел координирање на политиките за професионално усовршување на кадарот во двете институции за потребите на пристапниот процес во ЕУ и заедничко лобирање пред различните центри за извонредност и школи за јавни професионалци, со цел стипендирање на нашите професионалци во ЕУ и САД. Со СДСМ ќе има повеќе и подобри услови за професионално усовршување на целиот јавен сектор!
- ✓ Ќе издвоиме средства во буџетот на МНР за стипендирање на нашиот дипломатски кадар, со цел професионално доусовршување на врвните европски и американски образовни институции во доменот на политичките науки, меѓународните односи, меѓународната економија и други сродни полиња.

### Дипломатско-конзуларни претставништва - ДКП за сите

Нашата дијаспора е распространета, многубројна и цврсто поврзана со својата татковина. Затоа, врз основа на спроведени анализи ќе ја испитаме можноста за потребата од отворање нови дипломатско-конзуларни претставништва за да бидеме поблиску до сите и да го олесниме пристапот на нашите сограѓани од дијаспората.

Континуирано ќе ги унапредуваме човечките капацитети и техничката опременост на македонските ДКП-а за побрзо и полесно добивање услуги кои им се потребни во земјите на работа и престој.

### Базни станици во сите ДКП-а – брза испорака на пасоши за сите наши граѓани во дијаспората, затоа што секој е важен без разлика каде живее

Во 2021 г., во 15 најзначајни дипломатско-конзуларни претставништва на Република Северна Македонија беа поставени базни станици, со што се олесни и забрза процесот на издавање патни исправи за нашите иселеници.

Продолжуваме со втората фаза на инсталирање базни станици во сите ДКП-а, затоа што секој е важен. Повеќе достапни конзуларни услуги за нашите граѓани во дијаспората, повеќе конзуларни услуги за сите!

### Со СДСМ повеќе дигитални конзуларни услуги за сите

Дигитализацијата на конзуларните услуги во странство (Е-конзулат) се наметна како неопходна потреба заради модернизирање на работата на ДКП, а со крајна цел овозможување брзи, ефикасни и економски исплатливи услуги на нашите граѓани во странство, што особено дојде до израз за време на кризата предизвикана од Ковид-19.

Започна пилот тестирањето или фаза 1 од проектот Е-конзулат, како иницијатива во рамки на Министерството за надворешни работи, која предвидува дигитализација на конзуларните услуги, кои се даваат во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, почнувајќи од постапката за аплицирање, онлајн плаќање, како и добивање документи лично или по пошта. Со оваа платформа на македонските државјани кои живеат во странство ќе им се овозможи да дојдат до конзуларни услуги на полесен начин и за пократок временски период. Целиот процес ќе се одвива електронски, вклучително и добивањето термин и плаќањето конзуларна услуга, а меѓу услугите на Е-КОНЗУЛАТ се аплицирање за нов пасош, за патен лист, добивање потврда за државјански статус, потврда од казнена или кривична евиденција, изводи од матични книги, потврда за иста личност, спроводница, уверение за слободна брачна состојба, но и термин за други конзуларни услуги во нашите дипломатско-конзуларни претставништва.

Со преминувањето во и завршувањето на Фаза 2, процесот на аплицирање и плаќање целосно ќе се дигитализира и истиот ќе оди преку мобилната апликација Е-конзулат.

Целта е сите услуги да ги дигитализиме во соработка со МВР, МП, МИОА, МОН, Управата за водење матични книги и други надлежни институции, за да можеме максимално да излеземе во пресрет на нашите граѓани во дијаспората. Со СДСМ, секој еден е важен и има повеќе за сите!

### Проект МКарта: Валоризација на успесите на дијаспората

Ќе го продолжиме и унапредиме Проектот МКарта, кој се однесува на дијаспората и претставува признание и потврда за истакнати личности или поединци од земјата кои живеат во странство, а кои со својата работа и достигнувања во својата професија и успех, значително придонеле за промоција на Република Северна Македонија во светот.

Во еден подолг минат период, голем број луѓе имаат остварено посебен истакнат професионален и општествен успех таму каде што моментално живеат. Тоа се успешни доктори, научници, бизнисмени, културни работници итн., кои сакаме да ги привлечеме кон земјава, да им ја зајакнеме врската со татковината и да создадеме потенцијал за нивно поблиско вклучување во нашите општествени текови. Вмрежување на успешните луѓе од дијаспората, кои ќе бидат вклучени во креирањето политики и носењето одлуки за развој на општеството, преку добивање поддршка од домашните институции за да почнат свои бизниси и други професионални активности во нашата земја е приоритет за СДСМ.

Вклучувањето на нашинците во македонскиот политички, економски, социјален, културен и јавен живот е интерес и на дијаспората, но и на граѓаните кои живеат дома, во Република Северна Македонија.

### Проектна поддршка за дијаспората

Ја донесовме и имплементиравме првата Национална стратегија за соработка со дијаспората, а ја започнуваме подготовката и на новата, втора Национална стратегија за соработка со дијаспората 2024-2028. Со тоа поставивме силен мост кој ќе резултира со квалитетна и конструктивна соработка помеѓу државата и дијаспората во повеќе области, како: политичко-правни и конзуларни прашања, економија, образование, наука, млади и култура.

Во изминатите 2 мандати, поддржавме 71 проект на организации, здруженија и културни друштва на Македонците и претставниците на другите наши заедници во дијаспората, со што покажавме дека Северна Македонија се грижи за добробитта и културниот напредок на своите граѓани во странство, а тоа е високо на агендата на социјалдемократската влада! Само во 2023 година, преку МНР поддржавме 23 проекти на нашите државјани во странство од 12 различни земји, што претставува рекорден број на проекти по квантитет, но и по распространетост по земји.

Со СДСМ на чело на државата, Северна Македонија се грижи за Македонците во регионот и дијаспората кои сакаат да го продолжат високото образование на нашите универзитети. Затоа, преку Министерството за образование и наука, минатата година доделивме 60 стипендии за младите Македонци кои се родени и живеат во регионот и дијаспората, но сакаат да го продолжат своето образование на универзитетите ширум нашата земја на својот мајчин македонски јазик и помеѓу својот македонски народ. Ќе продолжиме со доделување стипендии за младите Македонци кои се родени и живеат во регионот и дијаспората, но сакаат да го продолжат своето образование на универзитетите ширум нашата земја на својот мајчин македонски јазик и помеѓу својот македонски народ.

Во следниот мандат, ќе го зголемиме годишниот буџет за проектни активности на дијаспората за преку 100%. Поддршката за промоција на македонската култура, тра-

диција, музика, храна, обичаи во странство е наш национален интерес, кој СДСМ знае и умее како да го поддржи и затоа велиме: „со СДСМ има повеќе за сите“! За нас, дијаспората е составен дел од нашата држава. Само сите заедно можеме да одиме напред, само сите заедно можеме да ја направиме нашата држава подобро и попросперитетно место за живеење.

Во периодот што следи предвидуваме:

- ✓ Континуирано продлабочување на соработката на ДКП со македонските организации и организациите на другите етнички заедници во дијаспората, регистрирани во земјите на престој;
- ✓ Формирање Национален совет за дијаспора;
- ✓ Зголемување на бројот на наставници по мајчин јазик за реализација на наставата за децата во дијаспората;
- ✓ Воспоставување Годишна програма за култура за дијаспората во Министерството за култура.

# VII. Младите - столб на иднината

## Младински Манифест - политиките на Социјалдемократската младина на Македонија

Ние, младите социјалдемократи, веруваме во инклузивно, фер и праведно општество во кое најважни се: достоинството, почитта и еднаквоста.

Веруваме дека нашата Република мора да се заснова врз владеењето на правото и бескомпромисната почит на човековите права и дека таа треба да биде плурална и со јасна поделба помеѓу Државата и Религијата.

Преку овој политички **Манифест на Социјалдемократската младина на Македонија**, се залагаме за **безусловно и целосно почитување на човековите права за сите граѓани**.

Се залагаме за еднакви можности за квалитетен и достоинствен живот и просперитет и се бориме за достапни квалитетни јавни услуги и сервиси за граѓаните – домување, здравство, образование, транспорт, кои мора да бидат универзално достапни за сите граѓани, а не само за оние со највисоки примања.

Нашето општество треба да го движи напред **динамична, стабилна и инклузивна економија,** којашто ќе се заснова врз прогресивно оданочување и ќе обезбеди финансиска сигурност за секого.

Јавните институции треба да бидат водени од политичари коишто ќе управуваат со државата **искрено, одговорно и транспарентно**, како императив на современото водење и лидерство во модерна држава во каква што сакаме да живееме.

Одлучно и конзистентно продолжуваме да работиме силно посветени за создавање на: **подобро, посолидарно и еднакво општество за нас и за генерациите што доаѓаат**. Слободата, еднаквоста, солидарноста и правдата се наши фундаментални вредности, а градењето демократско општество е предуслов овие вредности да се исполнат и практикуваат на организиран начин во функционален систем.

### Квалитетни работни места на конкурентен пазар на труд

Младите луѓе се хетерогена група којашто има: различни нивоа на зрелост, род, регионални и локални контексти на живеење, социјални и културолошки норми. Економските и финансиските интервенции насочени кон поддршка на младите треба да бидат креирани да можат да оговорат на нивните специфични потреби, аспирации и предизвици.

Обезбедувањето пристап до работни места кои нудат не само финансиска сигурност, туку и плата за живот сразмерна на достоинствен стандард на живеење, е основниот столб на општествениот напредок.

Младите луѓе, кои ја претставуваат идната работна сила, заслужуваат рамноправен пристап до можностите за вработување кои поттикнуваат личен раст, финансиска стабилност и социјална мобилност. За жал, многу млади луѓе се соочуваат со тешкотии во пристапот до јавните услуги за квалитетно образование, започнување сопствен бизнис или обезбедување стабилен приход во текот на нивниот живот, поради недостаток на долгорочни таргетирани политики како и системски нееднаквости.

Потрагата по квалитетни можности за вработување за младите поединци останува итна грижа.

Затоа се залагаме за:

- ✓ Универзален минимален приход
- ✓ Пристап до квалитетни работни места
- ✓ Концепт – Плата за живот

### Универзален минимален приход

Универзалниот минимален приход ја зголемува социјалната слобода на човекот, давајќи му можност да живее без постојан страв заради финансиска несигурност. Тоа им дава моќ на поединците да направат вистински и правилен избор, ослободени од ограничувањата наметнати од економската неопходност. Универзалниот приход поттикнува средина во која луѓето се чувствуваат охрабрени да продолжат со развој на нови вештини, да ја сменат својата професија според барањата на пазарот на трудот, без страв од запаѓање во сиромаштија, жртвите на семејно и родово базирано насилство ќе можат полесно и понезависно да го напуштат семејство, а младите луѓе ќе можат многу порано да се осамостојат и да започнат автономен живот со поголема самодоверба и стабилност.

### Пристап до квалитетни работни места

Сите млади луѓе треба да добијат шанса за пристојна работа, да бидат поддржани да го искористат во целост својот потенцијал и да постигнат финансиска независност. Затоа се залагаме за креирање на поголем број на квалитетни работни места, реформи на пазарот на труд, поддршка за претприемништвото и политики кои промовираат рамнотежа помеѓу работата и животот за да се осигура дека младите имаат пристап до квалитетни работни места кои ќе им понудат можности за избор, согласно нивните квалификации и можности за економски напредок.

Во таа насока, се обврзуваме за донесување на новиот Закон за работни односи со кој ќе се регулира работата од дома и работата од далечина, со цел излегување во пресрет на младите луѓе кои ги користат овие опции за работа за домашни или странски компании.

### Концепт – Плата за живот

Правото на плата за живот е признаено како човеково право со: Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Европската социјална повелба на Советот на Европа, како и бројни други меѓународни документи ратификувани од страна на Република Северна Македонија.

Пресметката на плата за живот се заснова врз реалните трошоци за живот и ги покрива основните потреби на работниците и нивните семејства: храна, облека, домување, јавен превоз, трошоци за комунални услуги и телекомуникации, образование, здравствена заштита, слободно време и култура, вклучувајќи ги и дискреционите приходи, т.е. можност за заштеда до 10 % од платата. Платата за живот се исплаќа за работа извршена во редовно работно време и не вклучува плата за: прекувремена работа, бонуси и топли оброци.

Оттука, за достоинствен живот на граѓаните им се потребни плати од кои не само што ќе преживеат, туку и квалитетно ќе живеат.

Во земјава, од март 2024 година најниската плата ќе биде 22.500 денари. Повеќе од двојно зголемување од минималната плата во 2017 година. Иако минималната плата во изминатите неколку години континуирано расте, во трипартитен социјален дијалог во кој се вклучени: Владата, синдикатите и работодавачите, сепак, за достоинствен живот потребно е зголемувањето да продолжи.

Затоа се залагаме за плата за живот, а не за преживување.

## Пристап до квалитетно и инклузивно образование и обука

Секој има право на квалитетно, достапно и инклузивно образование и обука и доживотно учење, со цел одржување и стекнување вештини коишто ќе му овозможат на секој поединец да го развие максималниот потенцијал лично и професионално и целосно да учествува во општествените процеси и пазарот на трудот. Образованието треба да биде засновано врз: интеркултурализам, родова еднаквост и недискриминација. Бидејќи тоа е пресудно и има витална улога во развојот на просперитетно општество и претставува клучен канал за постигнување социјален и економски напредок кон кој се стремиме, мора да се стави во центарот на креирањето политики. Притоа, ќе се водиме од Европската детска гаранција како клучна активност на ЕУ за градење инклузивни општества со слух за децата и младите.

### Затоа се залагаме за:

- ✓ Достапно, пристапно и квалитетно образование за сите млади
- ✓ Имплементирање на Европската детска гаранција
- ✓ Наставни програми кои поттикнуваат: креативност, мотивираност и критичко размислување
- ✓ Воведување сеопфатно сексуално образование во училиштата
- ✓ Доживотно и неформално учење и тренинг

### Достапно, пристапно и квалитетно образование за сите млади

Во изминатите години квалитетот на образованието во нашата држава е тема на тековно подобрување и реформи. Сепак, треба да се направи многу повеќе. Образованието како никогаш до сега е исправено пред предизвици и реалности кои наметнуваат: нови начини на учење, подучување и комуникација. Тоа е можно само преку пристап до образование инспирирано од нашите вредности дека можеме да развиеме и критичко размислување и отвореност, како и: социјална благосостојба, инклузија и кохезија. Образовните институции, пред сѐ, треба да бидат пристапни за лицата со, и без попреченост, преку континутирано подобрување на пристапноста на инфраструктурата на образовните објекти за младите лица со попреченост (Браеви патеки и сигнализација), како и обезбедување соодветно адаптирани образовни материјали и технологија за непречено следење на наставата (учебници, лектири и други наставни содржини и наставни помагала).

Образованието мора да биде подеднакво достапно за сите, без разлика на: социјалниот статус, местото на живеење, етничката припадност, сексуалната ориентација и родовиот идентитет, интелектуалната или физичка попреченост и истовремено да гарантира квалитетна едукација.

### Имплементирање Европската детска гаранција

На 14 јуни 2021 година, Советот на Европската Унија ја усвои Препораката за воспоставување Европската детска гаранција. Со неа, земјите-членки се обврзуваат на децата во ризик од сиромаштија или социјална исклученост да им понудат: ефективен и слободен пристап до висококвалитетно образование и грижа во раното детство, образование и училишни активности, најмалку еден здрав оброк секој училишен ден и здравје – грижа, како и ефективен пристап до соодветно домување и здрава исхрана.

Студијата на УНИЦЕФ покажува дека сѐ уште има потреба и активна борба целосно да се искорени детската сиромаштија. Особено е потребно да се работи и да им се помогне на ромските деца.

Потребен ни е таков механизам кој успешно го применуваат други европски земји, затоа се залагаме за спроведувањето на **Европската детска гаранција** во Северна Македонија.

### Наставни програми кои поттикнуваат: креативност, мотивираност и критичко размислување

Квалитетното образование мора да е насочено кон настава и учење во кои: се развива аналитичко и критичко мислење, се поттикнува креативност, се учи како да се препознаваат вистинити и невистинити информации. Дигиталната интеграција, исто така, е неопходна за развивање на вештините и знаењата што ги бара современото живеење. Овие вештини се однесуваат на: користење дигитална технологија за достап до информации; умешно и ефективно користење за решавање проблеми, споделување идеи, комуникација и соработка во рамки на училиштето и животот надвор од училиштето; создавање дигитални содржини, како и етичко и безбедно користење дигитална технологија во секојдневниот живот.

Се залагаме за наставни програми и учебници во кои нема содржини што може да поддржуваат предрасуди и да поттикнуваат дискриминација врз било која основа, односно да создаваат чувство на помала вредност или исклученост кај учениците. Наставните содржини мора да поттикнуваат: толеранција, еднаквост и почитување на различностите.

### Воведување на сеопфатно сексуално образование во училиштата

Сеопфатното сексуално образование подразбира учење за: когнитивниот, емоционалниот, социјалниот и физичкиот аспект на здравјето и развојот. Сите истражувања покажуваат дека ова образование има позитивно влијание врз: животните вештини, самодовербата кај младите и носењето одлуки за градење здрави, ненасилни врски. Сето ова е важен елемент за препознавање и превенирање од насилни обрасци на однесување кои се присутни кај младите.

Затоа се залагаме за образование коешто постојано ќе ги подготвува и оспособува децата и младите луѓе преку информации, вештини и позитивни вредности да ја разберат својата сексуалност и развој, но и да бидат одговорни за сопственото, како и сексуалното здравје и благосостојба на другите луѓе. Тоа ќе им овозможи да направат избор којшто ќе го подобри квалитетот на нивните животи и ќе придонесе за подобро, праведно и ненасилно општество.

### Доживотно и неформално учење и тренинг

Образованието е основно човеково право и секој мора да има пристап до стручна и континуирана обука. Секој има право на квалитетно, достапно и инклузивно образование, обука и доживотно учење со цел одржување и стекнување вештини кои му овозможуваат на поединецот да го развие максималниот потенцијал лично и професионално, целосно да учествува во општеството и успешно да управува со транзицијата на пазарот на трудот.

Рамката за клучни компетенции на ЕУ за доживотно учење поддржува, исто така, неформално и информално учење, како и имплементација на бесплатни можности за обука, како што се онлајн курсеви, со цел да се максимизира неговиот потенцијал како клучна алатка за доживотно учење.

Оттука, повикуваме и на признавање на неформалното и информалното учење во Северна Македонија и стекнување на младите луѓе со меки вештини. Квалификациите, вештините и компетенциите стекнати во неформалното и информалното учење мора да бидат признати и потврдени, за што е потребно да се воведат потребните механизми и процедури.

За да имаме успешен систем на неформално учење во државата, препорачуваме да се донесе и Законот за образование на возрасни.

## Младински стандард

Во свет кој бара повеќе од основни вештини, проширувањето на можностите за младите луѓе да учат и да се стекнат со знаења значи да се отиде подалеку од основното знаење со кое се стекнуваат во училиште. Градењето човечки капитал значи повеќе од формална едукација и е потребно младите луѓе да бидат повеќе вклучени во нивните заедници и општества за да имаат шанса да ги искористат своите таленти во практика и да учествуваат како активни граѓани. Информирањето и олеснувањето на нивниот процес на одлучување со цел да можат да го направат најсоодветниот избор за себе, значи да им се обезбеди успех како: работници, граѓани, претприемачи, одговорни родители, а за оние на кои им е потребна втора шанса, да се создаде начин да се надоместат изгубените можности за да можеме да се осигураме дека младите луѓе не се оставени назад во општеството.

### Затоа се залагаме за:

- ✓ Унапредување на младинско учество
- ✓ Грижа за менталното здравје на младите
- ✓ Програми за финансиско јакнење на животниот стандард на младите
- ✓ Достапен и пристапен јавен транспорт
- ✓ Формирање Министерство за млади

### Унапредување на младинското учество

Зголеменото младинско учество го унапредува општеството и придонесува за градење активни граѓани кои имаат шанса уште од рана возраст да носат одлуки кои се клучни не само за младите, туку и за општеството во целина. Во нашата држава, во изминатите неколку години младинското учество бележи значаен напредок. Со донесување на Законот за младинско учество и младински политики, донесен во јануари 2020 година, за првпат се дефинира младинското учество.

Неговата имплементација е клучна за младите да бидат вклучени во процесот на носење одлуки. Затоа се залагаме за унапредување на младинското учество и носењето политики за системски и целосно да се решат проблемите на младите и да се отвораат нови перспективи за младите луѓе. Конкретни решенија единствено се можни преку градење соработка и заедничко дејствување меѓу: власта, граѓанскиот сектор и сите други општествени чинители.

### Грижа за менталното здравје на младите

Истражувањата на Националниот совет на Македонија (НМСМ) покажуваат дека потребна е итна идентификација на проблемите на младите, кои се резултат на повеќе фактори, а се поврзани со менталното здравје, односно со депресијата, стресот, анксиозноста итн...

Неодамна во нашата држава беше усвоена Националната стратегија за ментално здравје на младите 2024-2026, на предлог на Министерството за труд и социјална политика, изработена во соработка со Владата со НМСМ. Стратегијата се фокусира на мерки за спречување и рана интервенција на проблемите со менталното здравје кај младите, ја нагласува потребата за намалување на стигмата и подигнување на свеста за менталното здравје и има за цел да го подобри пристапот до квалитетни услуги за ментално здравје за младите.

Затоа се залагаме за доследна имплементација на Националната стратегија за менталното здравје и сеопфатно разбирање за потребите за менталното здравје на младите луѓе, што ќе влијае за подобрување на благосостојбата кај младите.

### Програми за финансиско јакнење на животниот стандард на младите

Финансиската поддршка којашто младите луѓе ја добиваат во различни форми е од клучно значење за младинскиот стандард, како и за подобрување на нивната социјална вклученост и благосостојба. Во изминатиот мандат беа спроведени бројни мерки кои значеа директна финансиска поддршка за младите луѓе, како што се: субвенциониран студентски оброк, како и за учениците во основните и средни училишта од ранливи семејства, младински додаток, ученички и студентски стипендии, грантови за започнување сопствен бизнис.

Една од поважните програми коишто се спроведуваат е **Гаранцијата за млади**. Гаранција за млади е програма која Република Северна Македонија ја спроведува како **прва земја која не е членка на Европската Унија**. Оваа програма им овозможува на младите лица до 29-годишна возраст, кои не се вработени, не се вклучени во образование или обука (NEET), да добијат соодветна понуда за работа, можност да го продолжат своето образование или преквалификација и да бидат вклучени во некоја од

активните програми и мерки за вработување на Агенцијата за вработување на Северна Македонија.

Пристапот до достапни финансиски услуги е од клучно значење за младите да ги постигнат своите цели и аспирации. Во изминатиот период се реализираа голем број на мерки и финансиски алатки кои го подобруваат квалитетот на живот на младите луѓе и студентите, во форма на: субвенциниран студентски оброк, младински додаток, грантови за започнување сопствен бизнис.

### Достапен и пристапен јавен транспорт

Мобилноста е од суштинско значење за младите луѓе да можат да се стекнат со пристап до: едукација, работа, пријатели и сите останати можности. Како, колку често, колку далеку и за која цел патуваат младите луѓе (или не се во можност да патуваат) влијаат врз одржливоста, економијата, здравјето, благосостојбата и перспективите што ги имаат. Затоа, сакаме да ја вклучиме младинската перспектива експлицитно прикажана во адресирањето на системот на превоз од нивните места на живеење, до местата каде што: учат, студираат, работат или се дружат и културолошки надоградуваат.

Со цел меѓуградскиот превоз во Северна Македонија да биде достапен, потребно е државата да го субвенционира истиот за сите редовни и вонредни студенти. Превозот за основците, средношколците и студентите од другите градови, села, приградски населби, како и достапен и пристапен јавен градски и меѓуградскиот превоз, се важен сегмент од младинскиот стандард. **Од тие причини, се обврзуваме на бесплатен јавен превоз за сите ученици и студенти до дипломирање, како и бесплатен железнички превоз. Дополнително, се обврзуваме да го воведеме моделот за субвенционирање на меѓуградскиот автобуски превоз за сите ученици и студенти кои студираат надвор од своето место во живеење, најмалку четири пати месечно, за доаѓање во местото на студирање и заминување во своето родно место.**

### Формирање на Министерство за млади

Формирањето посебна институција која ќе има сопствен буџет и ќе работи исклучително за младите, ќе го стави младинското прашање на повисоко ниво на сериозност во државата. Министерството ќе служи како фокална точка за работата на државата во областа на младите. Преку оваа институција, младите ќе бидат вклучени во процесот на одлучување за: приоритетите, целите, политиките, активностите и буџетите што ќе се креираат и спроведуваат на национално и локално ниво. Преку Министерството за млади, младите луѓе од Република Северна Македонија ќе добијат свој институционален партнер кој ќе ги застапува нивните: барања, предизвици и потреби, ќе работи партнерски и ќе им го даде својот глас за да одлучат за својата иднина. Министерството би се застапувало за младите да бидат хоризонтален приоритет во сите области во државата и младинската перспектива да биде земена предвид при креирањето политики, мерки и активности во сите области на општественото живеење. **Имајќи го сето ова во предвид, СДММ ќе отвори јавна дебата и политички дијалог за оправданоста на предлогот и за негово консензуално одлучување, водејќи се повторно од нашите принципи и политики, дека за младите и нивните барања не смее да има поделби!**

## Сакаме да живееме во функционална држава-системот да функционира за сите

Многу млади луѓе навистина се стремат да живеат во функционална земја, во која има: политичка стабилност, економски можности, социјална хармонија и висок квалитет на живот.

Високата корупција, бавните реформи во јавната администрација, недовербата во правосудниот систем влијаат врз одлуката дали младите луѓе ќе останат во државата или ќе си одат.

На младите им е потребен демократски систем којшто ќе ги штити слободите и правата на сите граѓани подеднакво и систем којшто ќе промовира позитивни вредности. Бараме доследна борба со криминалот, високата корупција и непотизмот, која ќе овозможи владеење на правото и институции коишто безусловно им служат на граѓаните.

Сакаме да живееме во држава во која младите можат да ги остварат своите соништа, да напредуваат професионално и лично и да придонесуваат за градење просперитетна заедница.

### Затоа се залагаме за:

- ✓ Општество без корупција
- ✓ Прогресивен данок за одржливо општество
- ✓ Транспарентно работење на јавната администрација
- ✓ Дигитализирање на сите институционални процеси и документи
- ✓ Ефикасно и независно судство ослободено од партиски влијанија
- ✓ Универзален пристап до квалитетна здравствена заштита

### Општество без корупција

Потребно е информирање на граѓаните за влијанието на корупцијата, како и подигнување на јавната свест за последиците од неа во општеството. Важно е јавните институции одговорно да ја вршат својата дејност и да работат според највисоки стандарди, според ефективни правила коишто ќе го осигураат транспареното работење. За ова да се постигне, покрај формирање специјализирани антикорупциски тела, потребно е и обезбедување на соодветни ресурси неопходни за работа и професионална обука на задолжените лица кои ќе бидат одговорни за спречувањето и борбата против корупцијата.

### Прогресивен данок за одржливо општество

Цврсто се залагаме за фер општество во кое секој граѓанин ќе има пристап до квалитетни и пристапни јавни услуги: образование, социјална заштита, функционални јавни институции, добра инфраструктура, јавно здравство, детска заштита. Нашата идеја како да го изградиме тоа општество во кое секој еден ќе живее достоинствен живот во благосостојба е преку прогресивното оданочување.

### Транспарентно работење на јавната администрација

Јавноста има право да ја следи работата на јавната администрација, што е и предуслов за стекнување поголема доверба во институциите на државата. Преку воведување на систем за следење на прогресот на предметите, јавноста, граѓаните и медиумите ќе можат да имаат директен увид во следење на работата на јавните службеници, како и во ефикасноста и ефективноста во работењето на државниот систем.

### Дигитализирање на сите институционални процеси и документи

Се залагаме за дигитализирање на сите документи и институционални процеси. Дигиталните документи може да се обработуваат побрзо од физичките. До нив може да се пристапи од далечина, од секоја локација со интернет конекција. Дигитализацијата може значително да ги намали трошоците поврзани со печатењето документи, како и заштита на животната средина со намалувањето на процесите во кои се користи хартија.

Севкупно, залагањето за дигитализација на документите во јавната администрација може да доведе до поефикасни, транспарентни административни процеси во корист и на администраторите и на граѓаните.

### Ефикасно и независно судство ослободено од партиски влијанија

Постигнатите резултати на полето на ефикасноста на судството остануваат во сенка поради недоволната транспарентност и отчетност, што резултира со низок степен на доверба на граѓаните и младите луѓе во институциите на правосудниот систем. Тоа е и една од причините поради која младите немаат доверба во системот и функционирањето на државата и ја гледаат својата иднина надвор. Затоа, силно се залагаме за зајакната транспарентност на правосудниот систем и промовирање нови вредности и стандарди за негово унапредување и развивање.

## Достапно, пристапно и достоинствено домување

Секој граѓанин има право на дом во кој ќе може да живее достоинствено. Правото на домување како човеково право е гарантирано со меѓународни и европски инструменти. Една од обврските на секоја современа и демократска држава е обезбедување на правото на домување за сите нејзини граѓани. Пристапот до: храна, облека и домување е предуслов за секој човек во обезбедувањето на неговиот животен стандард.

Нашата држава е потребно да работи на развивање на долгорочни и одржливи модели за домување, кои истовремено ќе бидат инклузивни за сите групи граѓани и ќе одговорат соодветно на моменталните потреби и предизвици со кои се соочуваат граѓаните, како и нивната моментална социјална и економска состојба. Покрај обезбедувањето: пристапно, достапно и одрживо домување, за граѓаните во социјален ризик е потребно создавање план за поддршка за стекнување на навики за одговорно живеење.

Граѓаните, исто така, имаат право да го остварат правото на домување согласно нивната реална финансиска состојба и куповна моќ, на примањата врз основа на плата.

### Затоа се залагаме за:

- ✓ Утврдување на максималниот износ на цените на пазарот за издавање недвижнини
- ✓ План за јавно домување на млади до 29 години
- ✓ Програма со субвенционирани и поволни цени за купување сопствен дом за млади до 29 години
- ✓ Самостојно асистирано живеење на лица со попреченост
- ✓ Енергетски ефикасни домови кои ќе го подобрат еколошкиот отпечаток на домувањето

### Утврдување на максималниот износ на цените на пазарот за издавање недвижнини

Прашањето за изнајмување станови не е доволно обработено и соодветно третирано од надлежните институции во Република Северна Македонија. Голем дел од вредноста којашто е наведена во договорите за закуп на недвижнини не ја прикажува реалната пазарна цена за изнајмување станови. Развојот на методологија за анализа и за утврдување на цените за изнајмување во Република Северна Македонија претставува важен чекор во промовирањето стабилен и одржлив пазар за изнајмување станови. Потребно е да се развие модел на рамка на цени за изнајмување што ги зема предвид клучните фактори што влијаат врз цените на изнајмувањето. Моделот би се засновал врз проценетата реална вредност на имотот и ќе биде дизајниран така што цените за изнајмување се правични и реални.

### План за јавно домување на млади до 29 години

Високите трошоци за живот придонесоа за станбена криза, што уште повеќе ја истакнува итната потреба за воведување план за домување на млади луѓе којшто ќе обезбеди достапни и пристојни домови за младите. За жал, денес, многу млади луѓе се борат со животниот стандард кој е полош од оној на нивните родители. Затоа се залагаме за приоритизирање на ова прашање и отворање дебата за изнаоѓање на решението за: социјални, јавни и достапни станови за млади луѓе до 29 години. Ова ќе значи и повеќе европско финансирање и подобри услови за долгорочни јавни инвестиции, но и промени во системот за државна помош, особено дефинирање на домувањето како услуга од општ економски интерес.

### Самостојно асистирано живеење на лица со попреченост

Процесот на деинституционализација, што поинтензивно започна во 2017 година, а се преточи во Национална стратегија за деинситуционализација „Тимјаник“ 2018-2027, има цел да ги деинституционализира сите лица со попреченост кои живеат во големи установи за згрижување и кои не ја овозможуваат нивната самостојност, со цел истите да живеат самостојно во мали групни домови, со професионална грижа, нега и асистенција. Се залагаме процесот на деинституционализација да продолжи до негова конечна реализација. Дополнително, предлагаме и се залагаме за разгледување на комбинирани модели за самостојно живеење на лица со попреченост со асистенција преку кои ќе бидат целосно исолнети нивните човекови права по примерот на земјите членки на Европската Унија.

### Енергетски ефикасни домови за подобрување на еколошкиот отпечаток на домувањето

Инвестициите во енергетска ефикасност можат да ја намалат потрошувачката на енергија и трошоците на семејствата со ниски примања во земјава, како и да го подобрат нивниот живот. Затоа се залагаме за енергетски ефикасни домови и подобрување на еколошкиот отпечаток на домувањето. Со реновирање и енергетска модернизација на домовите, ќе се придонесе за: намалување на трошоците за живот и трошоците за електрична енергија, социјална и економска практичност и борба против климатските промени.

### Програма со субвенционирани и поволни цени за купување сопствен дом за млади до 29 години

Заради рапидното зголемување на цените на становите коишто се нудат на пазарот на недвижности, како и зголемените каматни стапки за станбените кредити, сè помалку граѓани, особено младите луѓе, можат да си дозволат покрив над глава, односно купување сопствено живеалиште. Затоа се залагаме за воведување на нова форма на финансиска помош на младите преку субвенции за купување сопствено живеалиште, односно субвенционирани цени за станбени кредити за млади до 29 години.

## Еднаквост и вклученост за тебе. И за сите.

Социјалните и родовите политики имаат важна улога во моделирањето на општеството во кое живееме, адресирајќи ја нееднаквата репрезентација на различни социјални групи. Овие политики се дизајнираат со цел да им обезбедат еднакви можности и права на сите индивидуи и групи, без разлика на нивната: етничка, културна или социјална позадина, сексуална ориентација и родов идентитет, лица со, или без попреченост.

Инклузивните политики ја поттикнуваат државата да создаде и да практикува политики на грижа кон сите различни групи, кои, пак, придонесуваат во создавањето на социјалната кохезија и општата благосостојба на општеството. Препознавањето на разликите и нивното еднакво вреднување, овозможува постоење на различни перспективи, различни искуства и различни таленти, и носи придобивки за сите.

### Затоа се залагаме за:

- ✓ Живот ослободен од насилство за секоја една
- ✓ Еднакви можности на пазарот на трудот
- ✓ Еднаква застапеност на жените на одлучувачки позиции
- ✓ Сексуално и репродуктивно здравје и права
- ✓ Правата на жената Ромка
- ✓ Правата на лицата со попреченост

### Родова еднаквост

Родовата еднаквост претставува неопходен предуслов за: еднаквост, социјална правда, одржлив раст и развој на општествата. Родово-заснованата дискриминација на работното место, пристап до социјална инфраструктура за грижа за деца и лица на кои им е потребна грижа, стереотипни содржини во воспитно-образовните материјали, отежнат пристап до здравствени услуги наменети за жени, особено жени со попреченост и жени од рурални средини, родово-заснованото насилство, се области во кои сè уште се неопходни значајни подобрувања со цел да се надминат овие предизвици. Дополнително, воспоставување на поддржувачка околина во која: еднаквоста, слободата и почитувањето на сексуалните различности и родови идентитети се темелни вредности на секое демократско општество.

### Живот ослободен од насилство за секоја една

Родово-заснованото насилство врз жените и девојчињата е грубо кршење на човековите права и неговото спречување бара широка институционална и општествена акција. Семејното и родово-заснованото насилство не се приватна работа. Затоа се залагаме за елиминирање на сите форми на насилство врз жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера, преку унапредување на законската рамка и унапредување на мрежата на достапни и пристапни специјализирани сервиси за заштита, помош и поддршка на жртви на родово-засновано насилство. Превенцијата и едукацијата се клучни во справувањето со овој општествен проблем и затоа се залагаме за образование коешто промовира родова еднаквост и недискриминација и да градиме генерации на млади луѓе кои веруваат во еднаквоста. Не смееме да заборавиме на повеќекратната дискриминација со којашто се соочуваат жените и девојките со попреченост и жените од маргинализираните заедници.

### Еднакви можности на пазарот на трудот

Жените во Северна Македонија просечно заработуваат 12 процентни поени помалку од мажите, што укажува на постојниот јаз во платите и родово-заснованата дискриминација на пазарот на трудот. Исто така, жените и помалку бараат работа и се во поголем дел економски неактивни. Сето ова се должи на силно вкоренетите патријархални родови улоги во нашето општество и убедувањата со коишто женскиот труд стереотипно е припишан на биолошките карактеристики и на тој начин обезвреднет. Затоа се залагаме за стимулирање на активирањето на жените, што ќе придонесе за намалување на родовиот јаз во платите, како и зголемување на свесноста за еднакви плаќања на жените како и мажите, за работни места кои имаат иста вредност.

Во таа насока, ќе се залагаме да се признае и да се вреднува неплатената нега и домашната работа преку овозможување јавни услуги, достапна и пристапна инфраструктура и политики за социјална заштита и промоција на заедничка одговорност во рамките на домаќинствата и семејствата. Неопходно е да се вложува во економија на грижа, односно споделување на домашните обврски кои, главно, паѓаат на товар на жените.

### Еднаква застапеност на жените на одлучувачки позиции

И покрај фактот за историски највисока застапеност на жени во Парламентот (42 %), сè уште постои значителен родов јаз во процесите на донесувањето одлуки во земјата, односно жените се и понатаму помалку застапени на министерски позиции, на високи позиции во дипломатската служба, на општинско ниво и на градоначалнички позиции.

Благодарение на квотите за застапеност, Северна Македонија се вбројува во првите 25 земји со највисок процент на жени во Собранието на светско ниво, а највисоко ниво помеѓу земјите од регионот.

Затоа се залагаме за мерки кои ќе обезбедат целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа при донесувањето одлуки во: политичкиот, економскиот и во јавниот живот. Колку повеќе жени има на политички позиции, толку е помал степенот на корупција и е поголем квалитетот на јавните услуги. Како креаторки на политики, жените ги вклучуваат темите од: социјалната сфера, образованието, здравството и целокупната добросостојба, со што се придонесува за порамноправно општество и општество коешто се грижи за сите граѓани. Државите со лидерки е помалку веројатно да бидат вклучени во воен конфликт и во нив е констатирано поголемо почитување на човековите права.

Социјалдемократите треба да бидат носители на промени кога станува збор за еднаквите можности за жените да управуваат со централниот и локалниот развој на државата. Неопходно е: стратешко инвестирање, финансирање и поддршка на жени на лидерски позиции во политиката. Таму каде што нема квоти, нема ни жени и затоа бараме да се ревидира правната рамка за да се обезбедат најмалку 40 % од помалку застапениот пол на сите извршни позиции и конечно 50/50 во Парламентот.

Се залагаме и за обезбедување посебни можности за градење капацитети за млади лидерки во политичките партии. Конкретно, развивање механизми и обуки коишто би ги поттикнале младите девојки и жени да учествуваат во изборниот процес, политичките активности и други лидерски активности, како и политичко зајакнување на жените за да преземат јавни должности преку развивање и нудење соодветни алатки и вештини.

### Сексуално и репродуктивно здравје и права

Ние веруваме дека благосостојбата на секоја поединечна жена, маж или млад човек мора да остане во средиштето на политиките засновани врз социјална еднаквост. Универзалниот пристап до сексуално и репродуктивно здравство и правото на телесна автономија и интегритет е неопходен за да се обезбеди целосно: економско, социјално и културно учество на секоја индивидуа во својата заедница и во општеството.

Затоа е важно да се инвестира во образованието и програми чијашто цел е зајакнување, особено на младите жени и девојки, да направат избор заснован врз информации.

Се залагаме и за обезбедување на контрацептивни средства на позитивна листа на ФЗОМ и зголемување на буџетот за контрацепција во превентивни програми за ранливите и социјално исклучените групи жени. Бараме и значајно инвестирање во превенција, преку зголемување на буџетите за превенција наменети за жени и ранливи групи, со фокус на: програма за заштита на населението од ХИВ; програма за превенција од малигни заболувања; програма за заштита на мајките и децата.

### Правата на жената Ромка

Жената Ромка во нашето општество се соочува со бројни предизвици и препреки: недостапно образование, економска и финансиска зависност од семејството и партнерот, стеги на традицијата. Овие проблеми ја ставаат жената Ромка во социјален ризик и на маргините на општеството. Затоа, мораме да бидеме гласни, да се бориме и да ја застапуваме жената Ромка до целосна рамноправна интеграција, со еднакви можности како и сите останати граѓани во општеството.

Се залагаме за достапно и пристапно образование коешто ќе ја охрабри жената Ромка и ќе ѝ помогне да излезе од ризикот да западне во сиромаштија.

Се залагаме за спречување на малолетнички бракови преку искоренување на лошите традиции и стеги, со помош на: социјалните работници, психолози и педагози, поголема едукација, информираност и интеграција.

Се залагаме за достапна и пристапна здравствена заштита на жените Ромки, но и на сите Роми кои немаат соодветен пристап до квалитетни здравствеи услуги и заштита.

### Правата на лицата со попреченост

Според Светска здравствена организација, 15 % од населението во светот има некој тип на попреченост: оштетен вид, оштетен слух, други физички оштетувања, интелектуална попреченост или некој тип на нарушување на менталното здравје.

Лицата со попреченост имаат: право да бидат активни чинители во општеството, право на личен избор кога, каде и како ќе се движат, со кого ќе се дружат и гледаат, право на самоопределување, самопочит и достоинство.

Лицата со попреченост имаат право на учество во политичкиот живот, право да учествуваат во процесите на креирање политики и носење одлуки, како и право на себе-застапување. Исто така, лицата со попреченост имаат право на работа, право на финансиска независност и почитување на нивните работнички права.

Затоа се залагаме државата да им обезбеди континуиран пристап на услуги и сервиси на лицата со попреченост што им се потребни за да функционираат самостојно и непречено.

## Климатска акција

Светот, но и нашата држава, се соочува со бројни еколошки предизвици, меѓу кои може да се истакнат: климатските промени; прекумерно производство на отпад и непостоење на изградени одржливи системи за управување со отпад, загадување на водата за пиење, оштетување на природните системи на флората и фауната, уништување на шумите, нелегалната дива сеча на шумите. Како социјалдемократи немаме дилема дека нашето општество треба да премине кон употребување обновливи извори на енергија и да ја реорганизира иднината да биде одржлива, прилагодена на промените и на новото време.

Климатските промени кои, пак, влијаат врз промените во општеството и врз секојдневниот живот на граѓаните, немаат еднаков импакт врз сите. Затоа се залагаме во процесот на креирање на организирана климатска акција сите граѓани да бидат земени предвид, никој да не биде изоставен.

### Затоа се залагаме за:

- ✓ Социјално праведна енергетска трансформација
- ✓ Пристап до сигурна и евтина енергија за сите
- ✓ Промовирање на велосипедизмот како средство за транспорт

### Социјално праведна енергетска трансформација

Преминувањето од конвенционалниот енергетски систем кон систем на чиста енергија, носи многу предизвици за сите граѓани, но истовремено и бројни можности од кои бенефит ќе имаат сегашните и следните генерации.

Социјално праведната енергетска трансформација ја зајакнува сигурноста и стабилноста на земјата во снабдувањето со енергија, овозможува економски одржлив развој, како и поеднаков пристап до енергија, кој претставува проблем во пристапот до ресурси подеднакво за сите држави, со кои се соочува овој регион.

Праведната енергетска трансформација ќе ги демократизира енергетските системи, како и електроенергетската инфраструктура, значително ќе ја намали климатската криза и ќе ги ублажи нејзините последици врз природата и врз граѓаните.

### Пристап до сигурна и евтина енергија за сите

За да биде праведна, потребно е енергетската трансформација да ги вклучи сите граѓани поеднакво како активни чинители во процесот. Преку обезбедување пристап до сигурна и евтина струја за сите граѓани, создаваме поеднакво општество во кое секој ќе има еколошка и економска придобивка од трансформацијата. Се залагаме за овозможување пристап за користење поволности во енергетската трансформација за секој граѓанин кој не е во можност самостојно да инвестира во своето домаќинство, за сите да бидат во чекор, како и да обезбедиме поддршка за вклучување во енергетската трансформација и за оние кои не можат сами да го обезбедат тоа, и на тој начин сите граѓани да бидат активни чинителни во праведната енергетска транформација.

### Промовирање на велосипедизмот како средство за транспорт

Велосипедот е најеколошкото превозно средство кое не предизвикува загадување на воздухот, а воедно е и најевтиното превозно средство. Се залагаме за реобмислување на транспортниот систем, во кој велосипедот ќе биде во фокус, за зајакнување на велосипедскиот сообраќај, како и за подигање на свеста на граѓаните и нивна информираност околу користење на одржлив транспорт на луѓе, унапредување на безбедноста при управување со велосипед и, воедно, заштита на животната средина.

## Иднината на Европа е наша иднина.

Иднината на Европа? Да, тоа е целосно на нас, младите. Нашата посветеност на прогресивните вредности, социјалната правда и инклузивните политики ќе ја обликуваат иднината на нашата држава и иднината на Европа.

Се залагаме сите да добијат фер можност за образование, работа и да ја одржуваме нашата планета зелена, го отвораме патот за порамноправно и просперитетно општество.

Се залагаме за праведност и еднаквост.

Заедно можеме целосно да ги надминеме предизвиците со кои се соочуваме. Сите сме заедно во ова, нели? Да ја одржиме Европа реална и достижна за сите нас, сега и во иднина. Европа во која сите ги имаат истите шанси.

Со вклучување и слушање на нашиот младинскиот глас, ние ја обликуваме иднината. Онаа во која секој може да напредува, во која ги славиме нашите разлики и заедно одиме напред.

НЕМА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ИДНИНАТА! 1

СДСМ

КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА